1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖБ[...]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕ[...]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 23 април 1982
БЕЛГРАД
БРОЈ 22 ГОД. XXXVIII

Цена на овој број е 64 динари. — Аконтацијата на претплатата за 1982 година изнесува 1.000 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**297.**

Врз основа на член 288 точка 7 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 1 април 1982 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 12 април 1982 година донесе

## ДЕЛОВНИК
### ЗА ЗАЕДНИЧКАТА РАБОТА НА СОБОРИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

### I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник се уредуваат:

— начинот на работа на соборите на Собранието на СФРЈ за прашањата за кои рамноправно одлучуваат;

— начинот на работа на заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ;

— остварувањето на правата и должностите на претседателот и на потпретседателот на Собранието на СФРЈ;

— формирањето, делокругот и начинот на работа на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ;

— начинот на остварување на односите на Собранието на СФРЈ со Претседателството на СФРЈ во врска со заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ;

— начинот на водење на посебниот претрес во Собранието на СФРЈ за извештајот на Сојузниот извршен совет;

— начинот на остварување на односите на Собранието на СФРЈ и Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија и органите на другите општествено-политички организации во федерацијата, во врска со заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ;

— начинот на остварување на соработката на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на други држави и учеството на неговите претставници во работата на одделни меѓународни организации и мисии.

Член 2

Собранието на СФРЈ е во постојано заседание. Летниот одмор на Собраниетео на СФРЈ трае секоја година од 20 јули до 5 септември.

Претседателот на Собранието на СФРЈ може и за време на летниот одмор да свика заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ, а претседателот на заедничко работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ — седница на тоа работно тело, ако тоа го бараат особени потреби.

Член 3

Собранието на СФРЈ во согласност со Уставот на СФРЈ, го претставува претседателот на Собранието на СФРЈ.

Член 4

Собранието на СФРЈ има печат.

Печатот на Собраниетео на СФРЈ го содржи грбот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, околу кој на сите јазици на народите на Југослваија стои натписот „Собрание на Социјалистичка Федеративна Република Југославија".

### II. НАЧИН НА РАБОТА НА СОБОРИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ЗА ПРАШАЊАТА ЗА КОИ РАМНОПРАВНО ОДЛУЧУВААТ

### А. Прашања за кои соборите на Собранието на СФРЈ рамноправно одлучуваат

Член 5

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, во согласност со Уставот на СФРЈ, рамноправно:

1) ги избираат и разрешуваат претседателот и потпретседателот, односно потпретседателот на Собранието на СФРЈ;

2) ги избираат и разрешуваат претседателот и членовите на Сојузниот извршен совет; ги именуваат и разрешуваат сојузните секретари и други со Уставот на СФРЈ и со сојузен закон одредени функционери и членови на колегијалните тела во сојузните органи;

3) ги избираат и разрешуваат претседателот и судиите на Уставниот суд на Југославија и на Сојузниот суд; го именуваат и разрешуваат сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето; го именуваат и разрешуваат сојузниот јавен обвинител;

4) ги избираат и разрешуваат членовите на Советот на федерацијата;

5) ги ратификуваат меѓународните договори што бараат донесување на нови или измена на важечките републички и покраински закони;

6) ги донесуваат одлуките за продолжување на мандатот на делегатите во Собранието на СФРЈ;

7) го донесуваат деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ, за нивните заеднички работни тела и одлуката за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ.

### Б. Постапка за избор односно за именување и разрешување на сојузните функционери

**1. Избор на претседател и потпретседател на Собранието на СФРЈ и на претседатели и членови на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ**

*а) Избор на претседател и потпретседател на Собранието на СФРЈ*

Член 6

Предлог на кандидат за претседател на Собранието на СФРЈ поднесува Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Предлог може да поднесе и секој делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, односно секој делегат и секоја делегација во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ. Предлогот на делегатот односно на делегацијата ѝ се доставува на Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања заради давање мислење. Комисијата е должна да даде мислење најдоцна 24 часа пред седниците на соборите на Собранието на СФРЈ на кои ќе се врши избор на претседател на Собранието на СФРЈ. Претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ поднесениот предлог, заедно со мислењето на Комисијата, им го упатуваат на делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Предлогот се поднесува во писмена форма и мора да биде образложен.

Предлогот мора да им биде доставен на делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ до почетокот на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ на кои ќе се врши избор на претседател на Собранието на СФРЈ.

Известителот на Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања, односно на друг овластен предлагач, има право на седницата на соборот на Собранието на СФРЈ да го образложи предлогот.

Член 7

Гласањето за изборот на претседател на Собранието на СФРЈ, по правило, е јавно.

Гласањето е тајно ако тоа, по барање на одделен делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ односно на одделен делегат или одделна делегација во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, претходно го одлучи соборот.

Член 8

Ако гласањето за изборот на претседател на Собранието на СФРЈ е тајно, се врши со гласачки ливчиња.

На секое гласачко ливче мораат да бидат отпечатени имињата на сите предложени кандидати, и тоа по оној ред по кој предлозите му се предадени на претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ. Пред името на секој кандидат мора да стои реден број.

Сите гласачки ливчиња се со иста големина, форма и боја. На секое гласачко ливче е втиснат печатот на Собранието на СФРЈ.

Член 9

Со спроведувањето на изборот на претседател на Собранието на СФРЈ раководи претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ, на кого во работата му помагаат делегатите избрани на седница на соборот на Собранието на СФРЈ и секретарот на соборот на Собранието на СФРЈ.

Член 10

Секој делегат добива гласачко ливче.

Откако ќе утврди дека секој делегат добил гласачко ливче, претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ дава објаснение за начинот на гласањето и го определува времето за пополнување на гласачките ливчиња.

Делегатот гласа со заокружување на редниот број пред името на кандидатот.

По истекот на времето определено за пополнување на гласачките ливчиња, претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ ги повикува делегатите да ги предадат гласачките ливчиња.

Секој делегат лично го пушта превитканото гласачко ливче во една од поставените гласачки кутии, чијшто број го определува претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ.

Кај секоја гласачка кутија е присутен еден од делегатите што се избрани да му помагаат на претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ во спроведувањето на изборот.

Член 11

Откако ќе гласаат сите присутни делегати и претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ ќе објави дека е завршено гласањето, се пристапува кон утврдување на резултатот од гласањето.

Резултатот од гласањето се утврдува врз основа на предадените гласачки ливчиња.

Претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ ги објавува резултатите од гласањето и соопштува колку вкупно делегати гласале и колку од нив за одделен од предложените кандидати.

Член 12

За претседател на Собранието на СФРЈ е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови на седницата на секој од соборите на Собранието на СФРЈ на која присуствуваат мнозинството делегати.

Ако предложениот кандидат не го добие потребното мнозинство во еден од соборите на Собранието на СФРЈ, овластениот предлагач поднесува нов предлог.

Член 13

Изборот на потпретседател на Собранието на СФРЈ се врши по изборот на претседател на Собранието на СФРЈ.

Поднесувањето на предлог за избор и изборот на потпретседател на Собранието на СФРЈ се врши според одредбите од овој деловник за поднесувањето на предлог за избор и за изборот на претседател на Собранието на СФРЈ.

*б) Избор на претседатели и членови на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ*

Член 14

На првите седници на соборите на Собранието на СФРЈ, по верификацијата на мандатот на делегатите во соборите, најстариот делегат во соборот кој претседава на седницата поднесува предлог за избор на претседател и членови на Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Член 15

Предлог за избор на членови на заедничко работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ до соборите на Собранието на СФРЈ поднесува Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања поднесува до соборите на Собранитео на СФРЈ предлог за избор на претседател на заедничкото работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ од редот на делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 16

Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања е должна на секој од соборите на Собранието на СФРЈ, најдоцна 24 часа пред почетокот на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ на кои ќе се врши избор на претседател и членови на заедничкото работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ, да им го достави предлогот за избор на претседател и за избор на членови на заедничкото работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ од редот на делегатите.

Кога е со овој деловник одредено во составот на заедничкото работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ да влегуваат научни, стручни и јавни работници, предлогот за избор на членови на тоа работно тело содржи, покрај предлогот за избор на членови од редот на делегатите во соборот на Собранието на СФРЈ, и предлог за избор на членови од редот на научните, стручните и јавните работници.

Предлогот за избор на претседател и за избор на сите или на одделни членови на заедничкото работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ се поднесува во писмена форма.

Член 17

Врз начинот за избор на претседател и членови на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ сообразно се применуваат одредбите од овој деловник за изборот на претседател на Собранието на СФРЈ.

Член 18

Кога со овој деловник е одредено дека во составот на заедничкото работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ влегуваат и претставници на определени општествено-политички и други општествени организации и на самоуправните организации и заедници во федерацијата, Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања ги известува соборите на Собранието на СФРЈ за претставниците на тие организации и заедници што се делегирани во составот на заедничкото работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ.

**2. Избор на претседател и членови на Сојузниот извршен совет**

Член 19

Соборите на Собранието на СФРЈ избираат претседател на Сојузниот извршен совет врз основа на предлогот што го поднесува Претседателството на СФРЈ.

Предлогот на кандидат за претседател на Сојузниот извршен совет се поднесува во писмена форма и мора да биде образложен и доставен до делегатите до почетокот на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ на кои ќе се врши избор на претседател на Сојузниот извршен совет.

Претставникот на Претседателството на СФРЈ може и на седница на соборот на Собранието на СФРЈ да го образложи предлогот што го поднело Претседателството на СФРЈ.

Член 20

Гласањето за избор на претседател на Сојузниот извршен совет, по правило, е јавно.

Гласањето за избор на претседател на Сојузниот извршен совет е тајно, ако тоа претходно го одлучи соборот на Собранието на СФРЈ, по барање на одделен делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ односно на одделен делегат или делегација во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Ако гласањето за избор на претседател на Сојузниот извршен совет е тајно, гласањето се врши сходно со одредбите од овој деловник за тајното гласање за избор на претседател на Собранието на СФРЈ.

Член 21

Соборите на Собранието на СФРЈ ги избираат членовите на Сојузниот извршен совет врз основа на предлогот што го поднесува кандидатот за претседател на Сојузниот извршен совет.

Предлогот за избор на членови на Сојузниот извршен совет се поднесува во писмена форма и мора да биде образложен и доставен до делегатите до почетокот на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ на кои ќе се врши нивниот избор.

Пред одлучувањето на соборите на Собранието на СФРЈ за предлогот од став 1 на овој член, тој предлог го разгледува Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања и за него им дава мислење на соборите на Собранието на СФРЈ.

Кандидатот за претседател на Сојузниот извршен совет го образложува предлогот за избор на членови на Сојузниот извршен совет на седницата на Комисијата за избор и именувања и на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ на кои се врши изборот.

Член 22

Соборите на Собранието на СФРЈ, пред пристапувањето кон избор на членови на Сојузниот извршен совет, на предлог од кандидатот за претседател на Сојузниот извршен совет, го определуваат бројот на членовите на Сојузниот извршен совет што се избираат согласно со начелото на рамноправна застапеност на републиките и соодветна застапеност на автономните покраини.

Пред да се пристапи кон одлучување за изборот на членови на Сојузниот извршен совет, соборите на Собранието на СФРЈ одлучуваат за тоа дали ќе гласаат за предлогот за избор на членови на Сојузниот извршен совет во целост или за предлогот за избор на секој член на Сојузниот извршен совет посебно.

Член 23

Гласањето за избор на членови на Сојузниот извршен совет, по правило, е јавно.

Гласањето за избор на членови на Сојузниот извршен совет е тајно, ако тоа претходно го одлучи соборот на Собранието на СФРЈ, по барање на одделен делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ односно на одделен делегат или делегација во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Ако гласањето за избор на членови на Сојузниот извршен совет е тајно, се врши сходно со одредбите од овој деловник за тајното гласање за избор на претседател на Собранието на СФРЈ.

Член 24

Соборите на Собранието на СФРЈ, на предлог од претседателот на Сојузниот извршен совет, од редот на членовите на Сојузниот извршен совет избираат еден или повеќе потпретседатели на Сојузниот извршен совет.

Гласањето за избор на потпретседател на Сојузниот извршен совет се врши според одредбите на член 23 од овој деловник.

Член 25

За претседател, потпретседател и членови на Сојузниот извршен совет се избрани кандидатите што добиле мнозинство гласови на седницата на секој од соборите на Собранието на СФРЈ на која присуствуваат мнозинството делегати.

Ако кандидатот за претседател на Сојузниот извршен совет не го добие потребното мнозинство во еден од соборите на Собранието на СФРЈ, претседателот на Собранието на СФРЈ за тоа го известува Претседателството на СФРЈ.

Ако предлогот што го поднел кандидатот за претседател на Сојузниот извршен совет, за кој соборите на Собранието на СФРЈ гласаат во целост, не го добие потребното мнозинство во еден од соборите на Собранието на СФРЈ, кандидатот за претседател на Сојузниот извршен совет поднесува нов предлог.

Ако соборите на Собранието на СФРЈ за предлогот од став 3 на овој член одлучуваат поединечно, а одделен кандидат за член на Сојузниот извршен совет не го добие потребното мнозинство во еден од соборите на Собранието на СФРЈ, кандидатот за претседател на Сојузниот извршен совет ќе поднесе нов предлог најдоцна во рок од 24 часа од извршеното гласање.

Ако предлогот на кандидат за потпретседател на Сојузниот извршен совет што го поднел претседателот на Сојузниот извршен совет не го добие потребното мнозинство во еден од соборите на Собранието на СФРЈ, претседателот на Сојузниот извршен совет ќе поднесе нов предлог.

Член 26

Претседателот на Собранието на СФРЈ го известува Претседателството на СФРЈ за изборот на Сојузниот извршен совет.

**3. Именување на функционери и членови на колегијалните тела во определени сојузни органи**

Член 27

Функционерите и членовите на колегијалните тела во определени сојузни органи за кои со Уставот на СФРЈ, со сојузен закон, со овој деловник или со друг општ акт на Собранието на СФРЈ е одредено дека ги именуваат соборите на Собранието на СФРЈ, се именуваат на предлог од предлагачот определен со Уставот на СФРЈ, или со сојузен закон односно со овој деловник или со друг општ акт на Собранието на СФРЈ.

Предлогот се поднесува во писмена форма и мора да биде образложен.

Кон предлогот за именување на функционери и членови на колегијалните тела во определени сојузни органи, на соборите на Собранието на СФРЈ им се доставува и мислењето на Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања, ако таа комисија не е подносител на предлогот.

Функционерите и членовите на колегијалните тела во определени сојузни органи се именуваат сходно со одредбите од овој деловник за изборот на членови на Сојузниот извршен совет.

**4. Избор на членови на Советот на федерацијата**

Член 28

Членови на Советот на федерацијата избираат соборите на Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на СФРЈ.

Изборот на членови на Советот на федерацијата се врши сходно со одредбите од овој деловник за изборот на претседател на Собранието на СФРЈ.

**5. Избор на претседател и судии на Уставниот суд на Југославија**

Член 29

Претседател и судии на Уставниот суд на Југославија избираат соборите на Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на СФРЈ.

Изборот на претседател и судии на Уставниот суд на Југославија се врши сходно со одредбите од овој деловник за изборот на претседател на Собранието на СФРЈ.

**6. Избор на претседател и судии на Сојузниот суд, именување на сојузен општествен правобранител на самоуправувањето, сојузен јавен обвинител, сојузен јавен правобранител и нивни заменици и именување на други функционери и колегијални тела одредени со сојузен закон или со друг општ акт на Собранието на СФРЈ**

Член 30

Изборот на претседател и судии на Сојузниот суд, именувањето на сојузен јавен обвинител и сојузен јавен правобранител и нивни заменици и именувањето на други функционери и колегијални тела, одредени со сојузен закон или со друг општ акт на Собранието на СФРЈ, соборите на Собранието на СФРЈ го вршат на предлог од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето и неговиот заменик соборите на Собранието на СФРЈ ги именуваат на предлог од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

Пред изборот на судии на Сојузниот суд и именувањето на сојузен општествен правобранител на самоуправувањето, на сојузен јавен обвинител и сојузен јавен правобранител, Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ го определува бројот на судиите на Сојузниот суд што се избираат и бројот на заменици на сојузниот општествен правобранител, на сојузниот јавен обвинител и на сојузниот јавен правобранител што се именуваат, ако тој број не е одреден со сојузен закон или со друг општ акт на Собранието на СФРЈ.

Изборот односно именувањето на функционерите од ст. 1 и 2 на овој член се врши сходно со одредбите од овој деловник за изборот на претседател на Собранието на СФРЈ.

**7. Именување на генерален секретар на Собранието на СФРЈ и на други функционери во службите на Собранието на СФРЈ**

Член 31

Генералниот секретар на Собранието на СФРЈ, заменикот на генералниот секретар на Собранието на СФРЈ и други функционери во службите на Собранието на СФРЈ, соборите на Собранието на СФРЈ, ги именуваат на предлог од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Именувањето на функционерите од став 1 на овој член се врши сходно со одредбите од овој деловник за именувањето на функционери и членови на колегијалните тела во опрделени сојузни органи.

**8. Разрешување и оставка на сојузните функционери**

*а) Разрешување на одделни членови на Сојузниот извршен совет*

Член 32

Кога претседателот на Сојузниот извршен совет ќе поднесе до соборите на Собранието на СФРЈ предлог за разрешување од должноста на одделен член на Сојузниот извршен совет, соборите на Собранието на СФРЈ одлучуваат за тој предлог сходно со одредбите од овој деловник за изборот на членови на Сојузниот извршен совет.

Претседателот на Сојузниот извршен совет едновремено со предлогот за разрешување на одделен член на Сојузниот извршен совет поднесува до соборите на Собранитео на СФРЈ и предлог за избор на нов член на Сојузниот извршен совет.

Член 33

Кога иницијатива за разрешување на одделен член на Сојузниот извршен совет ќе поведе делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, односно делегат или делегација во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, за таа иницијатива претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ го известува претседателот на Собранието на СФРЈ.

Претседателот на Собранието на СФРЈ за иницијативата од став 1 на овој член ги известува претседателот на другиот собор на Собранието на СФРЈ, Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања и претседателот на Сојузниот извршен совет. За оваа иницијатива Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања дава мислење, а претседателот на Сојузниот извршен совет го соопштува својот став.

Кога за иницијативата за разрешување на одделен член на Сојузниот извршен совет Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања ќе даде мислење, а претседателот на Сојузниот извршен совет ќе го соопшти својот став, претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ за тоа мислење односно став ги известуваат делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 34

Членот на Сојузниот извршен совет за кого е поднесен предлог односно дадена иницијатива за разрешување може својот став за тоа да го изнесе на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ на кои се одлучува за предлогот односно иницијативата, а ако својот став го соопштил во писмена форма, претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ за тој став ги известуваат делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Соборите на Собранието на СФРЈ одлучуваат за иницијативата за разрешување на одделен член на Сојузниот извршен совет сходно со одредбите од овој деловник за изборот на членовите на Сојузниот извршен совет.

*б) Разрешување на други сојузни функционери*

Член 35

Разрешувањето на сојузните функционери што се избираат односно именуваат според одредбите од овој деловник, соборите на Собранието на СФРЈ го вршат на предлог од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања или од друг овластен предлагач.

Предлогот за разрешување на сојузните функционери што ги избира односно именува Собранието на СФРЈ, а што не го поднела Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања, го разгледува таа комисија и за него им дава мислење на соборите на Собранието на СФРЈ.

Сојузниот функционер за кого е поднесен предлог за разрешување може својот став за тој предлог да го изнесе на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ на кои се одлучува за предлогот, а ако својот став го соопшти во писмена форма, претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ за тој став ги известуваат делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 36

За предлогот за разрешување на сојузни функционери соборите на Собранието на СФРЈ одлучуваат сходно со одредбите од овој деловник за изборот односно именувањето на сојузните функционери.

Член 37

При одлучувањето за разрешување на сојузен функционер, соборите на Собранието на СФРЈ можат да одлучат за негово заменување до изборот односно именувањето на нов сојузен функционер.

*в) Оставка на сојузните функционери*

Член 38

Кога оставка ќе поднесе член на Сојузниот извршен совет, претседателот на Собранието на СФРЈ ја доставува до претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ, до Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања и до претседателот на Сојузниот извршен совет. За оставката Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања дава мислење, а претседателот на Сојузниот извршен совет го соопштува својот став.

Кога оставка ќе поднесе друг сојузен функционер, претседателот на Собранието на СФРЈ ја доставува до претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ и до Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања, а кога оставка ќе поднесе сојузен функционер кој раководи со сојузен орган на управата односно со сојузна организација, а кој не е член на Сојузниот извршен совет — до претседателот на Сојузниот извршен совет.

Претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ ја доставуваат оставката, заедно со мислењето и ставот од став 1 односно со мислењето од став 2 на овој член, до делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 39

Соборите на Собранието на СФРЈ ја разгледуваа оставката на сојузниот функционер и можат да одлучат да ја уважат поради причините што се наведени во образложението на оставката.

Разгледувајќи ја оставката на сојузниот функционер, соборите на Собранието на СФРЈ можат да одлучат да не ја уважат поради оцената дека постојат причини за утврдување на одговорноста на сојузниот функционер.

Ако одлучат дека постојат причини за утврдување на одговорноста на сојузниот функционер, соборите на Собранието на СФРЈ ќе спроведат постапка за негово разрешување.

## В. Постапка за поставување прашање за доверба и за поднесување колективна оставка на Сојузниот извршен свет

Член 40

Соборите на Собранието на СФРЈ одлучуваат во согласност со Уставот на СФРЈ дали ќе се изјаснуваат за довербата на Сојузниот извршен совет ако најмалку десет делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ или делегација во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ го постават прашањето за доверба на Сојузниот извршен совет.

Ако еден од соборите на Собранието на СФРЈ му изгласа недоверба на Сојузниот извршен совет, претседателот на тој собор на Собранието на СФРЈ е должен во извештајот да ги наведе причините поради кои соборот му изгласал недоверба на Сојузниот извршен совет.

Претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ на кого му е доставен извештајот свикува веднаш седница на соборот на Собранието на СФРЈ заради заземање став за ова прашање.

Член 41

Ако другиот собор на Собранието на СФРЈ се согласи со ставот на соборот на Собранието на СФРЈ што му изгласал недоверба на Сојузниот извршен совет, Сојузниот извршен совет ќе се разреши од должноста.

Ако другиот собор на Собранието на СФРЈ не се согласи со ставот на соборот на Собранието на СФРЈ што му изгласал недоверба на Сојузниот извршен совет претседателот на соборот ќе го извести тој собор на Собранието на СФРЈ за ставот на другиот собор на Собранието на СФРЈ и за причините поради кои не се согласил со изгласаната недоверба.

Претседателот на соборот на Собранието на СФРЈ што му изгласал недоверба на Сојузниот извршен совет веднаш го известува тој собор за ставот на другиот собор на Собранието на СФРЈ. Тој собор на Собранието на СФРЈ повторно го претресува прашањето за доверба на Сојузниот извршен совет, а ако остане при порано заземениот став, обата собора на Собранието на СФРЈ ќе одржат заедно седница заради разгледување на ова прашање.

Ако и на седницата што заедно ќе ја одржат обата собора на Собранието на СФРЈ, соборот на Собранието на СФРЈ што му изгласал недоверба на Сојузниот извршен совет остане при својот поранешен став, Сојузниот извршен совет се разрешува од должноста.

Член 42

Ако смета дека не е во состојба да го обезбеди спроведувањето на утврдената политика и извршувањето на законот, друг пропис или општ акт на Собранието на СФРЈ чиешто донесување се предлага, или спроведувањето на ставовите или на предложените мерки на Претседателството на СФРЈ, или дека не може да преземе одговорност за вршењето на својата функција ако не се донесе сојузниот закон, другиот пропис или општиот акт чиешто донесување го предлага, Сојузниот извршен совет може, во согласност со Уставот на СФРЈ, пред соборите на Собранието на СФРЈ да го постави прашањето за доверба.

Член 43

Прашањето за доверба од името на Сојузниот извршен совет го поставува претседателот на Сојузниот извршен совет или членот на Сојузниот извршен совет кого Сојузниот извршен совет го определил за свој претставник на седницата на надлежниот собор на Собранието на СФРЈ, пред да донесе тој собор на Собранието на СФРЈ своја одлука по повод која Сојузниот извршен совет го поставува прашањето за доверба.

За прашањето за доверба на Сојузниот извршен совет надлежниот собор на Собранието на СФРЈ гласа во исто време кога и за работата поради која е поставено прашањето за доверба. Ако при гласањето за таа работа соборот на Собранието на СФРЈ донесе одлука спротивна на мислењето или на предлогот на Сојузниот извршен совет, се смета дека едновремено му изгласал недоверба на Сојузниот извршен совет.

Ако надлежниот собор на Собранието на СФРЈ на овој начин му изгласал недоверба на Сојузниот извршен совет, ќе се спроведе постапката утврдена во чл. 40 и 41 од овој деловник.

Член 44

Ако Сојузниот извршен совет поднесе колективна оставка, претседателот на Сојузниот извршен совет ја поднесува до претседателот на Собранието на СФРЈ, кој што је упатува до претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ. Претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ оваа колективна оставка ја упатуват до делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Колективната оставка на Сојузниот извршен совет ја разгледуваат соборите на Собранието на СФРЈ.

Соборите на Собранието на СФРЈ можат да отворат претрес по повод колективната оставка на Сојузниот извршен совет.

Член 45

Ако претседателот на Сојузниот извршен совет поднесе оставка, ќе му ја поднесе на претседателот на Собранието на СФРЈ, којшто ја упатува до претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ. Претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ оваа оставка ја упатуваат до делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Оставката на претседателот на Сојузниот извршен совет ја разгледуваат соборите на Собранието на СФРЈ и можат по тој повод да отворат претрес.

Член 46

Ако Сојузниот извршен совет поднесе колективна оставка односно ако претседателот на Сојузниот извршен совет поднесе оставка, или ако соборите на Собранието на СФРЈ му изгласаат недоверба на Сојузниот извршен совет во согласност со Уставот на СФРЈ, тој совет останува на должноста до изборот на нов Сојузен извршен совет.

## Г. Постапка за донесување на акти за прашањата за кои соборите на Собранието на СФРЈ рамноправно одлучуваат

### 1. Ратификација на меѓународни договори

Член 47

Меѓународните договори, што бараат донесување на нови или измена на важечките републички и покраински закони, ги ратификуваат соборите на Собранието на СФРЈ рамноправно, со донесување на закон за ратификација на меѓународниот договор.

Член 48

Работните тела на соборите на Собранието на СФРЈ, утврдени со деловниците на тие собори, учествуваат во постапката што му претходи на склучувањето на меѓународните договори што соборите на Собранието на СФРЈ ги ратификуваат рамноправно.

Работните тела од став 1 на овој член ги разгледуваат предлозите на основите за водење преговори и за склучување на меѓународни договори, што ги поднесува Сојузниот извршен совет, и за нив даваат мислење во извештаите што преку претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ ги доставуваат до Сојузниот извршен совет и до делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 49

Постапка за донесување на закон за ратификација на меѓународен договор поведува Сојузниот извршен совет, со поднесување на предлог — закон за ратификација.

Предлог-законот за ратификација на меѓународен договор може покрај одредбите за ратификација на меѓународниот договор, за текстот на меѓународниот договор што се ратификува и за влегувањето во сила на законот за ратификација на меѓународниот договор, да содржи и одредби за значењето на одделни изрази во меѓународниот договор, за овластувањето на определени сојузни органи за донесување на прописи или за преземање на мерки во спроведувањето на меѓународниот договор и други одредби што се потребни за применување на меѓународниот договор.

Предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор мора да биде образложен.

Образложението на предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор содржи: причини поради кои се предлага ратификацијата на меѓународниот договор, оцена за тоа дали меѓународниот договор бара донесување на нови или измена на важечките републички и покраински закони, оцена за тоа дали со меѓународниот договор се предвидуваат обврски на федерацијата во неговото извршување, како и оцена дали за спроведувањето на меѓународниот договор се потребни финансиски средства и колкави средства се потребни.

Член 50

Предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор, што соборите на Собранието на СФРЈ го донесуваат рамноправно, се доставува едновремено до делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ и до собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

За доставувањето на предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор од став 1 на овој член до собранијата на републиките и до собранијата на автономните покраини се грижи претседателот на Собранието на СФРЈ.

Предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор од став 1 на овој член не може да се стави на дневен ред на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ ако своја согласност не дале собранијата на сите републики и собранијата на автономните покраини.

Член 51

Законот за ратификација на меѓународниот договор што соборите на Собранието на СФРЈ го донесуваат рамноправно се смета за донесен ако во идентичен текст е усвоен во обата собора на Собранието на СФРЈ.

Ако законот за ратификацијата на меѓународниот договор не е усвоен во идентичен текст во обата собора на Собранието на СФРЈ, се симнува од дневен ред на седниците на соборите и предлог-законот може повторно да биде ставен на дневен ред уште на две последовни седници на соборите на Собранието на СФРЈ. Ако ни потоа обата собора на Собранието на СФРЈ не го усвојат законот за ратификација на меѓународниот договор, донесувањето на тој закон се одлага за три месеци.

**2. Донесување на деловник за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ и на одлука за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ**

Член 52

Соборите на Собранието на СФРЈ донесуваат деловник за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ, на предлог од надлежното заедничко работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ.

Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ се разгледува како нацрт-деловник и како предлог-деловник.

Член 53

Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ се смета за донесен ако е усвоен во идентичен текс во обата собора на Собранието на СФРЈ.

Ако деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ не е усвоен во идентичен текст во обата собора на Собранието на СФРЈ, се симнува од дневен ред на седниците на соборите и предлог-деловникот може да биде повторно ставен на дневен ред уште на две последовни седници на соборите на Собранието на СФРЈ. Пред повторното ставање на дневен ред, соборите на Собранието на СФРЈ ги усогласуваат ставовите за предлог-деловникот според постапката што е утврдена со овој деловник за усогласување на ставовите на соборите на Собранието на СФРЈ за актите за кои одлучуваат рамноправно.

Ако и потоа соборите на Собранието на СФРЈ не го усвојат деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ, до неговото усвојување ќе се применува деловникот во текстот што го усвоил Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

Член 54

Измени и дополненија на деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ се вршат според постапката за негово донесување што е утврдена со овој деловник, ако соборите на Собранието на СФРЈ не одлучат поинаку.

Измените и дополненијата на деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ се вршат со одлука што соборите на Собранието на СФРЈ ја донесуваат рамноправно.

Член 55

Одлуката за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ се донесува сходно со одредбите од овој деловник што се однесуваат на донесувањето на деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Ако одлуката за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ не е усвоена во идентичен текст во обата собора на Собранието на СФРЈ, таа се симнува од дневен ред на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ и предлог-одлуката може повторно да биде ставена на дневен ред уште на две последовни седници на соборите на Собранието на СФРЈ.

## Д. Постапка за усогласување на ставовите на соборите на Собранието на СФРЈ за предлог-актот за кој одлучуваат рамноправно и за решавање на спорните прашања за делокругот на соборите

**1. Усогласување на ставовите на соборите на Собранието на СФРЈ за предлог-актот за кој одлучуваат рамноправно**

Член 56

Соборите на Собранието на СФРЈ меѓусебно се известуваат за ставовите што ги зазеле при претресот на предлог-актот за кој одлучуваат рамноправно.

Ако претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ утврдат дека предлог-актот за кој одлучуваат рамноправно не е усвоен во идентичен текст во обата собора на Собранието на СФРЈ, за тоа ќе ги известат соборите на Собранието на СФРЈ.

Во случајот од став 2 на овој член, соборите на Собранието на СФРЈ повторно го претресуваат предлог-актот за кој одлучуваат рамноправно и, ако ни по повторениот претрес не го усвојат во идентичен текст, предлог-актот се симнува од дневен ред на седницата на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 57

На предлог од предлагачот, претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ повторно ќе го стават на дневен ред на наредната седница на соборите на Собранието на СФРЈ предлог-актот за кој одлучуваат рамноправно што е симнат од дневниот ред на претходната седница на соборите на Собранието на СФРЈ.

Пред претресот на седница на соборите на Собранието на СФРЈ, работните тела на соборите на Собранието на СФРЈ го разгледуваат предлог-актот за кој одлучуваат рамноправно и на соборите на Собранието на СФРЈ им поднесуваат извештаи.

Член 58

Ако соборите на Собранието на СФРЈ ни по претресот на извештаите на работните тела не го усвојат во идентичен текст предлог-актот за кој одлучуваат рамноправно соборите на Собранието на СФРЈ можат да одлучат тој да се симне од дневен ред на седницата на соборите на Собранието на СФРЈ или да се формира заедничка комисија од еднаков број членови на едниот и на другиот собор на Собранието на СФРЈ, на која и се доверува составувањето на предлогот за решение на спорното прашање.

Ако во заедничката комисија не се постигне согласност, или ако еден од соборите на Собранието на СФРЈ не го прифати предлогот за решение на спорното прашање што го поднела заедничката комисија, предлог-актот за кој се одлучува рамноправно се симнува од дневен ред и, на предлог од предлагачот, ќе се стави на дневен ред уште на една седница на соборите на Собранието на СФРЈ.

По ваквиот предлог се постапува како и при разгледувањето на предлог-актот на претходната седница на соборите на Собранието на СФРЈ.

**2. Решавање на спорните прашања за делокругот на соборите на Собранието на СФРЈ**

Член 59

Кога при подготвувањето на програмите и плановите за работа на соборите на Собранието на

СФРЈ, на предлогот на дневниот ред на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ, упатувањето од страна на претседателот на Собранието на СФРЈ до надлежните собори на предлог-закон, друг пропис или општ акт доставени до Собранието на СФРЈ, или во постапката во соборите, во работните тела на соборите и во заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ ќе се јави спорно прашање, во делокругот на кој собор на Собранието на СФРЈ спаѓа донесувањето на закон, на друг пропис или општ акт — на барање од претседателот на Собранието на СФРЈ, од претседателот на соборот, од претседателот на работното тело на соборот, односно на заедничкото работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ, тоа прашање го разгледуваат на заедничка седница законодавно-правните комисии на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 60

Законодавно-правните комисии на соборите на Собранието на СФРЈ, по разгледувањето на спорното прашање на заедничка седница, заземаат ставови за тоа прашање и за своите ставови и мислења го известуваат претседателот на Собранието на СФРЈ.

Ако законодавно-правните комисии на соборите на Собранието на СФРЈ на заедничката седница заземат идентичен став за спорното прашање, претседателот на Собранието на СФРЈ го известува за тој став функционерот односно работното тело на Соборот на Собранието на СФРЈ што повело постапка за решавање на спорното прашање и претседателите на соборите на собранието на СФРЈ.

Ако законодавно-правните комисии на соборите на Собранието на СФРЈ не заземат идентичен став за спорното прашање, претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ ги известуваат за тоа соборите на Собранието на СФРЈ, кои спогодбено ќе ги утврдат начинот и постапката за усогласување на ставовите за спорното прашање.

## III. РАБОТА НА ЗАЕДНИЧКА СЕДНИЦА НА СОБОРИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

### 1. Општи одредби

Член 61

Заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ свикува претседателот на Собранието на СФРЈ.

Претседателот на Собранието на СФРЈ ќе свика заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ и кога тоа го бара Претседателството на СФРЈ.

Член 62

Поканата за заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ мора да биде доставена до делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ десет дена пред денот определен за одржување на таа седница.

На делегатите кон поканата им се доставува предлогот на дневниот ред и соодветниот материјал за прашањата што се предлагаат за дневен ред на заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ, како и записникот од претходната седница, ако не им е доставен порано.

За одржувањето на заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ, претседателот на Собранието на СФРЈ ги известува Сојузниот извршен совет и собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, на кои им се доставува предлогот на дневниот ред на заедничката седница на соборите со соодветниот материјал.

Претседателот на Собранието на СФРЈ, при доставувањето на материјалот за заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ, утврдува кој материјал се смета како државна тајна или е од доверлив карактер — ако материјал од таков карактер се доставува за таа седница.

Член 63

На заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ претседава претседателот на Собранието на СФРЈ.

Право и должност да учествуваат во работата на заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ имаат сите делегати. Делегатот кој е спречен да присуствува на заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ е должен за тоа навремено да го извести претседателот на Собранието на СФРЈ.

Во работата на заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ можат да учествуваат членовите на Претседателството на СФРЈ и претседателот и членовите на Сојузниот извршен совет.

На заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ можат да бидат повикани претставници на општествено-политичките и на други општествени организации и на самоуправните организации и заедници во федерацијата, како и претставнице на други органи и организации.

Член 64

На заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ можат да присуствуваат, како гости на Собранието на СФРЈ, шеф на друга држава, членови на делегација на претставничко тело на друга држава, претставник на меѓународна организација или друг странски државник.

Странскиот државник односно претсавникот на меѓународна организација од став 1 на овој член може да одржи говор на заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 65

На заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ можат да присуствуваат, по покана од претседателот на Собранието на СФРЈ, шефови на дипломатски и конзуларни мисии.

Член 66

За работата на заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ се води записник.

За составувањето на записникот од заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ се грижи генералниот секретар на Собранието на СФРЈ.

Член 67

Претседателот на Собранието на СФРЈ може да свика заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ и за време на воена состојба или во случај на непосредна воена опасност, ако Собранието на СФРЈ е во можност да се состане.

Начинот на свикување на заедничка седница и на работа на соборите на Собранието на СФРЈ на таа седница, како и начинот на вршење на правата и обврските на претседателот и потпретседателот на Собранието на СФРЈ и на претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ, врз основа на член 309 став 3 од Уставот на СФРЈ, се уредуваат со посебен општ акт што соборите на Собранието на СФРЈ го донесуваат рамноправно.

### 2. Прогласување на изборот и објавување на составот на Претседателството на СФРЈ

Член 68

Собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, веднаш по извршениот избор, го известуваат претседателот на Собранието на СФРЈ кого го избрале за член на Претседателството на СФРЈ.

Органот утврден со Статутот на Сојузот на комунистите на Југославија, чијшто претседател по положбата е член на Претседателството на СФРЈ, го известува претседателот на Собранието на СФРЈ за изборот на претседателот на тој орган.

Кога ќе ги прими известувањата од ст. 1 односно 2 на овој член, претседателот на Собранието на СФРЈ ги упатува овие известувања до делегатите и закажува заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 69

На заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ се покануваат и членовите на Претседателството на СФРЈ избрани во собранијата на републиките и во собранијата на автономните покраини и претседателот на органот на Сојузот на комунистите на Југославија утврден со Статутот на Сојузот на комунистите на Југославија кој по положбата е член на Претседателството на СФРЈ.

Член 70

На заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ, пртседателот на Собранието на СФРЈ прво утврдува кого собранието на секоја република и собранието на секоја автономна покраина го избрало за член на Претседателството на СФРЈ.

Ако на заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ се прогласува дека претседателот на органот утврден со Статутот на Сојузот на комунистите на Југославија по положбата е член на Претседателството на СФРЈ, претседателот на Собранието на СФРЈ утврдува кој како претседател на органот на Сојузот на комунистите на Југославија по положбата е член на Претседателството на СФРЈ.

По утврдувањето на членовите на Претседателството на СФРЈ, претседателот на Собранието на СФРЈ го прогласува и го објавува составот на Претседателството на СФРЈ.

Член 71

По објавувањето на составот на Претседателството на СФРЈ, претседателот на Собранието на СФРЈ ги повикува членовите на Претседателството на СФРЈ да дадат свечена изјава на заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ.

Членовите на Претседателството на СФРЈ даваат свечена изјава во текстот утврден со Уставот на СФРЈ и го потпишуваат текстот на свечената изјава.

Член 72

Прогласувањето на изборот и составот на Претседателството на СФРЈ се објавуваат во службеното гласило на СФРЈ.

IV. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

Член 73

Претседателот на Собранието на СФРЈ го избираат рамноправно соборите на Собранието на СФРЈ на една година од редот на делегатите во Собранието на СФРЈ.

Претседателот на Собранието на СФРЈ се избира секоја година од друга република односно автономна покраина.

Член 74

Претседателот на Собранието на СФРЈ ги организира и свикува заедничките седници на соборите на Собранието на СФРЈ и претседава на нив, поведува иницијатива за разгледување на одделни прашања од делокругот на соборите на Собранието на СФРЈ и со претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ ги разгледува прашањата од интерес за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Претседателот на Собранието на СФРЈ се грижи за примената на овој деловник, за известувањето, преку гласилата, на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации, за остварувањето на рамноправноста на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија и за спроведувањето на начелото на јавност во работата на Собранието на СФРЈ, како и за остварувањето на правата на делегатите и делегациите во заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ во врска со вршењето на нивната функција во Собранието на СФРЈ, распишува избори за делегати и ги врши другите права и должности што се утврдени со Уставот на СФРЈ и со овој деловник.

Претседателот на Собранието на СФРЈ ги потпишува указите за прогласување на законите и другите општи акти и ги потпишува општите акти за кои е тоа одредено со деловниците на соборите на Собранието на СФРЈ.

Претседателот на Собранието на СФРЈ ги донесува правилата за внатрешниот ред во Собранието на СФРЈ, правилата за начинот на работа во Собранието на СФРЈ во врска со остварувањето на соработката со претставничките тела на други држави, правилата за начинот на остварувањето на правата и должностите на претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање, како и другите акти за кои е овластен со овој деловник или со други општи акти на Собранието на СФРЈ.

Член 75

Собранието на СФРЈ има еден или повеќе потпретседатели кого од редот на делегатите во Собранието на СФРЈ, на една година, рамноправно го избираат соборите на Собранието на СФРЈ.

Соборите на Собранието на СФРЈ за бројот на потпретседателите на Собранието на СФРЈ одлучуваат пред пристапувањето кон избор на протпретседател на Собранието на СФРЈ.

Потпретседателот на Собранието на СФРЈ не може да биде повторно избиран на истата функција во текот на траењето на мандатот на делегатите во Собранието на СФРЈ.

Член 76

Претседателот и потпретседателот на Собранието на СФРЈ не можат да бидат избирани едновремено од иста република односно автономна покраина.

Член 77

Потпретседателот на Собранието на СФРЈ го заменува претседателот на Собранието на СФРЈ, во случај на негова отсутност или спреченост, во сите права и должности утврдени со Уставот на СФРЈ и со овој деловник.

Претседателот на Собранието на СФРЈ може, во рамките на своите права и должности, да му довери на потпретседателот на Собранието на СФРЈ вршење на определени работи.

Член 78

Претседателот на Собранието на СФРЈ, пред стапувањето на должност, дава пред соборите на Собранието на СФРЈ свечена изјава што гласи:

„Изјавувам дека својата должност ќе ја вршам одговорно и совесно и дека ќе се придржувам кон Уставот на СФРЈ и кон сојузните закони, дека ќе се борам за заштита на сувереноста, независноста и интегритетот на земјата и за остварување на власта на работничката класа и на сите работни луѓе дека ќе се залагам за остварување на братството и единството и за рамноправност на народите и народностите, за развиток на социјалистичкото самоу-

правно општество и за остварување на заедничките интереси на работните луѓе и граѓаните, на народите и народностите на Социјалистичка Федеративна Републикa Југославија."

Свечена изјава во идентичен текст, пред стапувањето на должност, дава пред соборите и потпретседателот на Собранието на СФРЈ.

Претседателот и членовите на Уставниот суд на Југославија, пред стапувањето на должност, даваат пред соборите на Собранието на СФРЈ свечена изјава во текстот утврден со Уставот на СФРЈ.

Претседателот и членовите на Сојузниот извршен совет, пред стапувањето на должност, даваат пред соборите на Собранието на СФРЈ свечена изјава, која гласи:

„Изјавувам дека должноста што ми е доверена ќе ја вршам одговорно и совесно и дека ќе се придржувам кон Уставот на СФРЈ и кон сојузните закони, дека во својата работа ќе се раководам исклучително од заедничките интереси на работните луѓе, на народите и народностите, на републиките и на автономните покраин и од утврдената политика на федерацијата, дека ќе се борам за суверенст, независност и интегритет на земјата, за остварување на власта на работничката класа и на сите работни луѓе, за остварување на братството и единството и за рамноправност на народите и народностите, за развиток на социјалистичкото самоуправно општество и за остварување на заедничките интереси на работните луѓе и граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија."

Претседателот, судиите и судиите-поротници на Сојузниот суд, пред стапувањето на должност, даваат пред соборите на Собранието на СФРЈ свечена изјава, што гласи:

„Изјавувам дека во вршењето на својата должност ќе се придржувам кон Уставот на СФРЈ, кон законите и самоуправните општи акти, дека својата должност ќе ја вршам совесно и непристрасно. дека во својата работа ќе се залагам за остварување на уставноста и законитоста и дека ќе ги штитам слободите и правата на граѓаните и самоуправната положба на работните луѓе и на самоуправните организации и заедници, како и општествениот поредок на Социјалистичка Федеративна Република Југославија."

Свечена изјава во идентичен текст даваат и другите сојузни функционери што ги избира или именува Собранието на СФРЈ. Оваа свечена изјава ја даваат и раководните работници во службите на Собранието на СФРЈ што ги поставува надлежното работно тело во Собранието на СФРЈ. Свечената изјава се дава пред претседателот на Собранието на СФРЈ.

Член 79

Претседателот на Собранието на СФРЈ, во согласност со Уставот на СФРЈ, заедно со потпретседателот на Собранието на СФРЈ и со претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ, ги разгледува прашањата за усогласувањето и програмирањето на работата на соборите и на работните тела на соборите во Собранието на СФРЈ и прашањата за собраниската процедура и се грижи за соработката на Собранието на СФРЈ со другите органи и организации во федерацијата и во републиките и автономните покраини и со претставничките тела на други држави.

Во разгледувањето на прашањата од став 1 на овој член учествуваат, по потреба, претставници на Сојузниот извршен совет и на одделни работни тела на соборите во Собранието на СФРЈ, а кога се разгледуваат прашања за соработката на Собранието на СФРЈ со другите органи и организации во федерацијата и во републиките и автономните покраини — претставници на тие органи и организации и на Клубот на делегатите во Собранието на СФРЈ.

Член 80

Ако при изработката и утврдувањето на програмите и плановите за работа на соборите на Собранието на СФРЈ и на програмите и плановите за работа на Сојузниот извршен совет се јават прашања за кои е потребно да се усогласат работите, како и роковите за нивно извршување, овие прашања ќе ги разгледуваат претседателот и потпретседателот на Собранието на СФРЈ и претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ, заедно со претставниците на Сојузниот извршен совет.

Член 81

Ако при изработката и утврдувањето на програмите и плановите за работа на соборите на Собранието на СФРЈ и на програмите и плановите за работа на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини е потребно да се усогласат работите, како и роковите за нивно извршување, овие прашања ќе ги разгледаат претседателот и потпретседателот на Собранието на СФРЈ и претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ, заедно со претседателите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини.

Член 82

Собранието на СФРЈ има генерален секретар.

Генералниот секретар на Собранието на СФРЈ го обезбедува општото раководење со службите на Собранието на СФРЈ, ја организира и ја усогласува работата на службите на Собранието на СФРЈ врз извршувањето на нивните задачи и работи и се грижи за единственото функционирање на овие служби.

Генералниот секретар на Собранието на СФРЈ му помага на претседателот на Собранието на СФРЈ во рамките на правата и должностите на претседателот на Собранието на СФРЈ утврдени со Уставот на СФРЈ и со овој деловник.

Генералниот секретар на Собранието на СФРЈ е наредбодавец за извршување на претсметката на средствата на Собранието на СФРЈ.

Генералниот секретар на Собранието на СФРЈ за својата работа и за работата на службите на Собранието на СФРЈ е одговорен пред соборите на Собранието на СФРЈ, а во извршувањето на работите и задачите за претседателот на Собранието на СФРЈ — и пред претседателот на Собранието на СФРЈ.

Генералниот секретар на Собранието на СФРЈ има заменик, кој го заменува во случај на негова отсутност или спреченост и врши други работи што ќе му ги довери генералниот секретар на Собранието на СФРЈ.

## V. ЗАЕДНИЧКИ РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБОРИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

### 1. Општи одредби

Член 83

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и Соборот на републиките и покраините на Собранието СФРЈ формираат комисии, како заеднички работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ (во натамошниот текст: комисии) за разгледување на прашањата од заеднички интерес за работата на соборите на Собранието на СФРЈ.

Комисиите се формираат со овој деловник, а можат да се формираат и со посебна одлука што ја донесуваат соборите на Собранието на СФРЈ рамноправно.

Со одлуката за формирање на постојана или повремена комисија се уредуваат нејзиниот делокруг, состав и овластувања.

Член 84

Комисијата има претседател и определен број членови.

Претседателот и членовите на комисијата се избираат од редот на делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ, водејќи сметка за еднаквата застапеност на делегатите од обата собора на Собранието на СФРЈ. Во составот на секоја комисија се избира најмалку по еден делегат од секоја република, односно автономна покраина.

Во составот на одделни комисии, кога е тоа одредено со овој деловник, односно со одлуката за формирање на комисијата, свои претставници можат да делегираат и општествено-политичките и други општествени организации и самоуправните организации и заедници во федерацијата.

Членовите на одделни комиси, кога е тоа одредено со овој деловник односно со одлуката за формирање на комисијата, можат да се избираат и од редот на научните, стручните и јавните работници.

Бројот на членовите на комисијата што се избираат од редот на делегатите не може да биде помал од две третини од вкупниот број на членовите на комисијата, освен ако со овој деловник, односно со одлуката за формирање на комисијата не е одредено поинаку.

Член 85

Претседателот на комисијата се избира од редот на делегатите, членови на комисијата, на една година, секоја година од друга република, односно автономна покраина.

Членовите на комисијата се избираат на четири години, освен ако со одлуката за формирање на комисијата не е утврдено дека таа се формира за пократок период или додека не изврши определена задача.

Претседателот и сите или одделни членови на комисијата можат да бидат разрешени и пред истекот на времето на кое се избрани, а функцијата им престанува и ако пред истекот на времето на кое се избрани им престане мандатот на делегати во Собранието на СФРЈ.

Член 86

Член на комисијата има право и должност да поведува иницијатива за разгледување на одделни прашања од делокругот на комисијата, да присуствува на седницата на комисијата и да учествува во нејзината работа и во заземањето ставови на комисијата.

Членот на комисијата, кој е спречен да присуствува на седницата на комисијата, должен е за тоа навремено да го извести претседателот на комисијата.

Член 87

Делегатот — член на комисијата има право да учествува во работата на другите заеднички работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ, со права и должности на член на тоа тело, но без право на учество во заземањето ставови на работното тело.

Покрај правото и должноста да учествуваат во работата на постојаните комисии чии членови се, делегатите, врз основа на заклучок на соборите на Собранието на СФРЈ, учествуваат и во работата на повремените комисии на соборите.

Член 88

Претседателот на комисијата ја организира работата на комисијата.

Претседателот на комисијата покренува иницијатива за разгледување на одделни прашања од делокругот на комисијата, свикува седници, предлага дневен ред на седниците и претседава на нив, се грижи за известувањето на членовите на комисијата за прашањата од делокругот на комисијата, соработува со претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ и нивните работни тела и со претседателите на другите комисии и функционерите кои раководат со сојузните органи на управата и со сојузните организации, се грижи за примената на деловникот и за спроведувањето на заклучоците на комисијата и врши други работи определени со овој деловник или со одлуката за формирање на комисијата.

Член 89

Комисијата од редот на делегатите — членови на комисијата избира заменик-претседател на комисијата, кој го заменува претседателот во случај на негова спреченост или отсутност.

Член 90

Комисијата работи во седници.

Седниците на комисијата ги свикува претседателот на комисијата по своја иницијатива. Претседателот на комисијата е должен да свика седница ако тоа го побара претседателот на Собранието на СФРЈ, претседателот на собор на Собранието на СФРЈ, или ако тоа го предложи една петтина од членовите на комисијата, десет делегати во секој собор на Собранието на СФРЈ или секоја делегација во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Кон барањето, односно предлогот за свикување седница на комисијата се наведуваат и прашањата што се ставаат на дневен ред на седницата.

Предлогот за свикување седница на комисијата, со предлогот на дневниот ред, им се упатува на членовите на комисијата, најдоцна десет дена пред денот на одржувањето на седницата на комисијата.

Ако претседателот на комисијата не свика седница на комисијата кога е должен тоа да го стори, седница ќе свика претседателот на Собранието на СФРЈ.

Член 91

Комисијата може да зазема ставови ако на седницата присуствува мнозинство од нејзините членови, а ставови зазема со мнозинство гласови на присутните членови.

Во случаите кога комисијата со овој деловник е овластена да донесува акти, таа таквите акти ги донесува со мнозинство гласови на сите членови на комисијата.

Член 92

Комисијата донесува своја програма и план за работа.

Програмата за работа комисијата ја донесува за една година, а може да ја донесе и за подолг период.

При изработката на програмата за работа, комисијата тргнува од работите и задачите од својот делокруг што се содржани во програмите за работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Предлози за внесување на одделни работи и задачи во програмата за работа на комисијата можат да поднесат членовите на комисијата, делегатите и делегациите во Собранието на СФРЈ, другите работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ и собранијата на републиките, односно собранијата на автономните покраини, а иницијативи за внесување на одделни прашања во програмата за работа на комисијата можат да покренат и одделни органи и општествено-политичките и други општествени организации и самоуправните органи и заедници во федерацијата.

Програмата за работа на комисијата мора да биде усогласена со програмите за работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Планот за работа на комисијата мора да биде усогласен со програмата за работа на комисијата.

Член 93

Заради проучување на одделни прашања од својот делокруг и заради изработка на извештаи и предлози на акти што ги подготвува за соборите на Собранието на СФРЈ, комисијата може да формира, како свои работни тела, поткомисии или работни групи. Членовите на поткомисиите, односно на работните групи се именуваат од редовите на членовите на комисијата и на научните, стручните и јавните работници.

Комисијата може да ангажира научни и други институции и одделни стручњаци за подготвување на акти или заради проучување на одделно прашање од својот делокруг, ако е тоа предвидено во програмата за работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 94

Комисијата, на барање од соборите на Собранието на СФРЈ или од претседателот на Собранието на СФРЈ, или по своја иницијатива, им поднесува на соборите на Собранието на СФРЈ извештај за одделни прашања што ги разгледувала.

Извештајот на комисијата ги содржи мислењата и ставовите изнесени за прашањата што се разгледувани на седницата на комисијата.

Председателот на комисијата го потпишува извештајот на комисијата и е одговорен за неговата веродостојност.

Член 95

Кога ќе одлучи да им поднесе на соборите на Собранието на СФРЈ извешај или предлог, комисијата определува известител кој, врз основа на овластувањето на комисијата, по сопствена иницијатива или на барање од соборите на Собранието на СФРЈ, на седницата на соборите на Собранието на СФРЈ ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

Известителот на седницата на соборите на Собранието на СФРЈ се изјаснува од името на комисијата за прашањата во врска со извештајот, односно со предлогот на комисијата, но не може да го измени предлогот на комисијата или да се откаже од него, ако за тоа не го овластила комисијата.

Ако во текот на претресот во соборите на Собранието на СФРЈ се јави прашање за кое комисијата не зазела свое мислење, известителот може да бара соборите на Собранието на СФРЈ да го одложат претресот за тоа прашање додека не го разгледа комисијата. Претресот на такво прашање ќе се одложи и ако соборите на Собранието на СФРЈ побараат комисијата да заземе став за него.

Член 96

За работата на седницата на комисијата се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, за прашањата што се разгледувани, како и изнесените мислења и ставови што ги усвоила комисијата.

За водењето на записникот се грижи секретарот на комисијата.

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот и секретарот на комисијата.

За чувањето на записникот од седницата на комисијата се грижи секретарот на комисијата.

Записникот може да се користи пред заверувањето од комисијата, по одобрение на претседателот на комисијата.

Член 97

На седницата на комисијата се водат стенографски белешки, ако комисијата поинаку не одлучи.

Стенографските белешки се користат заради подготовка на записникот и извештајот, како и за потребите на комисијата.

Излагањето на учесниците на седницата на комисијата содржано во стенографските белешки не се авторизира, ниту се врши негова редакција, освен ако го бара тоа одделен учесник во расправата чиешто излагање е содржано во стенографските белешки.

Стенографските белешки од седницата на комисијата се приложуваат кон усвоениот записник

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, стенографските белешки можат да се користат и за други потреби, по одобрение на комисијата.

Член 98

Комисијата соработува со другите комисии, како и со работните тела на соборите на Собранието на СФРЈ во прашањата од заеднички интерес, а може со тие комисии и тела да одржува заеднички седници.

Член 99

Комисијата има право да бара да присуствува претставник, односно повереник на Сојузниот извршен совет, на нејзината седница на која се разгледува предлог на Сојузниот извршен совет, а претставник на сојузен орган на управата и на сојузна организација — на седницата на која се разгледува прашање од делокругот на тој орган, односно организација.

Претставникот, односно повереникот на Сојузниот извршен совет има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот на Сојузниот извршен совет.

Претставникот на сојузен орган на управата и на сојузна организација има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на прашањата од делокругот на тој орган, односно организација.

Право да присуствува на седница на комисијата и да учествува во нејзината рабаота има и претставникот на друг подносител на предлог што се разгледува на таа седница.

Член 100

Претседателот на комисијата го известува Сојузниот извршен совет за седниците на комисијата, а кога на седницата се разгледува предлог-акт или друг предлог што го поднел Сојузниот извршен совет, за таа седница ги известува и претставниците и поверениште на тој совет, кои се должни да присуствуваат на седницата на комисијата.

Претседателот на комисијата ги известува сојузните органи на управата и сојузните организации за седниците на комисијата на кои ќе бидат претресувани прашања што се однесуваат на областа од нивниот делокруг за да учествуваат нивните претставници во работата на тие седници.

Претставниците на сојузните органи на управата и на сојузните организации се должни да присуствуваат на седницата на комисијата на која се разгледуваат прашања од надлежноста на тие органи, односно организации.

Ако претставниците на Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата и на сојузните организации не присуствуваат на седницата на комисијата на која се разгледува предлог или друго прашање од надлежноста на тие органи и организации, разгледувањето на тоа прашање се одлага. Комисијата може , по исклучок, да одлучи да го разгледува тоа прашање иако не се присутни претставниците на предлагачот.

Член 101

Комисијата има право да врши анкети што се потребни за извршување на нејзините задачи, кога надлежниот собор на Собранието на СФРЈ тоа ќе

го определи со свој заклучок, или кога е тоа предвидено во програмата за работа на едниот или на обата собора на Собранието на СФРЈ.

Комисијата нема право да врши истражни и други судски функции.

По извршената анкета, комисијата поднесува извештај до соборите на Собранието на СФРЈ.

Комисијата има право при вршењето на анкетата да бара од државните органи и од самоуправните организации и заедници известувања, податоци и исправи што и се потребни за работа, а со кои овие органи, односно организации располагаат, или се должни во својот делокруг да ги прибираат и евидентираат.

Член 102

Комисијата може да им предложи на соборите на Собранието на СФРЈ да побараат од Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата и од сојузните организации изработка на акт, анализа или на друг материјал за потребите на соборите и на работните тела на соборите.

Комисијата може да бара од Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата и од сојузните организации известувања и објаснениjа во врска со прашањата што се на дневен ред на седницата на комисијата, а што се однесуваат на прашањата од надлежноста на тие органи и организации.

Комисијата може да им предложи на соборите на Собранието на СФРЈ да им доверат на самоуправните организации и заедници во федерацијата, на научните и стручните организации, како и на одделни научни и стручни работници, изработка на анализа или на друг материјал за потребите на соборите и на работните тела на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 103

Доколку за извршувањето на работите и задачите од чл. 101 и 102 од овој деловник не се обезбедени средства, комисијата ќе им предложи на соборите на Собранието на СФРЈ начин на нивно обезбедување

Член 104

За прашањата од својот делокруг комисиите соработуваат со соодветните работни тела на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини и можат, во спогодба со нив, да организираат разгледување и проучување на определено прашање од заеднички интерес.

Член 105

Комисијата на своите седници може да повика претставници на општествено-политичките и други општествени организации и на самоуправните организации и заедници во федерацијата, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на мислењата на тие организации и заедници, односно на работниците, за прашањата што се разгледуваат на седницата.

Кога на седницата на комисијата се разгледуваат прашања што се од значење или од интерес за остварувањето на задачите на општествено-политичките и на други општествени организации и на самоуправните организации и заедници во федерацијата, тие организации и заедници имаат право да бараат од комисијата на нејзината седница, преку своите претставници, да ги изнесат мислењата и ставовите за тие прашања.

Комисијата е должна за таквото барање да заземе став и да ги извести за својот став заинтересираните организации и заедници од став 2 на овој член.

Член 106

Комисијата може да донесе деловник за својата работа, а должна е да го донесе ако е тоа одредено со овој деловник или со одлуката за формирање на комисијата.

Член 107

На членовите на комисијата и на нејзините работни тела избрани од редот на научните, стручните и јавните работници, а што не се делегати, може, покрај надоместот на трошоците, да им се определи посебна награда за работата во комисијата.

Член 108

Соборите на Собранието на СФРЈ можат, покрај комисии, да формираат и други заеднички постојани или повремени работни тела.

Со одлуката за формирање на заедничко постојано или повремено работно тело се уредуваат неговиот делокруг, состав и овластувања.

Член 109

Постојаните комисии утврдени со овој деловник имаат секретар.

Секретарот на комисијата му помага на претседателот на комисијата во подготвувањето на седниците, се грижи за подготвувањето на извештаите и записниците од седниците на комисијата и организира и врши други стручни работи за потребите на комисијата.

Секретарот на комисијата по барање на одделен член на комисијата, или по сопствена иницијатива, дава стручни мислења во врска со примената на деловникот и други стручни мислења потребни за работата на комисијата.

**2. Посебни одредби**

Член 110

Постојани комисии се:

1) Комисија за избор и именувања,
2) Комисија за уставни прашања,
3) Административна комисија,
4) Комисија за информирање,
5) Комисија за утврдување на идентичноста на текстовите на јазиците на народите на Југославија,
6) Комисија за претставки и предлози.

*а) Комисија за избор и именувања*

Член 111

Комисијата за избор и именувања ги разгледува општите прашања за кадровската политика и прашањата во врска со изборот, именувањата и разрешувањата од надлежноста на Собранието на СФРЈ.

При извршувањето на овие задачи Комисијата, во соработка со органите и организациите заинтересирани за решавање на кадровските прашања, подготвува и им поднесува на соборите на Собранието на СФРЈ предлози и им дава мислења во врска со изборот, именувањата и разрешувањата од надлежноста на Собранието на СФРЈ.

Член 112

Во рамките на задачите од областа на општите прашања на кадровската политика, Комисијата се грижи за спроведувањето на уставните начела и општествените норми што се однесуваат на кадровската политика во органите и организациите на федерацијата и им предлага на соборите на Собранието на СФРЈ мерки за нивно остварување.

Член 113

Во рамките на задачите од областа на изборот, именувањата и разрешувањата од надлежноста на Собранието на СФРЈ, Комисијата особено:

— подготвува и поднесува до соборите на Собранието на СФРЈ предлог-акти за критериумите за избор, односно именување на сојузните функционери што ги избира или именува Собранието на СФРЈ;

врши измена на намената и височината на средствата предвидени во буџетот на федерацијата за вршење на дејноста на Собранието на СФРЈ и за неговите посебни намени, кога е за тоа овластена со закон;

— се грижи за правилноста на користењето на средствата предвидени во буџетот на федерацијата за вршење на дејноста на Собранието на СФРЈ и за неговите посебни намени и за тоа им поднесува извештај на соборите на Собранието на СФРЈ;

— донесува акти за примена на основите и мерилата за личните доходи и за остварување на другите права на раководните работници во службите на Собранието на СФРЈ, за кои е тоа одредено со општиот акт на Собранието на СФРЈ, и ги утврдува нивните лични доходи.

Покрај работите и задачите од став 1 на овој член, Административната комисија:

— ги следи и разгледува прашањата за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ и се грижи за општите услови и за унапредувањето на нивната работа;

— ги разгледува начелните прашања од интерес за унапредувањето на организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ и на нивниот кадровски состав и, во врска со тоа, им поднесува предлози на соборите на Собранието на СФРЈ;

— ја потготвува и поднесува до соборите на Собранието на СФРЈ предлог-одлуката за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ и ги донесува општите акти за внатрешната организација и работата на службите на Собранието на СФРЈ и за систематизацијата на работите и задачите во службите на Собранието на СФРЈ;

— дава оцена за придонесот на работната заедница во остварувањето на работите и задачите на службите на Собранието на СФРЈ, заради утврдување на височината на средствата што ги остваруваат работниците како доход на работната заедница.

Покрај работите и задачите од ст. 1 и 2 на овој член, Административната комисија:

— ги утврдува потребите за станови и гаражи, односно гаражни места, врз основа на кои се подготвува предлогот на делот на единствената програма за прибавување на станбени згради, станови и гаражи и поднесува до Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ предлог на делот од таа единствена програма;

— ја утврдува листата на редослед за доделување станови за службени потреби и станови на користење за потребите на функционерите во Собранието на СФРЈ и на раководните работници во службите на Собранието на СФРЈ и за потребите на функционерите во определени сојузни органи и организации;

— одлучува за доделувањето станови за службени потреби на функционерите, односно на раководните работници; одлучува за доделувањето на користење станови, гаражи односно гаражни места на функционерите, односно на раководните работници; одлучува за давањето согласност за замена на правото на давање на користење станови и гаражи, односно гаражни места што им се доделени на користење на функционерите, односно на раководните работници; одлучува за бројот на становите и гаражите, односно на гаражните места што непосредно им се доделуваат на работниците во работната заедница на службите на Собранието на СФРЈ, заради решавање на определени кадровски прашања; ги утврдува стандардите за опремање на становите за службени потреби и одлучува за начинот на нивното уредување; одлучува за други прашања што се однесуваат на изградбата, прибавувањето и доделувањето на станови и гаражи, односно гаражни места за потребите на функционерите, односно на раководните работници.

Административната комисија врши и други работи и задачи за кои е овластена со општите акти на Собранието на СФРЈ.

Член 120

Административната комисија има претседател и 13 членови, што се избираат од редот на делегатите.

Од редот на делегатите во секој собор на Собранието на СФРЈ се избираат по седум членови, вклучувајќи го во тој број и претседателот на Комисијата.

Кога на седницата на Комисијата се разгледуваат прашањата за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ од член 119 став 2 на овој деловник, во работата на Комисијата учествуваат генералниот секретар на Собранието на СФРЈ, секретарите на соборите на Собранието на СФРЈ и претставниците на Работната заедница на службите на Собранието на СФРЈ.

Кога на седницата на Комисијата се разгледуваат станбените прашања од член 119 став 3 на овој деловник, во работата на Комисијата учествуваат по еден член на Советот на федерацијата, на Уставниот суд на Југославија и на Сојузниот суд, генералниот секретар на Собранието на СФРЈ и претставниците на Работната заедница на службите на Собранието на СФРЈ.

Член 121

Административната комисија ги известува соборите на Собранието на СФРЈ за својата работа и за актите што ги донела.

Актите што ги донесува Комисијата се објавуваат во службеното гласило на СФРЈ.

Член 122

Административната комисија донесува деловник за својата работа.

*г) Комисија за информирање*

Член 123

Комисијата за информирање го разгледува:

— уредувањето и изградувањето на основите на општествениот систем на информирањето и на информативниот систем на федерацијата;

— уредувањето и унапредувањето на основите на јавното информирање;

— изградувањето и унапредувањето на информирањето на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации за прашањата што се разгледуваат и за кои се одлучува во Собранието на СФРЈ и го следи нивното остварување;

— начинот на информирањето на делегатите и делегациите во Собранието на СФРЈ;

— начинот на известување на јавноста за работата на Собранието на СФРЈ;

— како и други прашања на информирањето што се од интерес за остварувањето на функцијата на Собранието на СФРЈ во оваа област.

Член 124

Комисијата за информирање има претседател и 14 членови.

Претседателот и седум членови на Комисијата се избираат од редот на делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ, еден член на Комисијата делегира Сојузниот извршен совет, а шест членови на Комисијата, врз основа на претходен договор во рамките на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, делегираат општествено-политичките и други општествени организации во федерацијата.

Во работата на Комисијата можат да учествуваат и претставниците на соодветните тела на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини.

Член 125

Комисијата за информирање донесува деловник за својата работа.

*д) Комисија за утврдување на идентичноста на текстовите на јазиците на народите на Југославија*

Член 126

Комисијата за утврдување на идентичноста на текстовите на јазиците на народите на Југославија утврдува дека на јазиците на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, се идентични текстовите на предлог-актите што се разгледуваат на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 127

Комисијата пред почетокот на претресот на седница на соборот на Собранието на СФРЈ ја утврдува идентичноста на текстот на предлог-актот на јазиците на народите на Југославија, што се утврдени со републичките устави, и го известува соборот на Собранието на СФРЈ дали текстовите на предлог-актот што се разгледува се идентични. Кога станува збор за акти од делокругот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, Комисијата ја утврдува и идентичноста на текстот на нацрт-актот на јазиците на народите на Југославија, што се утврдени со републичките устави.

Ако на седница на соборот на Собранието на СФРЈ се поднесе амандман само на еден од јазиците на народите на Југославија, соборот на Собранието на СФРЈ може да одлучи претресот на тој амандман да се прекине додека не се утврди идентичноста на текстот на амандманот на другите јазици на народите на Југославија.

Во тој случај соборот на Собранието на СФРЈ може конечно да го усвои предлог-актот, чијшто составен дел е амандманот, кога ќе се утврди идентичноста на текстот на другите јазици на народите на Југославија.

Комисијата утврдува и дека текстовите на актите на Собранието на СФРЈ на јазиците на албанската и унгарската народност (на албански јазик и на унгарски јазик) се идентични со усвоените текстови на јазиците на народите на Југославија.

Член 128

Комисијата за утврдување на идентичноста на текстовите на јазиците на народите на Југославија се состои од секции за секој од јазиците на народите на Југославија, утврден со републичките устави, и за јазиците на албанската и на унгарската народност (албански јазик и унгарски јазик).

Секоја секција има четири члена, од кои два се избираат од редот на делегатите, а два од редот на стручњаците за соодветниот јазик.

Комисијата има претседател кој се избира од редот на делегатите.

Член 129

Комисијата донесува деловник за својата работа.

*ѓ) Комисија за претставки и предлози*

Член 130

Комисијата за претставки и предлози, во рамките на надлежноста на Собранието на СФРЈ:

— ги разгледува претставките со кои работните луѓе и граѓаните, самоуправните организации и заедници и други организации и органите на општествено-политичките заедници покренуваат иницијатива за донесување, измени или дополненија на закон, друг пропис или општ акт од надлежноста на Собранието на СФРЈ, ако со деловниците на соборите на Собранието на СФРЈ не е одредено дека претставките на определени организации, заедници и органи непосредно ги разгледува надлежниот собор на Собранието на СФРЈ;

— ги разгледува претставките и предлозите што работните луѓе и граѓаните, самоуправните организации и заедници и други организации и органите на општествено-политичките заедници му ги поднесуваат на Собранието на СФРЈ, а во кои се укажува на појавите што настануваат во примената на законите, другите прописи и општите акти и за тоа ги известува соодветните работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ и им предлага преземање на определени мерки;

— во согласност со одредбите на овој член, ги разгледува претставките и предлозите што се однесуваат на поединечни предмети;

— ги разгледува претставките и предлозите на работните луѓе и граѓаните, на организациите, заедниците и на органите со кои се покренува прашање за одговорноста на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и, по своја оцена, може да им предложи на соборите на Собранието на СФРЈ преземање на соодветни мерки;

— во соработка со соодветните тела на другите сојузни органи и општествено-политички организации и на другите заинтересирани општествени организации и самоуправни организации и заедници во федерацијата, ги разгледува претставките и предлозите со кои се дава политичка и друга иницијатива од општ интерес, или се предупредува на проблемите и недостатоците што бараат преземање на активности од пошироко општествено значење.

Ако Комисијата смета дека има основа за разгледување на иницијативата за донесување, измена или дополнение на закон или на друг општ акт од надлежноста на Собранието на СФРЈ, содржана во претставката, ја доставува до матичното работно тело на надлежниот собор на Собранието на СФРЈ. Ако матичното работно тело не ја прифати иницијативата на која се однесува претставката, Комисијата за тоа ќе го извести подносителот на претставката.

Ако со претставката, односно со предлогот што се однесува на поединечни предмети се покренува прашање што се однесува на правата и должностите за кои во Уставот на СФРЈ е утврдено дека федерацијата ги врши преку сојузните органи, а се однесува на работата на сојузните органи на управата и на сојузните организации, Комисијата непосредно ја зема во работа претставката односно предлогот и за резултатот го известува подносителот на претставката, односно на предлогот. Ако со таквата претставка, односно предлог се покренува прашање што е уредено со републички, односно со покраински прописи, Комисијата ѝ ја отстапува претставката, односно предлогот на соодветната комисија на собранието на републиката, односно на собранието на автономната покраина, а за отстапувањето и за причините за отстапувањето го известува подносителот на претставката, односно на предлогот.

Член 131

Комисијата за претставки и предлози има претседател и 12 членови. Од редот на делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ се избираат осум членови, вклучувајќи го во тој број и претседателот на Комисијата, а пет членови на Комисијата, врз основа на претходен договор во рамките на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, делегираат општествено-политичките и другите општествени организации во федерацијата.

Член 132

Комисијата донесува деловник за својата работа.

## VI. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ СО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СФРЈ ВО ВРСКА СО ЗАЕДНИЧКАТА РАБОТА НА СОБОРИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

Член 133

Собранието на СФРЈ го известува Претседателството на СФРЈ за заедничката седница на соборите на Собранието на СФРЈ и му ги доставува предлозите на актите и другите материјали од својата надлежност што се од интерес за работата на Претседателството на СФРЈ.

Член 134

Членовите на Претседателството на СФРЈ можат да присуствуваат на заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ и на седниците на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ и да учествуваат во нивната работа.

Член 135

Кога Претседателството на СФРЈ, во согласност со Уставот на СФРЈ, го известува Собранието на СФРЈ за состојбата и проблемите на внатрешната и надворешната политика, претседателот на Собранието на СФРЈ ги известува за тоа претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 136

Кога Претседателството на СФРЈ ќе му предложи на Собранието на СФРЈ претресување на одделни прашања и донесување на одлуки, претседателот на Собранието на СФРЈ го доставува тој предлог на Претседателството на СФРЈ до надлежниот собор на Собранието на СФРЈ.

Собранието на СФРЈ, во согласност со Уставот на СФРЈ, може да бара од Претседателството на СФРЈ да ги изложи ставовите за одделни прашања од неговата надлежност што се од интерес за работата на Собранието на СФРЈ. Кога едниот или обата собора на Собранието на СФРЈ ќе побараат Претседателството на СФРЈ да ги изложи ставовите за определени прашања, претседателот на Собранието на СФРЈ ќе го запознае Претседателството на СФРЈ со тоа барање.

Член 137

Кога Претседателството на СФРЈ, во остварувањето на своите права и должности, ќе постави пред Собранието на СФРЈ прашање за доверба на Сојузниот извршен совет, тоа прашање се разгледува според одредбите на овој деловник за постапката во врска со поставувањето прашање за доверба на Сојузниот извршен совет.

Претседателот на Собранието на СФРЈ го известува Претседателството на СФРЈ за одлуката на соборите на Собранието на СФРЈ во врска со поставувањето правање за доверба на Сојузниот извршен совет од страна на Претседателството на СФРЈ.

## VII. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ ПОСЕБЕН ПРЕТРЕС ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ЗА ИЗВЕШТАЈОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Член 138

Кога Сојузниот извршен совет, согласно со Амандман V точка 2. на Уставот на СФРЈ, им поднесува на соборите на Собранието на СФРЈ извештај за својата работа, за состојбата во сите области на општествениот живот, за спроведувањето на политиката и за извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општите акти на Собранието на СФРЈ и за насочувањето и усогласувањето на работата на сојузните органи на управата, претседателот на Собранието на СФРЈ им го упатува тој извештај на претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 139

Извештајот на Сојузниот извршен совет прво го разгледуваат работните тела на соборите и заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ и за тоа ги известуваат соборите на Собранието на СФРЈ.

По повод извештајот на Сојузниот извршен совет се води посебен претрес на одделни седници на соборите на Собранието на СФРЈ. Претставниците на Сојузниот извршен совет се должни на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ, по барање на делегатите, да образложат одделни прашања содржани во извештајот на Сојузниот извршен совет.

Претресот на извештајот на Сојузниот извршен совет на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ, на кои се оценува работата на Сојузниот извршен совет, може да се заврши со:

— прифаќање на извештајот на Сојузниот извршен совет и донесување на заклучоци со кои се утврдуваат обврските на Сојузниот извршен совет во врска со неговата натамошна работа;

— поставување прашање за доверба на претседателот и на членовите на Сојузниот извршен совет.

Член 140

Ако на седниците на соборите на Собранието на СФРЈ се постави прашање за доверба на Сојузниот извршен совет, во поглед на натамошната постапка се применуваат одредбите од овој деловник за постапката во врска со поставувањето на прашање за доверба на Сојузниот извршен совет.

## VIII. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ И СОЈУЗНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА ЈУГОСЛАВИЈА И НА ОРГАНИТЕ НА ДРУГИТЕ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО ВРСКА СО ЗАЕДНИЧКАТА РАБОТА НА СОБОРИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

Член 141

Собранието на СФРЈ, неговите собори и работни тела и Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија и нејзините работни тела и форми на дејствување, односно органите и телата на другите општествено-политички организации во федерацијата, во меѓусебните односи особено: даваат иницијативи за внесување на одделни прашања во програмите и плановите за работа и укажуваат на прашањата од тие програми и планови за работа за чие разгледување и за изнесување мислења и предлози се непосредно заинтересирани; доставуваат мислења и предлози за одделни прашања што ги разгледуваат; учествуваат во работата на седниците преку своите претставници; формираат заеднички работни тела и остваруваат други форми на заедничка работа и дејствување за прашањата од заеднички интерес за Собранието на СФРЈ и за општествено-политичките организации во федерацијата.

Член 142

Делегатите во Собранието на СФРЈ можат да формираат Клуб на делегатите.

Делегатите во Клубот на делегатите ги разгледуваат прашањата од заеднички интерес за својата работа и за работата на соборите на Собранието на СФРЈ, се информираат и разменуваат мислења за одделни прашања за внатрешната и надворешната

политика на земјата, како и за други прашања што ги покренале делегатите во Клубот на делегатите или Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

Член 143

Организацијата, задачите и начинот на работата на Клубот на делегатите се уредуваат со правилата на Клубот.

Во Собранието на СФРЈ се обезбедуваат материјални и други услови за работа на Клубот на делегатите.

## IX. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ СО ПРЕТСТАВНИЧКИТЕ ТЕЛА НА ДРУГИ ДРЖАВИ И УЧЕСТВО НА НЕГОВИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО РАБОТАТА НА ОДДЕЛНИ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И МИСИИ

### 1. Соработка на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на други држави

Член 144

Соработката на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на други држави се остварува со упатување на делегации, делегати и студиски групи на Собранието на СФРЈ, на неговите собори и на работните тела на соборите до претставничките тела на други држави и со примање на делегации, студиски групи или членови на претставничките тела на други држави, со размена на декларации, резолуции или други акти и пораки, или со размена на документациони и информативни материјали и публикации со претставничките тела на други држави, или со други форми на соработка.

Собранието на СФРЈ соработува со собранијата на републиките и со собранијата на автономните покраини во подготвувањето и остварувањето на програмите за својата соработка со претставничките тела на други држави.

Член 145

Соработката на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на други држави се остварува врз основа на програмите за соработка на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на други држави, што ги донесуваат соборите на Собранието на СФРЈ.

Програми за соработка на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на други држави се донесуваат за секоја година.

Предлог-програмата за соработка на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на други држави ја подготвуваат Одборот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ за надворешна политика и Одборот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ за економски односи со странство и им ја поднесуваат на соборите на Собранието на СФРЈ на разгледување и усвојување.

Член 146

Во согласност со програмата за соработка на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на други држави, Одборот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ за надворешна политика и Одборот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ за економски односи со странство, ги утврдуваат целите и задачите на делегацијата на Собранието на СФРЈ што се упатува до претставничкото тело на друга држава, односно што се формира во врска со посетата на Собранието на СФРЈ на делегација на претставничко тело на друга држава, како и составот на делегацијата на Собранието на СФРЈ. Предлогот за составот на делегацијата на Собранието на СФРЈ го подготвува заедничката работна група на овие одбори на соборите на Собранието на СФРЈ.

Членови на делегацијата на Собранието на СФРЈ се определуваат од редот на делегатите во соборите на Собранието на СФРЈ.

Делегацијата на Собранието на СФРЈ, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на посетата, им поднесува на одборите на соборите на Собранието на СФРЈ од став 1 на овој член извештај за посетата, а ако тие го заклучат тоа — и на соборите на Собранието на СФРЈ.

Одборите на соборите на Собранието на СФРЈ од став 1 на овој член поднесуваат на крајот на секоја година извештаи за остварувањето на програмите за соработка на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на други држави.

По повод разгледувањето на извештаите на делегациите, соборите на Собранието на СФРЈ, во рамките на својот делокруг, можат да ги утврдат обврските на Сојузниот извршен совет, на сојузните органи на управата и на сојузните организации во врска со извршувањето, односно следењето на остварувањето на утврдените со заклучок обврски и задачи што се однесуваат на нив, како и со известувањето на соборите на Собранието на СФРЈ за тоа.

Член 147

Собранието на СФРЈ може на претставничките тела на други држави да им упати декларација или резолуција што ја донело, а со која се изразува општиот став на Собранието на СФРЈ или ставот за определени прашања од областа на надворешната политика, како и да прима такви или слични акти од претставничките тела на други држави.

Собранието на СФРЈ може да разменува со претставничките тела на други држави пораки што се однесуваат на одделни прашања на надворешната политика, како и информативни и други материјали значајни за меѓусебната соработка.

Со актите и другите материјали од ст. 1 и 2 на овој член, што претставничките тела на други држави ги упатиле до Собранието на СФРЈ, се запознаваат на соодветен начин сите делегати во Собранието на СФРЈ.

### 2. Учество на претставниците на Собранието на СФРЈ во работата на Интерпарламентарната унија и во одделни меѓународни организации и мисии

Член 148

Делегатите во Собранието на СФРЈ формираат, врз принципот на доброволно пристапување, Југословенска група на Интерпарламентарната унија.

Југословенската група на Интерпарламентарната унија учествува во работата на Интерпарламентарната унија, ги известува за нејзините одлуки соборите на Собранието на СФРЈ, им поднесува на соборите на Собранието на СФРЈ соодветни предлози и остварува соработка со националните групи на претставничките тела на други држави.

Член 149

Југословенската група на Интерпарламентарната унија донесува свои правила, со кои ги уредува организацијата, задачите и начинот на својата работа.

Во Собранието на СФРЈ се обезбедуваат услови за работа на Југословенската група на Интерпарламентарната унија.

Член 150

Делегатите во Собранието на СФРЈ можат, како претставници на Собранието на СФРЈ во својство на членови на делегација на Социјалистичка Федеративна Република Југославија задолжени за оп-

ределени прашања или како посматрачи, да учествуваат на редовните и специјалните заседанија на Организацијата на обединетите нации и на нејзините специјализирани организации, на меѓународните конференции и во составот на државните делегации во врска со одделни надворешнополитички мисии од пошироко значење.

Потребата од учество и составот на делегатите од Собранието на СФРЈ ги утврдуваат соборите на Собранието на СФРЈ, врз основа на предлог на Одборот на Сојузниот собор за надворешна политика и на Одборот на Соборот на републиките и покраините за економски односи со странство, а по претходно извршени консултации и договори со надлежните органи и организации во федерацијата.

## X. СЛУЖБИ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

### Член 151

Стручните и други работи за потребите на Собранието на СФРЈ, на соборите на Собранието на СФРЈ, на делегатите и делегациите во вршењето на нивната функција во Собранието на СФРЈ ги вршат службите на Собранието на СФРЈ чијашто организација и работа се уредуваат со одлуката за организацијата и работата на службите на Собранието на СФРЈ, што ја донесуваат обата собора на Собранието на СФРЈ рамноправно.

### Член 152

Службите на Собранието на СФРЈ се должни, во рамките на својот делокруг, да ги обезбедуваат и да им ги ставаат на располагање на делегатите и делегациите во Собранието на СФРЈ материјалите, да им даваат стручна помош во изработката на предлозите на законите, на другите прописи и на општите акти и на други предлози, како и да се грижат за обезбедувањето на техничките и други услови за вршење на нивната функција.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 153

Со влегувањето во сила на овој деловник, престануваат да важат Деловникот на Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/75) и Одлуката за измени и дополненија на Деловникот на Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/78), освен одредбите што се однесуваат на претседателот и на потпретседателот на Собранието на СФРЈ, на Претседателството на Собранието на СФРЈ, на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ, на соработката на Собранието на СФРЈ со претставничките тела на другите држави, на генералниот секретар на Собранието на СФРЈ и на службите на Собранието на СФРЈ, што остануваат во сила до денот на конституирањето на новоизбраното Собрание на СФРЈ.

### Член 154

Со денот на конституирањето на новоизбраното Собрание на СФРЈ престанува да важи Одлуката за формирање на Комисија на Собранието на СФРЈ за станбени прашања („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/81).

Работите и задачите што, согласно со Одлуката за условите и начинот на доделување станови и гаражи односно гаражни места за потребите на функционерите во Собранието на СФРЈ, на раководните работници и на работниците во службите на Собранието на СФРЈ и за потребите на функционерите во определени сојузни органи и организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), ги врши Комисијата на Собранието на СФРЈ за станбени прашања, од денот на конституирањето на новоизбраното Собрание на СФРЈ ќе ги врши Административната комисија на Собранието на СФРЈ.

### Член 155

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 489
12 април 1982 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Зоран Полич** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен,** с. р.

---

**298.**

Врз основа на член 285 точка 16 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, на седницата од 1 април 1982 година, донесе

# ДЕЛОВНИК
## НА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

## I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој деловник се уредуваат начинот на работа и организацијата на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ (во натамошниот текст: Соборот).

### Член 2

Деловникот на Соборот содржи одредби за:
— правата и должностите на делегатите во Соборот;
— известувањето на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации за прашањата за кои одлучува Соборот;
— делокругот на Соборот;
— организацијата на Соборот;
— програмирањето на работата на Соборот;
— актите на Собранието на СФРЈ од делокругот на Соборот;
— седницата на Соборот;
— постапките во Соборот;
— известувањето на јавноста за работата на Соборот;
— употребата на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија во работата на Соборот;
— односите и соработката на Соборот со Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ;
— начинот на остварувањето на односите на Соборот со Претседателството на СФРЈ;
— начинот на остварувањето на правата на Соборот спрема Сојузниот извршен совет;
— начинот на остварувањето на правата на Соборот спрема сојузните органи на управата и сојузните организации;
— начинот на учеството на Соборот во работата на сојузните општествени совети;
— начинот на остварувањето на односите на Соборот со Уставниот суд на Југославија;

— начинот на остварувањето на односите на Соборот со Сојузниот суд, Сојузното јавно обвинителство, Сојузното јавно правобранителство, сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето и Службата на општественото книговодство;

— начинот на соработката на Соборот со општествено-политичките и други општествени организации и заедници и со други организации во федерацијата;

— начинот на соработката на Соборот со собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини;

— службата на Соборот.

Член 3

Врз заедничката работа на Соборот и на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ (во натамошниот текст: Соборот на републиките и покраините) се применуваат одредбите на Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 4

Начинот на работа на Соборот што не е уреден со овој деловник Соборот го уредува со свој заклучок, во согласност со одредбите на овој деловник.

Член 5

Работата на Соборот и на неговите работни тела е јавна.

Член 6

Соборот е во постојано заседание.

Летниот одмор на Соборот трае секоја година од 20 јули до 5 септември.

Претседателот на Соборот може и за време на летниот одмор да свика седница на Соборот, односно претседателот на работното тело — седница на тоа тело, ако тоа го бараат особени потреби.

## II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ДЕЛЕГАТОТ ВО СОБОРОТ

Член 7

Делегатот во Соборот (во натамошниот текст: делегатот) ги има правата и должностите утврдени со Уставот на СФРЈ, со законот, со овој деловник и со Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 8

По верификацијата на мандатот, делегатот се изјаснува во кое работно тело или заедничко работно тело на Соборот сака да биде член.

Секој делегат е член на работно тело на Соборот.

Делегатот може да бара да биде разрешен во работното тело чијшто е член и да изрази желба да биде избран за член на друго работно тело на Соборот.

Член 9

Делегатот има право и должност да присуствува на седница на Соборот и на работното тело на Соборот чијшто е член и да учествува во нивната работа.

Делегатот има право да присуствува на седница на работното тело на Соборот иако не е член на тоа тело и да учествува во неговата работа, без право на одлучување.

Член 10

Делегатот кој е спречен да присуствува на седница на Соборот или на работното тело чијшто е член е должен за тоа навремено да го извести Соборот односно работното тело на Соборот.

Член 11

Во заземањето ставови за прашањата за кои се одлучува во Соборот, делегатот постапува во согласност со насоките на самоуправните организации и заедници и на општествено-политичките организации и со ставовите на нивните делегации во републиката односно во автономната покраина, како и во согласност со заедничките и општите општествени интереси и потреби, а самостоен е во определувањето и гласањето.

Делегатот е должен за работата на Соборот и за својата работа како делегат да ги известува основните самоуправни организации и заедници и општествено-политичките организации што го делегирале односно нивните делегации во републиката односно во автономната покраина и им одговора за својата работа.

Член 12

Делегатот, во рамките на делокругот на Соборот, има право и должност да:

— ги изнесува предлозите и мислењата на делегациите што го делегирале и да му предлага на Соборот заземање на ставови за тие предлози и мислења;

— учествува во изработката на програмите за работа на Соборот и на работните тела на Соборот и да предлага внесување на одделни прашања во тие програми;

— поднесува предлози на закони, на други прописи и општи акти и амандмани на предлозите на тие акти;

— дава предлози и мислења за предлозите за донесување и за нацртите на закони, други прописи и општи акти;

— поднесува барање за давање автентично толкување на законите што ги донел Соборот;

— предлага претресување на спроведувањето на политиката во одделни области од општествениот живот и извршување на законите, другите прописи и општите акти од делокругот на Соборот;

— предлага утврдување на политиката на извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општите акти од делокруг на Соборот и на обврските на Сојузниот извршен совет, на сојузните органи на управата и на сојузните организации во врска со нивното извршување;

— предлага претресување на прашањата што се однесуваат на работата на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата и да му предлага на Соборот да бара од Сојузниот извршен совет или од функционерот кој раководи со сојузен орган на управата да поднесат извештај за работата на Сојузниот извршен совет односно за својата работа и за работата на органот на управата со кој раководат;

— поднесува предлози што се однесуваат на остварувањето на политичката контрола над работата на Сојузниот извршен совет, на сојузните органи на управата и на сојузните организации;

— предлага претресување на прашањата во врска со утврдувањето на политичката одговорност на сојузните функционери што ги избира односно именува Соборот;

— предлага претресување на прашањата што се однесуваат на општествениот надзор и предлага мерки за остварување на општествениот надзор;

— поставува делегатско прашање и бара известувања;

— предлага вршење на анкети за прашањата од делокругот на Соборот.

Член 13

Делегатот има право да избира и да биде избиран на сите изборни функции во Соборот односно во Собранието на СФРЈ.

Делегатот има право да предлага избор, именување и разрешување на функционерите што ги избира односно именува Соборот, самостојно или рамноправно со Соборот на републиките и покраините.

Член 14

Делегатот има право, во рамките на делокругот на Соборот, на Сојузниот извршен совет или на функционерот кој раководи со сојузен орган на управата и со сојузна организација да им поставува прашање кое се однесува на нивната работа или на работи од нивната надлежност (делегатско прашање) и да добие одговор на тоа прашање.

Делегатот има право, во рамките на делокругот на Соборот, да му поставува прашање и на функционерот кој раководи со организација и заедница која, врз основа на сојузен закон, врши јавни овластувања и да добие одговор на тоа прашање.

Член 15

Во согласност со Уставот на СФРЈ, најмалку десет делегати можат да поднесат интерпелација за претресување на определени политички прашања во врска со работата на Сојузниот извршен совет.

Соборот може, во согласност со Уставот на СФРЈ, на предлог од најмалку десет делегати, да постави прашање на довербата на Сојузниот извршен совет.

Член 16

Делегатот има право од Сојузниот извршен совет и од функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација да бара известување за прашањето што е на дневен ред на седницата или што се подготвува за седница на Соборот или на работното тело чијшто е член, како и известување за друго прашање што на делегатот му е потребно за вршењето на неговата функција, а се однесува на работи од надлежноста на Сојузниот извршен совет односно на органот или организацијата со која раководи тој функционер.

Делегатот има право да бара известување од Сојузниот суд, од Сојузното јавно обвинителство, од Сојузното јавно правобранителство и од сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето за прашањата што се однесуваат на нивната работа, а се од интерес за остварувањето на уставноста и законитоста и за заштитата на правото на самоуправување и на другите слободи и права на граѓаните и на самоуправните организации и заедници.

Член 17

Делегатот има право, во рамките на делокругот на Соборот, од организациите на здружен труд или од другите самоуправни организации и заедници, што врз основа на сојузен закон вршат јавни овластувања, да бара известување за вршењето на тие овластувања.

Организацијата односно заедницата од став 1 на овој член е должна да го даде бараното известување и да го образложи, ако се бара тоа.

Член 18

Делегатот има право од претседателот на Соборот, од потпретседателот на Соборот и од претседателот на работното тело на Соборот да бара известувања и објасненија за прашање што се однесува на неговата работа и на работата на телото на кое тој му претседава.

Член 19

Делегатот има право и од секретарот на Соборот да бара известувања и објасненија за прашање што се однесува на работата на секретарот и на службата на Соборот.

Член 20

Делегатот има право од претседателот и од потпретседателот на Собранието на СФРЈ и од претседателите на заедничките работни тела на соборите да бара известувања и објаснениja за прашања што се однесуваат на нивната работа и на работата на телата на кои тие претседаваат.

Член 21

Делегатот има право и од генералниот секретар на Собранието на СФРЈ, како и од другите именувани функционери во службите на Собранието на СФРЈ да бара известувања и објасненија за прашањата што се однесуваат на нивната работа и на работата на службите со кои раководат тие.

Член 22

Делегатот може да предлага Соборот:

— да му предложи на Соборот на републиките и покраините донесување на закон, друг пропис и општ акт, или претрес на прашања од делокругот на тој собор;

— да претресува нацрт на закон, на друг пропис или на општ акт или друго прашање од делокругот на Соборот на републиките и покраините и, врз основа на претресот, да му даде на Соборот мислење за тој нацрт или за другото прашање што го претресувал.

Член 23

Делегатот, кого Соборот или работното тело на Соборот го определило да учествува во работата на други органи и тела, е должен да постапува во согласност со овластувањата, насоките и ставовите на Соборот, односно на работното тело на Соборот што го определило.

Делегатот е должен да го известува Соборот односно работното тело на Соборот за својата работа и за работата на органите односно телата во чија работа учествува, на начин и во рокови што ќе ги утврди Соборот односно работното тело на Соборот.

Член 24

Делегатот има право да биде редовно и навремено известуван за сите прашања што се разгледуваат и за кои се одлучува во Соборот, како и за другите прашања чие познавање му е потребно заради вршењето на функцијата делегат, а особено за:

— внатрешната и надворешната политика;

— општествено-економските и општествено-политичките односи;

— општонародната одбрана и општествената самозаштита;

— спроведувањето на политиката што ја утврдило Собранието на СФРЈ и за извршувањето на законите, другите прописи и општите акти од делокругот на Соборот;

— работата на Сојузниот извршен совет;

— работата на сојузните органи на управата и на сојузните организации;

— мислењата и предлозите на сојузните општествени совети за прашањата од значење за работата на Соборот;

— работата на органите и телата во кои Соборот односно работното тело на Соборот определиле свои делегати.

Член 25

Заради редовно и навремено известување, на делегатите, покрај материјалите што се разгледуваат и за кои се одлучува во Соборот, им се доставуваат и: редовни и повремени публикации за работата на Собранието на СФРЈ и други информативни и документациони материјали за прашањата од член 24 на овој деловник.

Делегатот има право на увид и во информативните и документационите материјали што се собираат, евидентираат и обработуваат во телата и службите на Собранието на СФРЈ.

Делегатот има право на увид во информативните и документационите материјали што се собираат, евидентираат и обработуваат во сојузните органи на управата, во сојузните организации и во самоуправните организации и заедници кои, врз основа на сојузен закон, вршат јавни овластувања во работите од интерес за федерацијата, а се однесуваат на прашањата што се разгледуваат во Соборот.

Член 26

Делегатот има право од службата на Соборот и од другите служби на Собранието на СФРЈ да бара известувања за одделни прашања што се на дневен ред на седница на Соборот и на работните тела чијшто е член, како и за други прашања од делокругот на Соборот и на неговите работни тела.

Член 27

За да се овозможи вршењето на функцијата делегат, на делегатот му се обезбедуваат стручна помош и административно-технички услови за работа.

Делегатот има право да ги користи библиотеката и документацијата на Собранието на СФРЈ.

Член 28

Во вршењето на својата функција, делегатот има право и должност да ги чува државната тајна и податоците од доверлив карактер и е одговорен за тоа.

Критериумот за утврдување на тоа кои материјали и податоци се сметаат за државна тајна или се од доверлив карактер и начинот на утврдувањето на доверливоста на тие материјали, начинот на утврдувањето на доверливоста на тие материјали како и начинот на ракувањето со тие материјали, се утврдуваат со општ акт.

Член 29

Делегатот е лично одговорен за својата работа и, во согласност со правата и должностите, за работата и одлуките на Соборот и на работното тело чијшто е член.

Делегатот му е одговорен на Соборот односно на работното тело на Соборот за работите и задачите што ќе му ги довери Соборот или работното тело на Соборот.

Постапката за утврдување на одговорноста на делегатот од став 2 на овој член се поведува во Соборот односно во работното тело на Соборот што му ги доверило тие работи и задачи.

Член 30

Делегатот има право на Соборот да му поднесе оставка на функцијата на која го избрал тој и да ја образложи.

Кога ќе поднесе оставка на делегатската функција, делегатот е должен за тоа да го извести Соборот.

Член 31

Со отповикување или со оставка, на делегатот му престануваат сите изборни и други функции на кои е избран како делегат.

Член 32

Функцијата на делегат е општествена.

Делегатот има право на надомест на личниот доход и на другите права, под услови утврдени со посебен пропис.

Член 33

На делегатот му се издава легитимација.

Во легитимацијата се наведува, покрај другото, имунитетското право и другите права што делегатот врз основа на легитимацијата може да ги оствари.

## III. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАЦИИТЕ НА ОСНОВНИТЕ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ И НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПРАШАЊАТА ЗА КОИ ОДЛУЧУВА СОБОРОТ И ЗА НЕГОВАТА РАБОТА

Член 34

Соборот преку заедничкото гласило на Собранието на СФРЈ и на собранието на секоја република односно на собранието на секоја автономна покраина (во натамошниот текст: гласилото) обезбедува редовно и навремено известување на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации (во натамошниот текст: делегациите) за прашањата за кои одлучува Соборот, заради утврдување на насоките за постапување на делегатите.

Член 35

Делегациите се известуваат преку гласилото за програмите и плановите за работа на Соборот.

Заради утврдување на насоките за постапување на делегатите при одлучувањето, делегациите се известуваат преку гласилото особено за: целите и причините поради кои се донесува закон, друг пропис или општ акт; основните односи што се уредуваат со нив; основните решенија што се предлагаат и за другите можни решенија; мислењата за тоа како предложените решенија ќе се одразат врз општествената положба и интересите на работните луѓе во одделни области на здружениот труд, врз интересите на работните луѓе и граѓаните во самоуправните организации и заедници и врз нивните заеднички и општи општествени интереси; предложените решенија што не се усвоени и причините за тоа, како и за другите факти и податоци што се значајни за заземањето на основни ставови и за утврдувањето на насоките на делегациите за работа на делегатите.

Преку гласилото делегациите, во постапката на донесување на акти во Соборот, се известуваат за мислењата, предлозите и ставовите на работните тела на Соборот и на заедничките работни тела на Соборите како и за мислењата, предлозите и ставовите на Сојузниот извршен совет, на општествено-политичките и други општествени организации и на самоуправните организации и заедници во федерацијата.

Известувањето на делегациите се врши на начин што овозможува да заземаат основни ставови и да ги утврдуваат насоките за работа на делегатите.

Член 36

Гласилото им се доставува на делегациите, по правило, едновремено кога на делегатите им се доставуваат предлозите за донесување на закони односно предлозите на закони, на други прописи или општи акти, во согласност со роковите утврдени со овој деловник за нивно доставување до делегатите.

Член 37

Гласилото се доставува до секоја делегација.

Гласилото се доставува до сите делегати, до сојузните организации и до општествено-политичките и другите општествени организации и до самоуправните организации и заедници во федерацијата.

Член 38

Предлагачот на закон, на друг пропис или општ акт или подносителот на други предлози за разгледување во Соборот е должен кон својот предлог на Соборот да му достави посебно резиме на предлогот наменето за делегациите, што ги содржи особено следниве податоци: уставната основа за донесување на законот, другиот пропис или општиот акт; оцена на состојбата во областа што треба да се уреди и целите што се сака да се постигнат; основни начела со кои треба да бидат уредени односите во областа за која се донесува прописот и последиците што од предложените решенија ќе произлезат за материјалната и друга положба на работните луѓе и граѓаните, на организациите на здружен труд и на други самоуправни организации и заедници.

Ако предлагачот на закон, друг пропис или општ акт или подносителот на друг предлог што го разгледува Соборот, не му доставил на Соборот кон својот предлог и посебно резиме на предлогот наменет за делегациите, претседателот на Соборот, пред упатувањето до делегатите, ќе побара од предлагачот на актот односно од подносителот на друг предлог да постапи во согласност со обврската од став 1 на овој член.

Член 39

За остварувањето на концепцијата и содржината на гласилото е одговорен уредувачкиот одбор на гласилото.

Член 40

Соборот заедно со Соборот на републиките и покраините и со собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини го донесува актот со кој се уредуваат начинот и организацијата на подготвувањето и издавањето на гласилото.

## IV. ДЕЛОКРУГ НА СОБОРОТ

Член 41

Соборот во согласност со Уставот на СФРЈ:

1) одлучува за промена на Уставот на СФРЈ;

2) ги утврдува основите на внатрешната политика и надворешната политика на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) ги донесува сојузните закони, освен сојузните закони што ги донесува Соборот на републиките и покраините; дава автентично толкување на сојузните закони што ги донесува;

4) ја утврдува политиката на извршување на сојузните закони и на другите прописи и општи акти што ги донесува, како и обврските на сојузните органи во врска со извршувањето на тие прописи и акти;

5) ги донесува буџетот на федерацијата и завршната сметка на буџетот на федерацијата;

6) одлучува за промена на границите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

7) одлучува за војна и мир;

8) ги ратификува меѓународните договори за политичка и воена соработка и меѓународните договори што бараат донесување на нови или менување на важечките закони што ги донесува тој;

9) ги утврдува основите на организацијата на сојузните органи и нивната надлежност;

10) ги претресува, во рамките на својот делокруг, извештаите на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата, врши политичка контрола над работата на овие органи и со свои насоки ја насочува нивната работа;

11) ги претресува мислењата и предлозите на Уставниот суд на Југославија за остварувањето на заштитата на уставноста и законитоста пред овој суд;

12) ги претресува извештаите на Сојузниот суд и на сојузниот јавен обвинител за применувањето на сојузните закони, за општите проблеми на правосудството и за работата на Сојузниот суд и на сојузниот јавен обвинител;

13) ги претресува извештаите, мислењата и предлозите на сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето;

14) дава амнестија за кривичните дела определени со сојузен закон;

15) врши верификација на мандатот и одлучува за мандатно-имунитеските прашања на делегатите;

16) донесува деловник за својата работа;

17) врши и други работи од надлежноста на Собранието на СФРЈ што не се во делокруг на Соборот на републиките и покраините или што не ги врши рамноправно со тој собор.

Член 42

За вршењето на работите од член 41 точка 17 на овој деловник, Соборот во рамките на својот делокруг особено:

1) ги донесува програмите и плановите за работа на Соборот;

2) учествува во склучувањето на општествените договори;

3) одлучува за спорот помеѓу сојузен орган на управата и републички односно покраински орган на управата во поглед на остварувањето на обврските на органот на управата во републиката односно во автономната покраина да го изврши сојузниот закон, другиот пропис или општиот акт, ако тој спор настанал по повод сојузен закон, друг пропис или општ акт, чие донесување е во делокругот на Соборот;

4) врши општествен надзор;

5) го донесува планот за организацијата и начинот на работата на Соборот за време на воена состојба, непосредна воена опасност и за други слични вонредни прилики;

6) ги избира претседателот и потпретседателот на Соборот, формира работни тела на Соборот и ги избира претседателот и членовите на тие тела;

7) го именува и разрешува секретарот на Соборот.

## V. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОБОРОТ

### 1. Верификација и престанување на мандатот на делегатот

Член 43

Верификацијата на мандатот на новоизбраните делегати ја врши Соборот на првата седница на новото свикување.

Верификацијата се врши на предлог од Верификационата комисија што ја избира Соборот.

Член 44

Со верификација на мандатот во Соборот делегатот ги стекнува своите права и должности, утврдени со Уставот на СФРЈ, со закон и со овој деловник.

Член 45

Верификационата комисија ја сочинуваат претседателот и седум членови избрани од редот на делегатите.

Член 46

Верификационата комисија го разгледува извештајот и другите изборни списи на Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, како и евентуално примените жалби за изборот на одделни делегати, ја испитува правилноста на изборот и за утврдената состојба му поднесува извештај на Соборот.

Извештајот на Верификационата комисија им се става на располагање на сите делегати до почетокот на седницата на која се врши верификација на мандатот на делегатите.

Член 47

Соборот го претресува извештајот на Верификационата комисија.

Се гласа за извештајот во целост, ако Комисијата не го оспорила мандатот ниту на еден делегат. Ако Комисијата оспори некој мандат, прво се гласа за сите неоспорени мандати, а потоа за секој оспорен мандат поединечно.

Член 48

Соборот ги верификува мандатите на делегатите што не се оспорени.

Соборот може на седницата да ја оспори верификацијата на одделен мандат и да заклучи да се изврши потребната проверка на исправноста на мандатот.

За верификацијата на оспорениот мандат мора конечно да се одлучи во рок од два месеца.

Делегатот чијшто мандат е оспорен има право да присуствува на седниците на Соборот и да учествува во неговата работа, без право на одлучување.

Член 49

Верификацијата на мандатот на делегатите избрани на повторните и дополнителните избори ја врши Соборот, на предлог од Мандатно-имунитетската комисија, сообразно со одредбите на овој деловник за верификацијата на мандатот.

Член 50

На делегатот му престанува мандатот во случаите утврдени со Уставот на СФРЈ и со сојузен закон.

Член 51

Ако делегатот поднел оставка, претседателот на Соборот го известува за тоа Соборот, кој ја прима оставката на знаење.

Со денот на примањето на оставката на знаење на делегатот му престанува мандатот.

Член 52

Во секој случај што со себе повлекува престанување на мандатот, освен оставката, Мандатно-имунитетската комисија го известува Соборот, а Соборот прима на знаење дека на делегатот му престанал мандатот и го утврдува денот на престанувањето на мандатот.

Член 53

Делегатот што презел функција односно служба која, според Уставот на СФРЈ и сојузен закон, е несврзлива со функцијата делегат — е должен за тоа да го извести претседателот на Соборот. Претседателот на Соборот го известува Соборот, кој утврдува дека на делегатот му престанал мандатот.

Ако делегатот во случајот од став 1 на овој член, не го извести претседателот на Соборот тоа ќе го стори Мандатно-имунитетската комисија.

**2. Претседател, потпретседател и секретар на Соборот**

Член 54

Соборот има претседател и потпретседател на Соборот.

Член 55

Претседателот на Соборот, во согласност со Уставот на СФРЈ, го претставува Соборот.

Претседателот на Соборот:

— ја свикува седницата на Соборот, го предлага дневниот ред на седницата и претседава на седницата;

— предлага разгледување на прашањата од делокруг на Соборот на седниците на Соборот и на неговите работни тела;

— се грижи за извршувањето на заклучоците на Соборот и за тоа го известува Соборот;

— се грижи за известување на делегациите за прашањата за кои одлучува Соборот;

— се грижи за спроведувањето на начелото на јавност во работата на Соборот и на неговите работни тела;

— се грижи за остварувањето на рамноправноста на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија во работата на Соборот и на неговите работни тела;

— се грижи за подготовката на програмата за работата на Соборот и за нејзиното извршување;

— се грижи за усогласување на работата на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ со работата на Соборот за прашањата од интерес за работата на Соборот;

— се договара со претседателот на Собранието на СФРЈ за прашањата од интерес за работата на Соборот утврдени со овој деловник и со Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ;

— се договара со претседателот на Соборот на републиките и покраините за начинот и роковите за претрес на прашањата за кои Соборот одлучува во рамноправен делокруг со овој собор и за другите прашања од заеднички интерес за обата собора;

— се грижи за соработката на Соборот со собранијата на републиките и со собранијата на автономните покраини;

— се грижи за соработката на Соборот со општествено-политичките и други општествени организации и со другите самоуправни организации и заедници во федерацијата;

— се грижи за примената на овој деловник;

— му дава упатства на секретарот на Соборот за извршување на задачите и работите за потребите на Соборот;

— врши и други работи утврдени со овој деловник и со Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ, како и работи што ќе му ги довери Соборот.

Член 56

Претседателот на Соборот упатува одделни прашања од делокругот на Соборот на разгледување до соодветните работни тела на Соборот и до заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 57

Потпретседателот на Соборот го заменува претседателот на Соборот во случај на негова отсутност или спреченост и, во договор со претседателот на Соборот, врши одделни работи од член 55 на овој деловник.

Член 58

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат од редот на делегатите во Соборот на една година.

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат секоја година од друга република односно автономна покраина.

Претседателот и потпретседателот на Соборот не можат да бидат повторно избрани на истата функција во текот на мандатот на делегатите.

Претседателот и потпретседателот на Соборот не можат да бидат избрани едновремено од иста република односно автономна покраина.

На претседателот и на потпретседателот на Соборот им престанува функцијата ако пред истекот на времето на кое се избрани им престане мандатот во Соборот.

Член 59

Претседателот и потпретседателот на Соборот при стапувањето на должност даваат пред Соборот свечена изјава, која гласи:

„Изјавувам дека својата должност ќе ја вршам одговорно и совесно и дека ќе се придржувам кон Уставот на СФРЈ и кон сојузните закони, дека ќе се борам за заштита на суверенитета, независноста и интегритетот на земјата и за остварување на власта на работничката класа и на сите работни луѓе, дека ќе се залагам за остварување на братството и единството и за рамноправност на народите и народностите, за развиток на социјалистичкото самоуправно општество и за остварување на заедничките интереси на работните луѓе и граѓаните, на народите и народностите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија."

Член 60

Соборот има секретар.

Секретарот на Соборот раководи со работата на службата на Соборот, го организира вршењето на стручните и другите работи за потребите на Соборот, на неговите работни тела и на делегатите и му помага на претседателот на Соборот во подготвувањето на седницата на Соборот и во спроведувањето на заклучоците на Соборот и врши други работи што ќе му ги довери Соборот или претседателот на Соборот.

Член 61

Секретарот на Соборот го именува и го разрешува Соборот, на предлог од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Секретарот на Соборот се именува на четири години и може да биде именуван уште еднаш последовно на истата функција.

За својата работа и за работата на службата на Соборот секретарот на Соборот му одговара на Соборот.

### 3. Работни тела на Соборот

#### *а) Општи одредби*

Член 62

За подготвување, предлагање и разгледување на предлозите на закони, на други прописи и општи акти, за следење на спроведувањето на политиката и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти што ги донесува Соборот, за разгледување на прашањата за остварување на заштитата на уставноста и законитоста и општествен надзор во рамките на својот делокруг, за проучување и претресување на други прашања од делокругот на Соборот, како и за извршување на определени задачи од интерес за работата на Соборот, се формираат одбори, комисии и други работни тела.

Одбор се формира за одделни области на општествениот живот од делокругот на Соборот.

Комисија се формира за вршење на определени работи од интерес за работата на Соборот во целост или за работата на неговите работни тела.

Според потребата, Соборот може да формира и повремени работни тела (комисии, работни групи и др.).

Член 63

Работните тела на Соборот се формираат со овој деловник, а можат да се формираат и со посебна одлука на Соборот.

Со овој деловник односно со одлуката за формирање на работното тело на Соборот се утврдуваат нивниот делокруг, состав и овластувања.

Начинот на работата на работното тело на Соборот што не е уреден со овој деловник работното тело може да го уреди со свој заклучок, во согласност со одредбите на овој деловник.

Член 64

Работното тело на Соборот има определен број членови утврден со овој деловник или со одлуката за формирање на работното тело.

Членовите на работните тела на Соборот се избираат од редот на делегатите.

За членови на комисиите и на повремените работни тела на Соборот можат да бидат избирани научни, стручни и јавни работници, со тоа што нивниот број не може да биде поголем од една третина од вкупниот број на членовите на тоа тело, ако со овој деловник или со одлуката за формирање на работното тело на Соборот не е определено поинаку.

Членовите на одборите на Соборот и на другите работни тела на Соборот од редот на делегатите се избираат водејќи сметка за рамноправната застапеност на делегатите од републиките и за соодветната застапеност на делегатите од автономните покраини.

Членовите на работните тела на Соборот се избираат на четири години, ако со одлуката за формирање на работното тело не е определено поинаку.

Делегатот престанува да биде член на работното тело ако, пред истекот на времето на кое е избран, му престане мандатот или ако Соборот го разреши.

Член 65

Работното тело на Соборот има претседател.

Претседателот на работното тело на Соборот се избира од редот на делегатите на две години и може да биде избран уште еднаш на истата функција.

При изборот на претседател на работното тело на Соборот се води сметка за рамноправната застапеност на републиките и за соодветната застапеност на автономните покраини.

Претседателот на работното тело на Соборот може да биде разрешен и пред истекот на времето на кое е избран.

На претседателот на работното тело на Соборот му престанува функцијата ако, пред истекот на времето на кое е избран, му престане мандатот.

Член 66

Работното тело на Соборот избира од редот на своите членови — делегати заменик-претседател, кој го заменува претседателот на работното тело на Соборот во случај на негова отсутност или спреченост.

Член 67

Претседателот на работното тело на Соборот ја организира работата на работното тело.

Претседателот на работното тело на Соборот поведува иницијатива за разгледување на одделни прашања од делокругот на работното тело, подготвува, и свикува седници, предлага дневен ред на седниците, им претседава, се грижи за известувањето на членовите на работното тело за прашањата од делокругот на работното тело, се грижи за подготовката на програмата за работа на работното тело и за нејзиното остварување, соработува со претседателите на работните тела на Соборот, на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ, со претседателот на Соборот и со функцио-

нерите кои раководат со сојузен орган на управата и со сојузни организации, се грижи за спроведувањето на заклучоците на работно тело за јавноста на работата на работното тело и врши други работи определени со овој деловник или со одлуката за формирање на работното тело.

Член 68

Работното тело на Соборот работи во седница.

Седниците на работното тело на Соборот ги свикува претседателот на работното тело по своја иницијатива или врз основа на заклучоци на работното тело на Соборот.

Претседателот на работното тело на Соборот е должен да свика седница и кога тоа го бара претседателот на Соборот или кога тоа го бараат една третина од членовите на работното тело на Соборот.

Ако претседателот на работното тело на Соборот не свика седница на работното тело кога е должен тоа да го стори, седница ќе свика претседателот на Соборот.

Член 69

Свикувањето за седница на работното тело на Соборот со предлогот на дневниот ред им се упатува на членовите на работното тело најдоцна десет дена пред денот на одржувањето на седницата на работното тело.

Претседателот на работното тело на Соборот може да свика седница на работното тело и во рок пократок од десет дена, а дневниот ред за таа седница може да го предложи и на самата седница.

Ако претседателот на работното тело на Соборот не свика седница на работното тело кога е должен тоа да го стори, седница ќе свика претседателот на Соборот.

Член 70

Секој член на работното тело на Соборот има право и должност да присуствува на седниците на работното тело и да учествува во нејзината работа.

Членот на работното тело на Соборот, кој е спречен да присуствува на седницата на работното тело, е должен за тоа навремено да го извести претседателот на работното тело.

Член 71

Седница на работното тело на Соборот може да се одржи ако на седницата присуствуваат повеќе од половината на неговите членови.

За заземање ставови на работното тело на Соборот е потребно мнозинство гласови од присутните членови на работното тело.

Член 72

На седница на работното тело на Соборот присуствува претставник на Сојузниот извршен совет односно друг предлагач на закон, друг пропис, општ акт или материјал, што му е поднесен на Соборот или на работното тело на Соборот.

На седница на работното тело на Соборот присуствува претставник на сојузниот орган на управата или на сојузната организација кога на седницата се разгледуваат прашања од делокругот на тој орган односно организација.

Ако претставникот на предлагачот од ст. 1 и 2 на овој член не присуствува на седницата на работното тело, разгледувањето на тоа прашање се одлага.

По исклучок, работното тело на Соборот може да одлучи да го разгледува тоа прашање и без присуство на претставникот на предлагачот.

Член 73

Работното тело на Соборот може на своите седници да повика, заради изнесување мислења и предлози, и претставници на органите и организациите во федерацијата, на општествено-политичките и други општествени организации, на самоуправните организации и заедници и на други организации, како и научни, стручни и јавни работници.

Член 74

Работното тело на Соборот ги разгледува прашањата од својот делокруг.

Работното тело на Соборот ги разгледува и прашањата од делокругот на друго работно тело на Соборот, ако станува збор за прашање за кое е тоа заинтересирано, односно ако тоа прашање се однесува и на делокругот на тоа работно тело.

Член 75

По завршениот претрес на одделно прашање, работното тело на Соборот му поднесува на Соборот извештај и определува известител од редот на своите членови.

Извештајот на работното тело на Соборот ги содржи мислењата изнесени за прашањето што е разгледувано како и ставот за разгледуваното прашање ако го усвоило работното тело.

Членот на работното тело на Соборот може да издвои мислење за заземениот став што по негово барање, се внесува во извештајот на работното тело.

Извештај на работното тело на Соборот подготвува секретарот на работното тело на Соборот, ако работното тело не заклучи поинаку.

Претседателот на работното тело на Соборот го потпишува извештајот на работното тело и е одговорен за неговата веродостојност.

Член 76

Известителот на работното тело на Соборот, врз основа на заклучоците на работното тело на Соборот или на барање од Соборот, ги образложува мислењата, предлозите односно ставовите на работното тело на Соборот.

Ако во текот на претресот во Соборот се јави прашање за кое работното тело на Соборот не зазело став или не дало свое мислење, известителот може да бара Соборот да го одложи претресот на тоа прашање додека работното тело не го разгледа. Претресот на таквото прашање ќе се одложи и ако Соборот бара работното тело да заземе став за него.

Член 77

Работното тело на Соборот може да формира работна група заради проучување на одделно прашање, вршење консултации, подготовка на предлози и извештаи на работното тело.

Покрај членовите на работното тело на Соборот, членови на работната група можат да бидат претставници на сојузните органи на управата и на сојузните организации, на општествено-политичките и општествените организации на самоуправните организации и заедници, како и научни, стручни и јавни работници.

Работното тело на Соборот може и на одделни членови на работното тело да им стави во задача за определено прашање што го разгледува работното тело да извршат потребни консултации и да соберат мислења од заинтересираните органи и организации.

Откако ќе ја изврши доверената задача — работната група му поднесува на работното тело на Соборот извештај со свои предлози.

Член 78

Работните тела на Соборот соработуваат меѓусебно.

Работното тело на Соборот може да одржи заедничка седница со друго работно тело на Соборот

со работно тело на Соборот на републиките и покраините, како и со соодветните работи тела на соборите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини.

Работните тела на Соборот можат да формираат заеднички работни групи, на кои им доверуваат извршувањето на определена задача од својот делокруг. Покрај членовите на работното тело на Соборот, членови на заедничката работна група можат да бидат и претставници на сојузните органи и на сојузните организации и на други органи и организации, како и научни, стручни и јавни работници.

Член 79

Работните тела на Соборот можат да бараат од Сојузниот извршен совет и од сојузните органи на управата и од сојузните организации да го изложат својот став преку своите претставници кога на дневен ред на седница на работното тело на Соборот е предлог на Сојузниот извршен совет, односно кога се разгледува прашање што се однесува на делокругот на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација.

Работните тела на Соборот можат да бараат од Сојузниот орган и од сојузната организација известувања и објаснувања во врска со прашањата што се на дневен ред на седницата на работното тело на Соборот а што се однесуваат на делокругот на сојузниот орган на управата и на сојузната организација.

Работното тело на Соборот може да му предложи на Соборот да побара од Сојузниот извршен совет, од сојузните органи на управата и од сојузните организации изработка на акти, анализа или друг материјал за потребите на Соборот или на работното тело на Соборот.

Член 80

Работните тела на Соборот можат да вршат анкети и да бараат од државните органи и од самоуправните организации и заедници потребни известувања, податоци и исправи за прашањата што Соборот ги разгледува или за други прашања што се потребни за извршување на нивните задачи кога тоа Соборот посебно со заклучок ќе го определи или кога е тоа предвидено во програмата за работа на Соборот.

Работните тела на Соборот не можат да вршат истражни и други судски функции.

Анкетата ја врши работното тело на Соборот во чиј делокруг е прашањето за кое се врши анкетата, ако со заклучок на Соборот односно со програмата за работа на Соборот не е определено дека анкетата ќе ја изврши посебно работно тело што Соборот го формира.

По извршената анкета работното тело на Соборот поднесува извештај на Соборот.

Член 81

За работата на седницата на работното тело на Соборот се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, за прашањата што се разгледувани, како и изнесените мислења и ставовите што ги усвоило работното тело на Соборот.

За водењето на записникот се грижи секретарот на работното тело на Соборот.

Член 82

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот и секретарот на работното тело на Соборот.

За чувањето на изворникот на записникот од седницата се грижи секретарот на работното тело на Соборот.

Записникот може да се користи пред заверувањето од работното тело на Соборот само по одобрение од претседателот на работното тело на Соборот.

Член 83

На седницата на работното тело на Соборот се водат стенографски белешки, ако работното тело не одлучи поинаку.

Стенографските белешки се користат заради подготовка на записници и извештаи, како и за потребите на работното тело на Соборот.

Излагањето на учесниците на седницата на работното тело на Соборот содржано во стенографските белешки не се авторизира ниту се врши негова редакција, освен ако тоа го бара одделен учесник во расправата чиешто излагање е содржано во стенографските белешки.

Стенографските белешки од седницата на работното тело на Соборот се приложуваат кон усвоениот записник.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, стенографските белешки можат да се користат и за други потреби, по одобрение од тоа тело.

Член 84

Работните тела на Соборот имаат секретар.

Секретарот на работното тело на Соборот му помага на претседателот на работното тело на Соборот во подготвувањето на седницата, се грижи за подготвување на извештаите и записниците од седницата на работните тела и ги организира и врши другите стручни работи за потребите на работното тело на Соборот.

Секретарот на работното тело на Соборот, на барање од одделен член или по сопствена иницијатива, дава стручни мислења во врска со примената на Деловникот на Соборот и други стручни мислења потребни за работа на работното тело на Соборот.

Секретарот на работното тело на Соборот за својата работа му одговара на работното тело на Соборот и на секретарот на Соборот.

*б) Одбори на Соборот*

Член 85

Соборот ги има овие одбори:

1) Одбор за општествено-економски односи;
2) Одбор за општествено-политички односи;
3) Одбор за внатрешна политика;
4) Одбор за надворешна политика;
5) Одбор за народна одбрана;
6) Одбор за буџет на федерацијата;
7) Одбор за правосудство;
8) Одбор за труд, здравје и социјална политика;
9) Одбор за прашања на борците и воените инвалиди.

Член 86

Во делокругот на Одборот за општествено-економски односи се:

— прашањата од областа на системот на социјалистичките самоуправни општествено-економски односи;

— основните права на работниците во здружениот труд со кои се обезбедува нивната со Уставот на СФРЈ утврдена положба во самоуправните и општествено-економските односи и основните права и обврски на организациите на здружен труд, на самоуправните интересни заедници, на другите самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките заедници во поглед на средствата во општествена сопственост: основите на правната положба и на работењето на организациите на здружен труд и на деловното здружување на единственото стопанско подрачје на Југославија;

— основните односи со кои се обезбедува единството на југословенскиот пазар; системот на мер-

ки со кои се спречува нарушувањето на единството на југословенскиот пазар;сојузните стоковни резерви; основните имотно-правни и други материјално-правни односи во областа на поморството, внатрешната и воздушната пловидба; основите на режимот на водите од интерес за две или повеќе републики односно автономни покраини;

— основите на системот на општественото планирање; основите на кредитниот и на банкарскиот систем; законските средства на плаќање и платниот промет во земјата; основите на системот за осигурување на имоти и лица; положбата и основите на функционирањето на Службата на општественото книговодство;

— системот на мерните единици; заштитата на пронајдоците, мострите и моделите, како и стандардите, техничките нормативи и нормите на квалитетот на производите и услугите;

— собирањето, евидентирањето и обработката на статистичките и други податоци за состојбата во одделни области на општествениот живот од делокругот на Одборот; за состојбата и движењето на населението, за економските и други појави и други податоци од интерес за целата земја;

— други прашања од овие области што се во делокруг на Соборот.

Член 87

Во делокругот на Одборот за општествено-политички односи се прашањата од областа на:

— единствените основи на општествено-политичкиот систем;

— слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот;

— основите на општествениот систем на информирањето;

— положбата и овластувањата на организациите што вршат јавни овластувања врз основа на сојузните закони и меѓународните договори; организацијата, надлежноста и начинот на работа на сојузните органи и материјалните и други односи на сојузните органи; изборите за сојузните органи; положбата, правата и должностите на општествениот правобранител на самоуправувањето; положбата, организацијата и начинот на работа на установите и училиштата што ги основа федерацијата за вршење на работите од интерес за остварување на функциите на федерацијата и односите на сојузните органи спрема тие установи и училишта; правата должностите и одговорностите на работниците од работа и по основа на работа во сојузните органи и установи и во училиштата што ги основа федерацијата; празниците и одликувањата на СФРЈ; химната на СФРЈ; употребата на печатот и грбот и на знамето на СФРЈ;

— други прашања од овие области што се во делокруг на Соборот.

Член 88

Во делокругот на Одборот за внатрешна политика се прашањата од областа на:

— основите на системот на заштитата на поредокот утврден со Уставот на СФРЈ (државната безбедност);

— дејноста на службата за државна безбедност која е неопходна за остварување на одговорноста на сојузните органи утврдена со Уставот на СФРЈ и за усогласување на работата на органите што ги вршат работите на државната безбедност; положбата, организацијата и начинот на работа на установите и училиштата што ги основа федерацијата за остварување на своите функции во областа на државната безбедност;

— државјанството на СФРЈ; основните податоци за матичните книги и за личните карти; режимот на преминувањето преку државната граница;

— положбата, престојот и заштитата на странците во Југославија; внесувањето, растурањето и ширењето на странски печат и на други средства за јавно информирање и комуницирање; положбата на странските информативни установи и на претставниците на странските средства за информирање;

— режимот на крајбрежното море што е од интерес за меѓународните односи на СФРЈ, за одбраната и безбедноста на земјата, како и начинот на користење на правата што ги има Југославија во епиконтиненталниот појас и на отворено море; контролата на патничкиот сообраќај преку државната граница; прометот и превозот на запаливи течности и гасови, кога е тоа од интерес за целата земја; безбедноста на воздушната пловидба, основите на безбедноста во другите области на сообраќајот; пловните патишта на водите на кои важи меѓународен и меѓудржавен режим на пловидбата;

— системот на врските што се значајни за безбедноста на земјата и технолошкото единство на системот на врските; меѓународните врски и радиоврските;

— ограничувањата и забраните на слободата на користење на печатот и на други видови информирање што се насочени против основите на социјалистичко демократско уредување утврдено со Уставот на СФРЈ или што ја загрозуваат независноста на земјата, мирот или рамноправната меѓународна соработка;

— картографските податоци што се значајни за одбраната и безбедноста на земјата и за општата употреба на картографските публикации;

— други прашања од овие области што се во делокруг на Соборот.

Член 89

Во делокругот на Одборот за надворешна политика се:

— прашањата од областа на надворешната политика на СФРЈ и на одржувањето на политичките и други односи со другите држави и меѓународни организации;

— ратификацијата на меѓународните договори за политичка и воена соработка и на меѓународните договори што бараат донесување на нови или менување на важечките закони од делокругот на Соборот, како и на меѓународните договори што бараат донесување на нови или измена на важечките републички и покраински закони од рамноправен делокруг на соборите на Собранието на СФРЈ; уредувањето на постапката за склучување и извршување на меѓународните договори што бараат донесување на нови или измена на важечките републички односно покраински закони;

— правната положба во земјата на претставниците на странски држави, на странски и меѓународни организации;

— заштитата на државјаните на СФРЈ и на нивните интереси и на интересите на домашните правни лица во странство;

— односите и формите на соработка на сојузните органи со меѓународните организации и институции;

— организацијата и дејноста на службите за надворешни работи на федерацијата;

— други прашања од овие области што се во делокруг на Соборот.

Член 90

Во делокругот на Одборот за народна одбрана се:

— прашањата од областа на основите на системот на народната одбрана;

— основните права и должности на работните луѓе и граѓаните, на организациите на здружен труд и на други самоуправни организации и заед-

ници, на општествено-политичките и други општествени организации во областа на народната одбрана; основните права и должности на општествено-политичките заедници во остварувањето на системот на народната одбрана; воената обврска на граѓаните и заштитата на членовите на семејствата на лицата на задолжителна воена служба;

— посебните права и обврски на организациите на здружен труд и на други самоуправни организации и заедници во поглед на приоритетното производство и давањето услуги за потребите на народната одбрана и производството на вооружување и воена опрема; основите на подготовките на стопанството и на општествените служби за функционирање во војна; приспособувањето на просторните и урбанистичките планови и на инвестиционата изградба кон потребите на одбраната на земјата; прогласувањето на мобилизација;

— уредувањето на раководењето и командувањето со вооружените сили на СФРЈ и остварувањето на врховното командување со вооружените сили; уредувањето и организирањето на Југословенската народна армија, уредувањето на раководењето и командувањето со неа; управувањето и располагањето со општествените средства што се користат во Југословенската народна армија и за нејзини потреби;

— статусните и други прашања на лицата на служба во Југословенската народна армија и на воените лица; посебните права и должности на воените лица во врска со службата во вооружените сили на СФРЈ; социјалното осигурање и заштитата на воените лица, односно на воените осигуреници и на нивните семејства;

— военото школство и научноистражувачката работа за потребите на вооружените сили на СФРЈ;

— други прашања од овие области што се во делокруг на Соборот.

Член 91

Во делокругот на Одборот за буџет на федерацијата се прашањата на:

— буџетот на федерацијата, со анексите и прилозите; завршната сметка на буџетот на федерацијата, со анексите и прилозите; уредувањето и следењето на остварувањето на правата и должностите на сојузните органи во поглед на средствата во општествена сопственост што ги користат тие; остварувањето на увид во приходите и расходите на буџетот на федерацијата; следењето на извршувањето на мерките за рационализација, здружување и општествено целисходно располагање со средствата на буџетот на федерацијата и со имотот на федерацијата и предлагањето на соодветни мерки од овие области;

— давањето мислења што се доставуваат до надлежните работни тела на Соборот на републиките и покраините за: делот на општествениот план што се однесува на финансирањето на буџетот на федерацијата; делот на резолуцијата за тековната година што се однесува на буџетската потрошувачка на федерацијата; законот за финансирањето на федерацијата, како и другите акти од делокругот на Соборот на републиките и покраините што се однесуваат на уредувањето на материјалните односи и на утврдувањето на обврските за буџетот на федерацијата;

— другите прашања од областа на буџетот на федерацијата а особено создавањето обврски за буџетот на федерацијата и обезбедување средства за нивно извршување.

Член 92

Во делокругот на Одборот за правосудство се прашањата од областа на:

— организацијата, надлежноста и работата на Сојузниот суд, на Сојузното јавно обвинителство и на Сојузното јавно правобранителство;

— военото судство и военото обвинителство;

— основите на сопственосно-правните односи и на авторско право;

— основите на облигационите односи (општ дел на облигациите) и на договорните и други облигациони односи во областа на прометот на стоки и услуги;

— решавањето на судирите на републичкиот односно на покраинскиот закон со законите на други републики односно автономни покраини (колизиони норми) и судирите на надлежностите помеѓу републичките односно покраинските органи од териториите на различни републики, решавањето на судирите на законите со прописите на други земји;

— општите услови и начела за изрекување санкции за кривични дела и за стопански престапи, системот на санкциите, условите за гасење на санкциите и за рехабилитација и општите правила за примена на воспитните мерки и за казнување на малолетниците (општ дел на Кривичниот закон или на Законот за стопанските престапи); кривичните дела против основите на социјалистичкото самоуправно општествено уредување на Југославија и безбедноста на земјата, човечноста и меѓународното право, против угледот на СФРЈ, нејзините органи и претставници, против угледот на странска држава и организација и против угледот на нивните шефови, односно претставници, против службената должност на службените лица во сојузните органи, против вооружените сили на СФРЈ, како и кривичните дела и стопанските престапи со кои се нарушува единството на југословенскиот пазар или се повредуваат сојузните прописи;

— постапката за прекршоците што ја водат сојузните органи; општоуправната постапка; кривичната постапка и другите судски постапки, освен посебните постапки во областите во кои општествените односи ги уредуваат републиките односно автономните покраини;

— амнестијата и помилувањето за кривичните дела предвидени со сојузен закон;

— други прашања од овие области што се во делокруг на Соборот.

Член 93

Во делокругот на Одборот за труд, здравје и социјална политика се прашањата од областа на:

— основните права на работните луѓе заради обезбедување на нивната социјална сигурност и солидарност;

— условите под кои граѓаните можат да заминуваат во странство заради вршење на стопански и други дејности и заради вработување и заштитата на граѓаните на СФРЈ на работа во странство;

— заштитата на животот и здравјето на луѓето од заразни болести што ја загрозуваат целата земја; пуштањето на лекови во промет; прометот на отрови; производството и прометот на опојни дроги;

— заштитата и унапредувањето на човековата средина што се од интерес за целата земја и за меѓународната заедница;

— заштитата на животните од заразни болести, заштитата на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја; пуштањето во промет на средства за заштита на животните и контролата на пренесувањето на животни и растенија преку државната граница;

— положбата и овластувањата на Црвениот крст на Југославија;

— други прашања од овие области што се во делокруг на Соборот.

Член 94

Во делокругот на Одбор за прашања на борците и воените инвалиди се прашањата од областа на:

— основните права на борците, воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци;

— обележувањето и одржувањето на гробиштата и гробовите на нашите борци и на жртвите од војните во странство и на гробиштата и гробовите на припадниците на сојузничките армии и на другите странски армии на територијата на СФРЈ;

— други прашања од овие области што се во делокруг на Соборот.

*в) Комисии на Соборот*

Член 95

Соборот има:

1) Мандатно-имунитеска комисија,
2) Законодавно-правна комисија.

Член 96

Мандатно-имунитетската комисија:

— ги разгледува прашањата во врска со примената на имунитетот на делегатот;

— го известува Соборот за случаите што повлекуваат престанување на мандатот на делегатот;

— ги врши работите на верификација на мандатот на делегатите избрани на повторните и дополнителните избори;

Врз основа на извештајот од Комисијата, Соборот одлучува за примената на имунитетот на делегатот, го утврдува престанувањето на мандатот на делегатот и врши верификација на мандатот на делегатот.

Член 97

Ако Соборот не е собран, Мандатно-имунитетската комисија може да даде одобрение за притвор на делегатот односно за поведување на кривична постапка против него и да одлучи дали постапката против делегатот ќе се продолжи или ќе се запре, односно дали одлуката на државниот орган за притвор на делегатот се потврдува или се воспоставува примена на имунитетот на делегатот.

Одлуката на Мандатно-имунитетската комисија е извршна.

Комисијата е должна за својата одлука да го извести Соборот на неговата прва наредна седница.

По повод извештајот на Комисијата, Соборот одлучува дали одлуката на таа комисија ја потврдува или укинува.

Член 98

Законодавно-правната комисија:

— ги разгледува предлозите за донесување на акти и предлог-актите од делокругот на Соборот во поглед на нивната усогласеност со Уставот на СФРЈ и со правниот систем, како и во поглед на нивната правна обработка и за тоа му поднесува на Соборот извештај со мислење и предлози;

— ги разгледува предлозите за давање автентични толкувања на законите од делокругот на Соборот и за тоа дава свое мислење;

— го следи развојот на правниот систем во областите од делокругот на Соборот и на Соборот му дава мислење и предлози за прашањата на изградувањето на тој систем;

— учествува во подготвувањето на програмата за работа на Соборот што се однесува на законодавната дејност на Соборот;

— дава мислење за спорните прашања во врска со делокругот на Соборот;

— ги утврдува пречистените текстови на актите од делокругот на Соборот, ако со закон е овластена за тоа;

— ги разгледува предлозите за поведување постапка за оценување на уставноста на закони, други прописи или општи акти;

— на Соборот и на работните тела на Соборот, на нивно барање, им дава мислења и предлози за други прашања од правниот систем и врши други работи од таа област, што ќе ѝ ги определи Соборот.

Законодавно-правната комисија ги разгледува прашањата на остварувањето на заштитата на уставноста и законитоста во рамките на својот делокруг.

Пречистениот текст на актот го поднесува до Законодавно-правната комисија предлагачот односно органот или телото што предлагачот ќе го определи.

Член 99

Законодавно-правната комисија, на заедничката седница со Законодавно-правната комсија на Соборот на републиките и покраините, ги разгледува предлог-програмите за работа на Соборот што се однесуваат на законодавната дејност на Соборот и прашањата на единствената законодавна методологија и другите прашања значајни за единствената правно-техничка обработка на актите што ги донесуваат соборите.

Член 100

Во Законодавно-правната комисија се избираат определен број членови од редот на научните и стручните работници, со тоа што нивниот број не може да биде поголем од една третина од вкупниот број на делегатите — членови на Комисијата.

*г) Повремени работни тела на Соборот*

Член 101

Заради проучување на определено прашање што не е во делокругот на некој од одборите или комисиите на Соборот, како и во други случаи кога ќе се укаже потреба за тоа, Соборот може да формира повремени работни тела (комисии, работни групи и др.).

Член 102

Повремените работни тела Соборот ги формира со одлука.

Со одлуката за формирањето на повременото работно тело се утврдуваат задачите, овластувањата и составот на работното тело.

Покрај делегатите, членови на повремените работни тела можат да бидат и јавни, научни и стручни работници.

Во повремените работни тела, ако е тоа определено со одлуката за нивното формирање, свои претставници делегира Сојузниот извршен совет.

Во повремените работни тела, во договор со Соборот, можат да делегираат свои претставници општествено-политичките и општествени организации и самоуправните организации и заедници во федерацијата.

Член 103

Заради проучување на прашањата од интерес за работата на Соборот, претседателот на Соборот може, во времето помеѓу две седници, да формира работна група на која и става во задача да проучи определено прашање.

Претседателот на Соборот на првата наредна седница го известува Соборот за формирањето на работната група.

За прашањето за кое е формирана, работната група му поднесува на Соборот извештај.

Член

Врз начинот на работата на повремените работни тела на Соборот сообразно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на работните тела на Соборот, ако со одлуката за нивното формирање не е поинаку определено.

Член 105

Повременото работно тело на Соборот престанува да работи кога ќе ја изврши задачата заради која е формирано, односно и во други случаи кога тоа ќе го одлучи Соборот.

## VI. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА СОБОРОТ

Член 106

Заради извршување на задачите од својот делокруг, Соборот донесува програмска ориентација за четири години, годишни програми и тримесечни планови за својата работа.

Основи за изработка на програмската ориентација и на програмите од став 1 на овој член претставуваат работите од делокругот на Соборот што произлегуваат од Уставот на СФРЈ, од Општествениот план на Југославија, од општите акти и утврдената политика на Соборот, од усвоените документи и ставови на општествено-политичките организации, од предлозите на собранијата на општествено-политичките заедници, како и други прашања значајни за изградбата и развојот на општествено-економскиот и општествено-политичкиот систем.

Член 107

Програмската ориентација ги содржи основните правци на дејноста на Соборот во наредниот период.

Програмската ориентација Соборот ја донесува во годината во која е конституиран.

Член 108

Соборот, врз основа на програмската ориентација, донесува годишна програма за работа.

Годишната програма за работа на Соборот ги содржи:

1) работите што треба да се извршат во периодот за кој се донесува програмата;

2) телата односно органите одговорни за организирањето и извршувањето на одделните работи утврдени со програмата (носителите на работите);

3) телата, органите, организациите и службите што стручно ќе ги подготвуваат задачите утврдени со програмата за работа на Соборот, ќе ги извршуваат тие задачи или ќе соработуваат во нивното извршување;

4) формите на соработка со заинтересираните органи и организации во извршувањето на одделните работи утврдени со програмата за работа на Соборот;

5) работните тела на Соборот што ќе ги разгледуваат материјалите пред нивното изнесување на седница на Соборот;

6) роковите во кои мораат да се извршат одделните работи.

Член 109

Програмата за работа на Соборот се утврдува за една година.

Периодот за кој се донесува програмата за работа на Соборот тече од 1 јануари до 31 декември тековната година.

За да се обезбеди континуитет во програмирањето на работата на Соборот, Соборот по конституирањето се запознава со неизвршениот дел од годишната програма за работа и се определува за работите што треба да се изврשат до крајот на годината.

Член 110

Предлози за внесување на одделни задачи и работи во програмата за работа на Соборот можат да поднесуваат: делегат, работно тело на Соборот, Соборот на републиките и покраините, Претседателството на СФРЈ, Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и сојузните организации и собранијата на општествено-политичките заедници.

Предлог за внесување на одделни прашања во програмата за работа на Соборот можат да дадат општествено-политичките организации во федерацијата, Стопанската комора на Југославија, како и други самоуправни организации и заедници во федерацијата.

Иницијатива за внесување на одделни прашања во програмата за работа на Соборот можат да покренат и општествено-политичките и други општествени организации; делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации и самоуправните организации и заедници што не се опфатени со став 2 на овој член.

Член 111

Врз основа на предлозите и иницијативите од член 110 на овој деловник, претседателот на Соборот, заедно со претседателите на работните тела, на Соборот, подготвува нацрт-програма за работа на Соборот и му ја поднесува на Соборот.

Претседателот на Соборот ја доставува нацрт-програмата за работа на Соборот, на мислење до делегатите, до Соборот на републиките и покраините, до собранијата на републиките и до собранијата на автономните покраини, до Сојузниот извршен совет, до Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија и до други општествено-политички организации и до самоуправните организации и заедници во федерацијата.

Делегациите се запознаваат преку гласилото со нацрт-програмата за работа на Соборот.

Член 112

Работните тела на Соборот, во рамките на својот делокруг, го разгледуваат текстот на нацрт-програмата за работа на Соборот, земајќи ги предвид мислењата и предлозите што му се доставени на Соборот.

За разгледувањето на нацрт-програмата за работа на Соборот работните тела на Соборот поднесуваат до Соборот извештај со мислења и предлози.

Член 113

Соборот ја претресува и ја усвојува нацрт-програмата за работа на Соборот и со заклучок го утврдува рокот до кој треба да се подготви предлог-програмата за работа на Соборот.

Член 114

Предлог програмата за работа на Соборот ја подготвува претседателот на Соборот заедно со претседателите на работните тела на Соборот, во согласност со мислењата и заклучоците на Соборот усвоени при разгледувањето и усвојувањето на нацрт-програмата за работа на Соборот.

Член 115

Предлог-програмата за работа на Соборот им се упатува на делегатите, на претседателот на Собранието на СФРЈ и на претседателот на Соборот на републиките и покраините.

Предлог-програмата за работа на Соборот му се доставува и на Сојузниот извршен совет, заради усогласување на програмата за работа на Сојузниот извршен совет со програмата за работа на Соборот.

Член 116

Соборот ја претресува и ја усвојува програмата за работа на Соборот.

На почетокот на претресот на предлог-програмата за работа на Соборот, претседателот на Соборот го запознава Соборот со извршувањето на програмата за работа во претходниот период и со работата врз подготовката на предлог-програмата за наредниот период.

Член 117

Програмата за работа на Соборот се објавува како посебна публикација.

Член 118

Врз основа на програмата за работа на Соборот, Соборот утврдува тримесечни планови за работа.

Со тримесечните планови за работа на Соборот, се утврдуваат работите предвидени со програмата за работа на Соборот што Соборот ќе ги изврши по месеци, новите работи што не се предвидени со програмата за работа а што треба да се извршат, како и времето на одржувањето на седниците на кои ќе се вршат тие работи.

Тримесечните планови за работа на Соборот, се утврдуваат, по правило, пред почетокот на периодите за кои се донесуваат.

Член 119

Врз основа на програмата и планот за работа на Соборот, работните тела на Соборот ги утврдуваат своите програми и планови за работа.

Член 120

Работните тела на Соборот во својата програма односно план за работа ги внесуваат работите и задачите што, согласно со нивниот делокруг, произлегуваат за нив од програмата односно од планот за работа на Соборот.

Работните тела на Соборот можат во својата програма односно во планот за работа да внесуваат и други работи и задачи што тие, по сопствена иницијатива, ќе ги вршат во текот на периодот за кој се донесува програмата односно планот за работа.

Член 121

Врз програмите и плановите за работа на работните тела на Соборот сообразно се применуваат одредбите од овој деловник за програмата за работа на Соборот.

Член 122

За усвоената програма односно план за работа на Соборот работните тела на Соборот го известуваат претседателот на Соборот.

Член 123

За извршувањето на програмата и на плановите за работа на Соборот се грижат претседателот на Соборот, делегатите и работните тела на Соборот.

Претседателот на Соборот го известува Соборот за извршувањето на програмата и на плановите за работа на Соборот.

## VII. АКТИ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ОД ДЕЛОКРУГОТ НА СОБОРОТ

Член 124

За прашањата од својот делокруг Соборот донесува сојузни закони и дава автентично толкување на тие закони, буџет на федерацијата, завршна сметка на буџетот на федерацијата, декларации, резолуции, препораки, одлуки и заклучоци.

Соборот учествува во склучувањето на општествените договори со кои се уредуваат прашања од неговиот делокруг.

Член 125

Со декларација се изразува општиот став на Собранието на СФРЈ за значајните прашања од надворешната или внатрешната политика.

Член 126

Со резолуција се укажува на состојбата и проблемите во определена област од општествениот живот, се утврдуваат основите на политиката што треба да се спроведува во таа област и се даваат насоки за спроведувањето на таа политика, односно се предвидуваат мерките за нејзиното спроведување.

Член 127

Со препорака се укажува на значењето на определени прашања што се однесуваат на извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти или на развојот на самоуправувањето и на самоуправните односи во определена област.

Со препорака се изразуваат мислењата и ставовите за усогласувањето на самоуправните односи и интереси, за развивањето на меѓусебната соработка на организациите на здружен труд и на другите самоуправни организации и заедници и други организации; за насочувањето на дејноста на тие организации и заедници во извршувањето на задачите од заеднички интерес и поттикнувањето на самоуправното спогодување и општественото договарање.

Со препорака се укажува на мерките што организациите на здружен труд, другите самоуправни организации и заедници и други организации и државните органи би требало да ги преземат заради извршување на задачите од став 1 на овој член, во согласност со нивните права, обврски и интереси.

Член 128

Одлука се донесува како акт за вршење на правата и должностите на Собранието на СФРЈ, како извршен пропис или како акт за уредување на внатрешната организација и на односите во Соборот.

Со одлука како акт за вршење на правата и должностите на Собранието на СФРЈ Соборот одлучува за изборот односно за именувањето и разрешувањето на функционерите што ги избира и именува Собранието на СФРЈ, за изборот на членови на работните тела на Соборот и на заедничките работи тела на соборите на Собранието на СФРЈ, за делегирањето на членови на Соборот во определени органи и тела и за потврдувањето на соодветните акти на самоуправните организации и заедници или за давањето согласност на таквите акти, во согласност со законот, статутот или друг општ акт или со овој деловник, како и за другите права и должности на Собранието на СФРЈ, кога е тоа определено со Уставот на СФРЈ или со сојузен закон.

Одлуката како извршен пропис е општ акт кој се донесува заради извршување на одделни одредби од сојузниот закон или од општествениот договор, ако е тоа предвидено со тој закон односно со општествениот договор.

Со одлуката како акт за уредување на внатрешната организација и на односите во Соборот се одлучува за формирањето на работните тела на Соборот и за другите односи во Соборот, ако тоа не е уредено со овој деловник.

Член 129

Со заклучок се утврдува обврската на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата во врска со изработката на предлог-актите поднесувањето на анализи и извештаи за спроведувањето на сојузните закони и на утврдената политика или во врска со вршењето на други работи од нивниот делокруг.

Со заклучок се утврдува политиката и се насочува работата на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата за спроведувањето на утврдената политика и за извршувањето на сојузните закони, други прописи и општи акти. Во вршењето на политичката контрола, Соборот со заклучок им дава насоки за работа на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата.

Соборот донесува заклучок за својата работа и за работата на работните тела што ги формирал.

Член 130

Текстот на законите, на буџетот на федерацијата и на завршната сметка на буџетот на федерацијата не се потпишуваат.

Указите за прогласување на законите, на буџетот на федерацијата и на завршната сметка на буџетот на федерацијата што ги потпишува претседателот на Претседателството на СФРЈ ги потпишува и претседателот на Собранието на СФРЈ.

Со указ се прогласува и одлуката за изборот на Сојузниот извршен совет.

Декларацијата, резолуцијата, препораката, одлуката и заклучоците од член 124 на овој деловник ги потпишуваат претседателот на Собранието на СФРЈ и претседателот на Соборот.

Заклучоците што ги донел Соборот за својата работа (член 129 став 3) ги потпишува претседателот на Соборот.

Член 131

На изворниците на законите се става државен печат, а на изворниците на другите прописи и општи акти на Соборот — печат на Собранието на СФРЈ.

Под изворник на закон односно на друг пропис и општ акт се подразбира текстот на законот односно на другиот пропис и општиот акт на јазиците на народите на Југославија, усвоен на седница на Соборот.

На оригиналите на автентичните текстови на законите, другите прописи и општите акти на јазиците на албанската и унгарската народност (на албански јазик и на унгарски јазик) се става печат на Собранието на СФРЈ.

Изворниците на законите, на другите прописи и општи акти, како и оригиналите на автентичните текстови на тие акти на јазиците на албанската и унгарската народност (на албански јазик и на унгарски јазик) се чуваат во Собранието на СФРЈ, ако со закон не е поинаку определено.

Член 132

Законот, буџетот на федерацијата и завршната сметка на буџетот на федерацијата, декларацијата, резолуцијата, препораката и одлуката се објавуваат во службеното гласило на СФРЈ во автентични текстови на јазиците на народите на Југославија, утврдени со републичките устави.

Во службеното гласило на СФРЈ се објавува и законот, буџетот на федерацијата, завршната сметка на буџетот на федерацијата, декларацијата, резолуцијата, препораката и одлуката како автентични текстови на јазиците на албанската и унгарската народност (на албански јазик и на унгарски јазик).

Заклучоците од член 129 ст. 1 и 2 на овој деловник се објавуваат во службеното гласило на СФРЈ на начинот пропишан во ст. 1 и 2 од овој член, ако Соборот не одлучи поинаку.

Член 133

При донесувањето на закони, други прописи и општи акти, Соборот може, на предлог од предлагачот на тој акт или од надлежното работно тело на Соборот, да одлучи тие акти или одделни нивни делови да се објават во службеното гласило на СФРЈ — Доверливо гласило, под условите и на начинот што се утврдени со закон.

## VIII. СЕДНИЦА НА СОБОРОТ

### 1. Свикување на седница на Соборот

Член 134

Првата седница на Соборот по изборот на делегатите ја свикува претседателот на Собранието на СФРЈ од поранешниот свикување.

На првата седница, до изборот на претседател на Соборот, претседава најстариот делегат.

Со денот на верификацијата на мандатот на новоизбраните делегати во Соборот, им престанува функцијата на делегатите чиј мандат истекнува.

Член 135

Седница на Соборот свикува претседателот на Соборот по сопствена иницијатива или врз основа на заклучок на Соборот.

Претседателот на Соборот свикува седница на Соборот кога тоа го бараат десет делегати, работно тело на Соборот, заедничко работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ, претседател на Собранието на СФРЈ, Претседателството на СФРЈ или Сојузниот извршен совет, наведувајќи ги причините за свикување на седницата.

Предлагачите што барале свикување на седница на Соборот доставуваат, по правило, материјал за прашањето поради кое барале свикување на седница.

Ако претседателот на Соборот не свика седница на Соборот кога е должен тоа да го стори, седница ќе свика претседателот на Собранието на СФРЈ или десет делегати.

Член 136

Поканата за седница на Соборот со предлогот на дневниот ред им се упатува на делегатите најдоцна десет дена пред денот определен за одржување на седницата.

Кон поканата за седница на Соборот, претседателот на Соборот го доставува и записникот од претходната седница, ако порано не бил доставен.

По исклучок, кога е тоа неопходно, претседателот на Соборот може да свика седница на Соборот и во рок пократок од десет дена, дневниот ред за таа седница може да го предложи и на самата седница.

За свикувањето и за предлогот на дневниот ред на седницата на Соборот претседателот на Соборот ги известува претседателот на Собранието на СФРЈ, пртседателот на Соборот на републиките и покраините, Претседателството на СФРЈ и Сојузниот извршен совет, Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија и собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

### 2. Предлог на дневниот ред

Член 137

Предлогот на дневниот ред на седницата на Соборот го подготвува претседателот на Соборот.

При подготовката на предлогот на дневниот ред претседателот на Соборот се договара со претседателите на работните тела на Соборот за прашањата што треба да се внесат во предлогот на дневниот ред, во согласност со програмата и планот за работа на Соборот водејќи сметка за роковите утврдени со овој деловник.

При подготвувањето на предлогот на дневниот ред на седницата на Соборот се земаат предвид иницијативите што потекнуваат од општествено-политичките и други општествени организации и од други органи, организации и заедници во федерацијата.

Член 138

Претседателот на Соборот ги внесува во предлогот на дневниот ред на седницата на Соборот прашањето поради кое е барано свикување седница на Соборот (член 135 став 2) и другите прашања за коишто се исполнети условите за разгледување утврдени со овој деловник.

### 3. Претседавање на седницата на Соборот

Член 139

На седницата на Соборот претседава претседателот на Соборот.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Соборот, на седницата на Соборот претседава потпретседателот на Соборот.

Ако е отсутен и потпретседателот на Соборот, седницата ја отвора најстариот делегат во Соборот и претседава на неа до изборот на делегатот што понатаму ќе претседава на седницита.

Најстариот делегат претседава на седницата и кога претседателот и потпретседателот на Соборот се разрешени од должноста — до изборот на нов претседател.

**4. Присуство на седницата на Соборот и учество во нејзината работа**

Член 140

Сите делегати имаат право и должност да присуствуваат на седницата на Соборот и да учествуваат во нејзината работа.

За присуството на делегатите на седницата на Соброт се води евиденција.

Член 141

Во работата на седницата на Соборот можат да учествуваат, без право на одлучување:

— претседателот и членовите на Сојузниот извршен совет;

— претставниците и повереницитe на Сојузниот извршен совет, кога се претресува предлог на Сојузниот извршен совет за кој се тие определени да бидат претставници и повереници;

— функционерите кои раководат со сојузните органи на управата и со сојузните организации кога се претресува предлог-акт или друго прашање од делокругот на органот односно на организацијата со кои тие раководат;

— претставниците на Соборот на републиките и покраините што ги определи тој собор;

— претставниците на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини кога се претресува предлог што го поднело собрание на републиката односно собрание на автономната покраина, мислење што го дало тоа, прашање што го покренало тоа или кога се повикачи на седницата заради изнесување на мислење за определено прашање;

— претставниците на органите во федерацијата, на општествено-политичките и други општествени организации, на другите самоуправни организации и заедници, како и јавни, научни и стручни работници што се повикани на седницата заради изнесување на мислења за определено прашање.

Член 142

Работните луѓе и граѓаните, во согласност со одредбите на прописот за внатрешниот ред во Собранието на СФРЈ, можат да присуствуваат на седница на Соборот на просторот определен за таа цел

Член 143

Соборот може да одлучи определено прашање да се претресува без присуство на јавноста, ако тоа го бараат интересите на безбедноста или на одбраната на земјата или други општествени интереси.

Ако Соборот одлучи определено прашање да разгледува без присуство на јавноста, Соборот одлучува кој, покрај делегатите, може да присуствува на седницата на Соборот.

**5. Тек на седницата на Соборот**

*а) Утврдување на дневниот ред на седницата на Соборот*

Член 144

Откако ќе ја отвори седницата на Соборот, претседателот на Соборот го известува Соборот кои делегати го известиле дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Претседателот на Соборот, потоа, утврдува дали постои кворум за работа на седницата на Соборот.

Претседателот на Соборот го известува Соборот кој е повикан да присуствува на седницата на Соборот.

Член 145

Пред да се премине кон утврдување на дневниот ред на седницата на Соборот, се усвојува записникот од претходната седница.

Делегатот може да стави забелешки на записникот од претходната седница на Соборот и да бара да се извршат во него соодветни измени или дополненија.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата на Соборот без претрес.

Претседателот на Соборот утврдува дека е усвоен записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот во кој, според усвоените забелешки, се извршени соодветни измени и дополненија.

Член 146

На почетокот на седницата Соборот го утврдува дневниот ред на седницата.

Член 147

Претседателот на Соборот дава известување во врска со предлогот на дневниот ред, а особено:

— за причините поради кои во предлогот на дневниот ред на седницата на Соборот не е внесено определено прашање за кое се исполнети сите услови предвидени со овој деловник;

— за прашањето што е содржано во предлогот на дневниот ред на седницата на Соборот, а работното тело или овластениот предлагач дополнително побара да не се разгледува на таа седница на Соборот;

— за прашањето што е внесено во предлогот на дневниот ред на Соборот за кое предлагачот бара односно предлага да се разгледува по скратена односно по итна постапка за донесување на акт.

Член 148

На седницата на Соборот претседателот на Соборот, работното тело на Соборот, делегатот, Претседателството на СФРЈ и Сојузниот извршен совет можат да предложат определено прашање да се стави на дневен ред на седницата, но се должни да ја образложат итноста.

На седницата Соборот прво одлучува за итноста.

Член 149

Соборот води расправа и се изјаснува за секој предлог за измена или дополнение на дневниот ред и за предлогот на дневниот ред на седницата на Соборот во целост.

Кога Соборот ќе се изјасни за предлогот на дневниот ред во целост, претседателот на Соборот го објавува утврдениот дневен ред на седницата на Соборот.

*б) Поставување на делегатско прашање и барање на известување*

Член 150

По утврдувањето на дневниот ред на седницата на Соборот, делегатот може да постави делегатско прашање и да бара известување во смисла на одредбите од овој деловник, ако Соборот поинаку не одлучи.

Соборот го определува времето за давање одговор на поставеното прашање и баранато известување.

*в) Претрес*

Член 151

Претресот на одделни точки од дневниот ред на седницата на Соборот се врши според утврдениот распоред.

Во текот на седницата Соборот може да изврши измени во редоследот на претресот на одделни точки од дневниот ред на седницата на Соборот.

Член 152

На почетокот на претресот на секоја точка од дневниот ред на седницата на Соборот предлагачот односно претставникот на предлагачот може да даде дополнителни образложенија.

По предлагачот односно по претставникот на предлагачот, во претресот можат да учествуваат известителите на работните тела на Соборот што го разгледувале прашањето за кое се води претрес

Пријави за учество во претресот можат да се поднесуваат се до завршетокот на претресот.

На делегатот и на друг учесник на седницата на Соборот им се дава збор според редот на пријавувањето.

Член 153

На делегатот кој сака да зборува за повреда на овој деловник или за повреда на утврдениот дневен ред на седницата на Соборот (забелешка врз деловниот ред) претседателот на Соборот му дава збор штом тој ќе побара. Излагањето на тој делегат не може да трае подолго од пет минути. Претседателот на Соборот е должен по излагањето на делегатот да даде објаснение за повредата на овој деловник односно на утврдениот дневен ред на седницата на Соборот. Ако делегатот не биде задоволен со објаснувањето, за прашањето се решава на седницата на Соборот, без претрес.

Ако делегатот побара збор за да го исправи наводот што според неговото мислење не е точен и предизвикал недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснување (исправка на наводот), претседателот на Соборот ќе му даде збор штом го заврши говорот лицето што ја предизвикало исправката. Делегатот во својот говор мора да се ограничи на исправката, односно на лично објаснение, и неговиот говор не може да трае подолго од пет минути.

Член 154

Делегатот или друг учесник во претресот може да зборува само за прашањето што е на дневен ред на седницата на Соборот. Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Соборот ќе го повика да се придржува кон дневниот ред.

Ако говорникот и по второто повикување не се придржува кон дневниот ред на седницата на Соборот, претседателот на Соборот може да му го одземе зборот.

Член 155

Излагањето на делегатот и на друг учесник на седницата на Соборот не е ограничено, освен ако со овој деловник не е поинаку определено.

Соборот може, на предлог од претседателот на Соборот или на барање од делегат, да одлучи учесникот во претресот за истото прашање да може да зборува смао еднаш, а може да го определи и траењето на излагањето.

Член 156

Кога ќе утврди дека нема повеќе пријавени за учество во претресот, претседателот на Соборот го заклучува претресот.

Член 157

Претседателот на Соборот може во текот на седницата да ја прекине работата на Соборот и да го определи денот и часот кога ќе продолжи седницата на Соборот.

Претседателот на Соборот ја прекинува работата на Соборот кога е тоа предвидено со овој деловник поради недостиг на кворум, поради поодминато време, одмор на делегатите, поради потребата да се извршат потребните консултации и да се прибават потребните мислења, како и во други случаи, кога тоа Соборот ќе го заклучи.

Ако седницата на Соборот е прекината поради недостиг на кворум, а кворум не постои ни во продолжението на седницата, претседателот на Соборот ја заклучува седницата.

Член 158

Ако прашањето што се претресува не бара донесување на акти односно заклучоци или ако Соборот не сака да одлучува за тоа прашање, Соборот го заклучува претресот и преминува на следната точка од дневниот ред на седницата на Соборот.

Ако Соборот за прашањето што го претресувал не ја довршил расправата или не сака да одлучува на истата седница, претресот на тоа прашање се одлага за една од наредните седници на Соборот.

Член 159

Откако се исцрпени сите точки од дневниот ред на седницата на Соборот , претседателот на Соборот ја заклучува седницата.

*г) Одлучување*

Член 160

За донесување на одлука на седница на Соборот е потребен кворум.

Ако претседателот на Соборот не е сигурен дека постои кворум за одлучување, ќе одреди прозивање на делегатите.

Прозивање ќе се изврши и кога тоа ќе го побара делегатот чие барање ќе го поддржат најмалку девет делегати.

По завршеното прозивање, повторно, заради проверка, се врши прозивање на делегатите за кои е забележано дека не се присутни.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот врз основа на списокот на делегатите.

Член 161

Одлуката на Соборот е полноважна ако е донесена со мнозинство гласови на седницата на Соборот на која присуствува мнозинството делегати.

Член 162

Делегатот има право по завршениот претрес, пред гласањето, да се изјасни за својот став за гласањето и да го образложи својот став.

Образложението не може да трае подолго од пет минути.

Член 163

Делегатот има право и должност да гласа за секој предлог за кој се одлучува на седницата на Соборот.

При гласањето претседателот на Соборот ги повикува делегатите да се изјаснат кој е „за“ предлогот, потоа кој е „против“ предлогот и најпосле, дали некој се воздржал од гласањето.

Член 164

Гласањето, по правило, е јавно.

Делегатот гласа така што се изјаснува „за“ предлогот, „против“ предлогот или се воздржува од гласањето.

Се гласа со дигање рака или со употреба на технички средства.

Член 165

Гласањето може да се врши и со поединечно изјаснување на делегатите.

Поединечното изјаснување се врши ако тоа го определи претседателот на Соборот кога смета дека е тоа потребно за да се утврди точно резултатот од гласањето, или ако тоа го побара еден делегат чие барање ќе го поддржат најмалку девет делегати.

Поединечното гласање се врши така што секој повикан делегат се изјаснува „за" или „против" или се воздржува од гласањето.

По завршеното прозивање, повторно, заради проверка, се врши прозивање на делегатите за кои во списокот не е забележано дека гласале.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот.

Член 166

По завршеното гласање, претседателот на Соборот го утврдува резултатот од гласањето и врз основа на резултатот објавува дали предлогот за кој се гласало е усвоен или одбиен.

*д) Одржување на редот*

Член 167

За редот на седницата на Соборот се грижи претседателот на Соборот.

Член 168

Претседателот на Соборот се грижи делегатот или друг учесник во претресот да не биде спречен во излагањето.

Делегатот или друг учесник во претресот може да го опомене за ред или да го прекине во говорот само претседателот на Соборот.

Никој не може да говори на седницата на Соборот пред да побара и добие збор од претседателот на Соборот.

Член 169

За повреда на редот на седницата на Соборот можат да се изречат мерките предупредување, одземање на зборот и оддалечување од седницата.

Член 170

Мерката предупредување му се изрекува на делегатот кој со земањето збор, иако претседателот на Соборот не му дал, со упаѓање во зборот на говорникот или на друг начин го нарушува редот на седницата и одредбите од овој деловник.

Мерката предупредување ја изрекува претседателот на Соборот.

Член 171

Мерката одземање на зборот му се изрекува на делегат кој со својот говор на седницата го нарушува редот и одредбите на овој деловник а веќе двапати бил предупреден на таа седница да се придржува кон редот и одредбите на овој деловник.

Мерката одземање на зборот ја изрекува претседателот на Соборот.

Член 172

Мерката оддалечување од седницата му се изрекува на делегат кој не ќе постапи според барањето на претседателот на Соборот кој му изрекол мерка одземање на зборот или на друг начин ја спречува работата на седницата, или на седницата го навредува Собранието на СФРЈ или делегатите во Собранието на СФРЈ, или во говорот употребува изрази што не се во согласност со достоинството на Собранието на СФРЈ.

Делегатот може да биде оддалечен само од седницата на Соборот на која го повредил редот.

Мерката оддалечување од седницата на Соборот можат да ја предложат претседателот на Соборот или делегат.

Делегатот спрема кој се предлага изрекување на мерката оддалечување од седницата на Соборот има право на збор. Неговото излагање не може да трае подолго од пет минути.

Мерката оддалечување од седницата ја изрекува Соборот, без претрес.

Делегатот на кој му е изречена мерка оддалечување од седницата на Соборот е должен веднаш да се оддалечи од седницата и не може да присуствува на седницата од која е оддалечен.

Член 173

Ако претседателот на Соборот со редовни мерки не може да го одржи редот на седницата на Соборот, ќе определи прекинување на седницата.

Член 174

Претседателот на Соборот може да нареди секој граѓанин што го нарушува редот на седницата на Соборот да се оддалечи од салата во која се одржува седницата и од зградата на Собранието на СФРЈ.

Ако редот е значително нарушен, претседателот на Соборот може да нареди да се оддалечат сите граѓани.

*ѓ) Записник и стенографски белешки од седницата на Соборот*

Член 175

За работата на седницата на Соборот се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата на Соборот, за предлозите изнесени на седницата и за заклучоците донесени на седницата во врска со одделни точки од дневниот ред. Во записникот се внесуваат и резултатите од гласањето за одделни прашања.

Делегатот кој на седницата на Соборот го издвоил мислењето може да бара суштествените делови од неговата изјава да се внесат во записникот.

За составувањето на записникот се грижи секретарот на Соборот.

Член 176

Записникот се составува наредниот ден по завршувањето на седницата на Соборот.

Записникот им се упатува на сите делегати најдоцна десет дена пред денот определен за одржување на седницата на Соборот.

Член 177

Секој делегат има право на почетокот на наредната седница на Соборот да стави забелешка на записникот.

За заснованоста на забелешката на записникот се одлучува на седницата на Соборот, без претрес. Ако забелешките се усвојат, во записникот ќе се извршат соодветни измени.

Записникот на кој не се ставени забелешки односно записникот во кој според усвоените забелешки се извршени исправки, се смета за усвоен.

Член 178

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот и секретарот на Соборот.

За чувањето на записникот од седницата на Соборот се грижи секретарот на Соборот.

Член 179

На седницата на Соборот се водат стенографски белешки.

Стенографските белешки им се ставаат на увид на делегатите веднаш по одржаната седница на Соборот.

Стенографските белешки им се даваат на увид и на користење на претставниците на средствата за јавно информисање, освен во случаите кога станува збор за расправа за материјали што се означени како државна тајна или се од доверлив карактер.

Секој делегат може во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата на Соборот да бара во стенографските белешки во неговото излагање да се извршат измени од редакциски карактер. Со овие измени не може да се менува смислата и суштината на излагањето.

Ако секретарот на Соборот оспори дека измените што ги бара делегатот се од редакциски карактер, за спорното прашање одлучува претседателот на Соборот.

Стенографските белешки се приложуваат кон усвоениот записник.

## IX. ПОСТАПКИ ВО СОБОРОТ

## А. Постапка за донесување на акти

### 1. Постапка за донесување на закони

*а) Поведување постапка*

Член 180

Постапка за донесување на закон се поведува со поднесување предлог за донесување на закон.

Член 181

Предлог за донесување закон може да поднесе делегат, работно тело на Соборот, заедничко работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ и Сојузниот извршен совет (во натамошниот текст: предлагачот).

Член 182

Делегатот може на седница на Соборот или на работното тело на Соборот чијшто е член да предложи определено прашање да се уреди со закон.

Член 183

Барање за донесување закон можат да поднесат Соборот на републиките и покраините, собранието на републиката или собранието на автономната покраина, Сојузниот суд, општествено-политичките организации во федерацијата, Стопанската комора на Југославија и други самоуправни организации и заедници во федерацијата.

Барањето за донесување на закон од став 1 на овој член му се поднесува на претседателот на Собранието на СФРЈ.

Ако Соборот го прифати барањето за донесување закон, ќе го определи начинот на кој ќе се изработи и поднесе предлогот за донесување закон.

Член 184

Барањето за донесување на закон што не потекнува од органите и организациите од член 183 на овој деловник се упатува до Комисијата на Собранието на СФРЈ за претставки и предлози.

*б) Претходна постапка*

Член 185

Пред поднесувањето на предлог за донесување закон предлагачот може, во договор со матичното работно тело, да поднесе тези за изработка на законот заради претходна размена на мислења во соодветните тела на Соборот за потребата од донесување на законот и за основните прашања што треба да се уредат со законот, како и за начелата врз кои определени односи треба да се уредат со закон.

Претходна постапка може да се спроведе и на предлог од матичното работно тело на Соборот.

Спроведувањето на претходна постапка за одделни прашања може да се предвиди со програмата за работа на Соборот или на работното тело на Соборот.

*в) Содржина на предлогот за донесување закон*

Член 186

Предлогот за донесување закон содржи:

1) уставна основа за донесување на законот;

2) оцена на состојбата во областа што треба да се утврди со закон и цели што сакаат да се постигнат;

3) основни начели врз кои треба да бидат уредени односите во областа за која се донесува законот;

4) последици што ќе произлезат од предложените решенија за материјалната и друга положба на работните луѓе и граѓаните, на организациите на здружен труд и на други самоуправни организации и заедници;

5) оцена на потребните средства од буџетот на федерацијата;

6) текст на нацрт-законот со образложение;

7) текст на одредбите на важечкиот закон што се менуваат односно дополнуваат, ако се предлага измена или дополнение на законот;

8) резиме наменето на делегациите.

Кон предлогот за донесување закон може да се поднесе и соодветна документација.

Член 187

Текстот на нацрт-законот (член 186 став 1 точка 6) содржи решенија што се формулирани во вид на правни одредби.

Одделни решенија можат да се дадат во алтернативи, со потребните образложенија на секоја од предложените алтернативи.

Во образложението на нацрт-законот се дава објаснение на основните правни институти што ги содржи нацрт-законот.

*г) Упатување на предлогот за донесување закон*

Член 188

Предлогот за донесување закон се доставува до претседателот на Собранието на СФРЈ.

Предлогот за донесување закон претседателот на Собранието на СФРЈ му го доставува на претседателот на Соборот.

Член 189

Ако предлогот за донесување закон не е подготвен во согласност со одредбите на овој деловник, претседателот на Соборот ќе побара од предлагачот да ги отстрани уочените недостатоци.

Член 190

Претседателот на Соборот го упатува предлогот за донесување закон до делегатите, и тоа најдоцна

на 60 дена пред одржувањето на седницата на Соборот на која ќе се претресува тој предлог.

Член 191

Предлог за донесување закон што не го поднел Сојузниот извршен совет, претседателот на Соборот го упатува и до Сојузниот извршен совет заради давање мислење.

*д) Разгледување на предлогот за донесување закон во работните тела на Соборот*

Член 192

Пред претресот на предлогот за донесување закон на седница на Соборот, предлогот го разгледуваат работното тело во чиј делокруг е прашањето што се уредува со законот (во натамошниот текст: матичното работно тело) и Законодавно-правната комисија на Соборот.

Ако предлогот за донесување на закон содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства од буџетот на федерацијата, предлогот за донесување закон го разгледува и Одборот за буџет на федерацијата.

Член 193

Предлогот за донесување закон можат да го разгледуваат и други работни тела на Соборот ако во тој предолог се опфатени одделни прашања што се во делокругот на тие работни тела (во натамошниот текст: заинтересираните работни тела).

Заинтересираното работно тело го разгледува предлогот за донесување закон пред да го разгледуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија.

Претседателот на заинтересираното работно тело е должен да ги извести претседателите на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија за времето кога ќе го разгледуваат предлогот за донесување закон.

Кога ќе го разгледа предлогот за донесување закон, заинтересираното работно тело му поднесува на Соборот извештај, што едновремено се доставува до матичното работно тело и до Законодавно-правната комисија.

Член 194

Кога ќе го разгледа предлогот за донесување закон, матичното работно тело му поднесува на Соборот извештај со мислењето и ставовите изнесени во текот на разгледувањето. Извештајот едновремено се доставува и до Законодавно-правната комисија.

Во извештајот што му го поднесува на Соборот матичното работно тело дава мислење и за ставовите и предлозите на заинтересираните работни тела.

Матичното работно тело ги разгледува и мислењата и предлозите што ги доставиле: Сојузниот извршен совет, ако не е предлагач, работните тела на Соборот на републиките и покраините и другите заинтересирани тела, органи и организации.

Член 195

Законодавно-правната комисија го разгледува предлогот за донесување на закон и му поднесува на Соборот извештај со мислење и предлози. Извештајот едновремено му се доставува на матичното работно тело.

Законодавно-правната комисија во својот извештај до Соборот дава мислење и за предлозите што му ги поднеле на Соборот другите работни тела што го разгледувале предлогот за донесување закон.

Член 196

Ако во предлозите на Законодавно-правната комисија и на матичното работно тело постојат разлики, матичното работно тело, пред претресот на предлогот за донесување закон во Соборот, го разгледува извештајот на Комисијата и за својот став му поднесува на Соборот извештај.

Член 197

Извештаите на работните тела се доставуваат до претседателот на Соборот најдоцна два дена по одржувањето на седницата на работното тело.

Претседателот на Соборот ги упатува извештаите до делегатите, и тоа најдоцна на десет дена пред денот определен за одржување на седницата на Соборот на која ќе се претресува предлогот за донесување закон.

Претседателот на Соборот ги упатува извештаите на работните тела и до подносителот на предлогот за донесување закон.

*ѓ) Претрес на предлог за донесување закон на седницата на Соборот*

Член 198

Подносителот на предлогот за донесување закон, односно неговиот претставник, може на почетокот на претресот на седницата на Соборот да даде образложение на предлогот и во текот на целиот претрес да дава објаснениja и да се изјаснува за изнесените предлози и мислења.

Известителот на работното тело што го разгледувало предлогот за донесување закон може на седницата на Соборот да ги изнесува ставовите и мислењата на работното тело.

Претставникот на Сојузниот извршен совет може да учествува во текот на претресот на предлогот за донесување закон, и ако тој предлог не го поднел Сојузниот извршен совет.

Член 199

За предлогот за донесување закон на седницата на Соборот се води претрес во начело и претрес во поединости.

Член 200

Во текот на претресот во начело расправата се води за: потребата од донесување на законот, уставната основа, состојбата во областа што треба да се уреди со закон, основните начела врз кои треба да бидат уредени односите, целите што се сака да се постигнат и последиците што ќе произлезат од предложените решенија и за потребата од финансиски средства од буџетот на федерацијата за спроведување на законот.

Претресот во начело се завршува со донесување заклучок со кој се утврдува ставот на Соборот за предлогот за донесување закон.

Ако во начелниот претрес се изразени различни мислења за прашањата од став 1 на овој член, Соборот се изјаснува за секое од спорните прашања.

Член 201

Ако Соборот со заклучок го прифати предлогот за донесување закон, се преминува кон претрес на предлогот за донесување закон во поединости.

Претресот на предлогот за донесување закон во поединости се врши така што се расправа за текстот на нацрт-законот.

Член 202

По завршениот претрес на предлогот за донесување закон, Соборот со заклучок ги утврдува ста-

вовите, предлозите и мислењата за одделни одредби на нацртот и ги упатува до подносителот на предлогот за да ги земе предвид при изработката на предлог-законот.

Со заклучокот за усвојување на предлогот за донесување закон Соборот може да ги определи и органите и организациите што ќе бидат консултирани при изработката на предлог-законот и формите на соработка со заинтересираните органи и организации што можат да придонесат за подобра изработка на законот.

Член 203

Ако подносителот на предлогот за донесување закон не се согласи со заклучокот на Соборот од чл. 200 и 202 од овој деловник или кога подносителот на предлогот за донесување закон, поради други причини, предложи предлог-законот да го подготови друг овластен предлагач, Соборот може да определи предлог-законот да го подготви работно тело на Соборот, заедничко работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ или Сојузниот извршен совет, ако тој не е подносител на предлогот за донесување закон.

*е) Посебен претрес на текстот на нацрт-законот*

Член 204

При поднесување на предлог за донесување закон со кој се уредуваат односи од посебно значење за работните луѓе и граѓаните, за организациите на здружен труд и за други самоуправни организации и заедници, предлагачот може да бара текстот на нацрт-законот да се разгледува на посебна седница на Соборот.

Предлог да се разгледува на посебна седница нацрт-законот од став 1 на овој член може да поднесат и матичното работно тело и Законодавно-правна комисија. За предлогот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се изјаснува пдносителот на предлогот.

Соборот одлучува за барањето на предлагачот од став 1 на овој член земајќи ги предвид мислењата на матичното работно тело, односно за предлогот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија дали нацрт-законот ќе се разгледува на посебна седница на Соборот.

Член 205

При одлучувањето текстот на нацрт-законот да се разгледува на посебна седница Соборот одлучува и за тоа дали на таа седница ќе се разгледува поднесениот текст на нацртот или ќе бара од предлагачот да подготви нов текст на нацрт-законот.

Член 206

Соборот, по правило, одлучува да се изработи нов текст на нацрт-законот, ако утврди дека во текстот на нацрт-законот не се на соодветен начин изразени основните начела содржани во предлогот за донесување закон или ако е потребно да се извршат пошироки консултации во врска со предложните решенија во нацрт-законот.

*ж) Предлог-закон*

Член 207

Предлог-законот се поднесува во форма во која се донесува законот и мора да биде образложен.

Кон предлог-законот се дава и содржина на предлог-законот (означување на деловите, главите одделите, отсеците итн.).

Образложението за предлог-законот ги опфаќа особено: уставната основа за донесување на законот, прашањата што се уредуваат со предлог-законот, објасненијата на основните правни институти, последиците што ќе произлезат од предложените решенија, податоците за финансиските средства од буџетот на федерацијата потребни за спроведување на законот и за начинот на обезбедување на тие средства, како и други значајни околности во врска со предложените решенија.

Предлагачот е должен во образложението на предлог-законот да ги наведе разликите во решенијата содржани во предлог-законот во однос на предлогот за днесување закон и причините поради кои настанале тие разлики, предлозите и мислењата што се дадени на предлогот за донесување закон што не ги усвоил предлагачот, како и причините поради кои не ги усвоил.

Член 208

Одредбите на овој деловник што се однесуваат на поднесувањето и упатувањето на предлог за донесување закон, сходно се применуваат и врз предлог-законот.

*з) Разгледување на предлог-законот во работните тела на Соборот*

Член 209

Одредбите на овој деловник што се однесуваат на разгледувањето на предлог за донесување закон во работните тела на Соборот сходно се применуваат и врз разгледувањето на предлог-законот.

Предлогот на работното тело на Соборот за измена и дополнение на предлог-законот се поднесува во форма на амандман.

Член 210

Предлог-законот и амандманите на предлог-законот ги разгледува Комисијата на Собранието на СФРЈ за утврдување на идентичноста на текстовите на јазиците на народите на Југославија и за тоа поднесува извештај.

*ѕ) Претрес на предлог-законот на седница на Соборот*

Член 211

Претресот на предлог-законот на седница на Соборот опфаќа општ претрес на текстот на предлог-законот.

Подносителот на предлог-законот, односно неговиот претставник, може на почетокот на општиот претрес да даде образложение на предлог-законот.

Известителот на работното тело на Соборот што го разгледувало предлог-законот може на седницата на Соборот да ги изнесува ставовите и мислењата на работното тело.

Член 212

Подносителот на предлог-законот, односно претставникот или повереникот на предлагачот, како и известителот на работното тело на Соборот што го разгледувало предлог-законот, имаат право и должност да учествуваат во текот на претресот на законот, да даваат објасненија и да ги изнесуваат ставовите на предлагачот на законот односно на работното тело.

Претставникот на Сојузниот извршен совет може да учествува во текот на претресот на предлог-законот и кога Сојузниот извршен совет не е предлагач.

Член 213

Во текот на општиот претрес се расправа за предлогот во начело и можат да се изнесуваат мислења, да се бараат објасненија и да се покренуваат прашања во врска со решенијата дадени во предлогот.

Во текот на претресот на текстот на предлог-законот Соборот може да одлучи да расправа по делови, глави односно оддели или по одделни членови.

Во текот на претресот на текстот на предлог-законот Соборот одлучува и за поднесените амандмани.

По заклучениот претрес на текстот на предлог-законот, Соборот одлучува за предлог-законот во целост.

*и) Амандмани*

Член 214

Предлогот за измена и дополнение на предлог-закон се поднесува во форма на амандман.

Амандман може да поднесе овластениот предлагач од член 181 на овој деловник.

Амандманот се поднесува во писмена форма и мора да биде образложен.

Ако амандманот содржи одредба со која се ангажираат финансиски средства од буџетот на федерацијата, подносителот на амандманот е должен да го предложи и начинот на обезбедување на тие средства.

Член 215

Амандман на предлог-закон може да се поднесе најдоцна десет дена пред денот определен за одржување на седницата на Соборот на која ќе се претресува предлог-законот, а се доставува до претседателот на Соборот.

Член 216

Амандманот на предлог-законот претседателот на Соборот го упатува до делегатите, до подносителот на предлог-законот и до Сојузниот извршен совет.

Претседателот на Соборот го упатува амандманот едновремено до претседателот на матичното работно тело и до претседателот на Законодавно-правната комисија, ако тие не се подносители на амандманот.

Ако амандманот на предлог-законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства од буџетот на федерацијата, претседателот на Соборот го доставува амандманот и до Одборот за буџет на федерацијата.

Член 217

Ако амандманот на предлог-законот содржи одредби со кои се менуваат начелата врз кои се заснова законот, утврдени од Соборот во текот на претресот за донесување закон или ако прифаќањето на амандманот би повлекувало со себе посуштествена измена на текстот на предлог-законот, за амандманот не може да се одлучува на седница на Соборот пред да му поднесат на Соборот свои извештаи за тој амандман матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, а за амандманот од член 216 став 3 на овој деловник — ни пред да поднесе свој извештај за таквиот амандман Одборот за буџет на федерацијата.

Член 218

Амандманот што е поднесен во рокот од член 215 на овој деловник станува составен дел на предлог-законот и за него Соборот не гласа одвоено:

— ако го поднел предлагачот на законот, а го поддржале матичното работно тело и Законодавно-правната комисија;

— ако го поднеле матичното работно тело или Законодавно-правната комисија, а се согласил предлагачот на законот;

— ако го поднеле делегатот или заинтересираното работно тело, а го поддржале матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, и со нив се согласил предлагачот на законот.

Ако делегатот побара за одделен амандман од став 1 на овој член Соборот посебно да се изјасни, за тој амандман се гласа одвоено.

Ако предлог-законот не го поднел Сојузниот извршен совет, за амандманот на предлог-законот со кој не се согласил Сојузниот извршен совет, Соборот гласа одвоено.

Член 219

Делегатот чијшто предлог ќе го поддржат најмалку девет делегати може, по исклучок, да поднесе амандман на предлог-законот и на седницата на Соборот до заклучувањето на претресот на тој предлог-закон.

Подносителот на предлог-законот може да поднесува амандмани сè до заклучувањето на претресот на предлог-законот.

Сојузниот извршен совет може до заклучувањето на претресот на предлог-законот да поднесува амандмани и на предлог-закон што не го поднел тој.

Амандманите што се поднесени на седницата на Соборот мораат да им бидат врачени на делегатите во писмена форма пред одлучувањето за нив.

Член 220

Ако амандманот не е поднесен во рокот од член 215 на овој деловник, се смета дека е поднесен на седницата на Соборот.

Амандманот од став 1 на овој член го разгледуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија и за тоа на Соборот му поднесуваат извештај. За амандманот се изјаснува и предлагачот на законот.

Член 221

Сојузниот извршен совет има право да се изјасни за амандманот и ако не е предлагач на законот.

Член 222

За да може да се проучи амандманот поднесен на седница на Соборот, Соборот може, на предлог од претседателот на Соборот, од известителот на работното тело на Соборот, од делегатите, од подносителот на предлогот или од Сојузниот извршен совет да го прекине претресот и да го продолжи на истата седница или да го одложи претресот за една од наредните седници на Соборот.

Во случајот од став 1 на овој член матичното работно тело и Закнодавно-правната комисија, како и Одборот за буџет на федерацијата ако е поднесен амандман со кој се ангажираат средства од буџетот на федерацијата, го разгледуваат амандманот и за тоа му поднесува на Соборот извештај

Член 223

Соборот може, на предлог од матичното работно тело или од Законодавно-правната комисија, да одлучи да го одложи разгледувањето на предлог-законот за наредната седница на Соборот ако на предлог-законот се поднесени амандмани што суштествено ги менуваат решенијата дадени во предлог-законот или ако се поднесени поголем број амандмани.

Ако Соборот одлучил да се одложи разгледувањето на предлог-законот, Соборот може да го обврзе предлагачот на законот да подготви текст на предлог-законот во кој ќе бидат вградени амандманите со кои се согласиле предлагачот на законот, матичното работно тело и Законодавно-правната комисија (интегрален текст).

Член 224

За секој амандман на предлог-законот се гласа одвоено.

За амандманите се гласа според редоследот на членовите на предлог-законот на кои се однесуваат амандманите.

Ако на еден член на предлог-законот се поднесени повеќе амандмани, прво се гласа за амандманот што најмногу отстапува од предложеното решение и, според тој критериум, понатаму за другите амандмани.

Ако е поднесен амандман на амандман, прво се гласа за амандманот што е поднесен на амандманот.

Амандманот усвоен на седница на Соборот станува составен дел на предлог-законот.

*ј) Скратена постапка за донесување закон*

Член 225

Соборот може, на барање од предлагачот што ќе го поддржи матичното работно тело, да одлучи законот да го донесе по скратена постапка кога станува збор за измени и дополненија од помало значење односно кога не се влијае суштествено врз положбата и правото на работните луѓе и граѓаните и на самоуправните организации и заедници, како и кога станува збор за престанување или продолжување на важењето на одделен закон.

Кога Соборот ќе одлучи законот да се донесе по скратена постапка, текстот на нацрт-законот што е составен дел на предлогот за донесување закон се разгледува како предлог-закон.

Предлогот од став 1 на овој член и предлог-законот може да се разгледува на седница на Соборот ако на делегатите им е доставен 30 дена пред денот на одржувањето на седницата на Соборот.

За барањето на предлагачот законот да се донесе по скратена постапка Соборот одлучува при утврдувањето на дневниот ред на седницата на Соборот.

При разгледувањето на предлогот за донесување закон и на предлог-законот по скратена постапка, сходно се применуваат одредбите на овој деловник за разгледувањето на предлогот за донесување закон и на предлог-законот.

*к) Итна постапка за донесување закон*

Член 226

Соборот, по исклучок, може на предлог од предлагачот да донесе закон по итна постапка само кога е тоа неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на народната одбрана, безбедноста на земјата или поголеми елементарни непогоди или други вонредни и неодложни потреби на земјата.

Предлогот да се донесе закон по итна постапка мора да биде посебно образложен.

Во образложението на предлогот да се донесе закон по итна постапка, предлагачот е должен да ги наведе причините поради кои се предлага донесувањето на законот по итна постапка и да укаже на последиците што би можеле да настапат ако не се донесе законот по таа постапка.

Член 227

Кон предлогот да се донесе закон по итна постапка се поднесува и предлог-законот, што треба да биде подготвен согласно со одредбите на член 207 од овој деловник.

Во итната постапка не се применуваат одредбите на овој деловник што се однесуваат на роковите пропишани за одделни дејствија во постапката за донесување закон.

Ако предлогот да се донесе законот по итна постапка не го поднел Сојузниот извршен совет, Соборот пред одлучувањето ќе побара од Сојузниот извршен совет мислење за тој предлог.

Член 228

За барањето на предлагачот законот да се донесе по итна постапка Соборот одлучува при утврдувањето на дневниот ред.

Кога Соборот ќе го прифати предлогот да се донесе законот по итна постапка, се пристапува кон претрес на предлог-законот на седницата на Соборот. Пред претресувањето на предлог-законот на седницата на Соборот, предлог-законот го разгледуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, а ако со законот се ангажираат средства од буџетот на федерацијата — и Одборот за буџет на федерацијата.

Член 229

Ако Соборот не го прифати предлогот законот да се донесе по итна постапка, се применуваат одредбите на овој деловник за предлогот за донесување закон.

Член 230

На предлог-законот што се донесува по итна постапка може да се поднесе амандман до заклучувањето на претресот.

Ако со амандманот се менуваат начелата врз кои се заснова предлог-законот, или ако прифаќањето на амандманот би причинило суштествена измена на текстот на предлог-законот, или ако со амандманот се ангажираат финансиски средства од буџетот на федерацијата — со него ќе се постапи на начинот определен во член 220 став 2 од овој деловник.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија се должни веднаш да го разгледаат амандманот од став 2 на овој член и да му поднесат на Соборот извештај со мислења и предлози.

*л) Јавна дискусија*

Член 231

Кога Соборот ќе го усвои предлогот за донесување закон, по исклучок, ако станува збор за прашања што се посебно значајни за работните луѓе и граѓаните, за организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници, како и ако е неопходно да се изврши најширока консултација на заинтересираните органи и организации, на научните и стручните институции, на работните луѓе и граѓаните, може да одлучи предлогот за донесување закон или одделно прашање од тој предлог да се стави на јавна дискусија.

Член 232

Кога Соборот на посебна седница го разгледал и прифатил нацрт-законот, тој може да одлучи нацрт-законот или одделно прашање од тој нацрт да се стави на јавна дискусија.

Член 233

Ако одлучи предлогот за донесување закон односно нацрт-законот или одделно прашање од тој предлог односно нацрт да се стави на јавна дискусија, Соборот со заклучок:

— го определува начинот на објавувањето на предлогот за донесување закон односно на нацрт-законот или на одделното прашање од предлогот односно нацртот;

— го определува работното тело на Соборот што ќе се грижи за следењето на јавната дискусија;

— ги утврдува потребните финансиски средства и изворите на средства за организирање и спроведување на јавната дискусија;

— го утврдува рокот во кој треба да се спроведе јавната дискусија;

— го утврдува начинот на собирање и средување на мислењата и предлозите од јавната дискусија.

Член 234

Во организирањето и спроведувањето на јавната дискусија работното тело на Соборот соработува со органите на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, со органите на другите општествено-политички организации, со организациите на здружен труд и со други самоуправни организации и заедници, како и со научните и стручните институции.

Член 235

За резултатите од јавната дискусија работното тело на Соборот поднесува извештај до Соборот.

Извештајот на работното тело на Соборот што е задолжено да ја следи јавната дискусија ги содржи резултатите од јавната дискусија, со преглед на мислењата и предлозите изнесени за одделни прашања.

Извештајот на работното тело на Соборот му се доставува на предлагачот на актот.

Предлагачот на законот е должен при подготовката на предлог-законот да ги земе предвид предлозите и мислењата содржани во извештајот на работното тело на Соборот за резултатите од јавната дискусија, како и да ги образложи причините поради кои не прифатил одделни предлози и мислења што се изнесени во јавната дискусија.

Член 236

Ако работното тело на Соборот што поднесува извештај за следењето на јавната дискусија е и предлагач на законот, тоа може, заедно со извештајот, да го достави и предлог-законот.

Ако на Соборот му е доставен и предлог-законот кој е подготвен врз основа на резултатите од јавната дискусија, Соборот може на истата седница да ги разгледува извештајот за резултатите од јавната дискусија и предлог-законот.

**2. Постапка за донесување на буџетот на федерацијата и на завршната сметка на буџетот на федерацијата**

Член 237

Постапка за донесување на буџетот на федерацијата се покренува со поднесување на нацрт-буџетот на федерацијата.

Едновремено со нацрт-буџетот на федерацијата Сојузниот извршен совет поднесува предлог за донесување закон за извршување на буџетот на федерацијата.

Член 238

Нацрт-буџетот на федерацијата се подготвува во согласност со сојузниот закон и мора да биде образложен.

Образложението на нацрт-буџетот на федерацијата содржи особено:

— уставна основа за донесување на буџетот на федерацијата;

— образложение на предлогот на потребните средства по корисници на буџетот на федерацијата (расходи);

— образложение на структурата на приходите на буџетот на федерацијата;

— приказ на разликата помеѓу вкупниот износ на расходите и вкупниот износ на изворните приходи на федерацијата и предлог на кој начин може да се изврши нивно усогласување.

Член 239

Кон нацрт-буџетот на федерацијата се доставува и:

— извештај за извршувањето на буџетот на федерацијата за осум месеци од тековната година, со процена на извршувањето на буџетот на федерацијата до крајот на таа година;

— програма за работа на корисниците на средствата на буџетот на федерацијата, со поподробно образложение на предлогот на височината и на намената на средствата за вршење на дејностите на тие корисници;

— преглед на вкупно ненамирените обврски на буџетот на федерацијата;

— преглед на обврските што не се финансираат од буџетот на федерацијата.

Програмата за работа на корисниците на средствата на буџетот на федерацијата им се става на увид на делегатите и му се доставува на надлежното работно тело на Соборот.

Член 240

Разгледувањето на нацрт-буџетот на федерацијата и на предлогот за донесување закон за извршување на буџетот на федерацијата во работните тела на Соборот, како и претресот на седницата на Соборот, се врши според постапката утврдена со овој деловник за разгледување на предлогот за донесување закон, со тоа што роковите за разгледување на овие акти, согласно со заклучокот на Соборот, можат да бидат пократки.

Член 241

Предлог-буџетот на федерацијата се подготвува во согласност со сојузниот закон и мора да биде образложен.

Образложението на предлог-буџетот на федерацијата содржи елементи што ги содржи и образложението на нацрт-буџетот на федерацијата, со тоа што предлагачот е должен во образложението да ги наведе забелешките и предлозите што се дадени на нацрт-буџетот на федерацијата, а кои предлагачот не ги усвоил и причините поради кои не ги усвоил.

Заедно со предлог-буџетот на федерацијата се поднесува и предлог-законот за извршување на буџетот на федерацијата.

Член 242

Разгледувањето на предлог-буџетот на федерацијата и на предлог-законот за извршување на буџетот на федерацијата во работните тела на Соборот и претресот на седницата на Соборот се вршат според постапката за разгледување на предлог-закон, со тоа што роковите за разгледување можат да бидат и пократки, согласно со заклучокот на Соборот.

Амандманите на предлог-буџетот на федерацијата се поднесуваат на начинот предвиден со овој деловник за поднесување амандмани на предлог-законот што се донесува по итна постапка.

Член 243

Соборот може да го усвои предлог-буџетот на федерацијата откако Соборот на републиките и покраините ќе го извести дека го утврдил вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата.

Член 244

Врз донесувањето на измени и дополненија на буџетот на федерацијата можат да се применат одредбите на овој деловник за донесување закон по скратена постапка.

Член 245

Предлогот на завршната сметка на буџетот на федерацијата се подготвува во согласност со сојузниот закон.

Предлогот на завршната сметка на буџетот на федерацијата за претходната година му го поднесува на Соборот на усвојување Сојузниот извршен совет.

Заедно со предлогот на завршната сметка на буџетот на федерацијата, Сојузниот извршен совет го доставува и извештајот на Службата на општественото книговодство за извршениот преглед на завршната сметка и другата документација пропишана со сојузен закон.

Член 246

Врз разгледувањето на предлогот на завршната сметка на буџетот на федерацијата сходно се применуваат одредбите на овој деловник што се однесуваат на разгледувањето на предлог-закон.

На седницата на Соборот се води единствен претрес за предлогот на завршната сметка на буџетот на федерацијата.

**3. Постапка во врска со давањето мислења на Соборот на републиките и покраините и на другите органи на федерацијата со чии акти се создаваат обврски за буџетот на федерацијата**

Член 247

Нацрт-законот, другиот пропис или општиот акт од делокругот на Соборот на републиките и покраините или на друг орган на федерацијата со кој се создава обврска за буџетот на федерацијата, претседателот на Соборот го доставува до делегатите.

Нацрт-актот од став 1 на овој член го разгледува Одборот за буџет на федерацијата од становиштето дали се обезбедени во буџетот на федерацијата средства за обврските што ги создава тој акт за буџетот и за тоа го известува Соборот.

Соборот со заклучок утврдува дали во буџетот на федерацијата се обезбедени средства за обврските што се создаваат за буџетот на федерацијата со актот на Соборот на републиките и покраините или на друг орган на федерацијата и за тоа го известува Соборот на републиките и покраините односно другиот орган на федерацијата.

**4. Постапка за склучување и ратификација на меѓународни договори**

Член 248

Ратификацијата на меѓународните договори од својата надлежност Соборот ја врши со закон.

Член 249

Матичното работно тело учествува во постапката што му претходи на склучувањето на меѓународниот договор за политичка и воена соработка и на меѓународниот договор што бара донесување на нови или измена на важачките сојузни закони што ги донесува Соборот (во натамошниот текст: меѓународниот договор).

Матичното работно тело ги разгледува и дава мислење за предлогот на основите за водење на преговори и за склучување на меѓународниот договор што го донесува Сојузниот извршен совет.

Член 250

Заради утврдување на своето мислење за предлогот на основите за водење на преговори и за склучување на меѓународниот договор, матичното работно тело соработува со Законодавно-правната комисија и со заинтересираните работни тела на Соборот.

Извештајот на матичното работно тело претседателот на Соборот го доставува до Сојузниот извршен совет и до делегатите.

Член 251

Соборот може на предлог од матичното работно тело да го разгледува предлогот на основите за водење на преговори и за склучување на меѓународниот договор и да утврди соодветни насоки за натамошната работа на Сојузниот извршен совет врз склучувањето на меѓународниот договор.

Член 252

Постапка за ратификација на меѓународен договор поведува Сојузниот извршен совет со поднесување на предлог-закон за ратификација.

Член 253

Предлог-законот за ратификација на меѓународен договор го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага.

Во образложението на предлог-законот за ратификација на меѓународен договор треба да се изнесат причините поради кои се предлага ратификацијата на меѓународниот договор и дали меѓународниот договор бара донесување на нови или измена на важечките сојузни закони, како и дали прашањата што се предмет на меѓународниот договор спаѓаат во надлежноста на републиките и на автономните покраини, односно дали меѓународниот договор бара донесување на нови или измена на важечките републички односно покраински закони.

Во образложението на предлог-законот за ратификација на меѓународен договор треба да се изнесе и дали со меѓународниот договор се предвидуваат обврски за федерацијата во извршувањето на тој договор, како и да се даде оцена за потребата од финансиски средства од буџетот на федерацијата за спроведувањето на меѓународниот договор.

Член 254

Во текот на претресот на предлог-законот Соборот одлучува за потребата од ратификација на меѓународниот договор, за евентуалните резерви на договорот, ако такви резерви се дозволени со тој договор, како и за другите начелни прашања.

Во постапката за ратификација на меѓународен договор сходно се применуваат одредбите на овој деловник што се однесуваат на постапката за разгледување на предлог-закон.

**5. Донесување на закон за постапката за склучување и извршување на меѓународните договори**

Член 255

Законот за постапката за склучување на меѓународните договори, што бараат донесување на нови или измена на важечките републички односно покраински закони, или од кои произлегуваат посебни обврски за една или повеќе републики или автономни покраини, Соборот го донесува со согласност од собранијата на републиките и од собранијата на автономните покраини.

Член 256

Предлогот за донесување закон што го утврдил Соборот, претседателот на Соборот го упатува до собранијата на републиките и до собранијата на автономните покраини, заради давање мислење.

Кога собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини ќе дадат мислење, претседателот на Соборот го известува за тоа предлагачот на законот кој го подготвува предлог-законот.

Врз разгледувањето на предлогот на овој закон сходно се применуваат одредбите на овој деловник за разгледување на предлог-закон.

Член 257

Текстот на законот што Соборот го усвоил, претседателот на Соборот го доставува на согласност до собранијата на републиките и до собранијата на автономните покраини.

Член 258

Законот за склучување и извршување на меѓународни договори е усвоен кога со текстот што Соборот го усвоил ќе се согласат собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Кога ќе добие согласност од собранијата на републиките и од собранијата на автономните покраини претседателот на Соборот на првата седница на Соборот го известува за тоа Соборот.

**6. Постапка за давање автентично толкување на закон**

Член 259

Врз разгледувањето на предлогот за давање автентично толкување на законот се применуваат одредбите на овој деловник за постапката за донесување закон.

**7. Постапка за донесување на други прописи и општи акти**

Член 260

Другите прописи, освен законите, буџетот и завршната сметка на федерацијата, и одлуките што се донесуваат како акти на вршењето на правата и должностите на Собранието на СФРЈ, се донесуваат според одредбите на овој деловник што се однесуваат на предлог-законот, ако со овој деловник не е поинаку определено.

Член 261

Соборот може да одлучи, на предлог од предлагачот, од делегатот, од работното тело на Соборот или од претседателот на Соборот предлогот на друг пропис или општ акт од член 260 на овој деловник да го разгледува според постапката предвидена за донесување на закон.

Член 262

Постапка за донесување на декларација, резолуција и препорака покренува овластениот предлагач со поднесување на нацрт-акт, ако со овој деловник не е поинаку определено.

Член 263

Општите акти од член 262 на овој деловник се донесуваат според одредбите на овој деловник што се однесуваат на нацртот и на предлог-законот, ако со овој деловник не е поинаку определено.

Член 264

Соборот може на предлог од предлагачот, од делегатот, од работното тело на Соборот или од претседателот на Соборот да одлучи општите акти од член 262 на овој деловник да се донесат според одредбите на овој деловник што се однесуваат на предлог-законот.

Член 265

Кога Соборот ќе го усвои нацрт-актот од член 262 на овој деловник, може да одлучи, кога станува збор за прашања од областа на општествениот живот што се од посебно значење за работните луѓе и граѓаните, да се изврши поширока консултација на работните луѓе и граѓаните и на заинтересираните органи и организации.

Член 266

За предлогот на друг пропис или општ акт на седницата на Соборот се води единствен претрес.

Соборот може да одлучи, на предлог од предлагачот на актот, од делегатот, од работното тело на Соборот или од претседателот на Соборот, да спроведе одвоено општ претрес на предлогот, а одвоено претрес на текстот на предлогот.

**8. Постапка за донесување одлука за обврската за извршување на сојузен закон, друг пропис или општ акт**

Член 267

Известувањето на Сојузниот извршен совет или на извршниот совет на собранието на републиката односно на собранието на автономната покраина за спор помеѓу сојузен орган на управата и републички односно покраински орган на управата во поглед на остварувањето на обврските на орган во републиката односно во автономната покраина да изврши сојузен закон, друг пропис или општ акт, се доставува до претседателот на Соборот, кој го упатува до делегатите и за него ги известува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија.

Член 268

Матичното работно тело собира податоци од сојузниот орган на управата и од републичкиот односно од покраинскиот орган на управата во спор и може на своја седница да повика претставници на тие органи заради изнесување на нивните мислења и ставови.

Во извештајот што го поднесува до Соборот, матичното работно тело известува и за ставовите на органите во спор.

Кон извештајот матичното работно тело поднесува и предлог-одлука за начинот на решавање на спорното прашање.

Законодавно-правната комисија ја разгледува предлог-одлуката за начинот на решавање на спорното прашање и за тоа му поднесува на Соборот извештај.

Член 269

Кога ќе ги прими извештаите на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија, претседателот на Соборот ги упатува до сите делегати и го внесува спорното прашање во предлогот на дневниот ред на првата наредна седница на Соборот.

Соборот го претресува известувањето на Сојузниот извршен совет или на извршниот совет на собранието на републиката односно на собранието на автономната покраина и извештаите на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија и донесува одлука за спорното прашање и за обврската за извршување на сојузен закон, друг пропис или општ акт.

**9. Постапка за разгледување на предлогот за укинување или поништување на пропис на Сојузниот извршен совет**

Член 270

Предлог за укинување или поништување на пропис на Сојузниот извршен совет што е во спротивност со Уставот, со сојузен закон, со друг пропис или општ акт што го донел Соборот, може да поднесе работното тело на Соборот и делегат.

Барање за укинување или поништување на прописот од став 1 на овој член може да поднесе Соборот на републиките и покраините, собрание на републиката или собрание на автономната покраина, општествено-политичка организација во федерацијата, Стопанската комора на Југославија и друга самоуправна организација и заедница во федерацијата.

Член 271

Предлогот односно барањето за укинување или поништување на пропис на Сојузниот извршен совет содржи: назив на прописот чие укинување односно поништување се бара, причини поради кои се оценува дека прописот на Сојузниот извршен совет е во спротивност со Уставот на СФРЈ, со сојузен закон и со друг пропис или општ акт што го донел Соборот, дали се предлага укинување или поништување на прописот и други околности значајни за донесувањето на одлука, како и предлог-одлука за укинување односно за поништување на прописот.

Предлогот односно барањето за укинување или за поништување на пропис на Сојузниот извршен совет претседателот на Соборот го доставува до делегатите, како и до Сојузниот извршен совет заради изнесување на неговиот став.

Член 272

Предлогот односно барањето за укинување или за поништување на пропис на Сојузниот извршен совет го разгледуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, при разгледувањето на предлогот односно на барањето за укинување или за поништување на пропис на Сојузниот извршен совет го разгледуваат и ставот на Сојузниот извршен совет за тоа прашање и за тоа му поднесуваат извештај на Соборот.

Ако матичното работно тело или Законодавно-правната комисија оценат дека барањето за укинување или за поништување на прописот е оправдано, ќе му поднесат на Соборот и предлог-одлука за укинување или за поништување на прописот на Сојузниот извршен совет.

Член 273

Соборот го разгледува предлогот односно барањето за укинување или за поништување на прописот и донесува одлука дали се укинува или се поништува прописот на Сојузниот извршен совет, или тој пропис и понатаму се применува.

Во постапката за укинување или за поништување на пропис на Сојузниот извршен совет сходно се применуваат одредбите на овој деловник за разгледувањето на предлог за донесување закон по скратена постапка.

**10. Постапка за разгледување на прописите на Сојузниот извршен совет што Претседателството на СФРЈ ги задржало од извршување**

Член 274

Известувањето на Претседателството на СФРЈ за задржување од извршување на пропис на Сојузниот извршен совет од општо политичко значење, претседателот на Соборот го доставува до делегатите и до Сојузниот извршен совет.

Врз разгледувањето на прописот од став 1 на овој член сходно се применуваат одредбите на овој деловник за постапката за разгледување на предлог за укинување или за поништување на пропис на Сојузниот извршен совет.

За својата одлука Соборот го известува Претседателството на СФРЈ.

**11. Постапка за учество на Соборот во склучувањето на општествен договор**

Член 275

Соборот учествува во склучувањето на општествен договор кога е тоа со закон определено или кога тоа Соборот ќе го реши.

Соборот учествува во склучувањето на општествен договор со заинтересираните општествено-политички организации, со самоуправни организации и заедници во федерацијата, со собранија на републиките и со собранија на автономните покраини.

Член 276

Предлог да биде Соборот учесник во склучувањето на општествен договор може да поднесе делегат, работно тело на Соборот и Сојузниот извршен совет.

Предлог да биде Соборот учесник во склучувањето на општествен договор може да поднесе и општествено-политичка организација и друга самоуправна оргнизација и заедница во федерацијата и собрание на република односно собрание на автономна покраина.

Член 277

Предлогот да биде Соборот учесник во склучувањето на општествен договор треба да ги содржи уставната основа за учество на Соборот во неговото склучување, законската основа ако постои, оцената на состојбата и целите што се сака да се постигнат, причините поради кои се предлага склучување на општествениот договор, основните начела врз кои треба да се заснова тој, како и можните учесници во склучувањето на општествениот договор.

Член 278

Предлогот да биде Соборот учесник во склучувањето на општествен договор претседателот на Соборот го упатува до делегатите, до можните учесници во склучувањето на општествениот договор и до Сојузниот извршен совет ако тој не е подносител на предлогот.

Член 279

Врз постапката за разгледување на предлогот да биде Соборот учесник во склучувањето на општествен договор сходно се применуваат одредбите на овој деловник за постапката за донесување закон.

Член 280

Ако Соборот одлучи да биде учесник во склучувањето на општествен договор, го определува работното тело на Соборот кое заедно со другите учесници во склучувањето на тој договор ќе учествува во подготовката на текстот на предлогот на општествениот договор.

За одлуката на Соборот за предлогот да биде Соборот учесник во склучувањето на општствен договор, претседателот на Соборот ги известува другите учесници во општествениот договор.

Ако Соборот одлучи да биде учесник во склучувањето на општествен договор, претседателот на

Соборот ги известува другите учесници и за работното тело што Соборот го определил да учествува во подготовката на предлогот на општествениот договор.

Член 281

Работното тело, што го определил Соборот да учествува во подготовката на предлогот на општествениот договор, учествува во усогласувањето на ставовите и во утврдувањето на предлогот на општествениот договор заедно со соодветните тела на другите учесници во склучувањето на општествениот договор.

Работното тело, во текот на усогласувањето на ставовите и утврдувањето на текстот на предлогот на општествениот договор, соработува со другите заинтересирани работни тела и со Законодавно-правната комисија.

Член 282

Работното тело што го определил Соборот да учествува во подготовката на предлогот на општествениот договор може да побара Соборот да разгледа определени прашања што се јавиле во подготовката на текстот на нацртот на општествениот договор.

Член 283

Работното тело што го определил Соборот да учествува во подготовката на предлогот на општествениот договор, предлогот на општествениот договор му го доставува на Соборот.

Кон предлогот на општествениот договор, работното тело доставува и извештај за работата врз подготовката на предлогот на општествениот договор, кој ги содржи и договорените рокови за прифаќање на општествениот договор, како и другите околности значајни за склучувањето на општествениот договор.

Член 284

Врз постапката за разгледување на предлогот на општествениот договор сходно се применуваат одредбите на овој деловник за постапката за разгледување на предлог-закон.

Член 285

Кога Соборот ќе го прифати предлогот на општествениот договор, го определува својот претставник кој од името на Соборот ќе го потпише општествениот договор.

Член 286

Соборот може да го овласти својот претставник да предложи во текстот на прифатениот општествен договор да се извршат измени и дополненија на одделни членови, односно да ги прифати предлозите за измени и дополненија на одделни членови на тој договор што ги поднеле другите учесници во општествениот договор — ако станува збор за измени и дополненија што суштествено не го менуваат текстот на прифатениот општествен договор.

Претставникот на Соборот кој го потпишал општествениот договор во кој се извршени измени и дополненија во смисла на став 1 од овој член го известува Соборот за извршените измени и дополненија.

Член 287

Предлог да пристапи Соборот кон склучениот општествен договор можат да поднесат предлагачите од член 276 на овој деловник.

Кон предлогот да пристапи Соборот кон склучување на општествен договор, се прилага и текстот на тој договор.

Член 288

Врз постапката за пристапување на Соборот кон склучениот општествен договор се применуваат одредбите на овој деловник за постапката на разгледување на предлогот да биде Соборот учесник во склучувањето на општествен договор.

Член 289

Соборот може на иста седница на Соборот да одлучи за предлогот за пристапување кон склучениот општествен договор.

Член 290

Предлог да даде Соборот иницијатива за склучување на општествен договор може да поднесе делегат, работно тело на Соборот и Сојузниот извршен совет.

Врз постапката за разгледување на предлогот да даде Соборот иницијатива за склучување на општествен договор се применуваат одредбите на овој деловник за разгледувањето на предлогот да биде Соборот учесник во склучувањето на општествен договор.

Член 291

Ако Соборот одлучи да даде иницијатива за склучување на општествен договор, претседателот на Соборот иницијативата ја упатува до заинтересираните органи и организации на кои им се предлага да учествуваат во склучувањето на општествениот договор.

## Б. Постапка за избор, именувања и разрешувања

### 1. Избор на функционери на Соборот

*а) Избор на претседател и потпретседател на Соборот*

Член 292

Предлог на кандидат за претседател на Соборот поднесува Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Предлог може да поднесе и секој делегат. Предлогот на делегатот се доставува заради давање мислење до Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Комисијата е должна да даде мислење најдоцна 24 часа пред седницата на Соборот на која ќе се врши избор на претседател. Предлогот, наедно со мислењето на Комисијата, се упатува до сите делегати.

Предлогот се поднесува во писмена форма.

Предлогот мора да им биде доставен на делегатите до почетокот на седницата на Соборот на која ќе се врши избор на претседател на Соборот.

Известителот на Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања или друг предлагач има право да го образложи предлогот на седницата на Соборот.

Член 293

Гласањето за избор на претседател на Соборот на седницата на Соборот, по правило, е јавно.

Гласањето се врши тајно, ако тоа претходно го одлучи Соборот по барање на одделен делегат.

Член 294

Ако изборот на претседател на Соборот се врши тајно, се гласа со гласачки ливчиња.

На секое гласачко ливче мораат да бидат отпечатени имињата на сите предложени кандидати, и тоа според оној ред по кој предлозите му се предадени на претседателот на Соборот. Пред името на секој кандидат мора да има реден број.

Сите гласачки ливчиња се со иста големина, форма и боја. На секое гласачко ливче е втиснат печатот на Собранието на СФРЈ.

Член 295

Со спроведувањето на изборот раководи претседателот на Соборот, кому во работата му помагаат потребен број делегати избрани на седницата на Соборот и секретарот на Соборот.

Член 296

Секој делегат добива гласачко ливче.

По поделбата на гласачките ливчиње и откако ќе утврди дека секој делегат добил гласачко ливче, претседателот на Соборот дава објаснение за начинот на гласањето и го определува времето за пополнување на гласачките ливчиња.

Делегатот гласа на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот.

По истекот на времето определено за пополнување на гласачките ливчиња, претседателот на Соборот ги повикува делегатите да ги предадат гласачките ливчиња.

Секој делегат лично го спушта превитканото гласачко ливче во една од поставените гласачки кутии, чиј број го определува претседателот на Соборот.

Кај секоја гласачка кутија присуствува еден од делегатите што се избрани на седницата да му помагаат на претседателот на Соборот во спроведувањето на изборот.

Член 297

Откако сите присутни делегати ќе гласаат и претседателот на Соборот ќе објави дека гласањето е завршено, се пристапува кон утврдување на резултатот од гласањето.

Резултатот од гласањето се утврдува врз основа на предадените гласачки ливчиња.

Претседателот на Соборот ги објавува резултатите од гласањето и соопштува колку вкупно делегати гласале и колку од нив за одделен од предложените кандидати.

Член 298

За претседател на Соборот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови на присутните делегати.

Ако предложениот кандидат не го добие потребното мнозинство, овластениот предлагач поднесува нов предлог.

Член 299

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по изборот на претседател на Соборот на Собранието на СФРЈ.

Поднесувањето на предлог за избор, како и изборот на потпретседател на Соборот се врши според одредбите на овој деловник за предлогот за избор на претседател на Соборот.

*б) Избор на претседател и членови на работните тела на Соборот*

Член 300

Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања му поднесува на Соборот предлог за избор на претседател и членови на работното тело на Соборот.

Член 301

Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања му го доставува на Соборот, најдоцна 24 часа пред почетокот на седницата на Соборот, предлогот за избор на членови на работното тело на Соборот.

Кога со овој деловник е определено дека во составот на работното тело на Соборот влегуваат јавни, научни и стручни работници, Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања во предлогот на составот на тоа работно тело го внесува предлогот на членови од редот на јавните, научните и стручните работници.

Член 302

Предлогот за избор на претседател и членови на работното тело на Соборот се поднесува во писмена форма.

Гласањето за избор на членови на работното тело, како и за избор на претседатели на работните тела, на седницата на Соборот е јавно.

Член 303

Кога со овој деловник или со одлуката за формирање на работното тело на Соборот е одредено дека во составот на работното тело на Соборот делегираат свои претставници општествено-политичките и други општествени организации и самоуправните организации и заедници во федерацијата, Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања го известува Соборот кои лица се делегирани во составот на работното тело.

**2. Именување на секретар на Соборот**

Член 304

Именувањето на секретар на Соборот се врши сходно со одредбите од овој деловник за изборот на претседател на Соборот.

**3. Постапка за разрешување**

Член 305

Разрешување на функционерите што, согласно со овој деловник, ги избира или именува Соборот, врши Соборот на предлог од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања или од друг предлагач.

Предлогот за разрешување, што не потекнува од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања, го разгледува оваа комисија и доставува до Соборот свое образложено мислење за тој предлог.

Функционерот за кого е поднесен предлог за разрешување може својот став за тој предлог да го изнесе на седницата на Соборот на која се одлучува за предлогот, а ако својот став го соопштил во писмена форма — претседателот на Соборот за тој став ги известува делегатите.

Член 306

Одредбите од овој деловник што се однесуваат на постапката за избор односно за именување, сходно се применуваат и во постапката за разрешување.

Член 307

При одлучувањето за разрешување на функционер, Соборот може да одлучи за негово заменување до изборот, односно до именувањето на нов функционер.

## В. Постапка за разгледување на спроведувањето на утврдената политика и на извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти

Член 308

Заради следење на утврдената политика и на извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општите акти и на обврските на сојузните органи во врска со извршувањето на тие прописи и акти, заради оцена на состојбата во одделни облас-

ти од општествениот живот, Соборот ги разгледува извештаите, анализите и информациите што ги поднесуваат Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и другите сојузни органи и организации, како и работните тела на Соборот.

Пред разгледувањето на седницата на Соборот, извештаите, како и анализите и информациите ги разгледуваат работните тела на Соборот и за тоа му поднесуваат на Соборот извештај.

Во извештајот работните тела му предлагаат на Соборот оцена на состојбата и мерки што Соборот треба да ги утврди.

Член 309

Кога ќе оценат дека во разгледувањето на извештаите, анализите и информациите што ги поднесуваат органите и организациите од член 308 став 1 на овој деловник е неопходно да се извршат потребните консултации, проверки и да се утврдат определени податоци и факти и да се проверат мислењата во организациите на здружен труд и во други самоуправни организации и заедници, работните тела на Соборот можат да формираат работни групи.

Работните групи од став 1 на овој член, откако ќе ја извршат доверената задача, му поднесуваат на работното тело на Соборот извештај со предлози и мислења. Работното тело го користи овој извештај при оцената на состојбата и предлагањето на мерки на Соборот во врска со разгледувањето на извештајот, анализата односно информацијата.

Член 310

Извештаите и информациите можат по исклучок во итни случаи да се поднесат на седницата на Соборот усно, со тоа што да се образложи потребата од нивно ставање на дневен ред на седницата на Соборот.

Во случаите од став 1 на овој член, Соборот го разгледува извештајот односно информацијата, без претходно разгледување во работните тела на Соборот.

Член 311

Во врска со разгледувањето на извештаите, анализите и информациите, Соборот може:

— да донесе заклучок за прифаќање на извештајот, анализата односно информацијата и на предлогот на работните тела на Соборот, како и на извештаите на сојузните органи на управата и на сојузните организации;

— да донесе заклучок за потребата да се донесе нов закон, друг пропис или општ акт, односно да се изврши измена или дополнение на важечки закон, друг пропис или општ акт од делокругот на Соборот;

— да им даде насоки на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата и на сојузните организации;

— да донесе препорака со која на државните органи, на организациите на здружен труд и на други самоуправни организации, здруженија и заедници ќе им се укаже на мерките што би требало тие да ги преземат заради решавање на определено прашање од делокругот на Соборот;

— да донесе заклучок со кој се утврдуваат обврските на Сојузниот извршен совет, на сојузните органи на управата и на други сојузни органи;

— да го задолжи матичното работно тело да го следи спроведувањето на усвоените мерки;

— за прашањето што го разгледува да ја заврши расправата без заземање став.

Член 312

Врз роковите за разгледување на извештаите, анализите и информациите, како и врз начинот на нивното разгледување на седницата на Соборот соодно се применуваат одредбите на овој деловник што се однесуваат на разгледувањето на предлог-закон, со тоа што Соборот може да определи и други рокови.

## Г. Посебна постапка за разгледување и одлучување за предлогот на закон, друг пропис или општ акт односно за друго прашање од општ интерес за републиката односно за автономната покраина

Член 313

Во согласност со Уставот на СФРЈ, кога на дневен ред на Соборот е предлог на закон, друг пропис или општ акт, односно друго прашање од општ интерес за републиката односно за автономната покраина и за рамноправноста на народите и народностите, на барање од мнозинството делегати од една република односно автономна покраина, ќе се спроведе посебна постапка за разгледување и одлучување за таквиот закон или друг општ акт односно прашање, утврдена со овој деловник.

Под предлог на закон од став 1 на овој член, во смисла на овој деловник, се подразбира предлог за донесување закон, предлог-закон и на друг пропис или општ акт.

Барањето за спроведување посебна постапка се доставува до делегатите и до Сојузниот извршен совет.

Член 314

Барањето за спроведување посебна постапка може да се поднесе во текот на претресот на предлог за донесување закон или предлог-закон, на друг пропис или општ акт односно во текот на претресот на друго прашање на седницата на Соборот, до заклучувањето на претресот и преминувањето кон гласање.

Ако барањето е упатено до претседателот на Соборот во писмена форма пред денот на одржувањето на седницата на Соборот, претседателот на Соборот ги запознава делегатите со барањето на почетокот на претресот на предлогот на актот односно на друго прашање на кое се однесува барањето.

Барањето за спроведување на посебна постапка мора да биде образложено.

Член 315

Кога е поднесено барање за спроведување на посебна постапка, претседателот на Соборот ја прекинува расправата за предлогот на актот односно за друго прашање на кое се однесува барањето и го повикува Соборот да го утврди со заклучок начинот на спроведување на посебната постапка, во согласност со одредбите на овој деловник.

Додека не се спроведе посебната постапка, Соборот не може да пристапи кон разгледување на спорниот акт односно на другото прашање.

Член 316

Претседателот на Соборот го повикува предлагачот да се изјасни за поднесеното барање за спроведување на посебна постапка.

Ако предлагачот на актот, по повод ставеното барање за спроведување на посебна постапка, го измени или го дополни својот предлог, претседателот на Соборот ќе ги повика подносителите на барањето да се изјаснат дали остануваат при барањето.

Ако подносителите на барањето се откажат од своето барање, посебната постапка ќе се заклучи и претресот ќе продолжи.

Ако подносителите на барањето останат при своето барање, посебната постапка ќе се продолжи.

Член 317

Соборот може со заклучок да определи спорното прашање на кое укажуваат подносителите на барањето за спроведување на посебна постапка да му се врати на повторно разгледување на пред-

лагачот на актот, или разгледувањето на тоа прашање да му се довери на матичното работно тело што Соборот ќе го формира за таа цел, и да им определи рок за поднесување на извештај за спорното прашање.

Соборот може да одлучи спорното прашање да го разгледа и Законодавно-правната комисија.

Соборот со заклучок го определува и рокот во кој спорното прашање ќе се земе повторно во разгледување. Овој рок не може да биде пократок од 24 часа.

Член 318

Предлагачот на актот, матичното работно тело односно посебното работно тело на Соборот што е формирано да го разгледа барањето за спроведување на посебна постапка е должно за прашањето на кое се однесува барањето да ги изврши потребните консултации со надлежните органи на републиките и на автономните покраини и со Сојузниот извршен совет, ако тој не е предлагач на актот, и со другите заинтересирани органи и организации, да ја собере потребната документација и да ги изврши потребните анализи и, врз основа на тоа, да го предложи начинот на решавање на спорното прашање.

За заземениот став, предлагачот на актот, матичното работно тело односно посебното работно тело на Соборот поднесуваат извештај до Соборот. Извештајот мора да биде образложен и да содржи предлози за решавање на спорното прашање.

Пред разгледувањето на седницата на Соборот, извештајот се упатува до подносителите на барањето за спроведување на посебна постапка и до предлагачот на актот, ако Соборот не му го ставил нему во задача поднесувањето на предлогот за решавање на спорното прашање.

Ако предлагач на актот не е Сојузниот извршен совет, извештајот се доставува и до Сојузниот извршен совет.

Член 319

Извештајот на предлагачот на актот, на матичното работно тело односно на посебното работно тело на Соборот го претресува Соборот.

Во текот на расправата, Соборот може да утврди со заклучок дека предлагачот на актот, матичното работно тело односно посебното работно тело на Соборот треба повторно да го разгледа спорното прашање заради дополнение на својот извештај и, во рокот што ќе го определи Соборот, да му поднесе извештај.

Член 320

Ако подносителите на барањето за спроведување посебна постапка го прифатат извештајот за решавање на спорното прашање, Соборот со заклучок утврдува дека посебната постапка е завршена и го продолжува претресот на предлогот на актот односно на другото прашање.

Ако подносителите на барањето за спроведување на посебна постапка не се согласат со предлогот за решавање на спорното прашање, ова прашање се симнува од дневен ред и може да се стави на дневен ред, на предлог од предлагачот, најрано еден месец од денот на симнувањето од дневниот ред на седницата на Соборот.

Спорното прашање може да се стави на дневен ред на седницата на Соборот и пред истекот на рокот од еден месец, ако подносителите на барањето за спроведување на посебна постапка се согласат со изменетиот предлог за решавање на спорното прашање или ако се откажат од барањето за спроведување на посебна постапка.

Соборот може да одлучи рокот од еден месец од став 2 на овој член да не се применува за законот што се донесува по итна постапка.

Ако подносителите на барањето за спроведување на посебна постапка не се согласат со предлогот за решавање на спорното прашање ниту по истекот на рокот од еден месец, Соборот може да го стави на дневен ред и да ја продолжи расправата и одлучувањето за предлогот на закон, на друг пропис или општ акт односно на материјалот по повод кој била поведена постапката.

## Д. Постапка за разгледување на интерпелација

Член 321

Интерпелација за претресување на определени политички прашања во врска со работата на Сојузниот извршен совет, во согласност со Уставот на СФРЈ, можат да поднесат најмалку десет делегати.

Интерпелацијата се поднесува во писмена форма, а ја потпишуваат сите делегати што ја поднесуваат.

Делегатите ја доставуваат интерпелацијата до претседателот на Соборот.

Член 322

Претседателот на Соборот ја доставува интерпелацијата до претседателот на Сојузниот извршен совет, до делегатите и до претседателот на Собранието на СФРЈ.

Ако интерпелацијата е поднесена во текот на седницата на Соборот, претседателот на Соборот го известува Соборот за тоа.

Интерпелацијата мора да биде образложена.

Член 323

Сојузниот извршен совет ја разгледува интерпелацијата и доставува до претседателот на Соборот писмен извештај за своите мислења и ставови по повод на интерпелацијата.

Сојузниот извршен совет е должен извештајот по повод интерпелацијата да го достави до претседателот на Соборот најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на интерпелацијата.

Претседателот на Соборот го упатува извештајот на Сојузниот извршен совет до сите делегати.

Член 324

Интерпелацијата како посебна точка се става на дневен ред на првата наредна седница на Соборот најрано десет дена од денот на доставувањето на извештајот на Сојузниот извршен совет до делегатите.

Ако Сојузниот извршен совет не поднесе извештај во рокот од член 323 став 2 на овој деловник, интерпелацијата се става на дневен ред на првата наредна седница на Соборот по истекот на тој рок.

Член 325

Еден од делегатите што ја поднеле интерпелацијата има право да ја образложи на седницата на Соборот.

Претседателот на Сојузниот извршен совет има право на седницата на Соборот да го образложи извештајот на Сојузниот извршен совет.

Член 326

Пред претресот на седницата на Соборот, интерпелацијата ја разгледуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија и за тоа му поднесуваат на Соборот извештај.

Делегатите што ја поднеле интерпелацијата можат да ја повлечат најдоцна до одлучувањето на Соборот за интерпелацијата, односно пред преминувањето кон претрес на следната точка од дневниот ред на седницата на Соборот.

Претресот на интерпелацијата Соборот може да го заврши со заклучок со кој го утврдува својот став за прашањата што се покренати со интерпелацијата, а може да му даде и насоки на Сојузниот извршен совет за спроведувањето на политиката и за извршувањето на закон, друг пропис или општ акт во врска со интерпелацијата.

Претресот на интерпелацијата Соборот може да го заврши и без донесување на посебен заклучок, со преминување кон следната точка од дневниот ред на седницата на Соборот.

По завршениот претрес на интерпелацијата, Соборот може да го постави и прашањето на доверба на Сојузниот извршен совет.

## Ѓ. Постапка во врска со делегатското прашање

Член 327

Делегатот има право на Сојузниот извршен совет и на функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација да им поставува делегатско прашање кое се однесува на нивната работа или на работите од нивната надлежност, во рамките на делокругот на Соборот.

Член 328

Делегатско прашање до Сојузниот извршен совет и до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, делегатите можат да поставуваат усно на седницата на Соборот, а помеѓу две седници на Соборот во писмена форма преку претседателот на Соборот.

Ако смета дека поставеното прашање не е во согласност со одредбите на овој деловник, претседателот на Соборот го доставува до Сојузниот извршен совет односно до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација.

Ако смета дека поставеното паршање не е во согласност со одредбите на овој деловник, претседателот на Соборот ќе му укаже на подносителот на прашањето на тоа и ќе го повика да го усогласи своето прашање со тие одредби.

Ако подносителот на прашањето своето прашање не го усогласи со одредбите на овој деловник, претседателот на Соборот тоа прашање ќе го упати до Сојузниот извршен совет, односно до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, и за тоа ќе го извести подносителот на прашањето. По повод на тоа известување, подносителот на прашањето може да бара на седницата на Соборот неговото прашање да се упати до Сојузниот извршен совет, односно до функционерот што раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација. За барањето Соборот одлучува без претрес.

Член 329

Претставникот на Сојузниот извршен совет односно функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација дава одговор, по правило, на истата седница на Соборот на која е поставено делегатското прашање, а може да бара да даде одговор на наредната седница на Соборот.

Ако претставникот на Сојузниот извршен совет односно функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација не може да даде целосен одговор на седницата на Соборот, должен е на наредната седница на Соборот да даде целосен одговор на поставеното прашање.

На писмено поставено прашање одговор се дава на првата наредна седница на Соборот, ако тоа прашање е доставено до Сојузниот извршен совет, односно до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација најдоцна осум дена пред денот определен за одржување на седницата на Соборот.

Член 330

Делегатот може да бара да се даде писмен одговор на прашањето што го поставил.

Писмен одговор на усно поставено прашање се дава во рок од осум дена од денот на поставувањето на прашањето, а писмен одговор на писмено поставено прашање — во рок од осум дена од денот кога прашањето е доставено до Сојузниот извршен совет, односно до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, а се доставува до претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот го доставува одговорот до подносителот на прашањето, а на првата наредна седница на Соборот го известува Соборот за поставеното прашање и за дадениот одговор.

Член 331

На барање од претставникот на Сојузниот извршен совет односно од функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, Соборот може да ги продолжи роковите за давање одговор определени во член 330 од овој деловник.

Член 332

На делегатско прашање поставено до Сојузниот извршен совет одговор дава определениот претставник на тој совет, а на прашање поставено до функционер кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, одговор може да даде, освен функционерот, и функционерот кој го заменува според важечките прописи.

Претставникот на Сојузниот извршен совет, односно функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација може да одбие да даде одговор на поставеното прашање, ако тоа прашање не се однесува на нивната работа или на работите од нивната надлежност.

Ако одговорот би се однесувал на прашање кое претставува државна или службена тајна, Сојузниот извршен совет односно функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација може да предложи одговор да се даде на седницата на Соборот или на работното тело на Соборот во чиј делокруг е тоа прашање, без присуство на јавноста. За тој предлог одлучува Соборот.

Член 333

По примениот одговор, делегатот што поставил прашање може на седница на Соборот да постави дополнително прашање.

По примениот одговор, делегатот што поставил прашање и евентуално дополнително прашање, може, на начинот определен со овој деловник, да предложи предметот на кој се однесува неговото прашање да се стави на дневен ред на таа или на една од наредните седници на Соборот, односно тоа прашање да го разгледа матичното работно тело во чиј делокруг е тоа прашање и за своето мислење да го извести Соборот.

Член 334

Прашањата што делегатите му ги поставуваат на Сојузниот извршен совет и на функционерите кои раководат со сојузни органи на управата или со сојузни организации, како и одговорите на тие прашања, мораат да бидат кратки и не смеат да имаат обележја на расправа.

Член 335

Делегатот има право на функционерите и на колегијалните органи што раководат со организациите и заедниците кои, врз основа на сојузен закон, вршат јавни овластувања да им поставува прашања што се однесуваат на нивната работа или на работите од нивната дејност во рамките на вршењето на јавните овластувања.

Врз начинот на поставување прашања до функционерите и органите од став 1 на овој член и на давањето одговори на тие прашања сообразно се применуваат одредбите од овој деловник за начинот на поставувањето прашања до Сојузниот извршен совет и до функционерите кои раководат со сојузни органи на управата или со сојузни организации и на давањето одговори на тие прашања.

## Е. Постапка во врска со барањето на известување

Член 336

Делегатот може да бара известување на седницата на Соборот и на работните тела на Соборот, со писмено или усно барање упатено непосредно до функционерот во чиј делокруг е прашањето за кое се бара известување.

Член 337

Известување дава функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, а може да даде и функционерот кој го заменува, односно претставникот на организацијата односно на заедницата која врз основа на сојузен закон врши јавни овластувања, како и другите функционери од член 17 на овој деловник.

Функционерот дава известување на седницата на која е побарано известувањето.

Ако функционерот не е во можност да даде известување на седницата на која е тоа побарано, должен е, по правило, да го даде во рок од осум дена од денот на барањето известување односно на приемот на барањето за давање известување. Ако функционерот не е во можност во тој рок да го даде бараното известување, должен е во тој рок да го извести делегатот кога ќе му го даде бараното известување.

Известувањето се дава писмено или усно.

## X. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА СОБОРОТ

Член 338

Соборот ја известува јавноста за прашањата што ги разгледува и за кои одлучува и за своите одлуки и ставови за тие прашања, како и за работата на Соборот и на неговите работни тела.

Член 339

На работните луѓе и граѓаните, на организациите на здружен труд, на другите самоуправни организации и заедници, во согласност со одредбите на прописот за внатрешниот ред во Собранието на СФРЈ, им се достапни и материјалите за прашањата што се разгледуваат во Соборот.

Член 340

Претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање (во натамошниот текст: претставниците на средствата за јавно информирање) имаат право да присуствуваат на седница на Соборот, како и на седници на работните тела на Соборот и да ја известуваат јавноста за нивната работа.

На седница на Соборот, односно на работното тело на Соборот може да се одлучи претставниците на средствата за јавно информирање да можат да присуствуваат на седницата и кога на неа се претресува некое прашање без присуство на јавноста. За таквото прашање овие претставници можат да ги даваат за јавноста само известувањата за кои тоа ќе се одлучи на седницата. На седницата може да се одлучи известувањата за таквото прашање да можат да се даваат дури по истекот на определено време.

Член 341

На претставниците на средствата за јавно информирање им се ставаат на располагање предлог-актите и другите материјали што се разгледуваат во Соборот и во неговите работни тела, извештаите на работните тела на Соборот и стенографските белешки од седниците на Соборот, освен ако со општиот акт за начинот на ракување со материјалот во Собранието на СФРЈ што се смета за државна тајна или е од доверлив карактер не е поинаку уредено.

За примената на одредбата на став 1 од овој член се грижи секретарот на Соборот.

Член 342

Соборот може да одлучи предлогот за донесување на закон или предлогот на друг општ акт што се претресува во Соборот, а што е од посебен интерес за јавноста, да се објави преку печатот или во посебна публикација.

Член 343

На претставниците на средствата за јавно информирање им се обезбедуваат доставување на материјалите, потребни услови за следење на работата на Соборот и на неговите работни тела и разговори со функционерите во Соборот и со претставниците на предлагачот.

Заради редовно, навремено, вистинито и целосно известување на јавноста за работата на Соборот, Соборот и неговите работни тела можат да одлучат да се издаде официјално соопштение или да се одржи конференција со претставниците на јавното информирање.

Член 344

Официјално соопштение за средствата за јавно информирање се дава, особено, по седници на Соборот или на неговите работни тела што се одржани без присуство на јавноста, односно без присуство на претставниците на средствата за јавно информирање, како и во други случаи кога Соборот или неговото работно тело тоа ќе го одлучат.

Ако текстот на официјалното соопштение не е утврден на седница на Соборот односно на неговото работно тело, тој текст го утврдува претседателот на Соборот, односно на работното тело на Соборот.

Член 345

Конференција со претставниците на средствата за јавно информирање се одржува кога ќе одлучи Соборот или кога тоа, на предлог од работното тело или по своја иницијатива, ќе го одлучи претседателот на Соборот.

Кога ќе одлучи да одржи конференција со претставниците на средствата за јавно информирање, Соборот го определува својот претставник што ќе ја одржи таа конференција.

## XI. УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ И ПИСМАТА НА НАРОДИТЕ И НАРОДНОСТИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РАБОТАТА НА СОБОРОТ

Член 346

Делегатот има право на седница на Соборот и на неговите работни тела да зборува на кој и да било јазик на народите на Југославија, односно на јазик на народноста на која и припаѓа.

Говорот на делегатот одржан на седница на Соборот или на негово работно тело на еден од јазиците на народите на Југославија се преведува на

другите јазици на народите на Југославија и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански јазик и унгарски јазик).

Говорот на делегатот одржан на седница на Соборот или на негово работно тело на јазикот на народност се преведува на сите јазици на народите на Југославија и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански јазик и унгарски јазик).

Член 347

Секој делегат има право на Соборот и на неговите работни тела да им поднесува писмени предлози, амандмани и други поднесоци на кој и да било од јазиците и писмата на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, односно на јазикот на народноста на која ѝ припаѓа.

Поднесоците на делегатите составени на еден од јазиците на народите на Југославија и поднесоците составени на јазиците на одделни народности се преведуваат на јазиците на народите на Југославија, утврдени со републичките устави и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански јазик и унгарски јазик).

На јазиците и писмата на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, и на јазиците на албанската и унгарската народност (на албански јазик и на унгарски јазик) во Соборот се изработуваат:

— предлозите за донесување закони или предлозите на другите општи акти од делокругот на Соборот и другите предлози што ги разгледува Соборот и неговите работни тела, како и заклучоците и записниците на Соборот и на неговите работни тела;

— нацрт-законите или одделни прашања од тие нацрти за кои Соборот одлучил да ги стави на јавна дискусија;

— информативниот и документациониот материјал за прашањата на дневен ред на седниците на Соборот и на неговите работни тела и за други прашања од делокругот на Соборот односно на неговите работни тела што, според одредбите на овој деловник, се упатува до делегатите;

— другиот материјал што се упатува до делегатите, како: Информативниот билтен на Собранието на СФРЈ, поканите за седница на Соборот и на неговите работни тела и други известувања.

Материјалот од став 1 на овој член, што до Соборот го доставуваат Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и сојузните организации, мора да биде изработен и доставен на јазиците и писмата на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански јазик и унгарски јазик).

Материјалот од став 1 на овој член што до Соборот го доставиле другите органи и организации, како и делегатите, а не е изработен на сите јазици на народите на Југославија и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански јазик и унгарски јазик), се преведува во Собранието на СФРЈ на јазиците на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански јазик и унгарски јазик).

Член 348

До делегатот материјалот се доставува на јазикот на народот на Југославија, утврден со републичкиот устав, на којшто делегатот му припаѓа, ако тој не бара поинаку, а на делегатот што ѝ припаѓа на народност — на јазикот на народот на Југославија што тој ќе го определи, или на јазикот на албанската односно унгарската народност (албански јазик односно унгарски јазик).

На собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини материјалите од делокругот на Соборот им се доставуваат на јазикот на народот на Југославија што се употребува во таа република односно автономна покраина, а на собранијата на автономните покраини и на јазикот на албанската односно унгарската народност (албански јазик односно унгарски јазик).

На органите и организациите и на одделни граѓани на територијата на републиката односно на автономната покраина материјалите од делокругот на Соборот им се доставуваат на јазикот на народот на Југославија што се употребува во таа република односно автономна покраина, а на територијата на автономната покраина и на јазикот на албанската односно унгарската народност (албански јазик односно унгарски јазик).

Член 349

Собранијата на автономните покраини и другите органи и организации на подрачјата на кои живеат припадници на народностите, можат предлозите односно барањата за донесување акти од делокругот на Соборот и другите предлози што ги разгледува Соборот и неговите работни тела да ги поднесуваат на еден од јазиците на народностите од територијата на автономната покраина, односно на тоа подрачје.

Граѓаните — припадници на народностите можат на Соборот и на неговите работни тела да им поднесуваат барања за донесување акти од делокругот на Соборот, предлози и други претставки на јазикот на народноста на која ѝ припаѓаат.

Барањата, предлозите и претставките од ст. 1 и 2 на овој член, составени на јазиците на народностите, што се доставуваат до делегатите, се преведуваат на јазиците на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, и на јазикот на албанската односно унгарската народност (албански јазик односно унгарски јазик).

Одговорите на овие барања, предлози и претставки се доставуваат на јазикот на народот на Југославија или на јазикот на албанската односно унгарската народност (албански јазик односно унгарски јазик) на кој се обратил подносителот на барањето, предлогот или претставката

## XII. ОДНОСИ И СОРАБОТКА НА СОБОРОТ СО СОБОРОТ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ПОКРАИНИТЕ

Член 350

Соборот може да одлучи заедно со Соборот на републиките и покраините да одржи седница заради разгледување на прашањата за кои одлучуваат рамноправно.

Соборот може да одлучи заедно со Соборот на републиките и покраините да одржи седница заради давање свечена изјава на функционер што го избира Собранието на СФРЈ, за да ислуша излагање, извештаи, како и заради претресување на друго прашање од заеднички интерес.

Седницата што соборите на Собранието на СФРЈ заедно ја одржуваат ја свикуваат претседателите на тие собори спогодбено ,или врз основа на заклучок на соборите, откако претходно ќе се договорат за денот на одржувањето и за дневниот ред на таа седница. На седницата што соборите на Собранието на СФРЈ ја одржуваат заедно и претседаваат претседателите на соборите на Собранието на СФРЈ наизменично.

Член 351

Ако на седницата што Соборот ја одржува заедно со Соборот на републиките и покраините се одлучува за определено прашање, Соборот се изјаснува во согласност со одредбите на овој деловник.

Член 352

Работно тело на Соборот може да заклучи со работно тело на Соборот на републиките и покраините заедно да одржи седница заради разгледување на прашања од интерес за работните тела на обата собора и за тоа можат да поднесат заеднички извештај до Соборот.

Седницата што работните тела на Соборот ја одржуваат заедно ја свикуваат претседателите на тие тела, спогодбено или врз основа на заклучок на работното тело, откако претходно се договарат за денот на одржувањето и за дневниот ред. На овие седници претседателите на работните тела претседаваат наизменично.

Член 353

Соборот може за прашањето што го разгледува да побара мислење од Соборот на републиките и покраините.

Соборот го разгледува мислењето што му го дал Соборот на републиките и покраините по своја иницијатива или на барање од Соборот и за тоа зазема став.

За заземениот став Соборот го известува Соборот на републиките и покраините.

Член 354

Соборот може во текот на постапката за претресување на прашање од делокругот на Соборот на републиките и покраините да го разгледува тоа прашање, ако е од интерес за Соборот, и да даде мислење за тоа.

Соборот може да определи свој претставник што на седницата на Соборот на републиките и покраините ќе го образложи мислењето што го дал Соборот.

Член 355

Работното тело на Соборот може да разгледа прашање од делокругот на Соборот на републиките и покраините и за тоа да му поднесе на Соборот извештај.

Извештајот на работното тело на Соборот се доставува до делегатите во Соборот и до Соборот на републиките и покраините.

Член 356

Нацртот на својата програма за работа Соборот го доставува на мислење до Соборот на републиките и покраините и го разгледува мислењето на тој собор.

Соборот ја разгледува нацрт-програмата за работа на Соборот на републиките и покраините што му ја доставува тој собор и за тоа дава мислење.

## XIII. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ НА СОБОРОТ СО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СФРЈ

Член 357

Соборот го известува Претседателството на СФРЈ за своите седници и за седниците на своите работни тела и му ги доставува предлогот на дневниот ред и материјалите што им се доставуваат на делегатите.

Член 358

Членовите на Претседателството на СФРЈ можат да присуствуваат и да учествуваат во работата на седниците на Соборот и на седниците на работните тела на Соборот.

Член 359

Соборот ги разгледува предлозите на Претседателството на СФРЈ за утврдување на внатрешната и надворешната политика и за донесување закони, други прописи и општи акти, според постапката утврдена со соодветните одредби на овој деловник.

Член 360

Ако Соборот не го прифати предлогот на Претседателството на СФРЈ за утврдување на внатрешната и надворешната политика или предлогот за донесување закон, друг пропис или општ акт чиешто донесување Претседателството на СФРЈ го смета за неопходно, или ако не го прифати предлогот на Претседателството на СФРЈ да се одложи донесувањето на закон или на друг општ акт, Соборот и Претседателството на СФРЈ спогодбено ја утврдуваат постапката за разгледување на спорното прашање и го определуваат рокот за усогласување на ставовите.

Член 361

Соборот може да побара од Претседателството на СФРЈ да го изложи ставот за одделно прашање од неговата надлежност што е од значење за работата на Соборот.

За тоа барање на Соборот претседателот на Соборот го известува Претседателството на СФРЈ преку претседателот на Собранието на СФРЈ.

## XIV. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СОБОРОТ СПРЕМА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

### 1. Претставување на Сојузниот извршен совет во Соборот

Член 362

Во Соборот Сојузниот извршен совет го претставува претседателот на Сојузниот извршен совет.

За одделни области од општествениот живот Сојузниот извршен совет може да определи свои членови како постојани претставници во Соборот и во неговите работни тела.

Сојузниот извршен совет може да го определи за постојан претставник во одделни работни тела на Соборот и функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, кој не е член на Сојузниот извршен совет, кога се разгледуваат прашања од областа што е во делокругот на органот односно на организацијата со која раководи тој.

Член 363

Кога Сојузниот извршен совет му поднесува на Соборот предлог за донесување закон, предлог на закон, на друг пропис или општ акт односно извештај, анализа или информација за спроведувањето на утврдената политика и извештај за извршувањето на сојузните закони, тој известува и за својот претставник кого го одредил.

Сојузниот извршен совет ги определува своите претставници во случаите од став 1 на овој член од редот на членовите на Сојузниот извршен совет и на функционерите кои раководат со сојузен орган на управата и со сојузна организација, а не се членови на Сојузниот извршен совет.

Сојузниот извршен совет може да определи и потсекретар или помошник на функционер кои раководат со сојузен орган на управата или со сојузна организација да го претставува во работните тела на Соборот по определено прашање од областа што спаѓа во делокругот, на соодветниот сојузен орган на управата односно сојузната организација, ако со овој деловник не е поинаку определено.

Претставниците на Сојузниот извршен совет присуствуваат на седниците на Соборот и на неговите работни тела на кои се разгледува материјалот од став 1 на овој член и учествуваат во работата на Соборот и на неговите работни тела и ги изнесуваат ставовите на Сојузниот извршен совет.

Член 364

Сојузниот извршен совет определува свои повереници во случаите од член 362 на овој деловник.

Сојузниот извршен совет упатува повереници кога тоа ќе го побара Соборот или негово работно тело или кога Сојузниот извршен совет смета дека е тоа потребно.

Повереникот на Сојузниот извршен совет присуствува на седниците на Соборот и на неговите работни тела, дава известувања и објасненија за прашањата што се на дневен ред на седницата на Соборот и на неговите работни тела.

Член 365

Соборот и неговите работни тела го известуваат Сојузниот извршен совет за своите седници.

За седниците на Соборот и на неговите работни тела, на кои ќе се разгледуваат материјалите од член 363 на овој деловник, се известуваат и претставниците и повереничиите на тој совет.

**2. Известување на Соборот за работата на Сојузниот извршен совет**

Член 366

Сојузниот извршен совет на своја иницијатива или на барање од Соборот поднесува извештај за својата работа, за состојбата во определена област на општествениот живот и за извршувањето на одделни закони, други прописи и општи акти на Соборот, како и за други прашања од делокругот на Соборот.

Сојузниот извршен совет го поднесува извештајот од став 1 на овој член на своја иницијатива, кога е тоа предвидено со законот, со програмата за работа на Соборот или кога тоа ќе го одлучи Соборот.

Извештајот на Сојузниот извршен совет од став 1 на овој член го разгледува Соборот и со заклучок го утврдува својот став.

**3. Остварување на политичка контрола на Соборот над работата на Сојузниот извршен совет и одговорност на Сојузниот извршен совет**

Член 367

Во остварувањето на политичка контрола на Соборот над работата на Сојузниот извршен совет и на одговорноста на Сојузниот извршен совет пред Соборот, Соборот може, во рамките на својот делокруг, да покрене претрес на прашањата што се однесуваат на работата на Сојузниот извршен совет.

Претрес на прашањата може да се покрене по повод разгледувањето на предлог за донесување закон, предлог на закон, на друг пропис или општ акт, или извештај, анализа или информација за спроведувањето на утврдената политика и за извршувањето на сојузните закони, извештај за работата на Сојузниот извршен совет и поднесена интерпелација.

Член 368

Претресот на прашањата што се однесуваат на остварувањето на политичката контрола на Соборот над работата на Сојузниот извршен совет и на неговата одговорност може да се заврши:

— со донесување на заклучок со кој се насочува работата на Сојузниот извршен совет или му се даваат насоки во врска со спроведувањето на политиката и со извршувањето на сојузните закони, на други прописи и општи акти на Соборот;

— со донесување заклучок со кој се утврдуваат обврските на Сојузниот извршен совет за преземање на определени мерки, за поднесување извештаи или предлози на акти, или за доставување информации и други материјали;

— со заземање ставови за работата на Сојузниот извршен совет и за неговата одговорност;

— со поставување на прашање на довербата на Сојузниот извршен совет односно на претседателот и на членовите на тој совет;

— со преминување на следната точка од дневниот ред.

Член 369

По повод на разгледувањето на прашањата што се однесуваат на спроведувањето на политичката контрола над работата на Сојузниот извршен совет, како и по повод на други прашања во врска со работата на Сојузниот извршен совет, најмалку десет делегати можат да постават прашање на довербата на Сојузниот извршен совет.

Во поглед на натамошната постапка во која е поставено прашање на довербата на Сојузниот извршен совет, односно на претседателот и на членовите на тој совет како и постапката во која Сојузниот извршен совет поднесува колективна оставка, се применуваат одредбите на Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

## XV. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СОБОРОТ СПРЕМА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 370

Во остварувањето на правата на Соборот спрема сојузен орган на управата или сојузна организација, Соборот може, во рамките на својот делокруг, да бара од сојузниот орган на управата и од сојузната организација:

— да го известат за спроведувањето на политиката што ја утврдил Соборот и за извршувањето на сојузните закони, други прописи и општи акти на Соборот за одделни прашања од областа на нивниот делокруг;

— да изработи предлог на закон, на друг пропис или општ акт што го донесува Соборот;

— да му даваат известувања и објасненија за прашањата од својот делокруг;

— да му доставаат податоци со кои располагаат или што се должни од својот делокруг да ги собираат и евидентираат, како и списи и други потребни материјали за работа на Соборот и на работните тела.

Член 371

Работното тело на Соборот може, во рамките на програмата за работа на Соборот, да бара од сојузен орган на управата и од сојузна организација:

— да го известат за прописите донесени заради извршување на законите и другите општи акти, согласно со овластувањата што им се дадени во законот или во друг општ акт, како и за причините, во случаите кога не ги донеле тие прописи во утврдениот рок;

— да бараат стручна помош при изработката на законите и другите општи акти, кога предлагач на тие акти е работно тело.

Ако сојузниот орган на управата, односно сојузната организација смета дека не може поради други свои редовни обврски да го изврши барањето на работните тела на Соборот, ќе ги извести за тоа работното тело и Сојузниот извршен совет и ќе ги изнесе причините поради кои тоа не може да го стори.

Член 372

Работното тело на Соборот може од функционерите кои раководат со сојузен орган на управата или со сојузна организација да бара во работата на анкетната група или на друга група, што ја формира-

ло работното тело, да учествуваат стручњаци од соодветните органи на управата, односно организации.

Член 373

Работното тело на Соборот ги известува сојузниот орган на управата и сојузната организација за седниците на кои ќе бидат претресувани прашања што се однесуваат на областа од нивниот делокруг, заради учество на нивни претставници на тие седници.

Член 374

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација има право и должност да учествува во работата на седниците на Соборот и на неговите работни тела кога се претресуваат прашања од делокругот на сојузниот орган на управата или на сојузната организација со која раководи тој и, по потреба, да дава известувања и објаснувања.

Ако функционерот е спречен да учествува во работата на седницата на работното тело, може да определи во работата на седницата да учествува раководниот работник во соодветниот орган на управата, односно организација.

Член 375

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација поднесува извештај, на барање од Соборот, по своја иницијатива или кога е тоа утврдено со закон или со програмата за работа на Соборот, за состојбата во соодветната област, за извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општите акти на Соборот и за други прашања од својот делокруг, како и за работата на органот, односно на организација со која раководи.

## XVI. НАЧИН НА УЧЕСТВО НА СОБОРОТ ВО РАБОТАТА НА СОЈУЗНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ СОВЕТИ

Член 376

Во работата на сојузните општествени совети учествуваат, како делегати на Соборот, претставниците на работните тела што ќе ги определи Соборот, во согласност со својата програма за работа.

Претседателот на Соборот, врз основа на договор со претставниците на работните тела, може да определи во работата на сојузните општествени совети да учествуваат и други делегати, зависно од прашањата што се на дневен ред на седницата на советите.

Во работата на сојузните општествени совети можат да учествуваат претседателот и потпретседателот на Соборот.

Член 377

Делегатот кој учествува во работата на сојузните општествени совети е должен на седниците на советите да ги изнесува мислењата и ставовите на работните тела што го разгледувале тоа прашање.

Делегатот кој учествувал во работата на сојузниот општествен совет е должен за мислењата и ставовите изнесени на седницата на советот да го извести работното тело.

Делегатот може на седницата на сојузните општествени совети да го изнесува и своето мислење, со тоа што е должен да го извести советот дека е тоа негово мислење.

Член 378

За мислењата и предлозите изнесени на седниците на сојузните општествени совети, утврдени во постапката по повод разгледувањето и подготовувањето на одделни закони, други прописи и општи акти од делокругот на Соборот или во врска со разгледувањето на други прашања значајни за работата на Соборот, се известуваат делегатите.

Член 379

Во постапката на подготвување и разгледување на закон, друг пропис или општ акт од делокругот на Соборот, Соборот може да одлучи за определено прашање од тој акт да се прибави мислење од советот.

Член 380

Претседателот, односно потпретседателот на Соборот е член на Координациониот одбор на сојузниот општествен совет.

Соборот може да определи и друг делегат во Координациониот одбор за сојузниот општествен совет.

## XVII. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ НА СОБОРОТ СО УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

### 1. Постапка во врска со поведувањето постапка за оценување на уставноста на закон, на друг пропис или општ акт

Член 381

Решението на Уставниот суд на Југославија за поведување постапка за оценување на уставноста на закон, на друг пропис или општ акт што на Собранието на СФРЈ му го упатил Уставниот суд на Југославија, претседателот на Соборот го упатува на разгледување до матичното работно тело и до Законодавно-правната комисија.

Решението на Уставниот суд на Југославија од став 1 на овој член се доставува и до Сојузниот извршен совет, до Сојузниот орган на управата надлежен за работи на законодавството и до соодветната служба на Собранието на СФРЈ, заради давање мислење.

Член 382

За одржувањето на седницата на работното тело и на седницата на Соборот на која ќе се разгледува решението, се известува Уставниот суд на Југославија.

Член 383

Матичното работно тело го разгледува решението на Уставниот суд на Југославија и за тоа му поднесува на Соборот извештај.

Извештајот на матичното работно тело се доставува и до Законодавно-правната комисија.

Законодавно-правната комисија го разгледува решението за поведување постапка за оценување на уставноста на законот, на друг пропис или општ акт заедно со извештајот на матичното работно тело од гледиште на уставноста на тој закон, друг пропис или општ акт и за тоа му поднесува на Соборот извештај.

Член 384

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија при разгледувањето на решението на Уставниот суд го имаат предвид и мислењето на Сојузниот извршен совет.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во постапката за разгледување на решението остваруваат потребна соработка и ги усогласуваат своите ставови.

Член 385

Ако матичното работно тело или Законодавно-правната комисија при разгледувањето на решението оценат дека има основа за измена или дополнение на законот, другиот пропис или општиот акт на кои се однесува решението на Уставниот суд на Југославија, или дека престанала потребата од примена на тој закон, ќе му предложат на Соборот да заклучи да се пристапи кон измена односно дополнение на законот, другиот пропис или општиот акт или кон донесување на закон за престанување на

важењето на законот, другиот пропис или општиот акт и својот предлог ќе го достават до председателот на Соборот заради изнесување на седницата на Соборот.

Член 386

Соборот го разгледува решението на Уставниот суд на Југославија заедно со извештајот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија и, ако оцени дека е потребно да се измени или дополни законот, другиот пропис или општиот акт на кој се однесува решението, ќе го определи органот или работното тело што ќе го поднесе предлогот за измена или дополнение на законот, другиот пропис или општиот акт, како и рокот во кој ќе се подготви предлогот и ќе му се поднесе на Соборот.

Ако Соборот оцени дека нема основа за измена или дополнение на законот, другиот пропис или општиот акт, на кој се однесува решението, Соборот ќе определи свој претставник да го претставува Собранието на СФРЈ во постапката пред Уставниот суд на Југославија.

Член 387

Претседателот на Соборот го известува Уставниот суд на Југославија за ставот на Соборот по повод решението за поведување постапка за оценување на уставноста на закон, друг пропис или општ акт.

Член 388

Врз упатувањето на решение на Уставниот суд на Југославија до делегатите, како и врз роковите за разгледување во матичното работно тело и во Законодавно-правната комисија, се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на предлогот за донесување на закони.

Член 389

Ако Уставниот суд на Југославија донел одлука со која утврдил дека законот, другиот пропис или општиот акт не е во согласност со Уставот на СФРЈ и го определил рокот во кој законот, другиот пропис или општиот акт треба да се усогласат со Уставот на СФРЈ, претседателот на Соборот оваа одлука ја доставува до делегатите, до матичното работно тело, до Законодавно-правната комисија и до Сојузниот извршен совет.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, земајќи го предвид мислењето на Сојузниот извршен совет, му предлагаат на Соборот ставови или мерки што Соборот треба да ги прифати или да ги преземе за спроведување на одлуката на Уставниот суд на Југославија.

Ако е потребно да се измени или да се дополни закон, друг пропис или општ акт на кој се однесува одлуката на Уставниот суд на Југославија, Соборот ќе го определи органот или работното тело што ќе го поднесе предлогот за донесување со предлогот на закон, друг пропис или општ акт за измена или дополнение на закон, друг пропис или општ акт или за престанување на важењето на законот, другиот пропис или општиот акт на кој се однесува одлуката на Уставниот суд на Југославија, како и рокот во кој предлогот ќе се подготви и ќе му се поднесе на Соборот.

Ако Соборот оцени дека рокот што Уставниот суд на Југославија го определил за усогласување со Уставот на СФРЈ е недоволен ќе побара од Уставниот суд на Југославија негово продолжување.

Член 390

Кога Уставниот суд на Југославија ќе го извести Соборот дека ја запрел постапката за оцена на уставноста на закон, друг пропис или општ акт за кој Соборот зазел став, претседателот на Соборот на првата наредна седница го известува Соборот за решението на Уставниот суд на Југославија за запирањето на постапката.

**2. Постапка во врска со известувањето на Уставниот суд на Југославија за состојбата и проблемите на остварувањето на уставноста и законитоста**

Член 391

Известувањата на Уставниот суд на Југославија упатени до Соборот за состојбата и проблемите на остварувањето на уставноста и законитоста, мислењата и предлозите за донесување и измена на закон и за преземање на други мерки заради обезбедување на уставноста и законитоста и заштита на правото на самоуправување и на другите слободи и права на граѓаните и на самоуправните организации и заедници, претседателот на Соборот ги доставува до делегатите, до матичното работно тело, до Законодавно-правната комисија и до Сојузниот извршен совет.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги разгледуваат прашањата од став 1 на овој член и заземаат став за тоа дали тие прашања треба да се разгледуваат на седница на Соборот и за тоа му поднесуваат на Соборот извештај.

Заинтересираното работно тело ги разгледува прашањата од став 1 на овој член пред нивното разгледување во матичното работно тело и во Законодавно-правната комисија и за тоа му поднесува на Соборот извештај што едновремено се доставува до матичното работно тело и до Законодавно-правната комисија.

Соборот ги разгледува прашањата од став 1 на овој член заедно со извештајот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија и, ако оцени дека е потребно да се измени или дополни закон, друг пропис или општ акт, ќе го определи органот или работното тело што ќе го поднесе предлогот за измена или дополнение на законот, другиот пропис или општиот акт, како и рокот во кој ќе се подготви предлогот и ќе му се поднесе на Соборот.

За заземените ставови на Соборот, претседателот на Соборот го известува Уставниот суд на Југославија.

Член 392

Известувањето на Уставниот суд на Југославија дека надлежниот орган не донел пропис за извршување на одредбите на Уставот на СФРЈ, на сојузен закон, на друг пропис или општ акт, а бил должен да донесе таков пропис, претседателот на Соборот им го упатува на делегатите, на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија.

Известувањето на Уставниот суд на Југославија од став 1 на овој член се доставува до Сојузниот извршен совет и до органот што бил должен да го донесе прописот, заради давање мислење односно објаснение.

Член 393

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија го разгледуваат известувањето на Уставниот суд на Југославија заедно со мислењето на Сојузниот извршен совет и со објаснението на надлежниот сојузен орган што бил должен да го донесе прописот и за тоа му поднесуваат на Соборот извештај.

Член 394

Соборот го разгледува известувањето на Уставниот суд на Југославија заедно со извештајот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија и зазема став.

За заземениот став на Соборот, претседателот на Соборот го известува Уставниот суд на Југославија.

**3. Постапка во врска со барањето мислење од Уставниот суд на Југославија за тоа дали републичкиот устав, односно покраинскиот устав е во спротивност со Уставот на СФРЈ**

Член 395

Соборот може на предлог од делегат, работно тело или од Сојузниот извршен совет да одлучи да побара од Уставниот суд на Југославија мислење за тоа дали републичкиот устав, односно покраинскиот устав е во спротивност со Уставот на СФРЈ.

Мислењето на Уставниот суд на Југославија им се доставува на делегатите и на Сојузниот извршен совет.

## XVIII. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ НА СОБОРОТ СО СОЈУЗНИОТ СУД, СО СОЈУЗНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО, СО СОЈУЗНОТО ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО, СО СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО И СО СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

Член 396

Предлозите на Сојузниот суд за спречување на општествено опасните и штетните појави и за зацврстување на законитоста, на општествената одговорност и на социјалистичкиот морал и извештаите на Службата на општественото книговодство за појавите во врска со контролата над законитоста во располагањето со општествените средства, претседателот на Соборот ги доставува до делегатите, до матичното работно тело, до Законодавно-правната комисија и до Сојузниот извршен совет.

Матичното работно тело ги разгледува предлозите на Сојузниот суд и извештаите на Службата на општественото книговодство од став 1 на овој член и зазема став за тоа дали тие предлози односно извештаи треба да се разгледуваат на седница на Соборот и за тоа му поднесува на Соборот извештај.

Член 397

Извештаите за работата на Сојузниот суд, на Сојузното јавно обвинителство, на Сојузното јавно правобранителство, на сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето и на Службата на општественото книговодство претседателот на Соборот ги доставува до делегатите и до матичното работно тело.

Извештаите од став 1 на овој член ги разгледува матичното работно тело и за тоа му поднесува на Соборот извештај.

Соборот ги разгледува извештаите од став 1 на овој член и зазема став за тоа.

За заземениот став на Соборот, претседателот на Соборот го известува подносителот на извештајот.

## XIX. НАЧИН НА СОРАБОТКА НА СОБОРОТ СО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И СО ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ, СО САМОУПРАВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ И СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 398

Соборот остварува соработка со Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, со Сојузот на комунистите на Југославија, со Сојузот на синдикатите на Југославија и со други општествено-политички и општествени организации, со самоуправните организации и заедници и со други организации во федерацијата на начинот утврден со овој деловник и со Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Соборот или работното тело на Соборот може на својата седница да повика претставници на организациите или заедниците од став 1 на овој член и може од нив да бара мислења и предлози.

Член 399

Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Сојузот на комунистите на Југославија и Сојузот на синдикатите на Југославија се известуваат за седниците на Соборот и на неговите работни тела и им се доставуваат материјали што се доставуваат до делегатите.

Другите општествено-политички организации и општествените организации, самоуправните организации и заедници, како и другите организации во федерацијата се известуваат за седниците на Соборот и на неговите работни тела и им се доставуваат материјалите што се од интерес за работата на таа организација односно заедница.

Член 400

Соборот може, спогодбено со органите на општествено-политичките и на други општествени организации и на самоуправните организации и заедници во федерацијата, да формира заеднички работни тела заради разгледување на одделни прашања од заеднички интерес и давање мислење или подготвување на предлози за тие прашања.

Со договорот за формирање на заедничко работно тело се уредуваат задачите, составот и начинот на работа на заедничкото работно тело и другите прашања значајни за остварувањето на задачите што му се доверени на тоа тело.

Член 401

Делегатите можат да формираат Клуб на делегатите.

Во Клубот на делегатите, делегатите ги разгледуваат прашањата од заеднички интерес за својата работа и за работата на Соборот, се информираат и разменуваат мислења за одделни прашања од заеднички интерес, како и за други прашања што ги покренале делегатите во Клубот на делегатите или што ги покренале Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

Организацијата, задачите и начинот на работата на Клубот на делегатите се утврдуваат со правилата на Клубот.

Во Соборот се обезбедуваат материјални и други услови за работа на Клубот на делегатите.

## XX. НАЧИН НА СОРАБОТКА НА СОБОРОТ СО СОБРАНИЈАТА НА РЕПУБЛИКИТЕ И СО СОБРАНИЈАТА НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

Член 402

Соборот остварува соработка со собранијта на републиките и со собранијата на автономните покраини.

Собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини се известуваат за одржувањето на седниците на Соборот и им се доставуваат предлогот на дневниот ред и материјалите што им се доставуваат на делегатите.

Член 403

Работните тела на Соборот остваруваат соработка со соодветните работни тела на соборите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини.

Работните тела на Соборот ги известуваат соодветните работни тела на соборите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини за одржувањето на своите седници и им ги доставуваат предлозите на дневниот ред и соодветните материјали.

Работните тела на Соборот со соодветните работни тела на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини можат за прашања од заеднички интерес да организираат проучување на определени прашања, да се консултираат при подготовката на програмата за работа и да организираат и остваруваат други форми на соработка.

Член 404

Соборот може да бара мислење од соборите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини за одделни прашања што ги претресува тој.

Мислењата што соборите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини ги доставуваат до Соборот на своја иницијатива или по барање од Соборот се претресуваат на седницата на Соборот.

За мислењето на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, Соборот посебно зазема став и за тоа го известува претседателот на собранието на републиката, односно на собранието на автономната покраина.

## XXI. СЛУЖБА НА СОБОРОТ

Член 405

Службата ги врши стручните и други работи на Соборот што се однесуваат на: подготвувањето на програмите и плановите за работа на Соборот и на работните тела на Соборот и следењето на нивното извршување; подготвувањето и организирањето на седниците на Соборот и на седниците на работните тела; обезбедувањето и давањето стручни мислења во врска со работата на Соборот и на работните тела; обезбедувањето и подготвувањето на документациони и други материјали и податоци за работата на Соборот и на работните тела; подготвувањето предлози на актите по барање на Соборот и на работните тела и следење на извршувањето на заклучоците на Соборот и на работните тела.

Службата ги врши стручните и други работи за потребите на делегатите во вршењето на нивната функција, што се однесуваат на подготвување на: предлог-актите и амандманите на предлог-актите, извештаите на работните тела, иницијативите и предлозите на делегатите за претресување на прашања од делокругот на Соборот; делегатските прашања, барањата за давање известувања, како и на интерпелација. Службата им обезбедува на делегатите дополнителна документација и потребни информации.

## XXII. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 406

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник престанува да важи Деловникот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ“, бр. 6/75) и Одлуката за измени и дополненија на Деловникот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ“, бр. 22/78).

Член 407

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

АС бр. 522
1 април 1982 година
Белград

**Сојузен собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен,** с. р.

298.

Врз основа на член 286 став 2 точка 6 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, на седницата од 31 март 1982 година, донесе

# ДЕЛОВНИК

## НА СОБОРОТ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ПОКРАИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

## I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник се уредуваат начинот на работата и организацијата на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ (во натамошниот текст: Соборот).

Член 2

Деловникот содржи одредби за:

— правата и должностите на делегациите и делегатите во Соборот;

— известувањето на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации за прашањата за кои одлучува Соборот и за неговата работа;

— делокругот на Соборот;

— организацијата на Соборот;

— програмирањето на работата на Соборот;

— актите на Собранието на СФРЈ од делокругот на Соборот;

— постапката за донесување на актите и за другите постапки во Соборот;

— деловниот ред на седниците на Соборот;

— начинот на остварувањето на јавноста во работата на Соборот;

— употребата на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија во работата на Соборот;

— односите и соработката на Соборот со Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ;

— начинот на остварувањето на односите на Соборот со Претседателството на СФРЈ;

— начинот на остварувањето на правата на Соборот спрема Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и сојузните организации;

— разгледувањето на мислењата и предлозите на Уставниот суд на Југославија, Сојузниот суд, Сојузниот јавен обвинител и Сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето во Соборот и поведувањето постапка од страна на Соборот пред Уставниот суд на Југославија;

— начинот на остварувањето на соработката на Соборот со општествено-политичките и други општествени организации, самоуправните организации и заедници и со други организации во федерацијата;

— начинот на учеството на Соборот во работата на сојузните општествени совети;

— работата на Соборот за време на воена состојба или во случај на непосредна воена опасност;

— вршењето на стручните и други работи за потребите на Соборот;

— другите прашања од работата и организацијата на Соборот.

Член 3

Во заедничката работа на Соборот и на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ (во натамошниот текст: Сојузниот собор) се применуваат одредбите на Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 4

Прашањата што се однесуваат на работата на Соборот, а кои не се уредени со овој деловник, можат да се уредат со одлука или со заклучок на Соборот, во согласност со одредбите на овој деловник.

Работните тела на Соборот можат да донесат деловник за својата работа, во согласност со одредбите на овој деловник.

Работните тела на Соборот можат прашањата што се однесуваат на нивната работа, а кои не се уредени со Деловникот на Соборот или со деловникот за нивната работа, да ги уредат со заклучок во согласност со одредбите на овој деловник.

Член 5

Работата на Соборот и на неговите работни тела е јавна.

Член 6

Соборот е во постојано заседание.

Летниот одмор на Соборот секоја година трае од 20 јули до 5 септември.

Претседателот на Соборот може и за време на летниот одмор да свика седница на Соборот, а претседателот на работното тело на Соборот — седница на работното тело, ако тоа го бараат особени потреби.

## II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ДЕЛЕГАЦИИТЕ И И ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ

Член 7

Делегацијата и делегатот во Соборот ги имаат правата и должностите утврдени со Уставот на СФРЈ, со законот, со овој деловник и со Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 8

Делегацијата во Соборот (во натамошниот текст: делегацијата) ја сочинуваат сите делегати избрани во собранието на републиката, односно во собранието на автономната покраина.

Делегацијата има претседавач кој се избира за време и на начин што се утврдени со деловникот на собранието на републиката односно со деловникот на собранието на автономната покраина.

Делегацијата го известува Соборот за изборот на претседавач на делегацијата.

Член 9

Делегацијата има право на предлагање закони, други прописи и општи акти од делокругот на Соборот што се донесуваат врз основа на согласност на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини.

Делегацијата може во Соборот да поднесе интерпелација за претресување на определени политички прашања во врска со работата на сојузниот извршен совет.

Делегацијата може да предложи да се постави прашање за доверба на Сојузниот извршен совет.

Член 10

Делегацијата и делегатот имаат, во рамките на делокругот на Соборот, право да:

— поднесуваат предлози на акти од самостоен делокруг на Соборот;

— поднесуваат барање за давање автентично толкување на законите што ги донел Соборот;

— поведуваат претресување на прашања во врска со состојбата и појавите во областите од делокругот на Соборот, односно на работните тела на Соборот и да му предлагаат на Соборот заземање ставови за тие прашања;

— предлагаат утврдување на политиката за извршување на законите, другите прописи и општи акти и на обврските на Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и на сојузните организации во врска со нивното извршување;

— предлагаат претресување на прашањата што се однесуваат на спроведувањето на политиката и на извршувањето на законите, другите прописи и општи акти од делокругот на Соборот;

— прдлагаат претресување на прашањата што се однесуваат на работата на Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и на сојузните организации;

— му предлагаат на Соборот да бара од Сојузниот извршен совет и од сојузните функционери да поднесат извештај за својата работа и за работата на органите со кои раководат;

— поставуваат делегатски прашања;

— бараат известувања и објаснинија;

— поведуваат прашања и поднесуваат предлози во врска со остварувањето на политичката контрола над работата на Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и на сојузните организации, како и да поднесуваат предлози во врска со утврдувањето на насоките за нивната работа;

— предлагаат претресување на прашањата што се однесуваат на општествениот надзор и мерки за остварување на тој надзор;

— предлагаат вршење на анкети за прашањата од делокругот на Соборот;

— предлагаат избор односно именување и разрешување на функционерите што ги избира, односно именува Соборот самостојно или рамноправно со Сојузниот собор;

— предлагаат прашања за утврдување на одговорноста на претседателот и членовите на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со сојузните органи на управата и сојузните организации, како и на другите функционери што ги избира односно именува Соборот.

Член 11

Делегацијата и делегатот можат да му предлагаат на Соборот:

— да му предложи на Сојузниот собор донесување на закони, други прописи и општи акти, или претрес на прашањата од делокругот на тој собор;

— да претресе предлог на закон, на друг пропис или општ акт или друго прашање од делокругот на Сојузниот собор и врз основа на претресот, да му даде на Сојузниот собор мислење за предлогот на закон, на друг пропис или општ акт или за тоа прашање.

Член 12

Делегацијата и делегатот имаат право, во рамките на делокругот на Соборот, на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со сојузните органи на управата и сојузните организации да им поставуваат прашања што се однесуваат на нивната работа или на работите од нивна надлежност (делегатско прашање).

Делегацијата и делегатот имаат право, во рамките на делокругот на Соборот, да им поставуваат прашања и на организациите, односно заедниците кои, врз основа на сојузен закон, вршат јавни овластувања.

Член 13

Делегацијата и делегатот имаат право да бараат од функционер што раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација известувања за прашањата што се дневен ред на седницата или што се подготвуваат за седница на Соборот или на работното тело на Соборот чијшто член е делегатот,

како и известување за други прашања што се потребни за работата на делегацијата односно на делегатот, а што се однесуваат на работите од надлежност на органот односно на организацијата со која раководи тој функционер.

Делегацијата и делегатот имаат право да бараат и од организациите на здружен труд односно од самоуправните организации и заедници, кои врз основа на сојузен закон вршат јавни овластувања, известувања за прашањата што се на дневен ред на седницата или се подготвуваат за седница на Соборот или на работното тело на Соборот чијшто член е делегатот, како и известувања за други прашања што се потребни за работата на делегацијата односно на делегатот, а се однесуваат на работите од надлежноста на тие организации односно заедници.

Делегатот има право да бара известување од Сојузниот суд, Сојузното јавно обвинителство, Сојузното јавно правобранителство и од сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето за прашањата што се однесуваат на нивната работа, а што се од интерес за остварувањето на уставноста и законитоста и на заштитата на правото на самоуправување и на другите слободи и права на граѓаните и на самоуправните организации и заедници.

Член 14

Делегацијата и делегатот имаат право да бараат од претседателот на Соборот, потпретседателот на Соборот и од претседателот на работното тело на Соборот објаснения и известувања за прашањата што се однесуваат на нивната работа во Соборот и на работата на телото на кое претседаваат тие.

Делегацијата и делегатот имаат право да бараат од претседателот на Собранието на СФРЈ, потпретседателот на Собранието на СФРЈ и од претседателите на заедничките работни тела на соборите објаснения и известувања за прашањата што се однесуваат на нивната работа во Собранието на СФРЈ и на работата на телото на кое претседаваат тие.

Член 15

Делегацијата и делегатот имаат право да бараат од секретарот на Соборот објаснения и известувања за прашањата што се однесуваат на неговата работа и на работата на службата на Соборот.

Делегатот има право да бара од генералниот секретар на Собранието на СФРЈ, како и од другите именувани функционери во службите на Собранието на СФРЈ известувања и објаснения за прашањата што се однесуваат на нивната работа и на работата на службите со кои раководат тие.

Член 16

Делегацијата и делегатот имаат право редовно да бидат известувани за соработката што Сојузниот извршен совет ја остварува со надлежните републички и покраински органи во постапката на подготвување и предлагање на законите, другите прописи и општи акти што Соборот ги донесува врз основа на согласност на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини.

Делегацијата и делегатот имаат право редовно да бидат известувани и за прашањата што се однесуваат на донесувањето на прописите за извршување на законите, другите прописи и општи акти од делокругот на Соборот, а што Сојузниот извршен совет ги донесува врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи.

Член 17

Делегатот кого Соборот или работно тело на Соборот го определило да учествува во работата на другите органи и тела е должен да постапува во согласност со овластувањата, насоките и ставовите на Соборот, односно на работното тело на Соборот што го определило.

Делегатот е должен да го известува Соборот, односно работното тело на Соборот за својата работа и за работата на органот односно на телото во чија работа учествува, на начинот и во роковите што ќе ги утврди Соборот, односно работното тело на Соборот.

Член 18

Делегатот во Соборот (во натамошниот текст: делегатот) има право редовно да биде известуван за сите прашања што се разгледуваат и за кои се одлучува во Собранието на СФРЈ и за други прашања со кои е потребно да се запознае заради вршење на функцијата делегат, а особено за:

— прашањата на општествено-економскиот развој и другите прашања на внатрешната и надворешната политика;

— работата на Соборот, на неговите работни тела и на заедничките работни тела на соборите;

— работата на Сојузниот извршен совет;

— работата на сојузните органи на управата и сојузните организации;

— работата на органите и телата во кои Соборот односно работно тело на Соборот определило свои делегати;

— спроведувањето на политиката што ја утврдило Собранието на СФРЈ и на извршувањето на законите, другите прописи и општи акти на Собранието на СФРЈ;

— мислењата и предлозите на сојузните општествени совети за прашањата значајни за работата на Соборот.

Член 19

Заради редовно и целосно известување на делегатите, покрај материјалите што се разгледуваат и за кои се одлучува во Собранието на СФРЈ, им се доставуваат и: редовните и повремените публикации за работата на Собранието на СФРЈ, другите службени публикации на Собранието на СФРЈ и друг информативен и документационен материјал за прашањата од член 18 на овој деловник.

Пообемниот информативен и документационен материјал што му е доставен на Собранието на СФРЈ или е изработен во телата или службите на Собранието на СФРЈ на делегатите им се доставува во извод, со тоа што на делегатите и делегациите тој материјал во изворниот текст им се става на увид во документацијата на Собранието на СФРЈ, а им се доставува на нивно барање. Изводите мораат да бидат изработени така што делегатите односно делегациите да можат од нив да се запознаат со основните прашања од изворниот материјал, а составувачите на изворниот материјал се должни да ги подготват едновремено со тој материјал.

Делегатот има право на увид и во другиот информативен и документационен материјал што се изработува и прибира во телата и службите на Собранието на СФРЈ и во сојузните органи на управата, сојузните организации и организациите на здружен труд, во самоуправните организации и заедници што врз основа на сојузен закон вршат јавни овластувања, кои ги евидентираат, прибираат, обработуваат и искажуваат статистичките и другите податоци за состојбата во одделни области на општествениот живот, а што се однесува на прашањата што се разгледуваат во Собранието на СФРЈ.

Член 20

Во вршењето на својата делегатска функција делегатот има право и должност да ја чува државната тајна и податоците од доверлив карактер што му се доверени и е одговорен за тоа.

Критериумите за утврдување на материјалот што се смета за државна тајна и на податоците од доверлив карактер и начинот на утврдување на доверливоста на тие материјали, како и на ракувањето со нив, се уредуваат со општ акт.

Член 21

Делегатот има право и должност да присуствува на седница на Соборот и на работното тело на Соборот чијшто член е, како и на заедничка седница на соборите на Собранието на СФРЈ и на седница на заедничко работно тело на соборите на Собранието на СФРЈ чијшто член е и да учествува во нивната работа.

Делегатот има право да присуствува на седница на работно тело на Соборот и ако не е член на тоа тело, и да учествува во неговата работа.

Член 22

Делегатот кој поради оправдани причини е спречен да присуствува на седница на Соборот и на неговото работно тело чијшто член е, должен е за тоа навремено да го извести претседателот на Соборот, односно претседателот на работното тело на Соборот и својата делегација.

Член 23

Делегатот во Сојузниот собор има право да присуствува на седница на Соборот и на работно тело на Соборот, а врз основа на согласност на Соборот, односно на работното тело на Соборот, и да учествува во нивната работа.

Член 24

Делегациите соработуваат во Соборот и во неговите работни тела заради непосредна размена на мислења и запознавање со ставовите и заради спогодбено изнаоѓање на решенија за прашања на кои собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини даваат согласност, како и за други прашања од заеднички интереси.

Член 25

Во согласност со Уставот на СФРЈ, во заземањето ставови и определувањето за прашањата за кои се одлучува во Соборот, делегацијата на собранието на републиката односно на собранието на автономната покраина ги застапува ставовите на тоа собрание.

Делегацијата на собранието на републиката односно на собранието на автономната покраина го известува своето собрание за работата на Соборот за својата работа што се однесува на прашањата што Соборот ги разгледува и за ставовите на другите делегации, односно за ставовите на собранијата на другите републики и покраини за тие прашања и учествува во заземањето ставови на собранието на републиката односно на собранието на автономната покраина.

При одлучувањето во Соборот, ставот на делегацијата го известува претседавачот на делегацијата или членот на делегацијата што ќе го определи делегацијата.

Член 26

Функцијата на делегатот е општествена.

Делегатот има право на надомест на личниот доход и други права, под условите утврдени со посебни прописи.

Член 27

На делегатите им се издава легитимација.

Во легитимацијата, покрај другото, се наведува имунитетското право и другите права што делегатот може да ги остварува врз основа на легитимацијата.

Член 28

Делегатите можат да формираат Клуб на делегатите.

Делегатите во Клубот на делегатите ги разгледуваат прашањата од заеднички интерес за својата работа и за работата на Соборот, се информираат и разменуваат мислења за одделни прашања од заеднички интерес, како и за други прашања што ги покренале делегатите во Клубот на делегатите или што ги покренала Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

Член 29

Организацијата, задачите и начинот на работата на Клубот на делегатите се уредуваат со правилата на Клубот.

Во Собранието на СФРЈ се обезбедуваат услови за работа на Клубот на делегатите.

## III. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛЕГАЦИИТЕ НА ОСНОВНИТЕ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ И НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПРАШАЊАТА ЗА КОИ ОДЛУЧУВА СОБОРОТ И ЗА НЕГОВАТА РАБОТА

Член 30

Соборот, преку заедничкото гласило на Собранието на СФРЈ и на собранието на секоја република односно собранието на секоја автономна покраина посебно (во натамошниот текст: Гласилото), обезбедува известување на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации (во натамошниот текст: делегациите) за прашањата за кои одлучува и за својата работа и работата на работните тела на Соборот.

Член 31

Делегациите преку Гласилото се известуваат за програмата и плановите за работа на Соборот.

Заради учество на делегациите во разгледувањето и заземањето основни ставови и во утврдувањето на насоките што се однесуваат на нацртите на законите, на други прописи или општи акти од делокругот на Соборот, делегациите се известуваат особено: за целите и причините поради кои се донесува законот или друг општ акт; за основните односи што се уредуваат со него; за основните решенија што се предлагаат и за други можни решенија; за тоа како предложените решенија ќе се одразуваат врз општествената положба и интересите на работните луѓе во одделни области на здружениот труд, врз интересите на работните луѓе и граѓаните во самоуправните организации и заедници и врз нивните заеднички и општи општествени интереси; за тоа кои предложени решенија и поради кои причини не се усвоени; за други факти и податоци значајни за заземање основни ставови и за утврдување насоки за работа на делегациите и делегатите во Соборот.

Во постапката на донесување на актите во Соборот делегациите преку Гласилото се известуваат и за мислењата, предлозите и ставовите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, за мислењата, предлозите и ставовите на работните тела на Соборот и на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ, на Сојузниот извршен совет, општествено-политичките и други општествени организации и заедници во федерацијата.

Делегациите преку Гласилото се известуваат и за спроведувањето на утврдената политика и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти што ги донесува Соборот, како и за другите

прашања од работата и извршувањето на работите и задачите од делокругот на Соборот.

Член 32

Гласилото им се доставува на делегациите и на сите делегати, како и на сојузните органи и општествено-политичките и други општествени организации и заедници во федерацијата.

Член 33

Соборот повремено ги разгледува прашањата во врска со известувањето на делегациите преку Гласилото.

Член 34

За редовното и навремено известување на делегациите преку Гласилото се грижат претседателот на Соборот и претседателите на работните тела на Соборот.

Член 35

Соборот, заедно со Сојузниот собор и со собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, донесува акт со кој се уредуваат начинот и организацијата на подготвувањето и издавањето на Гласилото.

Член 36

За остварувањето на концепцијата и содржината на Гласилото е одговорен Уредувачкиот одбор на Гласилото.

## IV. ДЕЛОКРУГ НА СОБОРОТ

Член 37

Соборот, во согласност со Уставот на СФРЈ, врз основа на согласност од собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини:

1) го донесува општествениот план на Југославија;

2) ја утврдува политиката и ги донесува сојузните закони со кои се утврдуваат односите во областите на: монетарниот систем и емисијата на пари, девизниот систем, надворешнотрговскиот промет, кредитните и другите економски односи со странство; формирањето на паричните и девизните резерви и располагањето со нив, кога е тоа од интерес за целата земја; царинската и вонцаринската заштита; општествената контрола на цените на производите и услугите; кредитирањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини; утврдувањето на приходите на општествено-политичките заедници што се остваруваат со оданочување на производи и услуги во прометот; системот и изворите на средства за финансирање на федерацијата; утврдувањето на мерки за ограничување на пазарот и слободниот промет на стоки и услуги и мерки што претставуваат основа за компензација и на начинот и формата на компензацијата; здружувањето на организации на здружен труд кои вршат стопанска дејност и на нивните здруженија во Стопанската комора за целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и задолжителното здружување на организациите на здружен труд во заедници; дава автентично толкување на сојузните закони што ги донесува;

3) го утврдува вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата за секоја година;

4) одлучува за основањето фондови и за преземањето на обврските на федерацијата, освен кога според одредбите на Уставот на СФРЈ, сојузните органи се овластени самостојно да основаат фондови и да преземаат обврски за федерацијата;

5) ги ратификува меѓународните договори кои бараат донесување на нови или менување на важечките закони што ги донесува тој;

6) донесува деловник за својата работа.

Член 38

Соборот, во согласност со Уставот на СФРЈ, самостојно:

1) ги донесува, кога е тоа предвидено со Уставот на СФРЈ, законите за привремени мерки;

2) ги утврдува, на предлог од Претседателството на СФРЈ, изворите и обемот на средствата и одлучува за преземање на кредитни и други обврски за потребите на народната одбрана и државната безбедност што ќе настанат поради вонредни околности;

3) ги претресува, во рамките на својот делокруг, извештаите на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата, врши политичка контрола над работата на овие органи и со своите насоки ја насочува нивната работа;

4) ја утврдува политиката за извршување на сојузните закони, на другите прописи и општи акти што ги донесува, како и обврските на сојузните органи во врска со извршувањето на тие прописи и акти;

5) врши верификација на мандатот и одлучува за мандатно-имунитетските прашања на делегатите во Соборот.

## V. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОБОРОТ

### 1. Верификација и престанок на мандатот на делегатите

Член 39

Верификација на мандатот на новоизбраните делегати врши Соборот, на предлог од верификационата комисија што ја избира на првата седница од новото свикување.

Со верификацијата на мандатот во Соборот, делегатите ги стекнуваат правата и должностите утврдени во Уставот на СФРЈ, со закон и со овој деловник.

Член 40

Верификационата комисија ја сочинуваат претседател и седум членови избрани од редот на делегатите.

Член 41

Верификационата комисија ги разгледува извештаите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини за изборот на делегациите на тие собранија, испитува дали изборите се спроведени во согласност со Уставот на СФРЈ и за утврдената состојба му поднесува свој извештај на Соборот.

Извештајот на верификационата комисија им се става на располагање на сите членови на Соборот до почетокот на седницата на која се врши верификација на мандатот на делегатите.

Член 42

Соборот го претресува извештајот на верификационата комисија.

Ако комисијата во својот извештај не оспорила дека во собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини изборите за делегати се извршени во согласност со Уставот на СФРЈ, Соборот по делегации го верификува мандатот на делегатите избрани во собранијата на републиките и во собранијата на автономните покраини.

Член 43

Соборот може на седницата да ја оспори верификацијата на одделен мандат и да заклучи да се изврши потребната проверка на исправноста на мандатот.

За верификацијата на оспорениот мандат мора конечно да се одлучи во рок од два месеца.

Делегатот чијшто мандат е оспорен има право да присуствува на седниците на Соборот и да учествува во неговата работа, без право на одлучување.

Член 44

Верификацијата на мандатите на делегатите избрани на дополнителните или повторните избори ја врши Соборот, на предлог од Мандатно-имунитетската комисија на Соборот, сходно со одредбите на овој деловник за верификацијата на мандатите на делегатите.

Член 45

На делегатот му престанува мандатот во случаите утврдени во Уставот на СФРЈ и со закон.

Член 46

Делегатот има право да поднесе оставка.

Постапката во врска со оставката на делегатот се утврдува со актот на собранието на републиката, односно со актот на собранието на автономната покраина.

За престанокот на мандатот на делегатот, собранието на републиката односно собранието на автономната покраина го известува Соборот.

Член 47

Со денот на престанокот на мандатот на делегатот во собранието на републиката односно во собранието на автономната покранина во кое е избран, на делегатот му престанува мандатот во Соборот и во другите органи и тела во кои го определиле Соборот или работното тело на Соборот.

Собранието на републиката односно собранието на автономната покраина го известува Соборот за престанокот на мандатот на делегатот во собранието на републиката, односно во собранието на автономната покраина.

Член 48

Делегатот кој презел функција односно работи што според Уставот на СФРЈ и закон се неспоиви со функцијата делегат е должен за тоа да го извести собранието на републиката односно собранието на автономната покраина што го избрало.

Собранието на републиката односно собранието на автономната покраина го известува Соборот дека на делегатот му престанал мандатот.

Ако делегатот во случајот од став 1 на овој член не го извести собранието на републиката, односно собранието на автономната покраина што го избрало, тоа ќе го стори Мандатно-имунитетската комисија на Соборот.

**2. Претседател, потпретседател и секретар на Соборот**

Член 49

Соборот има претседател и потпретседател на Соборот.

Член 50

Претседателот на Соборот;

— го претставува Соборот;

— учествува во подготовката на седницата на Соборот, ја свикува и претседава на неа;

— се договара со претседателот на Собранието на СФРЈ за прашања од интерес за работата на Соборот утврдени со овој деловник и со Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ;

— се договара со претседателот на Сојузниот собор за начинот и роковите за претресување на прашања за кои соборите на Собранието на СФРЈ одлучуваат во рамноправен делокруг и за други прашања од заеднички интерес за Соборот и Сојузниот собор;

— се грижи за соработката на делегациите во остварувањето на функциите на Соборот и за усогласувањето на работата на работните тела на Соборот;

— покренува разгледување на прашања од делокругот на Соборот на седниците на Соборот и на неговите работни тела;

— се грижи за соработката на Соборот со собранијата на републиките и со собранијата на автономните покраини за прашања од делокругот на Соборот;

— се грижи за соработката со општествено-политичките и со други општествени организации, со самоуправните организации и заедници во федерацијата за прашања од делокругот на Соборот;

— се грижи за спроведувањето на заклучоците на Соборот и за тоа го известува Соборот;

— се грижи за примената на деловникот на Соборот;

— се грижи за остварувањето на начелото на јавност во работата на Соборот и на неговите работни тела;

— се грижи за остварувањето на рамноправноста на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија во работата на Соборот и на неговите работни тела;

— му дава упатства на секретарот на Соборот во поглед на извршувањето на задачите и работите што ги врши службата на Соборот;

— врши и други работи утврдени со овој деловник и со Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ, како и други работи што ќе му ги довери Соборот.

Член 51

При подготовката на седницата на Соборот, претседателот на Соборот, заедно со потпретседателот на Соборот, претседателите на работните тела на Соборот и со претседавачите на делегациите, ги разгледува прашањата значајни за организирањето на работата на Соборот.

Претседателот на Соборот може, при подготовката на седниците и во остварувањето на заклучоците на Соборот, за одделни прашања од делокругот на Соборот да побара мислење од надлежното работно тело на Соборот односно од делегацијата.

Член 52

Претседателот на Соборот, заедно со претседателот на Собранието на СФРЈ и со претседателот на Сојузниот собор, ги потпишува актите на Собранието на СФРЈ што ги донесува Соборот во рамноправен делокруг со Сојузниот собор, освен законите.

Претседателот на Соборот, заедно со претседателот на Собранието на СФРЈ, ги потпишува актите на Собранието на СФРЈ што ги донесува Соборот во самостоен делокруг, освен законите.

Претседателот на Соборот ги потпишува и заклучоците што ги донесува Соборот.

Член 53

Потпретседателот на Соборот го заменува претседателот на Соборот во случај на негова отсутност или спреченост.

Член 54

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат на една година од редот на делегатите.

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат секоја година од друга република односно автономна покраина.

Претседателот и потпретседателот на Соборот не можат да бидат повторно бирани на истата функција во текот на траењето на мандатот на делегатите во Соборот.

Претседателот и потпретседателот на Соборот не можат да бидат бирани едновремено од иста република односно автономна покраина.

На претседателот и потпретседателот на Соборот им престанува функцијата ако пред истекот на времето на кое се бирани им престане мандатот во Соборот.

Член 55

Претседателот и потпретседателот на Соборот, пред стапувањето на должност, пред Соборот даваат свечена изјава која гласи:

„Изјавувам дека својата должност ќе ја вршам одговорно и совесно и дека ќе се придржувам кон Уставот на СФРЈ и сојузните закони, дека ќе се борам за заштита на сувереноста, независноста и интегритетот на земјата и за остварување на власта на работничката класа и на сите работни луѓе, дека ќе се залагам за остварување на братството и единството и за рамноправност на народите и народностите, за развиток на социјалистичкото самоуправно општество и за остварување на заедничките интереси на работните луѓе и граѓаните, народите и народностите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија."

Член 56

Соборот има секретар.

Секретарот на Соборот раководи со работата на службата на Соборот, го организира вршењето на стручните и други работи за потребите на Соборот, неговите работни тела, делегациите и делегатите, му помага на претседателот на Соборот во подготвувањето на седниците на Соборот и во спроведувањето на заклучоците на Соборот и врши други работи што ќе му ги довери Соборот или претседателот на Соборот.

Член 57

Секретарот на Соборот го именува и го разрешува Соборот, на предлог од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Секретарот на Соборот се именува на четири години и може да биде именуван уште еднаш последовно на истата функција.

За својата работа и за работата на службата на Соборот, секретарот на Соборот одговара пред Соборот.

### 3. Работни тела на Соборот

*а) Општи одредби*

Член 58

Соборот, во согласност со Уставот на СФРЈ, формира работни тела за усогласување на ставовите при подготвувањето на законите, другите прописи и општи акти и за разгледување на други прашања од делокругот на Соборот.

Одбори се формираат за усогласување на ставовите при подготвувањето на законите, другите прописи и општи акти, за подготвување и предлагање на тие акти, за следење на спроведувањето на политиката што Соборот ја утврдил и за извршување на законите, другите прописи и општи акти што ги донесува Соборот, како и за разгледување на други прашања од делокругот на Соборот.

Комисии се формираат за вршење на работи од интерес за работата на Соборот и на неговите работни тела.

По потреба, Соборот може да формира и други постојани или повремени работни тела за вршење на определени работи од делокругот на Соборот.

Член 59

Работните тела на Соборот се формираат со овој деловник, а можат да се формираат, укинуваат или да се менува нивниот делокруг и со посебна одлука на Соборот.

Со одлуката за формирање на работните тела на Соборот се утврдуваат нивните задачи, односно делокругот и составот.

Член 60

Работното тело на Соборот има определен број членови, утврден со овој деловник или со одлуката за формирање на работното тело.

Член 61

Членовите на одборите на Соборот се бираат од редот на делегатите.

Членовите на другите работни тела на Соборот се бираат од редот на делегатите, ако со овој деловник или со одлуката за формирање на работното тело на Соборот не е определено поинаку.

Членовите на одборите на Соборот, како и членовите на другите работни тела на Соборот, што се бираат од редот на делегатите, се бираат согласно со начелото на рамноправна застапеност на републиките и соодветна застапеност на автономните покраини.

Членовите на работното тело на Соборот се бираат на четири години, ако мандатот не им престане пред тој рок. Членовите на работното тело на Соборот можат да бидат разрешени пред истекот на времето на кое се избрани.

Делегацијата може да определи наместо отсутниот или спречениот член на работното тело на Соборот, и во други случаи кога ќе оцени дека е тоа потребно, во работата на работното тело со сите права и должности на член на тоа работно тело да учествува и друг член на таа делегација.

Член 62

Работното тело на Соборот има претседател.

Претседателот на работното тело се избира од редот на делегатите — членови на тоа работно тело, на една година, секоја година од друга република, односно автономна покраина.

Претседателот на работното тело на Соборот може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран.

Претседателот на работното тело на Соборот во случај на негова отсутност или спреченост го заменува членот што од редот на делегатите ќе го определи тоа работно тело.

Член 63

Претседателот на работното тело на Соборот ги подготвува и свикува седниците на работното тело на Соборот и претседава на нив, се грижи за спроведувањето на заклучоците на работното тело на Соборот, ја усогласува неговата работа со работата на другите работни тела на Соборот и врши други работи што работното тело на Соборот ќе му ги стави во задача.

Член 64

Работното тело на Соборот работи во седница.

Седницата на работното тело на Соборот ја свикува претседателот на работното тело по своја иницијатива или врз основа на заклучок од работното тело на Соборот, а должен е да ја свика кога тоа го бара претседателот на Соборот или една делегација и да ги наведе прашањата што се ставаат на дневен ред на седницата на работното тело на Соборот.

Ако претседателот на работното тело на Соборот не свика седница на работното тело на Соборот кога е должен тоа да го стори, седница ќе свика претседателот на Соборот.

Член 65

Седница на работното тело на Соборот на која се разгледува нацрт односно предлог на акт за чие донесување е потребна согласност од собранијата на републиките и на собранијата на автономните пок-

раини може да се одржи ако на седницата присуствува по еден член од секоја делегација. Во работата на овие седници учествува и претставник на Сојузниот извршен совет.

Седниците на работното тело на Соборот на кои се разгледуваат други прашања од делокругот на Соборот можат да се одржат ако на седницата присуствуваат повеќе од половината членови на тоа работно тело.

Член 66

На седницата на работното тело на Соборот можат да присуствуваат и да изнесуваат свое мислење и делегати кои не се членови на работното тело на Соборот.

Работните тела на Соборот имаат право да бараат на нивните седници на присуствува претставник односно повереник на Сојузниот извршен совет, кога на седницата се разгледува предлог на тој собор, односно на седницата да присуствува претставник на сојузен орган на управата или на сојузна организација, кога на седницата се разгледуваат прашања од делокругот на тој орган односно организација.

Член 67

Работното тело на Соборот може на своите седници да повикува, заради изнесување на мислења и предлози, и претставници на органите и организациите во федерацијата, на општествено-политичките и други општествени организации, на самоуправните организации и заедници и на други организации, како и научни, јавни и стручни работници.

Член 68

Дневниот ред на седницата на работното тело на Соборот го предлага претседателот на работното тело на Соборот.

Претседателот на работното тело на Соборот е должен во предлогот на дневниот ред да ги внесе сите прашања од делокругот на работното тело на Соборот за кои тоа го бара Соборот, претседателот на Соборот, една делегација, член на работното тело и друго работно тело на Соборот, како и Сојузниот извршен совет.

Предлогот на дневниот ред, заедно со соодветниот материјал, претседателот на работното тело на Соборот им го доставува на членовите на работното тело на Соборот, по правило, осум дена пред одржувањето на седницата на работното тело на Соборот.

Во итни случаи претседателот на Соборот, претседателот и секој член на работното тело на Соборот можат и на седницата на работното тело на Соборот да предложат да се стави на дневен ред определено прашање.

Дневниот ред се утврдува на седницата на работното тело на Соборот.

Член 69

По завршениот претрес за одделно прашање, работното тело на Соборот му поднесува на Соборот свој извештај.

Извештајот на работното тело на Соборот ги содржи мислењата и предлозите изнесени за прашањето што е разгледувано на седницата на работното тело на Соборот.

Во извештајот на работното тело на Соборот за претресот на предлог-актот што се донесува врз основа на согласност на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, работното тело на Соборот посебно известува дали се усогласени ставовите за сите прашања од предлог-актот, а ако не се — за кои од тие прашања и поради кои причини не е постигната согласност.

За изнесените мислења работното тело на Соборот може да заземе став што се внесува во неговиот извештај.

За заземањето став на работното тело на Соборот за прашањата од предлог-актот што се донесува врз основа на согласност на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, потребна е согласност од членовите на работното тело на Соборот од секоја делегација.

За заземање став на работното тело на Соборот за други прашања за кои не е потребна согласност на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, потребно е мнозинство гласови на сите членови на работното тело на Соборот. Во извештајот на работното тело на Соборот за тие прашања се внесуваат и издвоените мислења на одделни негови членови, на работното тело на Соборот кога тие бараат тоа да се внесе во Извештајот.

Работното тело на Соборот може во својот извештај да му предложи на Соборот донесување на соодветен заклучок.

Секретарот на работното тело на Соборот се грижи за подготвувањето на извештајот од седницата на работното тело на Соборот. Претседателот на работното тело на Соборот е одговорен за веродостојноста на тој извештај.

Извештајот кој ги содржи ставовите и предлозите на работното тело за кои одлучува Соборот мора, пред одлучувањето во Соборот, да биде верификуван од работното тело на Соборот.

Член 70

Кога му поднесува на Соборот извештај, работно тело на Соборот определува известител од редот на своите членови.

Известителот на работното тело на Соборот, врз основа на заклучокот на работното тело на Соборот или на барање од Соборот, ги образложува мислењата, предлозите, односно ставовите на работното тело на Соборот.

Известителот на работното тело на Соборот не може да се изјаснува од името на работното тело за прашања за кои работното тело на Соборот не зазело став или не дало предлог. Ако се постави такво прашање за време на претресот во Соборот, Соборот може да донесе заклучок или претресот на тоа прашање да продолжи во Соборот или да се одложи за да заземе работно тело за него став, односно да даде предлог. Ако Соборот заклучи претресот на определено прашање да го продолжи во работното тело, може со заклучок да го одложи разгледувањето на актот во целост, во врска со кој биле поставени прашања, или може со заклучок за наредната седница да ја одложи точката од дневниот ред во целост.

Член 71

На седницата на работното тело на Соборот се води записник. За водењето на записникот се грижи секретарот на работното тело на Соборот.

Членовите на работното тело можат да го користат записникот и пред да биде заверен од работното тело на Соборот.

Член 72

На седницата на работното тело на Соборот на која се усогласуваат ставовите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини и во други случаи, кога работното тело на Соборот ќе одлучи, се водат стенографски белешки.

Стенографските белешки се користат за подготвување на записникот, извештајот, заклучоците и предлозите од седницата на работното тело на Соборот, како и за потребите на делегациите и делегатите во Соборот и не можат да се користат за други цели, освен по одобрение од работното тело на Соборот.

Излагањето на учесниците на седницата на работното тело на Соборот, содржано во стенографските белешки, не се авторизира, ниту се редигира,

освен ако работното тело на Соборот заклучи дека стенографските белешки можат да се користат и за други цели или ако тоа го бара делегатот чиешто излагање е содржано во стенографските белешки.

Стенографските белешки од седницата на работното тело на Соборот се приложуваат кон усвоениот записник и се негов составен дел.

Член 73

Заради проучување на одделно прашање, вршење на консултации, подготвка на предлози и извештаи, работното тело на Соборот може да формира роботна група.

Работната група, откако ќе ја изврши довереката задача, му поднесува на работното тело на Соборот извештај со свои предлози.

Покрај членовите на работното тело на Соборот, членови на работната група можат да бидат и претставници на сојузни органи на управата и на сојузни организации и на други органи и организации, како и научни, стручни и јавни работници.

Работното тело на Соборот може на одделни свои членови да им стави во задача за определени прашања, што ги разгледува работното тело на Соборот, да извршат потребни консултации и да прибават мислења од определени органи и организации.

Член 74

Работните тела на Соборот меѓусебно соработуваат, разменуваат документационен материјал и се запознаваат со извештаите што му ги поднесуваат на Соборот.

Работното тело на Соборот може да одржи заедничка седница со друго работно тело на Соборот и со работно тело на Сојузниот собор.

Работните тела на Соборот можат да формираат заеднички работни групи на кои им доверуваат извршување на определена задача од својот делокруг. Покрај членовите на работното тело на Соборот, членови на заедничката работна група можат да бидат и претставници на сојузни органи на управата и на сојузни организации и на други органи и организации, како и научни, стручни и јавни работници.

Член 75

Работните тела на Соборот што формирале работна група, односно заедничка работна група, го известуваат Соборот за тоа.

Член 76

Работните тела на Соборот можат да бараат од Сојузниот извршен совет и од сојузните органи на управата и сојузните организации преку своите претставници да го изложат својот став кога на дневен ред на седницата на работното тело на Соборот е предлог на Сојузниот извршен совет, односно кога се разгледува прашање што се однесува на делокругот на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација.

Работните тела на Соборот можат да бараат од сојузниот орган на управата и сојузната организација известувања и објаснениja во врска со прашањата што се на дневен ред на седницата на работното тело на Соборот, а кои се однесуваат на делокругот на сојузниот орган на управата и на сојузната организација.

Работното тело на Соборот може да му предложи на Соборот да побара од Сојузниот извршен совет, од сојузните органи на управата и од сојузните организации изработка на акт, анализа или на друг материјал за потребите на Соборот или на работното тело на Соборот.

Работното тело на Соборот може да му предложи на Соборот изработката на анализа или на друг материјал за потребите на Соборот, односно на неговото работно тело, да им ја довери на Стопанската комора на Југославија и на општи здруженија и самоуправни организации и заедници во федерацијата, на научни и стручни организации или на други самоуправни организации и заедници, како и на одделни научни, стручни и јавни работници.

Член 77

Работното тело на Соборот ќе ги разгледа сите прашања за кои тоа ќе го заклучи Соборот и ќе ги стави на дневен ред прашањата што во подготовката на седницата ќе му ги достави претседателот на Соборот или одделна делегација.

Работното тело на Соборот прашањата од својот делокруг ги разгледува и по своја иницијатива.

Член 78

Работните тела на Соборот вршат анкети за прашањата што Соборот ги разгледува и за други прашања што се потребни за извршувањето на нивните задачи, кога тоа ќе го определи Соборот со посебен заклучок.

Анкетата ја врши работното тело на Соборот во чиј делокруг спаѓа прашањето за кое се врши анкета, ако со заклучок на Соборот не е определено дека анкетата ќе ја изврши посебно работно тело што го формирал Соборот.

При вршењето на анкетата, работното тело на Соборот има право да бара определени податоци, исправи и известувања од државните органи и од самоуправните организации и заедници, но не може да врши истражни и други судски функции.

По извршената анкета работно тело на Соборот му поднесува на Соборот извештај.

Член 79

Доколку за потребите од член 76 и 78 од овој деловник не се обезбедени средства, соодветните работни тела на Соборот ќе му предложат на Соборот начин за нивно обезбедување.

Член 80

Работните тела на Соборот имаат секретар.

Секретарот на работното тело на Соборот му помага на претседателот на работно тело на Соборот во подготвувањето на седницата, се грижи за подготвувањето на извештајот и записникот од седницата на работното тело и ги организира и врши другите стручни работи за потребите на работното тело.

Секретарот на работното тело на Соборот на барање од одделен член, или по сопствена иницијатива, дава стручни мислења во врска со примената на Деловникот на Соборот и други стручни мислења потребни за работата на работното тело.

Секретарот на работното тело на Соборот за својата работа одговара пред работното тело на Соборот и пред секретарот на Соборот.

*б) Одбори на Соборот*

Член 81

Соборот ги има овие одбори:

1) Одбор за општествен план и развојна политика;
2) Одбор за пазар и цени;
3) Одбор за финансии;
4) Одбор за кредитно-монетарен систем;
5) Одбор за економски односи со странство;
6) Одбор за прашања на развојот на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини.

Член 82

Во делокругот на Одборот за општествен план и развојна политика се прашањата за насочувањето

на стопанскиот и општествениот развој, усогласувањето на односите во општествената репродукција и утврдувањето на заедничката економска политика утврдена со општествените планови на Југославија и со другите општи акти, како и утврдувањето на политиката и донесувањето на сојузни закони и други општи акти во областа на здружувањето на организациите на здружен труд што вршат стопанска дејност и нивните здруженија во Стопанска комора за целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и задолжителното здружување на организациите на здружен труд во заедници кога тоа го бара технолошкото единство на системот во одделни области и кога е тоа од интерес за целата земја и други прашања на здружување во стопанството од значење за работите од надлежноста на Соборот, како и прашањата на утврдувањето и следењето на спроведувањето на политиката во тие области.

Член 83

Во делокругот на Одборот за пазар и цени се прашањата за утврдувањето на политиката и донесувањето на сојузни закони и општи акти во областа на општествената контрола на цените на производите и услугите; мерките за ограничување на пазарот и на слободниот промет на стоки и услуги и мерките што се основа за компензацијата и начинот и формата на компензацијата; ограничувањето на пазарот и на слободниот промет на стоки и услуги од интерес за целата земја во случај на елементарни несреќи и на недостиг на блага неопходни за потребите на стопанството и животот на граѓаните, како и кога тоа го бараат интересите на народната одбрана; прашањата за утврдувањето на политиката на извршувањето на сојузните закони и другите општи акти и спроведувањето на утврдената политика во овие области.

Член 84

Во делокругот на Одборот за финансии се прашањата за утврдувањето на политиката и донесувањето на сојузни закони и на други општи акти во областа на системот и изворите на средства за финансирање на федерацијата; вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата за секоја година; основањето на фондови и преземањето на обврски на федерацијата, освен кога според одредбите на Уставот на СФРЈ, сојузните органи се овластени самостојно да основаат фондови и да преземаат обврски за федерацијата; утврдувањето на приходите на општествено-политичките заедници што се остваруваат со оданочување на производите и услугите во прометот на целото подрачје на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, како и прашањата за утврдувањето на политиката и донесувањето на сојузни закони и на други општи акти во областа на преземањето на кредитни и други обврски за потребите на народната одбрана и на државната безбедност што ќе настанат поради вонредни околности; прашањата за утврдувањето на политиката на извршувањето на сојузните закони и на други општи акти и спроведувањето на утврдената политика во овие области.

Член 85

Во делокругот на Одборот за кредитно-монетарен систем се прашањата за утврдувањето на политиката и донесување на Сојузни закони и на други општи акти во областа на: монетарниот систем и политиката на емисијата на парите; основите на кредитната политика; формирањето на паричните резерви и располагањето со нив кога е тоа од интерес за целата земја; прашањата за утврдувањето на политиката на извршувањето на сојузните закони и на други општи акти во спроведувањето на утврдената политика во овие области.

Член 86

Во делокругот на Одборот за економски односи со странство се прашањата за утврдувањето на политиката и донесувањето на сојузни закони и на други општи акти во областа на девизниот систем, на надворешнотрговскиот промет, на кредитните и други економски односи со странство; системот на надворешнотрговското и девизното работење и на друго економско работење со странство; формирањето на девизните резерви и располагањето со нив кога е тоа од интерес за целата земја, како и утврдувањето на политиката на курсот на динарот; царинските тарифи и мерките на вонцаринска заштита; контролата на прометот на стоки и услуги преку државната граница; платниот промет со странство; други прашања на економските односи со други држави и меѓународни економски организации и институции; прашањата за утврдувањето на политиката на извршувањето на сојузните закони и на други општи акти и спроведувањето на утврдената политика во овие области.

Член 87

Во делокругот на Одборот за прашања на развојот на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини се прашањата за утврдувањето на политиката на развојот на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини со кредитирање и здружување на труд и средства, како и на друг начин на кој се обезбедува нивниот целокупен побрз развој.

Член 88

Прашањата што се однесуваат на ратификацијата на меѓународните договори ги разгледува одборот во чиј делокруг спаѓаат прашањата на кои се однесува меѓународниот договор.

Одборот за економски односи со странство ги разгледува и прашањата што се однесуваат на ратификацијата на меѓународните договори што не се во делокругот на друг одбор.

*в) Комисии на Соборот*

Член 89

Соборот има:
1) Мандатно-имунитетска комисија;
2) Законодавно-правна комисија.

Член 90

Мандатно-имунитетската комисија:
— ги разгледува прашањата во врска со примената на имунитетот на делегатот;
— го известува Соборот за случаите што повлекуваат престанување на мандатот на делегатот;
— ги врши работите на верификациона комисија во врска со верификацијата на мандатот на делегатите избрани на дополнителните избори.

За прашањата што ги разгледува, во смисла на став 1 од овој член, Комисијата му поднесува на Соборот извештај. Врз основа на извештајот на Комисијата, Соборот одлучува за примената на имунитетот на делегатот, го утврдува престанокот на мандатот на делегатот и врши верификација на мандатот на делегатот.

Член 91

Ако Соборот не е собран, Мандатно-имунитетската комисија може да даде одобрение за притвор на делегатот, односно за покренување кривична постапка против него, како и да одлучи дали постапката против делегатот ќе се продолжи или ќе се запре, односно дали одлуката на државниот орган за притвор на делегатот се потврдува или се става надвор од сила, или се воспоставува примена на имунитетот на делегатот.

Одлуката на комисијата е извршна.

Комисијата е должна за својата одлука да го извести Соборот на неговата прва наредна седница.

По повод извештајот на Комисијата, Соборот одлучува дали одлуката на Комисијата се потврдува или се укинува.

Член 92

За одлуката на Соборот, односно на Мандатно-имунитетската комисија, што се однесува на имунитетот на делегатот, претседателот на Соборот го известува претседателот на собранието на републиката, односно на собранието на автономната покраина во која е избран делегатот.

Член 93

Законодавно-правната комисија:

— ги разгледува нацртите и предлозите на актите од делокругот на Соборот во поглед на нивната усогласеност со Уставот на СФРЈ и со правниот систем, како и на нивната правна обработка и за тоа му поднесува на Соборот извештај со мислење и предлози;

— го разгледува предлогот за давање автентични толкувања на законите од делокругот на Соборот и за тоа дава свое мислење;

— го следи развојот на правниот систем во областа од делокругот на Соборот и му дава на Соборот мислење и предлози за прашањата на изградувањето на тој систем;

— учествува во подготвувањето на програмата за работа на Соборот што се однесува на законодавната дејност на Соборот;

— дава мислење за спорните прашања во врска со делокругот на Соборот;

— ги утврдува пречистените текстови на актите од делокругот на Соборот, ако е овластена за тоа со закон;

— ги разгледува предлозите за покренување постапка за оценување на уставноста на законите, на други прописи или општи акти;

— на Соборот и на работните тела на Соборот им дава, на нивно барање, мислење и предлози за други прашања на правниот систем и врши други работи од таа област што ќе и ги определи Соборот.

Пречистениот текст на актот на Законодавно-правната комисија и го поднесува предлагачот, односно органот или телото што ќе го определи предлагачот

Законодавно-правната комисија на Соборот, во рамките на својот делокруг, ги разгледува прашањата за остварувањето на заштитата на уставноста и законитоста.

Член 94

На заедничка седница со Законодавно-правната комисија на Сојузниот собор, Законодавно-правната комисија на Соборот ја разгледува предлог-програмата за работа што се однесува на законодавната дејност на соборите, прашањата за единствената законодавна методологија и другите прашања од значење за единствената правно-техничка обработка на актите што ги донесуваат соборите на Собранието на СФРЈ.

Член 95

Законодавно-правната комисија ги разгледува, пред претресот во Соборот, предлозите за измени и дополненија на актите, односно амандманите што му се поднесени на Соборот и за нив дава свое мислење и предлози.

Своето мислење и предлозите Комисијата едновремено им ги доставува на подносителот на предлогот за измена или дополнение на актот, односно на подносителот на амандманот.

Ако на седницата на Соборот се поднесе амандман на предлог-актот, Комисијата, по барање од Соборот. ќе даде мислење, односно предлози во врска со поднесениот амандман.

Член 96

Поради природата на работата и задачите наведени во член 93 од овој деловник, Соборот може да одлучи определен број членови на Законодавно-правната комисија да се бираат од редот на научните, стручните и јавните работници, со тоа што нивниот број не може да биде поголем од една третина од вкупниот број на делегатите — членови на Комисијата.

Член 97

Заради проучување на определено прашање или подготвување на определен акт што не спаѓа во делокругот на некој од одборите или комисиите на Соборот, како и во други случаи кога ќе се укаже потреба за тоа, Соборот може да формира повремени работни тела на Соборот (комисии, анкетни и други работни групи и сл.).

Член 98

Повремените работни тела Соборот ги формира со одлука.

Со одлуката за формирањето на повремено работно тело на Соборот се утврдуваат неговиот состав, задачите и овластувањата.

Членови на повремените работни тела на Соборот во случаите кога овие тела не ги усогласуваат ставовите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини можат да бидат, покрај делегатите, и претставници на општествено-политичките и на други општествени организации, на самоуправните организации и заедници во федерацијата, како и научни, стручни и јавни работници, со тоа што нивниот број не може да биде поголем од една третина од вкупниот број на делегатите — членови на работното тело.

Член 99

Врз составот, начинот на работата и овластувањата на повремените работни тела на Соборот сообразно се применуваат соодветните одредби од овој деловник што се однесуваат на работните тела на Соборот, ако со одлуката за нивното формирање не е определено поинаку.

Член 100

Повременото работно тело на Соборот престанува да работи кога ќе ја изврши задачата заради која е формирано и во други случаи кога Соборот ќе одлучи.

## VI. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА СОБОРОТ

Член 101

Соборот донесува програма и планови за својата работа.

Програмата за работа на Соборот се утврдува за периодот од 1 јануари до 31 декември тековната година.

Соборот може да одлучи да донесе програма за својата работа и за период подолг од една година.

Член 102

Годишната програма за работа на Соборот ги содржи:

— основните прашања и приоритетните задачи што се однесуваат на утврдувањето и спроведувањето на политиката, законите и на другите општи акти од делокругот на Соборот, со образложение на потребата од нивно донесување;

— прашањата за кои е потребно да се спроведе претходна постапка;

— прашањата за кои е потребно да се спроведе јавна расправа;

— областите и начинот на остварување на политичка контрола на Соборот во спроведувањето на утврдената политика;

— телата, односно органите одговорни за организирање и извршување на одделни задачи и работи утврдени со програмата за работа на Соборот (носители на работите);

— начинот на учеството на претставниците на општествено-политичките организации и на самоуправните организации и заедници во федерацијата во разгледувањето на одделни задачи утврдедени со програмата за работа на Соборот;

— работните тела на Соборот што ќе разгледуваат одделни прашања содржани во програмата за работа на Соборот пред нивното изнесување на седница на Соборот;

— роковите во кои ќе се разгледуваат одделни прашања во Соборот и во собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Роковите за разгледување на одделни прашања треба да бидат утврдени така што да овозможат претрес и заземање ставови на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, меѓусебно договарање на делегациите, како и учество на претставниците на општествено-политичките организации и на самоуправните организации и заедици во федерацијата заради навремено остварување на програмата за работа на Соборот.

Основа за изработка на програмата за работа на Соборот претставуваат работите и задачите од делокругот на Соборот што произлегуваат од Уставот на СФРЈ, од општествените планови и општите акти на Собранието на СФРЈ, документите и ставовите на органите на општествено-политичките организации во федерацијата, предлозите на собранијата на републиките, односно на собранијата на автономните покраини, како и други прашања што се значајни за утврдувањето и спроведувањето на политиката од делокругот на Соборот.

Член 103

Предлог за внесување на одделни прашања во програмата за работа на Соборот може да поднесува секоја делегација и делегат, работно тело на Соборот, собрание на република, односно собрание на автономна покраина, Сојузниот извршен совет и Претседателството на СФРЈ.

Иницијатива за внесување на одделни прашања во програмата за работа на Соборот можат да дадат органите на Сојузот на комунистите на Југославија, на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, на Сојузот на синдикатите на Југославија, на Стопанската комора на Југославија, сојузните органи на управата и сојузните организации, самоуправните организации, здруженијата и заедниците во федерацијата.

Работните тела на Соборот ги разгледуваат иницијативите од став 2 на овој член и за своите мислења и предлози за внесување на одделни прашања во нацрт-програмата за работа на Соборот го известуват Соборот.

Член 104

Врз основа на предлозите и иницијативите од член 103 на овој деловник претседателот на Соборот, со потпретседателот на Соборот, претседавачите на делегациите и со претседателите на работните тела на Соборот и во соработка со Сојузниот извршен совет, ја подготвува нацрт-програмата за работа на Соборот.

Нацрт-програмата за работа на Соборот за наредната година ја утврдува Соборот пред истекот на рокот на важечката програма за работа.

Нацрт-програмата за работа на Соборот се упатува, заради давање мислење и предлози, до сите делегати, до собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, до Сојузниот извршен совет, до Претседателството на СФРЈ, како и до органите и организациите наведени во член 102 став 2 од овој деловник.

За седниците на работните тела на Соборот на кои се разгледуваат прашањата што треба да ги содржи програмата за работа на Соборот се известуваат органите и организациите од член 102 став 2 на овој деловник, што дале иницијатива за внесување на одделни прашања во нацрт-програмата за работа на Соборот, за да можат претставниците на овие органи и организации да ги изнесат своите мислења и предлози.

Член 105

Забелешките и предлозите на нацрт-програмата за работа на Соборот му се доставуваат на Соборот во рокот што го определил тој при утврдувањето на нацрт-програмата за работа.

Забелешките и предлозите на нацрт-програмата за работа на Соборот ги разгледуваат работните тела на Соборот заради утврдување на прашањата што треба да ги содржи предлог-програмата за работа на Соборот.

Работните тела на Соборот ги разгледуваат мислењата и предлозите што ги доставиле органите и организациите на кои им била упатена нацрт-програмата за работа на Соборот заради давање мислење и предлози.

Во работата на работните тела на Соборот при разгледувањето на прашањата што треба да ги содржи програмата за работа на Соборот учествуваат и претставници на Сојузниот извршен совет.

Член 106

Врз основа на предлозите и ставовите на работните тела на Соборот, претседателот на Соборот со потпретседателот на Соборот, со претседавачите на делегациите и со претседателите на работните тела на Соборот, го подготвува текстот на предлог-програмата за работа на Соборот.

Член 107

Соборот ја претресува и ја усвојува програмата за работа на Соборот.

Член 108

Програмата за работа на Соборот се објавува во посебна публикација на Собранието на СФРЈ и, во согласност со постигнатиот договор, во соодветните публикации на собранијата на републиките, односно на собранијата на автономните покраини.

Член 109

Врз основа на програмата за работа, Соборот утврдува периодични планови за својата работа.

Со периодични планови се утврдуваат прашањата што ќе ги разгледува Соборот во секое тримесечје, времето за одржување на седниците на Соборот за разгледување на тие прашања и роковите за завршување на одделни фази во постапката за донесување на законите и на другите општи акти.

Во постапката на подготовката и донесувањето на тримесечниот план за работа за наредниот период ќе се изврши анализа на извршувањето на планот од минатото тримесечје и на заклучоците што ги усвоил Соборот.

Член 110

Соборот го разгледува извршувањето на задачите утврдени со програмата и плановите за работа на Соборот.

За извршувањето на програмата и плановите за работа на Соборот се грижат претседателот на Соборот, делегатите, делегациите и работните тела на Соборот.

Член 111

Врз основа на програмата и планот за работа на Соборот, работните тела на Соборот донесуваат свои планови за работа.

Работните тела на Соборот ги внесуваат во својот план за работа задачите во согласност со својот делокруг.

Работните тела на Соборот можат во својот план за работа да внесуваат и други прашања што се однесуваат на утврдувањето и спроведувањето на политиката во областите од делокругот на Соборот.

Член 112

За усвоениот план за работа, работните тела на Соборот го известуваат Соборот.

## VII. АКТИ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ОД ДЕЛОКРУГОТ НА СОБОРОТ

Член 113

Соборот, во рамките на својот делокруг, донесува закони, општествен план на Југославија, декларации, резолуции, препораки, одлуки и заклучоци и дава автентично толкување на законите што ги донесува.

Соборот учествува во склучувањето на општествени договори со кои се уредуваат прашања од неговиот делокруг.

Член 114

Со декларација се изразува општиот став на Собранието на СФРЈ за значајни прашања на надворешната или на внатрешната политика.

Член 115

Со резолуција се укажува на состојбата и проблемите во определена област од општествениот живот, се утврдуваат основите на политиката што треба да се спроведува во таа област и се даваат насоки за спроведување на таа политика, односно се предвидуваат мерки за нејзино спроведување.

Член 116

Со препорака се укажува на значењето на определени прашања што се однесуваат на извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти или на развојот на самоуправувањето и на самоуправните односи во определена област.

Со препорака се изразуваат мислењата и ставовите за усогласувањето на самоуправните односи и интереси, развивањето на меѓусебната соработка на организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници и на други организации — за насочувањето на дејноста на тие организации и заедници во извршувањето на задачите од заеднички интерес и поттикнувањето на самоуправно спогодување и општествено договарање.

Со препорака се укажува на мерките што организациите на здружен труд, други самоуправни организации и заедници и други организации и државни органи би требало да ги преземат заради извршување на задачите од став 1 на овој член, во согласност со своите права, обврски и интереси.

Член 117

Одлука се донесува како акт за вршење на правата и должностите на Собранието на СФРЈ, како извршен пропис, или како акт за уредување на внатрешната организација и на односите во Соборот.

Со одлука како акт за вршење на правата и должностите на Собранието на СФРЈ Соборот одлучува за избор односно именување и разрешување на функционерите што ги избира и именува Собранието на СФРЈ, за избор на членови на работни тела на Соборот и на заеднички работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ, за делегирање на членови на Соборот во определени органи и тела за потврдување на соодветните акти на самоуправните организации и заедници или за давање согласност на таквите акти, во согласност со законот, статутот или друг општ акт или со овој деловник, како и за други права и должности на Собранието на СФРЈ кога е тоа определено со Уставот на СФРЈ или со сојузен закон.

Одлуката како извршен пропис е општ акт што се донесува заради извршување на одделни одредби од сојузен закон или општествен договор, ако е тоа предвидено со т ј закон, односно општествен договор.

Со одлука како акт за уредување на внатрешната организација и на односите во Соборот се одлучува за формирање на работни тела на Соборот и за други односи во Соборот, ако тоа не е уредено со овој деловник.

Член 118

Со заклучок се утврдува политиката на извршувањето на актите што Соборот ги донесува и обврските на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата во поглед на изработката на предлозите на актите, поднесувањето на анализи и извештаи за спроведувањето на сојузните закони и на утврдената политика, или вршењето на други работи од нивниот делокруг.

Со заклучок се утврдува политиката и се насочува работата на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата за спроведување на утврдената политика и извршување на сојузните закони, другите прописи и општи акти. Во вршењето на политичка контрола Соборот со заклучок им дава насоки за работа на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата.

Соборот донесува заклучок за својата работа и за работата на работните тела што ги формирал.

Член 119

Соборот учествува во склучувањето на општествен договор кога е тоа одредено со закон или кога тоа ќе одлучи Соборот, а прашањето што е предмет на општествениот договор спаѓа во делокругот на Соборот.

Член 120

Текстот на законите и на општествениот план на Југославија не се потпишува.

Указот за прогласување на закон и на општествениот план на Југославија што го потпишува претседателот на Претседателството на СФРЈ ги потпишува и претседателот на Собранието на СФРЈ.

Со указ се прогласува и одлуката за избор на Сојузниот извршен совет.

Актите што Соборот ги донесува во самостоен делокруг, освен законите, ги потпишуваат претседателот на Собранието на СФРЈ и претседателот на Соборот.

Заклучоците што ги донел Соборот ги потпишува претседателот на Соборот.

Член 121

На изворниците на законите се става државен печат, а на изворниците на другите прописи и на општите акти што ги донесува Соборот — печат на Собранието на СФРЈ

Под изворник на закон, односно на друг пропис или општ акт што ги донесува Соборот се подразбира текстот на законот, односно на друг пропис и општ акт на јазиците на сите народи на Југославија усвоен на седници на Соборот.

На оригиналите на автентичните закони, други прописи и општи акти што ги донесува Соборот на јазиците на албанската и унгарската народност (албански јазик и унгарски јазик) се става печат на Собранието на СФРЈ.

Изворниците на законите, на другите прописи и општи акти што ги донел Соборот, како и оригиналите на автентичните текстови на тие акти на јазиците на албанската и унгарската народност (албански и унгарски јазик) се чуваат во Собранието на СФРЈ.

Член 122

Законите и другите прописи и општи акти што ги донесува Соборот се објавуваат во службеното гласило на СФРЈ во автентични текстови на јазиците на народите на Југославија утврдени со републичките устави.

Во службеното гласило на СФРЈ се објавуваат и законите, декларациите, резолуциите, препораките, одлуките и другите прописи и општи акти во автентични текстови на јазиците на албанската и унгарската народност (на албански и унгарски јазик).

Соборот може да одлучи насоките и заклучоците да се објават во службеното гласило на СФРЈ.

Член 123

При донесувањето на законите, други прописи и општи акти Соборот може, на предлог од предлагачот на тој акт или од надлежното работно тело на Соборот, да одлучи тие акти или одделни нивни делови да се објават во службеното гласило на СФРЈ — доверливо гласило, под условите и на начинот што се утврдени со закон.

## VIII. ПОСТАПКИ ВО СОБОРОТ

### А. Постапка за донесување акти

#### 1. Постапка за донесување акти врз основа на согласност од собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини

*а) Покренување на постапка*

Член 124

Постапката за донесување акти ја покренува овластениот предлагач со поднесување на нацрт-акт, ако со овој деловник не е определено поинаку.

Право на предлагање на сојузни закони, други прописи и општи акти од делокругот на Соборот што се донесуваат врз основа на согласност од собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини во согласност со Уставот на СФРЈ, имаат секоја делегација и работно тело на Соборот, собранијата на републиките, односно собранијата на автономните покраини и Сојузниот извршен совет.

Член 125

Сојузниот собор може да покрене иницијатива за донесување акт и да му упати таков предлог на Соборот.

Иницијатива за донесување на акт може да покрене и Уставниот суд на Југославија, Сојузниот суд, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Сојузот на комунистите на Југославија, Сојузот на синдикатите на Југославија и Стопанската комора на Југославија, како и самоуправните заедници организирани во федерацијата. Иницијативата мора да биде посебно образложена. На седницата на Соборот на која се разгледуваат овие иницијативи се повикува и претставник на подносителот кој може да ја образложи иницијативата.

Ако Соборот најде дека иницијативата од ст. 1 и 2 на овој член е основана, со заклучок ќе го определи органот, односно телото кое ќе го подготви и ќе го поднесе нацрт-актот, рокот за неговата изработка и другите услови за навремено остварување на таа иницијатива.

За ставот што го зазел, Соборот го известува подносителот на иницијативата.

Член 126

Иницијативите за донесување на акти што не потекнуваат од органите и организациите од член 124 на овој деловник се упатуваат до Комисијата на Собранието на СФРЈ за претставки и предлози.

*б) Нацрт-акт*

Член 127

Нацрт-актот мора да биде изработен така што во него да бидат формулирани, во вид на правни одредби, решенијата што се предлагаат со него.

Ако со нацрт-актот се вршат измени или дополненија, кон нацртот се поднесува и текстот на одредбите на актот што се менуваат, односно дополнуваат.

Член 128

Нацрт-актот мора да биде образложен.

Образложението треба да содржи особено:

— уставен основ за донесување на актот;

— оцена на состојбата во областа што треба да се уреди со актот, причина поради која треба да се донесе актот, односно поради која треба да се извршат измени и дополненија на актот;

— начела врз кои треба да биде уреден односот во соодветната област, цел што се сака да се постигне, како и последици што произлегуваат од предложените решенија;

— финансиски средства потребни за спроведување на актот и начин за нивно обезбедување;

— објаснение на основните правни институти што ги содржи нацрт-актот;

— мислења и ставови на органите и организациите што биле консултирани во текот на подготовката на нацрт-актот, а што подносителот на нацрт--актот не ги усвоил, како и причини поради кои не ги усвоил.

Кон нацрт-актот се поднесува резиме на содржината на законот или на другиот општ акт, како и потребната документација.

Член 129

Нацрт-актот му се доставува на претседателот на Собранието на СФРЈ кој го доставува до претседателот на Соборот.

Ако нацрт-актот не е подготвен во согласност со одредбите на овој деловник, претседателот на Соборот, пред да им го упати на делегатите и на собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, ќе побара од предлагачот да го усогласи нацрт-актот со одредбите на овој деловник.

Член 130

Претседателот на Соборот го упатува нацрт-актот до делегатите и до претседателите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини.

Нацрт-актот, чијшто подносител не е Сојузниот извршен совет, претседателот на Соборот го упатува и до Сојузниот извршен совет.

Член 131

При доставувањето на нацрт-актот, претседателот на Соборот, со потпретседателот на Соборот, со претседавачите на делегациите и со претседателите на работните тела на Соборот, се договара за разгледувањето на нацрт-актот во делегациите и работните тела на Соборот, како и за времето во кое треба да биде извршено разгледување во рамките на роковите утврдени со овој деловник и со програмата за работа на Соборот.

Претседателот на Соборот со потпретседателот на Соборот, со претседавачите на делегациите и со претседателите на работните тела на Соборот, го предлагаат рокот во кој собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини треба да заземат ставови за нацрт-актот и да му ги достават.

Рокот од став 2 на овој член не може да биде пократок од 45 дена, ниту подолг од три месеци.

Претседателот на Соборот со потпретседателот на Соборот, со претседавачите на делегациите и со

претседателите на работните тела на Соборот, во случаите кога е потребно да се спречат потешки последици што би можеле да настанат за општествената заедница, може да предложи и пократок рок во кој собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини треба за нацрт-актот да заземат и да достават свои ставови.

Рокот од став 4 не може да биде пократок од 15 дена, а причините за неговото определување предлагачот мора посебно да ги образложи.

Во случајот од став 4 на овој член може да се предложи седниците на Соборот и седниците на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини да се одржат истиот ден.

Член 132

Ако собранието на републиката, односно собранието на автономната покраина не заземе во роковите утврдени во член 131 од овој деловник, став за нацрт-актот што го донесува Соборот врз основа на согласност од собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, претседателот на Соборот за тоа ќе го извести Соборот.

Член 133

Во зависност од карактерот на прашањето и итноста за негово регулирање, претседателот на Соборот со потпретседателот на Соборот, со претседавачите на делегациите и со претседателите на работните тела на Соборот, може по исклучок да им предложи на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, при одлучувањето за нацртот својата делегација во Соборот да ја овластат од името на собранието да даде согласност на предлогот на законот или на друг општ акт во целост.

Член 134

Нацрт-актот, пред разгледувањето во надлежните собори на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, можат да го разгледуваат надлежното работно тело на Соборот и другите заинтересирани работни тела на Соборот.

Нацрт-актот се разгледува во работните тела на Соборот, во смисла на став 1 од овој член, заради размена на мислења, разгледување на спорните прашања, барање дополнителни известувања од претставникот на предлагачот и заради прибавување на други информации што се значајни за заземањето ставови во собранијата на републиките и во собранијата на автономните покраини и за спроведување на постапка за усогласување.

За седницата на надлежното работно тело на Соборот, на која се разгледува нацрт-актот, во смисла на ст. 1 и 2 од овој член, се известуваат општествено-политичките организации и самоуправните организации и заедници во федерацијата, во согласност со програмата за работа на Соборот, за да им се овозможи учество во разгледувањето на нацрт-актот.

Извештајот на надлежното работно тело на Соборот за разгледувањето на нацрт-актот, во кој се содржани мислењата и предлозите изнесени на седницата на работното тело на Соборот, се доставува до делегатите, до предлагачот, до Сојузниот извршен совет, до општествено-политичките организации и заедници во федерацијата чиишто претставници учествувале на седницата на работното тело на Соборот.

Член 135

Законодавно-правната комисија на Соборот го разгледува нацрт-актот пред да го разгледуваат во собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини и поднесува до претседателот на Соборот извештај со свои мислења и предлози.

Во текот на постапката за усогласување во работните тела на Соборот, Законодавно-правната комисија зазема ставови и дава мислења за усогласените ставови во поглед на нивната согласност со Уставот на СФРЈ и со правниот систем. На барање од работното тело на Соборот, делегацијата, претседателот на Соборот и од Сојузниот извршен совет или по сопствена иницијатива, Законодавно-правната комисија дава мислење и за спорните прашања што се однесуваат на согласноста на изнесените предлози со Уставот на СФРЈ и со правниот систем.

Ако надлежниот одбор на Соборот не се согласи со мислењето на Законодавно-правната комисија за уставниот основ за донесување на нацрт-актот или за несогласноста на одделни одредби од нацрт-актот со Уставот на СФРЈ и со правниот систем, надлежниот одбор на Соборот ќе го извести за тоа Соборот, кој во врска со тоа зазема став.

Член 136

Претседателот на собранието на републиката, односно претседателот на собранието на автономната покраина го известува Соборот за ставовите, забелешките и предлозите на тие собранија на нацрт-актот.

Претседателот на Соборот ги доставува ставовите, забелешките и предлозите на собранијата на републиките, односно на собранијата на автономните покраини до делегатите, до предлагачот и до Сојузниот извршен совет.

Член 137

Ако при изјаснувањето за нацрт-актот едно или повеќе од собранијата на републиките или од собранијата на автономните покраини не дадат согласност за донесување на тој акт, надлежното работно тело на Соборот ќе ги разгледа причините од кои се раководеле собранијата на републиките, односно собранијата на автономните покраини при заземањето ставови за тој акт и ќе му поднесе извештај на претседателот на Соборот.

Извештајот на надлежното работно тело на Соборот од став 1 на овој член се доставува до делегатите, до предлагачот на актот и до собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Член 138

Надлежното работно тело на Соборот го разгледува нацрт-актот заради усогласување на ставовите за предлозите и забелешките на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини дадени на нацрт-актот.

Во работата на надлежното работно тело на Соборот што ги усогласува ставовите за предлозите и забелешките на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, дадени на нацрт-актот и за нацрт-актот во целост, учествуваат и претставници на Сојузниот извршен совет.

Пред почетокот на постапката за усогласување на ставовите, Сојузниот извршен совет писмено го известува Соборот за ставовите на Сојузниот извршен совет за забелешките и предлозите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, како и за другите забелешки и предлози дадени на нацрт-актот.

Сојузниот извршен совет е должен, на почетокот од продолжението на работата врз усогласувањето на ставовите за ист нацрт-акт, да ги изнесе ставовите и месленјата за забелешките и предлозите на текстот на нацрт-актот за кои неговиот претставник не се изјаснил на претходниот состанок или го задржал правото тоа да го стори дополнително.

Член 139

Во текот на постапката за усогласување на ставовите, делегациите и овластениот предлагач можат да поднесуваат дополнителни предлози на нацрт--актот.

Членовите на работното тело на Соборот можат да побараат седницата на работното тело на која се врши усогласување на ставовите да се одложи за определено време, додека во делегациите не се проучи дополнителниот предлог и за него не се заземе став.

Делегацијата може да побара да се одложи седницата на работното тело на Соборот, на која се врши усогласување на ставовите за нацрт-актот на кој е поднесен дополнителен предлог, додека за дополнителниот предлог не се изјасни собранието на републиката, односно собранието на автономната покраина чијашто делегација го барала тоа.

Член 140

Врз основа на дадената согласност од собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини и усогласувањето на ставовите за предлозите и забелешките на тие собранија на нацрт-актот, надлежното работно тело на Соборот му поднесува на Соборот извештај за постигнатата согласност за нацрт-актот.

Извештајот на надлежното работно тело на Соборот, претседателот на Соборот го доставува до делегатите, до предлагачот на актот и до Сојузниот извршен совет.

Член 141

Ако со нацрт-актот се создаваат обврски за буџетот на федерацијата, надлежното работно тело на Соборот е должно, при разгледувањето на нацртот на тој акт, да му предложи на претседателот на Соборот да побара мислење од Сојузниот собор дали во буџетот на федерацијата се обезбедени средства за извршување на тие обврски.

Член 142

Надлежното работно тело на Соборот го разгледува нацрт-актот додека не се постигне согласност на сите делегации во идентичен текст, односно за измените и дополненијата што самите ги предложиле или што ги предложил предлагачот на актот, а доколку не може да се постигне согласност, одборот на Соборот ги предлага мерките предвидени со овој деловник.

Член 143

Доколку во надлежниот одбор на Соборот не се постигне согласност за нацрт-актот, одборот на Соборот може да предложи:

а) предлагачот повторно да ги земе во разгледување спорните прашања и евентуално да предложи соодветни измени и дополненија во нацрт-актот;

б) спорните прашања повторно да се разгледаат во рамките на секоја делегација, или на состанок на делегациите што не се согласуваат со предложениот нацрт, односно со одделни решенија содржани во нацрт-актот, или на состанок на сите делегации;

в) спорните прашања да се претресат на седница на Соборот;

г) да се побара мислење од соодветниот сојузен општествен совет;

д) спорните прашања повторно да се разгледаат во собранијата на републиките односно во собранијата на автономните покраини;

ѓ) да се констатира дека разликите во ставовите се такви што за предложениот нацрт-акт не може да се постигне согласност.

Одборот на Соборот му поднесува на претседателот на Соборот извештај во кој наведува за кои прашања не е постигната согласност, поради кои причини не е постигната таа согласност и предлага натамошна постапка во врска со предложениот нацрт.

Член 144

Кога ќе го прими извештајот од надлежниот одбор на Соборот, во кој е постапено на еден од начините предвидени во член 143 од овој деловник, претседателот на Соборот се договара со потпретседателот на Соборот, со претседавачите на делегациите, со претседателот на надлежниот одбор на Соборот и со претседателот на Законодавно-правната комисија на Соборот за натамошната работа во врска со нацрт-актот и за тоа ги известува делегациите, овластениот предлагач на актот и Сојузниот извршен совет.

Учесниците од став 1 на овој член, можат да му предложат на надлежниот одбор на Соборот да продолжи натамошната работа врз усогласувањето на ставовите за спорните прашања на друг начин предвиден во член 143 од овој деловник, а не онака како што предложил надлежниот одбор. За овој предлог одлучува надлежниот одбор на Соборот.

Кога, по повторното усогласување на ставовите, во извештајот на надлежниот одбор на Соборот се констатира дека разликите во ставовите за спорните прашања во врска со нацрт-актот се такви што за предложениот нацрт-акт не може да се постигне согласност, учесниците од став 1 на овој член можат да им предложат на надлежниот одбор на Соборот и на овластениот предлагач:

а) да се подготви текстот на предлог-актот врз база на усогласените ставови, а спорните прашања да се изостават и за нив да продолжи натамошната постапка за усогласување;

б) да се одложи работата врз донесувањето на предложениот акт.

Член 145

Во текот на целата постапка за усогласување на ставовите при подготвувањето и донесувањето на актите, претседателот на Соборот може, по своја иницијатива, на предлог од надлежното работно тело на Соборот, од делегациите или од предлагачот, да одржи состаноци со претседавачите на делегациите, односно со претседателите на работните тела на Соборот, со учество на претставник на предлагачот, заради размена на мислења за поефикасна работа врз усогласување на ставовите и изнаоѓање спогодбени решенија во Соборот и во неговите работни тела за спорните прашања.

*в) Предлог-акт*

Член 146

По завршената постапка за усогласување на ставовите во надлежното работно тело на Соборот предлагачот подготвува и му поднесува на Соборот текст на предлог-актот во рокот што работното тело на Соборот ќе го определи во спогодба со предлагачот на актот.

Член 147

Текстот на предлог-актот мора да биде образложен.

Образложението ги опфаќа особено измените што се извршени врз основа на усогласувањето на ставовите за нацрт-актот, другите измени и дополненија, како и другите значајни околности во врска со прашањата што се уредуваат со актот.

Член 148

Претседателот на Соборот го доставува текстот на предлог-актот до делегатите, до предлагачот и до Сојузниот извршен совет.

Член 149

Текстот на предлог-актот пред претресувањето на седница на Соборот го разгледуваат надлежното работно тело на Соборот и Законодавно-правната комисија, и за тоа му поднесуваат извештај на Соборот.

Известителот што ќе го определи надлежното работно тело на Соборот може на седницата на Соборот да го извести Соборот за текот на постапката на усогласување на ставовите, за основните прашања што биле предмет на усогласување и за основната содржина на усогласените ставови.

Член 150

Подносителот на текстот на предлог-актот, односно неговиот претставник може на почетокот од претресот на текстот во Соборот да даде дополнително образложение на текстот на предлогот. Тој има право да учествува во текот на целиот претрес на актот, да дава објасненија и да го изнесува своето мислење.

Член 151

Претресот на текстот на предлог-актот на седницата на Соборот го опфаќа општиот претрес на текстот на предлогот и претресот на текстот на предлогот во поединости.

Во текот на општиот претрес на текстот на предлог-актот се расправа за текстот на предлогот во начело и можат да се изнесуваат мислења, да се бараат објасненија и да се покренуваат сите прашања во врска со решенијата дадени во предлогот.

Во текот на претресот на текстот на предлог-актот во поединости се расправа за текстот на предлогот по делови, глави, односно оддели, а ако се одлучи така на седницата на Соборот, и по членови. Во текот на овој претрес се одлучува и за амандманите.

Член 152

Предлогот за измена или дополнение на текстот на предлог-актот се поднесува во форма на амандман.

Член 153

Амандманот на текстот на предлог-актот се поднесува во писмена форма.

Амандманот мора да биде образложен.

Ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, подносителот на амандманот е должен едновремено да укаже на можноста за обезбедување на тие средства.

Член 154

Амандман на текстот на предлог-актот може, по правило, да се поднесе најдоцна четириесет и осум часа пред рокот определен за одржување на седницата на Соборот на која ќе се претресува текстот на предлог-актот, а му се поднесува на претседателот на Соборот.

Член 155

Амандманот на текстот на предлог-актот претседателот на Соборот веднаш го доставува до делегатите, до подносителот на текстот на предлогот и до Сојузниот извршен совет.

Амандманот на текстот на предлог-актот претседателот на Соборот го доставува до надлежниот одбор и до Законодавно-правната комисија на Соборот да го проучат и да му достават на Соборот свои извештаи со мислење и предлози за него.

Член 156

Делегацијата и Законодавно-правната комисија на Соборот можат, по исклучок, да поднесат амандман на текстот на предлог-актот на седницата на Соборот, во текот на претресот на тој предлог. И ваквиот амандман се поднесува во писмена форма.

Подносителот на текстот на предлог-актот може да поднесува амандмани до заклучувањето на претресот за текстот на предлогот.

Сојузниот извршен совет, исто така, може до заклучувањето на претресот за текстот на предлогот да поднесува амандмани и на текстот на предлог-актот што не го поднел тој.

Член 157

По повод амандманот на текстот на предлог-актот поднесен во текот на претресот на текстот на предлогот, Соборот може да одлучи да се одложи претресот и да продолжи на една од наредните седници на Соборот или претресот да се прекине додека надлежниот одбор на Соборот и Законодавно-правната комисија не го проучат амандманот.

Соборот ќе го одложи претресот на текстот на предлог-актот, ако Сојузниот извршен совет, надлежниот одбор на Соборот или Законодавно-правната комисија побара да се одложи одлучувањето за амандманот за да можат тие да го проучат амандманот и да се изјаснат за него.

Член 158

За амандманот на текстот на предлог-актот има право да се изјасни подносителот на текстот на предлог-актот.

Сојузниот извршен совет има право да се изјасни за амандманот и ако тој не е подносител на текстот на предлог-актот.

Член 159

Соборот може да одлучи пред гласањето за поднесениот амандман на текстот на предлог-актот да се прекине претресот и амандманот да се достави до Законодавно-правната комисија заради утврдување на конечниот текст на одредбите што се менуваат со амандманот и заради усогласување на другите одредби на текстот на предлог-актот што се во врска со тие одредби.

Член 160

За амандманите се гласа според редоследот на членовите на текстот на предлог-законот на кои се однесуваат.

Ако на еден член од текстот на предлог-актот се поднесени повеќе амандмани, прво се гласа за амандманот што најмногу отстапува од предложеното решение и според тој критериум натаму за другите амандмани.

Член 161

За амандманот не може да се одлучува на истата седница на која се претресува текстот на предлог-актот, ако една од делегациите изјави на седницата на Соборот дека не може да се изјасни за амандманот додека за амандманот не прибави став од собранието на републиката, односно од собранието на автономната покраина што ја делегирало.

Во тој случај Соборот го симнува од дневниот ред на седницата на Соборот текстот на предлог-актот и амандманот го доставува до сите собранија на републиките и до собранијата на автономните покраини.

Со овој амандман ќе се постапи како со нацрт-акт и претресот на текстот на предлог-актот во Соборот ќе продолжи кога собранијата на републиките, односно собранијата на автономните покраини ќе ги достават на амандманот своите мислења и забелешки.

Член 162

По завршениот претрес на текстот на предлог-актот Соборот го утврдува предлог-актот во целост и го доставува до собранијата на републиките и до собранијата на автономните покраини заради давање согласност на предлог-актот во целост.

При утврдувањето на предлог-актот во целост, Соборот, на предлог од претседателот на Соборот, го определува рокот во кој собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини треба да одлучат за давањето согласност на предлог-актот во целост.

Член 163

Собранието на републиката и собранието на автономната покраина може при одлучувањето за нацртот на закон или на друг општ акт да ја овласти својата делегација од негово име да даде согласност на утврдениот предлог на закон или на друг општ акт во целост.

Член 164

Кога ќе го прими извештајот за согласноста од собранијата на републиките и од собранијата на автономните покраини на утврдениот предлог-акт, претседателот на Соборот свикува седница на Соборот. На оваа седница Соборот, откако ќе утврди дека сите собранија на републиките и собранијата на автономните покраини даде согласност на предлог-актот во целост, непосредно со свој извештај или со изјава на овластената делегација на седницата, го усвојува предлог-актот.

Ако Соборот на седницата утврди дека не постои согласност од сите собранија на републиките и од собранијата на автономните покраини, ќе донесе заклучок за непостоење на таа согласност.

*г) Јавна дискусија за нацрт-акт*

Член 165

Во текот на претресот на нацртот на општествениот план на Југославија и на нацртот на друг акт од поширок општествен интерес, Соборот може да одлучи овие нацрти да се стават на јавна дискусија.

При донесувањето на одлука за ставање на јавна дискусија, Соборот го утврдува начинот на прибирање и средување на мислењата и предлозите што ќе бидат изнесени во текот на јавната дискусија.

Член 166

Ако одлучи нацртот на општествениот план или на друг акт или одделно прашање од тој акт да го стави на јавна дискусија, Соборот со заклучок:

— го определува работното тело на Соборот што ќе се грижи за следењето на јавната дискусија;

— го утврдува рокот во кој ќе се спроведе јавната дискусија;

— ги утврдува потребните финансиски средства и изворите на средствата за организирање и спроведување на јавната дискусија.

Кога Соборот ќе одлучи нацртот што го поднел Сојузниот извршен совет да го стави на јавна дискусија, може да определи задачите од став 1 на овој член да ги изврши Сојузниот извршен совет.

Член 167

Во организирањето и спроведувањето на јавната дискусија, работното тело на Соборот остварува соработка со органите на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, како и со органите на други општествено-политички организации.

Член 168

Работното тело на Соборот што Соборот го определил да се грижи за следењето на јавната дискусија, подготвува и му поднесува на Соборот извештај за нејзините резултати.

Извештајот на работното тело на Соборот ги содржи резултатите од јавната дискусија со приказ на изнесените мислења и предлози за одделни прашања што се разгледувани во јавната дискусија.

Извештајот за резултатите од јавната дискусија претседателот на Соборот го доставува до делегатите, до претседателите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, до предлагачот и до Сојузниот извршен совет.

Член 169

Во натамошната подготовка на актот, односно во уредувањето на прашањето што било предмет на јавната дискусија, предлагачот е должен да се изјасни за мислењата и предлозите изнесени во јавната дискусија што не ги прифатил и за причините поради кои тоа не го сторил.

**2. Претходна постапка**

Член 170

Ако со програмата за работа на Соборот е предвидено разгледување на определено прашање во претходната постапка, или ако спроведувањето на таа постапка бара надлежното работно тело на Соборот, делегацијата или предлагачот на актот, предлагачот ќе подготви и ќе му поднесе на Соборот преднацрт на актот, тези или работна верзија на материјалот заради размена на мислења и консултации за основните прашања што се поставуваат во врска со уредувањето на определени односи, за основните начела врз кои треба да се заснова нивното регулирање, како и за други прашања значајни за уредување на определени односи или за подготвување на нацрт-актот, односно за изработка на соодветниот материјал.

Преднацртот, тезите или работната верзија на материјалот од став 1 на овој член ги разгледуваат работните тела на Соборот.

Работното тело на Соборот може да предложи преднацртот, тезите или работната верзија на материјалот да се разгледаат на седница на Соборот.

Работното тело на Соборот може да предложи преднацртот, тезите или работната верзија на материјалот да се разгледаат и во собранијата на социјалистичките републики и собранијата на социјалистичките автономни покраини. Ако Соборот го прифати предлогот на работното тело или делегацијата, претседателот на Соборот преднацртот, тезите или работната верзија ги доставува до собранијата на републиките и до собранијата на автономните покраини. Во тој случај, работното тело на Соборот ги разгледува мислењата, забелешките и предлозите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини и за тие мислења, забелешки и предлози, како и за извршената расправа го известува Соборот.

За седницата на работното тело на Соборот, односно за седницата на Соборот, на која се разгледува преднацртот, односно тезите од став 1 на овој член, се известуваат општествено-политичките организации и самоуправните организации и заедници во федерацијата, како и соодветните научни и стручни организации, за да можат нивните претставници да ги изнесуваат своите мислења и предлози.

Член 171

Работното тело на Соборот може, по спроведената расправа, да предложи определени прашања да се разгледаат во соодветниот сојузен општествен совет или во соодветните тела на општествено-политичките организации.

По расправата спроведена во работните тела на Соборот, во телата и организациите од став 1 на овој член, работното тело на Соборот го известува предлагачот за резултатите од спроведената расправа, изнесувајќи мислење за забелешките и предлозите дадени во текот на спроведената расправа.

Ако расправа е извршена и на седница на Соборот, за нејзините резултати претседателот на Соборот ќе го извести предлагачот.

Член 172

При подготовката на нацрт-актот со кој се уредуваат прашањата за кои е спроведена претходна постапка, предлагачот ги зема предвид мислењата, забелешките и предлозите на учесниците во таа постапка.

Во образложението на нацртот предлагачот е должен да укаже на забелешките и мислењата што не ги усвоил и да ги наведе причините поради кои тоа не го сторил.

**3. Постапка за донесување закон за привремени мерки**

Член 173

Предлог-закон за привремени мерки поднесува Сојузниот извршен совет врз основа на согласност од Претседателството на СФРЈ.

Врз претресот на предлог-законот за привремени мерки сообразно се применуваат одредбите на овој деловник за претресот на текстот на предлог-акт што се донесува врз основа на согласност од републиките и автономните покраини.

По завршениот претрес на предлог-актот, на седницата на Соборот се пристапува кон одлучување за тој предлог.

Член 174

Предлог-законот за привремени мерки е усвоен во Соборот ако за него гласале две третини од сите делегати.

Член 175

Ако за предлог-законот за привремени мерки не гласале две третини од сите делегати, или гласале мнозинството од сите делегати, претседателот на Соборот, преку претседателот на Собранието на СФРЈ, го известува за тоа Претседателството на СФРЈ, заради одлучување за прогласување на законот за привремени мерки во текстот за кој гласале мнозинството од сите делегати во Соборот.

**4. Постапка за ратификација на меѓународни договори**

Член 176

Ратификација на меѓународен договор од својот делокруг Соборот врши со закон.

Член 177

Сојузниот извршен совет пред утврдувањето на предлог-основата за водење преговори и склучување на меѓународен договор ќе побара мислење од надлежното работно тело на Соборот за прашањата што ќе бидат предмет на регулирање со меѓународниот договор.

Надлежното работно тело на Соборот, по разгледувањето на прашањата што ќе бидат предмет на регулирање со меѓународниот договор, за своите мислења и предлози, преку претседателот на Соборот, го известува Сојузниот извршен совет.

Член 178

Соборот, на предлог од матичното работно тело на Соборот може да ја разгледа предлог-основата за водење преговори и склучување на меѓународен договор и да утврди соодветни насоки за натамошната работа на Сојузниот извршен совет врз склучувањето на меѓународниот договор.

Член 179

Постапка за донесување закон за ратификација на меѓународен договор покренува Сојузниот извршен совет со поднесување на предлог-закон за ратификација.

Член 180

Предлог-актот за ратификација на меѓународен договор содржи потполн текст на меѓународниот договор чијашто ратификација се предлага.

Предлогот мора да биде образложен. Во образложението на предлог-законот за ратификација на меѓународен договор треба да се изнесат причините поради кои се предлага ратификација на меѓународниот договор и дали меѓународниот договор бара донесување на нови или измена на важечките закони од надлежност на Соборот.

Во образложението на предлог-законот треба да се изнесе дали со меѓународниот договор се предвидуваат обврски за федерацијата во извршувањето на тој договор и да се даде оцена на финансиските средства од буџетот на федерацијата потребни за извршување на тој меѓународен договор.

Член 181

Постапката за донесување акт за ратификација на меѓународен договор се врши според одредбите на овој деловник за разгледување и донесување на текстот на предлог-актот што се донесува врз основа на согласност од собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

**5. Постапка за укинување или поништување на пропис на Сојузниот извршен совет**

Член 182

Соборот може на предлог од работно тело на Соборот, од делегација во Соборот, од собрание на република или собрание на автономна покраина да укине или поништи пропис на Сојузниот извршен совет што е во спротивност со Уставот на СФРЈ, со сојузен закон, со друг пропис или општ акт што го донел Соборот.

Предлогот за укинување на пропис на Сојузниот извршен совет го разгледуваат одборот на Соборот во чиј делокруг се прашањата што се регулираат со прописот и Законодавно-правната комисија на Соборот, кои го известуваат Соборот за своите мислења и предлози за ова прашање.

Предлогот за укинување или поништување на пропис на Сојузниот извршен совет се доставува до Сојузниот извршен совет заради изнесување на неговиот став.

Одлуката за укинување или поништување на пропис на Сојузниот извршен совет, Соборот ја донесува со мнозинство гласови на присутните делегати во Соборот.

Член 183

Ако Претседателството на СФРЈ задржи од извршување пропис на Сојузниот извршен совет, спорните прашања во врска со тој пропис пред неговото разгледување на седница на Соборот, ги разгледуваат одборот на Соборот во чиј делокруг се прашањата што се регулирани со тој пропис и Законодавно-правната комисија на Соборот.

Доколку Соборот оцени дека прописот на Сојузниот извршен совет, чиешто извршување го задржало Претседателството на СФРЈ, треба да се поништи или укине, се применуваат одредбите од овој деловник за поништување или укинување на прописи и на други општи акти на Сојузниот извршен совет.

Ако Соборот одлучи дека прописот чиешто извршување го задржало Претседателството на СФРЈ може да се применува, за тој став ќе го извести Претседателството на СФРЈ.

**6. Постапка за донесување на одлука за обврска за извршување на сојузен закон, друг пропис или општ акт**

Член 184

Известувањето на Сојузниот извршен совет или на извршниот совет на собранието на републиката, односно извршниот совет на собранието на автономната покраина за спор помеѓу сојузен орган на управата и републички, односно покраински орган на управата во поглед на остварувањето на обврските на органот во републиката, односно автономната покраина да изврши сојузен закон, друг пропис или општ акт, се доставува до претседателот на Соборот, кој го упатува до сите делегати, до надлежниот одбор и до Законодавно-правната комисија на Соборот.

Член 185

Надлежниот одбор на Соборот прибира податоци од сојузниот орган на управата и од републичкиот, односно покраинскиот орган на управата во спор и може на својата седница да повика претставници на тие органи за да го исслуша нивното мислење и ставови.

Во својот извештај што го поднесува до Соборот, одборот известува и за ставовите на органите во спор.

Кон извештајот надлежниот одбор приложува предлог-одлука за начинот на решавање на спорното прашање.

Член 186

Кога ќе ги прими извештаите на надлежниот одбор и на Законодавно-правната комисија на Соборот, претседателот на Соборот ги упатува до сите делегати и спорното прашање го внесува во предлогот на дневниот ред на наредната седница на Соборот.

Соборот ги претресува известувањата на Сојузниот извршен совет или на извршниот совет на собранието на републиката, односно на извршниот совет на собранието на автономната покраина и извештаите на надлежниот одбор и на Законодавно-правната комисија на Соборот и донесува одлука за спорното прашање и за обврската за извршување на сојузниот закон, друг пропис или општ акт.

**7. Постапка за донесување на други акти од делокругот на Соборот**

Член 187

Постапка за донесување на други акти од делокругот на Соборот се покренува со поднесување на нацрт-акт што се доставува до Соборот, до делегатите и до надлежното тело на Соборот.

Надлежното тело на Соборот, по разгледувањето на нацрт-актот, му поднесува на Соборот извештај со мислење и предлози.

По усвојувањето на нацрт-актот, во Соборот, предлагачот поднесува предлог-акт.

Врз претресот за предлог-актот во Соборот соодветно се применуваат одредбите на овој деловник за текстот на предлог-актот што се донесува врз основа на согласност од собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, со тоа што амандмани на предлогот на таквиот акт може да поднесе и секој делегат во Соборот.

Предлог-актот е усвоен кога за него гласале мнозинството од присутните делегати во Соборот.

**8. Постапка за донесување на договорите за основите на општествениот план и на договорите за извршување на општествениот план**

Член 188

Сојузниот извршен совет го известува Соборот за текот и резултатите од договарањето заради потпишување на договорите за основите на општествениот план.

Член 189

Сојузниот извршен совет ги доставува потпишаните договори за основите на општествениот план до Соборот заради потврдување.

Член 190

Претседателот на Соборот ги доставува потпишаните договори за основите на општествениот план до делегатите во Соборот и до претседателите на собранијата на републиките и претседателите на собранијата на автономните покраини.

При доставувањето на договорите од став 1 на овој член до претседателите на собранијата на републиките и претседателите на собранијата на автономните покраини, претседателот на Соборот го предлага рокот во кој овие собранија треба да заземат ставови за договорот.

Член 191

Ставовите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини ги разгледува надлежното работно тело на Соборот и му предлага на Соборот донесување на одлука за потврдување на договорите за основите на општествениот план, ако со тие договори се согласиле собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Член 192

Ако едно или повеќе од собранијата на републиките или од собранијата на автономните покраини не дадат согласност да се потврди договорот за основите на општествениот план или имаат забелешки и предлози на одделни одредби од договорот, надлежното работно тело на Соборот ќе му предложи на Соборот да го обврзе Сојузниот извршен совет да ја предложи постапката за усогласување на спорните прашања.

Член 193

Договорите за извршувањето на општествениот план кои содржат елементи на политиката за развој, се утврдуваат според истата постапка според која се врши потврдување на договорите за основите на општествениот план.

**9. Постапка за учествување на Соборот во склучувањето на општествените договори**

Член 194

Соборот учествува во склучувањето на општествен договор кога е тоа определено со закон или кога тоа ќе го одлучи Соборот.

Член 195

Иницијатива за склучување на општествен договор можат да покренат делегација, делегат, работно тело на Соборот, собрание на република, односно собрание на автономна покраина и Сојузниот извршен совет.

Иницијативата за склучување на општествен договор, пред разгледувањето во Соборот, ја разгледуваат одборот на Соборот во чиј делокруг е прашањето што се уредува со општествениот договор и Законодавно-правната комисија на Соборот која утврдува дали постои уставен основ за учество на Соборот во склучувањето на општествениот договор.

Одборот и Законодавно-правната комисија на Соборот му поднесуваат за тоа на Соборот извештај со мислења и предлози.

Член 196

Соборот ја разгледува иницијативата покрената во Соборот или од други заинтересирани учесници за склучувањето на општествен договор и одлучува за своето учество во склучувањето на општествениот договор.

Ако заклучи да биде учесник во склучувањето на општествен договор, Соборот определува кој негов одбор ќе учествува во постапката за подготовка на општествениот договор и, по постигнатата согласност со другите учесници, ќе предложи текст на предлогот на општествениот договор.

За усвојувањето на иницијативата да биде учесник во склучувањето на општествениот договор, Соборот ги известува другите учесници на тој општествен договор.

Член 197

Одборот што Соборот ќе го определи да учествува во постапката за подготовка на општествениот договор определува од редот на своите членови претставници што ќе учествуваат во постапката за усогласување на ставовите на сите учесници во договарањето и утврдувањето на текстот на предлогот на општествениот договор.

Ако оцени дека за тоа постои потреба, одборот го известува Соборот за текот на постапката за усогласување, укажува на отворените прашања и бара Соборот за нив да заземе ставови.

Член 198

Ако со општествениот договор се уредуваат прашања за кои Соборот одлучува врз основа на согласност од собранијата на републиките, односно од собранијата на автономните покраини, Соборот за склучување на општествениот договор, односно за пристапувањето кон општествениот договор одлучува според одредбите на овој деловник за разгледувањето на предлог-актите што се донесуваат врз основа на согласност на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини.

Доколку со општествениот договор се уредуваат прашања за кои Соборот одлучува самостојно, одлуката за склучување на општествениот договор, односно за пристапување кон општествениот договор Соборот ја донесува со мнозинство гласови од присутните делегати во Соборот.

Прифатениот општествен договор, од името на Соборот, го потпишува претседателот на Соборот.

## Б. Постапка за избор, именување и разрешување на претседател и потпретседател на Соборот, на работни тела на Соборот и за именување секретар на Соборот

### 1. Избор на претседател и потпретседател на Соборот

Член 199

Предлог на кандидат за избор на претседател на Соборот поднесува Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

Предлог може да поднесе и секој делегат, односно делегација во Соборот. Предлогот се доставува до Комисијата за избор и именувања заради давање мислење за него. Комисијата е должна да даде мислење најдоцна 24 часа пред седницата на Соборот на која ќе се врши избор на претседател.

Предлогот, заедно со мислењето на Комисијата, се упатува до сите делегати.

Предлогот се поднесува во писмена форма.

Предлогот мора да им биде доставен на делегатите до почетокот на седницата на Соборот на која ќе се врши избор на претседател на Соборот.

Известителот на Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања, односно на друг овластен предлагач, има право да го образложи предлогот на седницата на Соборот.

Член 200

Гласањето за избор на претседател на Соборот на седницата на Соборот, по правило, е јавно.

Гласањето се врши тајно, ако Соборот, на барање од еден делегат или делегација за тоа претходно одлучил.

Член 201

Ако изборот на претседател на Соборот се врши тајно, гласањето се врши со гласачки ливчиња.

На секое гласачко ливче мораат да бидат отпечатени имињата на сите предложени кандидати, и тоа по нои ред според кој предлозите му се предадени на претседателот на Соборот. Пред името на секој кандидат мора да има реден број.

Сите гласачки ливчиња се од иста големина, форма и боја. На секое гласачко ливче е втиснат печат на Собранието на СФРЈ.

Член 202

Со спроведувањето на изборот раководи претседателот на Соборот, на кого во работата му помагаат потребниот број делегати избрани на седницата на Соборот и секретарот на Соборот.

Член 203

Секој делегат добива гласачко ливче.

По поделбата на гласачките ливчиња и откако ќе утврди дека секој делегат добил гласачко ливче, претседателот на Соборот дава објаснение за начинот на гласањето и го определува времето за пополнување на гласачките ливчиња.

Делегатите гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името на кандидатот.

По истекот на времето определено за пополнување на гласачките ливчиња, претседателот на Соборот ги повикува делегатите да ги предадат.

Крај секоја гласачка кутија е присутен еден од делегатите што се избрани на седницата да му помагаат на претседателот на Соборот во спроведувањето на изборот.

Член 204

Откако ќе гласаат сите присутни делегати и претседателот на Соборот ќе објави дека гласањето е завршено, се пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето.

Резултатите од гласањето се утврдуваат врз основа на гласачките ливчиња предадени во салата во која се одржува седницата.

Претседателот на Соборот го објавува резултатот од гласањето и соопштува колку вкупно делегати гласале и колку од нив се „за" одделен од предложените кандидати.

Член 205

За претседател на Соборот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните делегати во Соборот.

Ако предложениот кандидат не го добие потребното мнозинство, овластениот предлагач поднесува нов предлог.

Член 206

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по изборот на претседател на Соборот.

Поднесувањето на предлогот за избор и изборот на потпретседател на Соборот се врши според одредбите од овој деловник за поднесување предлог за избор на претседател на Соборот.

**2. Избор на претседател и членови на работните тела на Соборот**

Член 207

Предлог за состав на одделни работни тела на Соборот поднесува до Соборот Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања, или делегација во Соборот врз основа на претходна консултација со оваа комисија.

Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања му поднесува на Соборот предлог за избор на претседатели на работните тела.

Член 208

Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања е должна, најдоцна 24 часа пред почетокот на седницата, да му достави на Соборот предлог за состав на членовите на работното тело на Соборот од редот на делегатите.

Кога со овој деловник е определено дека во составот на одделни работни тела на Соборот влегуваат и научни, стручни и други јавни работници, Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања во предлогот за составот на овие работни тела го внесува и предлогот на членовите од редот на научните, стручните и јавните работници.

Предлог се поднесува во писмена форма.

Член 209

Соборот врши избор на членови на работните тела на Соборот. Гласањето на седницата на Соборот за избор на членови на работните тела, како и за избор на претседатели на работните тела е јавно.

**3. Именување секретар на Соборот**

Член 210

Секретар на Соборот се именува согласно со одредбите од овој деловник за изборот на претседател на Соборот.

**4. Постапка за разрешување**

Член 211

Функционерите кои, согласно со овој деловник, ги избира или именува Соборот, Соборот ги разрешува на предлог од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања или од друг овластен предлагач.

Предлогот за разрешување што не потекнува од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања го разгледува оваа комисија и за него доставува до Соборот свое образложено мислење.

Функционерот за кого е поднесен предлог за разрешување својот став за тој предлог може да го изнесе на седницата на Соборот на која се одлучува за предлогот, а ако својот став го соопштил во писмена форма, претседателот на Соборот за тој став ги известува делегатите во Соборот.

Член 212

Одредбите од овој деловник што се однесуваат на постапката за избор односно именување соодветно се применуваат и во постапката за разрешување.

Член 213

При одлучувањето за разрешување на функционер Соборот може да одлучи за негово заменување до изборот, односно до именувањето на нов функционер.

## В. Постапка за разгледување на спроведувањето на утврдената политика и извршување на актите од делокругот на Соборот

Член 214

Заради утврдување на политиката за извршување на законите, другите прописи и општи акти од својот делокруг и на обврските на сојузните органи во врска со извршувањето на тие прописи и акти, како и заради оцена на состојбата во одделни области од општествениот живот, Соборот ги разгледува извештаите, анализите и информациите што ги поднесува Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и другите сојузни органи и организации, како и работните тела на Соборот.

Пред разгледувањето на седница на Соборот, извештаите, анализите и информациите по правило ги разгледуваат работните тела и за тоа му поднесуваат на Соборот извештај.

Во извештајот работните тела му предлагаат на Соборот оцена на состојбата и мерки што треба да ги утврди Соборот.

Член 215

Извештај и информација на седница на Соборот можат да се поднесат усно и да се образложи потребата од нивно ставање на дневен ред.

Во случаите од став 1 на овој член Соборот го разгледува извештајот, односно информацијата без претходно разгледување во работните тела на Соборот.

Член 216

По повод разгледувањето на извештаите, анализите и информациите од член 214 на овој деловник Соборот може особено:

— да заклучи да се покрене постапка за донесување закони, други прописи или општи акти од делокругот на Соборот;

— да му предложи на Сојузниот собор тој да донесе нов, односно да изврши измени и дополненија на закон, друг пропис или општ акт од делокругот на тој Собор;

— да даде насоки или да донесе заклучок со кој се утврдуваат обврските на Сојузниот извршен совет, на сојузните органи на управата и на други сојузни органи;

— да донесе препорака со која на државните органи, на организациите на здружен труд и на други самоуправни организации и заедници и на здруженија ќе им се укаже на мерките што би требало да ги преземат заради решавање на определени прашања во врска со спроведувањето на политиката или со извршувањето на законите, другите прописи или општи акти.

Член 217

Ако претресот на прашањата од член 214 на овој деловник не бара донесување на заклучок или препорака, Соборот го заклучува претресот и преминува на следната точка од дневниот ред.

## Г. Постапка за разгледување на интерпелација

Член 218

Секоја делегација може да поднесе интерпелација за претресување на определени политички прашања во врска со работата на Сојузниот извршен совет.

Интерпелацијата се поднесува во писмена форма. Во неа мора да биде јасно формулирано и образложено прашањето што треба да се разгледува.

Делегацијата ја доставува интерпелацијата до претседателот на Соборот.

Член 219

Претседателот на Соборот веднаш ја доставува интерпелацијата до претседателот на Сојузниот извршен совет, до делегатите и до претседателот на Собранието на СФРЈ.

Член 220

Сојузниот извршен совет ја разгледува интерпелацијата и до претседателот на Соборот доставува писмен извештај по повод интерпелацијата.

Сојузниот извршен совет е должен извештајот по повод интерпелацијата да го достави до претседателот на Соборот најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на интерпелацијата.

Претседателот на Соборот извештајот на Сојузниот извршен совет го упатува до сите делегати.

Член 221

Интерпелацијата како посебна точка се става на дневен ред на првата седница на Соборот што се одржува по истекот на осум дена од денот на доставувањето на извештајот на Сојузниот извршен совет до делегатите.

Ако Сојузниот извршен совет не поднесе извештај во рокот од член 220 на овој деловник, интерпелацијата се става на дневен ред на првата наредна седница по истекот на тој рок.

Член 222

Претставникот на делегацијата што ја поднела интерпелацијата има право да ја образложи на седница на Соборот.

Претставникот на Сојузниот извршен совет има право на седница усно да го образложи извештајот на Сојузниот извршен совет.

Член 223

Претресот на интерпелацијата Соборот може да го заврши со заклучок за ставовите во врска со прашањата што се покренати со интерпелацијата со давање насоки на Сојузниот извршен совет за спроведување на политиката или извршување на закон, друг пропис или општ акт.

Претресот на интерпелацијата Соборот може да го заврши и без одлучување, со преминување на претрес на следната точка од дневниот ред.

По извршениот претрес на интерпелацијата, Соборот може да постави и прашање за доверба на Сојузниот извршен совет.

Член 224

Делегацијата што ја поднела интерпелацијата може да ја повлече најдоцна пред одлучувањето, односно пред преминувањето на претрес на следната точка од дневниот ред.

## Д. Постапка во врска со делегациските прашања

Член 225

Делегатско прашање до Сојузниот извршен совет и до функционерите кои раководат со сојузните органи на управата и со сојузните организации делегациите и делегатите можат да поставуваат усно на седница на Соборот, а помеѓу две седници на Соборот — писмено преку претседателот на Соборот.

Ако смета дека поставеното прашање е во согласност со одредбите од деловникот, претседателот на Соборот го доставува до Сојузниот извршен совет, односно до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација.

Ако смета дека поставеното прашање не е во согласност со одредбите од овој деловник, претседателот на Соборот ќе му укаже на подносителот на прашањето на тоа и ќе го повика своето прашање да го усогласи со тие одредби.

Ако подносителот своето прашање не го усогласи со одредбите од овој деловник, претседателот на Соборот тоа прашање нема да го упати до Сојузниот извршен совет, односно до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, и за тоа ќе го извести подносителот на прашањето. Во врска со тоа известување подносителот на прашањето може на седница на Соборот да бара неговото прашање да се упати до Сојузниот извршен совет, односно до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација.

За барањето Соборот одлучува без претрес.

Член 226

Претставникот на Сојузниот извршен совет, односно функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, е должен да даде одговор на истата седница на која е поставено делегатското прашање. Ако претставникот односно функционерот не може да даде одговор на седницата на која е поставено прашањето, должен е да ги наведе причините поради кои не може да даде одговор. Во тој случај Соборот одлучува за времето и начинот за давање одговор на тоа прашање.

На писмено поставеното прашање одговор се дава на наредната седница на Соборот, ако е тоа прашање доставено до Сојузниот извршен совет односно до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, најдоцна осум дена пред денот определен за одржување на седницата.

Член 227

Делегацијата и делегатот можат да бараат на поставеното делегатско прашање да се даде писмен одговор.

Писмен одговор на прашање поставено усно се дава во рок од осум дена од денот на поставувањето на прашањето, а писмен одговор на прашање поставено писмено — во рок од осум дена од денот кога прашањето е доставено до Сојузниот извршен совет, односно до функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, а се доставува до претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот го доставува одговорот до подносителот на прашањето и до сите делегати во Соборот.

Член 228

На делегатско прашање поставено до Сојузниот извршен совет одговор дава неговиот претставник, а на прашање поставено до функционер кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација — одговор освен тој функционер, може да даде и функционерот кој го заменува според важечките прописи, односно друг функционер во тој орган што тој ќе го овласти.

Претставникот на Сојузниот извршен совет односно функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација може да одбие да даде одговор на поставеното прашање, ако тоа прашање не се однесува на нивната работа или на работите од нивна надлежност.

Ако одговорот се однесува на прашање што претставува државна или службена тајна, Сојузниот извршен совет односно, функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, може да предложи одговорот да се даде на седница на Соборот без присуство на јавноста, или на затворена седница на одборот на Соборот во чиј делокруг спаѓа тоа прашање. За тој предлог одлучува Соборот.

Член 229

По примениот одговор, делегациите, односно делегатите што го поставиле прашањето, можат на седница на Соборот да изнесат мислење за дадениот одговор и да постават дополнително прашање.

По примениот одговор на поставеното прашање и на евентуално дополнителното прашање, делегацијата, односно делегатот можат, на начинот определен со овој деловник, да предложат поставеното прашање да се стави на дневен ред на таа или на една од наредните седници на Соборот и за него да се расправа.

Член 230

Прашањата што делегацијата и делегатот ги поставуваат до Сојузниот извршен совет и до функционерите кои раководат со сојузни органи на управата или со сојузни организации, како и одговорите на тие прашања, можат да бидат кратки и не смеат да имаат обележје на расправа за поставено прашање.

Член 231

Одредбите од овој деловник што се однесуваат на поставувањето делегатски прашања до Сојузниот извршен совет и до функционерите кои раководат со сојузни органи на управата и со сојузни организации се применуваат сообразно и врз делегатските прашања што им се поставуваат на организации и заедници што вршат јавни овластувања.

Член 232

Претседателот на Соборот може да свика посебна седница на Соборот заради поставување делегатски прашања и давање одговори на претходно поставените делегатски прашања.

По повод одговорот на делегатското прашање, Соборот може, на барање од делегацијата или делегатот што го поставиле прашањето да одлучи расправата по повод поставеното прашање да се изврши во надлежното работно тело на Соборот. По спроведената расправа за поставеното делегатско прашање, работното тело на Соборот му поднесува на Соборот извештај.

## Г. Постапка во врска со известување и објаснение

Член 233

Делегацијата или делегатот можат да бараат известување или објаснение од функционер на орган или организација од член 13 на овој деловник, непосредно или на седница на Соборот или на работно тело на Соборот.

Ако делегацијата или делегатот бараат известување или објаснение од став 1 на овој член непосредно, за тоа го известуваат претседателот на Соборот и можат да предложат претседателот на Соборот со тоа да ги запознае делегатите во Соборот.

Член 234

Известување дава функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, а може да го даде и функционерот кој го заменува според важечките прописи, или друг функционер што тој ќе го овласти, односно претставникот на организацијата која врз основа на законот врши јавни овластувања.

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација и претставникот на организацијата, која врз основа на сојузен закон врши јавни овластувања, се должни да го дадат бараното известување, по правило, во рок од осум дена од денот на упатувањето на барањето. Ако функционерот, односно претставникот на органот или организацијата не е во можност во овој рок да го даде бараното известување, должен е во тој рок да ја извести делегацијата, односно делегатот кога ќе го даде, со тоа што е должен да го даде најдоцна во наредните петнаест дена.

Известувањето се дава писмено или усно, според тоа како барала делегацијата односно делегатот.

Одредбите на ст. 1, 2 и 3 од овој член сообразно се применуваат врз известувањата што ги даваат органите и организациите од член 13 на овој деловник.

Член 235

Известувањето и објаснението се даваат на седница на Соборот или на работно тело на Соборот, а можат да се дадат и непосредно во писмена форма.

Делегацијата или делегатот на кои не им е дадено известување и објаснение, или не им е дадено навремено, или според нивната оцена е незадоволително, можат да предложат за тоа да се расправи во надлежното работно тело на Соборот.

## Е. Постапка во врска со покренување постапка за оценување на уставноста на закон, на друг пропис или општ акт

Член 236

Решението на Уставниот суд на Југославија за покренување постапка за оценување на уставноста на закон, на друг пропис или општ акт што до Собранието на СФРЈ го упатил Уставниот суд на Југославија, претседателот на Соборот го упатува на разгледување до матичното работно тело и до Законодавно-правната комисија на Соборот.

Решението на Уставниот суд на Југославија од став 1 на овој член се доставува и до Сојузниот извршен совет, до сојузниот орган на управата надлежен за работите на законодавството и до соодветната служба на Собранието на СФРЈ, заради давање мислење.

Член 237

За одржување седница на работното тело на Соборот и седница на Соборот на која ќе се разгледува решението, се известува Уставниот суд на Југославија.

Член 238

Матичното работно тело на Соборот го разгледува решението на Уставниот суд на Југославија и за тоа му поднесува на Соборот извештај.

Извештајот на матичното работно тело се доставува и до Законодавно-правната комисија на Соборот.

Законодавно-правната комисија го разгледува решението за покренување постапка за оценување на уставноста на закон, на друг пропис или општ акт заедно со извештајот на матичното работно тело од гледиштето на уставноста на тој закон, друг пропис или општ акт и за тоа му поднесува на Соборот извештај.

Член 239

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија на Соборот при разгледувањето на ре-

шението на Уставниот суд на Југославија го имаат предвид мислењето на Сојузниот извршен совет.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во постапката за разгледување на решението ја остваруваат потребната соработка и ги усогласуваат своите ставови.

Член 240

Ако матичното работно тело или Законодавно-правната комисија на Соборот при разгледувањето на решението оценат дека има основа за измена или дополнение на законот, на друг пропис или општ акт на кој се однесува решението на Уставниот суд на Југославија, или дека престанала потребата од примена на тој закон, друг пропис или општ акт, ќе му предложат на Соборот да заклучи да се пристапи кон измена, односно дополнение на законот, или кон донесување закон за престанување на важењето на законот, друг пропис или општ акт и својот предлог ќе го достават до претседателот на Соборот заради изнесување на седница на Соборот.

Член 241

Соборот го разгледува решението на Уставниот суд на Југославија заедно со извештајот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија на Соборот и, ако оцени дека е потребно да се измени или дополни законот, друг пропис или општ акт на кој се однесува решението, ќе го определи органот или работното дело што ќе поднесе предлог за измена или дополнение на законот, друг пропис или општ акт, како и рокот во кој предлогот ќе се подготви и ќе му се поднесе на Соборот.

Ако Соборот оцени дека нема основа за измена или дополнение на законот, другиот пропис или општ акт, на кој се однесува решението, Соборот ќе определи свој претставник да го претставува Собранието на СФРЈ во постапката пред Уставниот суд на Југославија.

Член 242

Претседателот на Соборот го известува Уставниот суд на Југославија за ставот на Соборот по повод решението за покренување постапка за оценување на уставноста на закон, друг пропис или општ акт.

Член 243

Врз упатувањето на решението на Уставниот суд на Југославија до делегатите, како и врз роковите за разгледување во матичното работно тело и во Законодавно-правната комисија на Соборот, се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на нацрт-актот.

Член 244

Ако Уставниот суд на Југославија донел одлука со која утврдил дека закон, друг пропис или општ акт не е во согласност со Уставот на СФРЈ и го определил рокот во кој законот, друг пропис или општ акт треба да се усогласи со Уставот на СФРЈ, претседателот на Соборот оваа одлука ја доставува до делегатите, матичното работно тело, Законодавно-правната комисија на Соборот и до Сојузниот извршен совет.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија на Соборот, земајќи го предвид мислењето на Сојузниот извршен совет, му предлагаат на Соборот ставови или мерки што Соборот треба да ги прифати или преземе за спроведување на одлуката на Уставниот суд на Југославија.

Ако е потребно да се измени или дополни законот, друг пропис или општ акт на кој се однесува одлуката на Уставниот суд на Југославија, Соборот ќе го определи органот или работното тело што ќе поднесе предлог за донесување со нацрт-закон, друг пропис или општ акт за измена или дополнение на закон, или за престанување на важењето на закон, друг пропис или општ акт на кој се однесува одлуката на Уставниот суд на Југославија, како и рокот во кој нацртот ќе се подготви и ќе се поднесе до Соборот.

Ако Соборот оцени дека е недоволен рокот што го определил Уставниот суд на Југославија за усогласување на законот со Уставот на СФРЈ, ќе побара од Уставниот суд на Југославија негово продолжување.

Член 245

Кога Уставниот суд на Југославија ќе го извести Соборот дека ја запрел постапката за оцена на уставноста на законот, на друг пропис или општ акт за кој Соборот зазел став, претседателот на Соборот на првата наредна седница го известува Соборот за решението на Уставниот суд на Југославија за запирање на постапката.

## IX. ДЕЛОВЕН РЕД ЗА СЕДНИЦА НА СОБОРОТ

### 1. Свикување на седница

Член 246

Седница на Соборот свикува претседателот на Соборот по своја иницијатива или врз основа на заклучок на Соборот.

Претседателот на Соборот свикува седница на Соборот кога тоа го бара Претседателството на СФРЈ, Сојузниот извршен совет, една од делегациите и работно тело на Соборот.

Ако претседателот не свика седница на Соборот кога е должен тоа да го стори, седница ќе свика претседателот на Собранието на СФРЈ.

Член 247

Претседателот на Соборот, при свикувањето на седницата, ќе води сметка за роковите и времето потребно за подготовка и работа на таа седница.

Поканата за седница на Соборот треба да биде навремено упатена до делегатите, за да можат прашањата ставени на дневен ред на седницата на Соборот да бидат разгледани во делегациите и во работните тела на Соборот, како и во собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, заради заземање ставови.

Поканата за седница на Соборот, со предлогот на дневниот ред, се упатува најдоцна осум дена пред денот определен за одржување на седницата на Соборот.

Кон поканата за седница претседателот на Соборот ги доставува до делегатите предлогот на дневниот ред, соодветен материјал за прашањата што се предложени за дневен ред на седницата и записникот од претходната седница, ако не им се доставени порано.

По исклучок, во итни случаи, претседателот може да свика седница на Соборот и во рок пократок од осум дена, а дневниот ред за неа може да го предложи на самата седница.

За свикувањето и предлогот на дневниот ред на седницата на Соборот, претседателот на Соборот ги известува претседателот на Собранието на СФРЈ и претседателите на собранијата на републиките и претседателите на собранијата на автономните покраини.

Член 248

Првата седница на Соборот по изборот на делегатите ја свикува претседателот на Собранието на СФРЈ.

На првата седница на Соборот, до изборот на претседател на Соборот, претседава најстариот делегат во Соборот.

## 2. Дневен ред на седницата

Член 249

Дневниот ред на седницата на Соборот го подготвува и го предлага претседателот на Соборот.

При подготовката на дневниот ред претседателот на Соборот со потпретседателот на Соборот, со претседавачите на делегациите и со претседателите на работните тела на Соборот се договара за прашањата што треба да се внесат во предлогот за дневниот ред и за денот на свикувањето на седницата на Соборот, земајќи ги предвид предлозите што им се доставени до денот на свикувањето на седницата и водејќи сметка за задачите и роковите утврдени со програмата за работа на Соборот.

При составувањето на предлогот на дневниот ред на Соборот се земаат предвид и иницијативите што потекнуваат од општествено-политичките и други општествени организации, од самоуправните организации и заедници во федерацијата.

Член 250

Претседателот на Соборот во предлогот на дневниот ред го внесува и прашањето поради кое една од делегациите, работно тело на Соборот, Претседателството на СФРЈ или Сојузниот извршен совет барале свикување на седница на Соборот.

Член 251

Ако претседателот на Соборот во предлогот на дневниот ред не внесе некое прашање што до денот на свикувањето на седницата на Соборот му го доставил овластениот предлагач, должен е на седницата да ги изнесе причините поради кои не го сторил тоа.

Ако предлагачот и по образложението на претседателот на Соборот остане при своето барање, за тоа барање одлучува Соборот.

Член 252

Во итни случаи претседателот на Соборот, работно тело на Соборот, една од делегациите, Претседателството на СФРЈ или Сојузниот извршен совет можат на седница на Соборот да предложат определено прашање да се стави на дневен ред на седницата, но се должни да ја образложат итноста на тој предлог.

Претседателот на Соборот, работно тело на Соборот, една од делегациите, Претседателството на СФРЈ или Сојузниот извршен совет можат на седница на Соборот да предложат определено прашање да не се стави на дневен ред, но се должни да го образложат тој предлог.

На седницата на Соборот прво се одлучува за предлозите од ст. 1 и 2 на овој член.

Член 253

Дневниот ред на седницата се утврдува на почетокот од седницата.

## 3. Претседавање и учество на седницата

Член 254

На седницата на Соборот претседава претседателот на Соборот.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Соборот, на седницата на Соборот претседава потпретседателот на Соборот.

Ако е отсутен и потпретседателот на Соборот, на седницата се бира еден од делегатите што ќе претседава на седницата. Во тој случај седницата ја отвора делегатот најстар по години и претседава до изборот на делегатот кој натаму ќе претседава на седницата.

Најстариот делегат претседава на првата седница на Соборот по изборот и кога претседателот и потпретседателот на Соборот се разрешени од должноста — до изборот на нов претседател на Соборот.

Член 255

Сите делегати имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата на седницата на Соборот.

За присуството на делегатите на седницата на Соборот се води евиденција.

Претседателот на Соборот пред почетокот на седницата утврдува дали постои кворум за работа на Соборот.

Член 256

Делегатите во Сојузниот собор можат да присуствуваат на седница на Соборот, а со одобрание на Соборот можат да учествуваат во претресот.

Во претресот на седница на Соборот можат да учествуваат:

— претседателот и членовите на Сојузниот извршен совет;

— претставниците на Сојузниот извршен совет кои не се членови на Советот и повереницте на тој совет кога се претресува предлог-акт или друг предлог на тој совет;

— функционерите кои раководат со сојузни органи на управата и со сојузни организации, кога се претресува предлог-акт или друго прашање што се однесува на областа од делокругот на органот, односно организацијата со која тие раководат;

— претставниците на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, кога се претресува предлог што го поднело собранието на републиката односно собранието на автономната покраина, мислење што го дало тоа, или прашање што го покренало тоа или кога се повикани на седницата заради изнесување на мислење за определено прашање;

— претставниците на органите во федерацијата, на општествено-политичките и на други општествени организации, самоуправни организации и заедници, како и научни и стручни работници што се повикани на седницата заради изнесување на мислење за определено прашање.

Член 257

Никој не може да зборува на седница на Соборот пред да побара и да добие збор од претседателот на Соборот.

Пријавите за збор се поднесуваат штом ќе почне претресот и можат да се поднесуваат сè до завршувањето на претресот.

Говорникот може да го опомене на ред или да го прекине во говорот само претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот се грижи говорникот да не биде смеќаван во говорот.

Член 258

Претседателот на Соборот им дава збор на делегатите според редот на пријавувањето, односно на поднесените пријави.

На делегатот кој сака да зборува за повреда на деловникот или за повреда на утврдениот дневен ред (забелешка на деловниот ред), претседателот на Соборот му дава збор штом ќе го побара. Говорот на тој делегат не може да трае подолго од пет минути. Претседателот на Соборот е должен по тој говор да даде објаснение за повредата на деловникот, односно на утврдениот дневен ред. Ако делегатот не биде задоволен од објаснението, за прашањето се решава на седницата, без претрес.

Ако делегатот побара збор за да го исправи наводот што според неговото мислење е неточен и што причинил недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснение (исправка на наводот), претседателот на Соборот ќе му даде збор штом ќе го заврши говорот лицето кое ја предизвикало исправката. Делегатот во својот говор мора да се ограничи на исправката, односно на личното објаснение и неговиот говор не може да трае подолго од пет минути.

Член 259

Говорникот може да зборува само за прашање што е на дневен ред.

Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Соборот ќе го повика да се придржува кон дневниот ред.

Ако говорникот и по вториот повик не се придржува кон дневниот ред, претседателот на Соборот може да му го одземе зборот.

Член 260

Траењето на излагањето на делегатите и на другите учесници на седницата не е ограничено, освен ако со овој деловник или со одлука на Соборот не е поинаку определено.

Соборот може, на предлог од претседателот на Соборот или на барање од делегатот чиешто барање го поддржуваат десет делегати, да одлучи дека говорникот за истото прашање може да зборува само еднаш ,а може да го определи и траењето на говорот.

**4. Одржување на редот**

Член 261

За редот на седницата на Соборот се грижи претседателот на Соборот.

Член 262

За повреда на редот на седницата на Соборот можат да се изречат мерките: предупредување, одземање на зборот и отстранување од седницата.

Член 263

Мерката предупредување му се изрекува на делегатот кој со своето однесување, земање збор иако не му го дал претседателот на Соборот, со упаѓање во зборот на говорникот или на друг начин го нарушува редот на седницата и одредбите од овој деловник.

Мерката одземање на зборот му се изрекува на делегатот кој со својот говор на седницата го нарушува редот и одредбите од овој деловник, а веќе двапати на таа седница е предупреден да се придржува кон редот и одредбите од овој деловник.

Мерката предупредување или мерката одземање на зборот ја изрекува претседателот на Соборот.

Член 264

Мерката отстранување од седница му се изрекува на делегатот кој нема да постапи според барањето на претседателот на Соборот кој му ја изрекол мерката одземање на зборот, или на друг начин го смеќава редот на седницата, или на седницата го навредува Собранието на СФРЈ, или делегатите во Собранието на СФРЈ или во говорот употребува изрази што не се во согласност со достоинството на Собранието на СФРЈ.

Делегатот може да биде отстранет само од седницата на која го повредил редот.

Мерката отстранување од седница можат да ја предложат претседателот на Соборот, делегација или делегат.

Делегатот спрема кого се предлага изрекување на мерката отстрануваље од седница има право на збор. Неговото излагање не може да трае подолго од пет минути.

Мерката отстранување од седница Соборот ја изрекува без претрес.

Делегатот на кого му е изречена мерката отстранување од седница должен е веднаш да ја напушти седницата и не може да присуствува на седницата од која е отстранет.

Член 265

Ако претседателот на Соборот со редовни мерки не може да го одржи редот на седницата на Соборот, ќе определи прекин на седницата.

Член 266

Претседателот на Соборот може да нареди секој граѓанин кој го нарушува редот на седницата на Соборот да се отстрани од салата во која се одржува седницата и од зградата на Собранието на СФРЈ.

Ако е редот значително нарушен, претседателот на Соборот може да нареди да се отстранат сите граѓани.

**5. Тек на седницата**

Член 267

Откако ќе ја отвори седницата, претседателот на Соборот ги дава потребните објасненија во врска со работата на седницата и за другите претходни прашања.

Претседателот на Соборот го известува Соборот и за тоа кој е повикан на седницата на Соборот и кои делегати го известиле дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Член 268

Пред преминувањето кон усвојување на дневниот ред, претседателот на Соборот ги прашува делегатите дали имаат забелешки на записникот од претходната седница.

Член 269

По утврдувањето на дневниот ред, делегатите можат да поставуваат прашања и да бараат објасненија и известувања во смисла на одредбите од овој деловник, ако Соборот не одлучи поинаку.

Соборот може да го определи времето за поставување прашања и за давање одговори на одделна седница.

Член 270

Одделни прашања се претресуваат според редоследот утврден во дневниот ред,

Во текот на седницата Соборот може да изврши измени во редоследот на претресот на одделни прашања што се утврдени во дневниот ред,

Претресот на одделни прашања може да биде единствен или поделен во две фази — општ претрес и претрес во поединости.

Во текот на општиот претрес се расправа за предлогот во начело и можат да се изнесуваат мислења, да се бараат објасненија и да се поведуваат сите прашања во врска со решенијата дадени во предлогот.

Во текот на претресот во поединости за предлогот се расправа по делови, глави, односно оддели на текстот, а ако тоа се одлучи на седницата, и по одделни членови, односно точки. То текот на претресот во поединости се расправа и за амандманите на предлогот.

Член 271

На почетокот од претресот за секое прашање, лицето кое го покренало прашањето може да даде поблиски, односно дополнителни образложенија на тоа прашање

Потоа збор добиваат делегатите и другите учесници на седницата на Соборот кои се пријавиле за збор.

Секое прашање на дневен ред на седницата на Соборот се претресува додека има пријавени говорници во врска со тоа прашање.

Кога ќе утврди дека нема повеќе говорници, претседателот на Соборот го заклучува претресот.

Член 272

Претседателот на Соборот може во текот на седницата да ја прекине работата на Соборот и да ги определи денот и часот кога ќе се продолжи работата.

Претседателот на Соборот ја прекинува работата на Соборот кога е тоа предвидено со овој деловник, поради недостиг на кворум, поради поодминато време, поради одмор на делегатите, поради потребата во меѓувреме од прекинот до продолжението на седницата да се извршат потребните консултации и да се приберат потребните мислења, како и во други случаи кога тоа ќе го заклучи Соборот.

Ако седницата е прекината поради недостиг на кворум, а кворум не постои ни во продолжение на седницата, претседателот на Соборот ја заклучува седницата.

Член 273

За прашањата што се претресуваат на седницата на Соборот можат да се донесуваат акти на Собранието на СФРЈ од делокругот на Соборот, заклучоци и насоки на Соборот.

Ако прашањето што се претресува не бара донесување акт, односно заклучок, или ако Соборот не сака да одлучува за тоа прашање, Соборот го заклучува претресот и преминува кон следната точка од дневниот ред.

Ако Соборот за прашањето што го претресувал не сака да одлучува на истата седница, претресот за тоа прашање и донесувањето заклучоци се одлага за една од наредните седници, според заклучокот на Соборот.

Член 274

Откако ќе бидат исцрпени сите точки од дневниот ред, претседателот на Соборот ја заклучува седницата.

**6. Одлучување**

Член 275

За донесување одлука на седница на Соборот е потребен кворум. Кворум постои ако на седницата на Соборот се застапени сите делегации на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини и ако на седницата присуствуваат мнозинството делегати.

Ако се донесува закон за привремени мерки, кворум постои ако на седницата присуствуваат две третини од сите делегати.

Член 276

Ако претседателот на Соборот се посомнева дека постои кворум за одлучување, ќе побара прозивање.

Прозивање ќе се изврши и кога тоа го бара делегатот чиешто барање ќе го поддржат десет делегати.

Кога ќе се заврши прозивањето, повторно се прозиваат делегатите за кои во списокот е забележено дека не се присутни.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот.

По завршеното прозивање претседателот на Соборот утврдува дали на седницата се застапени сите делегации на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини и колкав број делегати присуствуваат на седницата на Соборот.

Член 277

За прашањата за кои во согласност со Уставот на СФРЈ се одлучува врз основа на согласност на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, Соборот одлучува по делегации. Одлуката се смета за донесена ако за неа се изјасниле сите делегации во Соборот.

Соборот донесува закони за привремени мерки со двотретинско мнозинство гласови од сите делегати во согласност со Уставот на СФРЈ.

За другите прашања од својот делокруг, како и за прашањата за кои во согласност со Уставот на СФРЈ рамноправно одлучува со Сојузниот собор, одлучува со мнозинство гласови од присутните делегати.

Член 278

Делегацијата, односно делегатите имаат право по завршениот претрес, а пред гласањето, да се изјаснат за својот став во врска со гласањето и да го образложат.

Член 279

Гласањето, по правило, е јавно.

Член 280

По делегации се одлучува така што претседавачот на делегацијата или еден од членовите на деленува дали таа делегација е „за" или „против" предлогот.

Член 281

Кога во Соборот се одлучува со гласовите на сите делегати, делегатите гласаат така што се изјаснуваат „за" предлогот или „против" него, или се воздржуваат од гласањето.

Гласањето се врши едновремено — со кревање рака или на друг начин, или со прозивање заради поимено изјаснување.

Член 282

Гласањето со кревање рака или на друг начин се врши така што претседателот на Соборот прво ги повикува делегатите да се изјаснат кој е „за" предлогот, потоа, кој е „против" предлогот и на крајот, дали некој се воздржува од гласањето.

Член 283

Прозивањето заради поединечно изјаснување на делегатите се врши ако тоа го определи претседателот на Соборот затоа што смета дека е тоа потребно за да се утврди точно резултатот од гласањето, или ако тоа го побара еден член од делегацијата чиешто барање ќе го поддржи делегацијата на која тој припаѓа.

Поименично се гласа така што секој прозван делегат се изјаснува „за" или „против" или се воздржува од гласањето.

Кога е завршено прозивањето, повторно се прозиваат делегатите за кои во списокот не е забележено дека гласале.

Прозивањето го врши секретарот на Соборот.

Член 284

По завршеното гласање претседателот на Соборот го утврдува резултатот од гласањето и врз основа на резултатот од гласањето објавува дека предлогот за кој се гласало е усвоен или дека е одбиен.

**7. Записници**

Член 285

За работата на седницата на Соборот се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, а посебно за предлозите изнесени на седницата и за заклучоците донесени на седницата по повод одделни точки од дневниот ред.

Во записникот се внесуваат и резултатите од гласањето по повод одделни прашања.

Делегатот кој на седницата го издвоил мислењето може да бара суштествените делови од неговата изјава да се внесат во записникот.

За составувањето на записникот се грижи секретарот на Соборот.

Член 286

Записникот се составува, по правило, истиот ден кога е завршена седницата.

Записникот се упатува до сите делегати веднаш по составувањето, а најдоцна осум дена пред денот определен за одржување на идната седница.

Член 287

Секој делегат има право на почетокот од наредната седница да стави забелешка на записникот.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седница без претрес. Ако се усвојат забелешките, во записникот ќе се извршат содветни измени.

Записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот во кој се извршени исправки според усвоените забелешки, се смета за усвоен.

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот на Соборот и секретарот на Соборот.

Член 288

За чувањето на записникот од седницата на Соборот се грижи секретарот на Соборот.

Член 289

На седница на Соборот се водат и стенографски белешки.

Стенографските белешки им се ставаат на увид на делегатите веднаш по одржаната седница на Соборот.

Секој делегат може во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата да бара во стенографските белешки да се извршат измени на неговото излагање што се само од редакциски карактер. Со овие измени не може да се менува смислата и суштината на неговото излагање.

Ако се оспори дека измените, што делегатот бара да се извршат во стенографските белешки во кои е неговото излагање, се од редакциски карактер, за спорното прашање одлучува претседателот на Соборот.

Стенографските белешки се приложуваат кон усвоениот записник.

## X. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБОРОТ

Член 290

Соборот ја известува јавноста за прашањата што ги разгледува и за кои одлучува и за своите одлуки и ставови за тие прашања, како и за работата на Соборот и на неговите работни тела.

Член 291

На работните луѓе и на граѓаните во организациите на здружен труд, други самоуправни организации и заедници и други организации им е достапен, во согласност со одредбите од прописот за внатрешниот ред во Собранието на СФРЈ, информативниот и документациониот материјал за прашањата што се разгледуваат во Соборот.

Член 292

На работните луѓе и на граѓаните им се обезбедува, во согласност со одредбите од прописот за внатрешниот ред во Собранието на СФРЈ, слободен пристап во Собранието на СФРЈ.

Со прописот за внатрешниот ред во Собранието на СФРЈ им се обезбедува пристап на работните луѓе и на граѓаните во зградата на Собранието на СФРЈ.

Член 293

Претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање имаат право да присуствуваат на седницата на Соборот, како и на седници на работните тела на Соборот и да ја известуваат јавноста за нивната работа.

На седница Соборот може да одлучи претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање да можат да присуствуваат на седницата и кога на неа се претресува некое прашање без присуство на јавноста. За таквото прашање овие претставници можат за јавноста да даваат само известувања за кои тоа ќе се одлучи на седницата. На седницата може да се одлучи известувања за таквото прашање да можат да се даваат по истекот на определено време.

Работните тела на Соборот можат да ги определат условите под кои претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање можат да ја известуваат јавноста за работата на нивните седници.

На седници на работните тела на Соборот може да се одлучи одделно прашање да се разгледува без присуство на претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање, ако тоа го бараат интересите на безбедноста или на одбраната на земјата или други општествени интереси.

Член 294

На претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање им се ставаат на располагање актите што се разгледуваат во Соборот, Гласилото на Собранието на СФРЈ, информативниот и документациониот материјал за прашањата што се разгледуваат во Соборот и во неговите работни тела и известувањата, извештаите за работата на работните тела на Соборот и стенографските белешки од седницата на Соборот, освен ако Соборот, односно неговото работно тело одлучило одделно прашање да се разгледува без присуство на претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање.

Заради создавање услови за работа на претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање за работата на Соборот им се обезбедуваат, покрај навремено доставување на материјалот, потребни услови за следење на работата на седница на Соборот и на неговите работни тела, разговори со претставниците на предлагачите или со соодветните функционери во Соборот, како и нивни посети на редакциите и други лични контакти.

Член 295

Претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање, како и лицата што ра-

ботат врз работите на информирањето на јавноста за работата на Собранието на СФРЈ, се должни во вршењето на оваа дејност да се придржуваат кон начелата на професионалната етика и на општествената одговорност.

Објавување на информации со кои им се нанесува штета на угледот на Собранието на СФРЈ или на интересите на општествената заедница, на честа, угледот и на правата на делегатите повлекува одговорност.

Член 296

Соборот може да одлучи предлог на закон, на друг пропис или општ акт што се претресува во Соборот, а што е од посебен интерес за јавноста, да се објави во печатот или во посебна публикација.

Член 297

Соборот и неговите работни тела можат, заради известување на јавноста за работата на Соборот, да одлучат да се даде официјално соопштение за печатот и за другите средства за јавно информирање.

Член 298

Официјално соопштение за печатот и за другите средства за јавно информирање се дава, особено, по седниците на Соборот или на неговите работни тела што се одржани без присуство на јавноста, односно без присуство на претставниците на печатот и на другите средства за јавно информирање, како и во други случаи кога тоа ќе го одлучи Соборот или негово работно тело.

Ако текстот на официјалното соопштение не е утврден на седница на Соборот, односно на негово работно тело, го утврдува претседателот на Соборот, односно на работно тело на Соборот.

Член 299

Конференција за печатот се одржува кога тоа ќе го одлучи Соборот, работно тело на Соборот или претседателот на Соборот.

Кога ќе одлучи да се одржи конференција за печатот Соборот, односно работното тело на Соборот, определува свој претставник што ќе ја одржи.

## XI. УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ И ПИСМАТА НА НАРОДИТЕ И НАРОДНОСТИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РАБОТАТА НА СОБОРОТ

Член 300

Делегатот има право на седница на Соборот и на неговите работни тела да зборува на кој и да е јазик на народите на Југославија, односно на јазикот на народноста на која и припаѓа.

Делегатот има право на Соборот и на неговите работни тела да им поднесува писмени предлози, амандмани и други поднесоци на кој и да е од јазиците и писмата на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, односно на кој и да е од јазиците и писмата на народностите.

Говорот на делегатот одржан на седница на Соборот или на негово работно тело на еден од јазиците на народите на Југославија се преведува на другите јазици на народите на Југославија и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански и унгарски јазик).

Говорот на делегатот одржан на седница на Соборот или на негово работно тело на јазик на народност се преведува на сите јазици на народите на Југославија и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански и унгарски јазик).

Член 301

Секој делегат има право на Соборот и на неговите работни тела да им поднесува писмени предлози, амандмани и други поднесоци на кој и да е од јазиците и писмата на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, односно на народноста на која и припаѓа.

Поднесоците на делегатите составени на еден од јазиците на народите на Југославија и поднесоците составени на јазиците на одделни народности се преведуваат на јазиците на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански и унгарски јазик).

Член 302

Во Соборот се изработуваат на јазиците и писмата на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански и унгарски јазик):

— предлог-актите од делокругот на Соборот и другите предлози што ги разгледува Соборот и неговите работни тела, како и заклучоците и записниците на Соборот и на неговите работни тела;

— информативниот и документациониот материјал за прашањата на дневен ред на седницата на Соборот и на неговите работни тела и за други прашања од делокругот на Соборот, односно на неговите работни тела што, според одредбите од овој деловник, им се упатува на делегатите;

— друг материјал што им се упатува на делегатите, како: Информативниот билтен на Собранието на СФРЈ, поканите за седница на Соборот и на неговите работни тела, други известувања и други документи.

Материјалот од став 1 на овој член што на Соборот му го доставуваат Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и сојузните организации мора да биде изработен и доставен на јазиците и писмата на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански и унгарски јазик).

Материјалот од став 1 на овој член што на Соборот му го доставиле други органи и организации, како и делегации и делегати, а не е изработен на сите јазици на народите на Југославија и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански и унгарски јазик) се преведува во Собранието на СФРЈ на јазиците на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, и на јазиците на албанската и унгарската народност (албански и унгарски јазик).

Член 303

На делегатот материјалот му се доставува на јазикот на народот на Југославија, утврден со републичкиот устав, на кој му припаѓа делегатот, ако тој не бара поинаку, а на делегатот што и припаѓа на народност — на јазикот на народот на Југославија што тој ќе го определи, или на јазикот на албанската, односно унгарската народност (албански, односно унгарски јазик).

На собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, материјалот од делокругот на Соборот им се доставува на јазикот на народот на Југославија што се употребува во таа република, односно автономна покраина, а на собранијата на автономните покраини — и на јазикот на албанската, односно унгарската народност (на албански, односно унгарски јазик).

На органите и организациите и на одделни граѓани на територијата на републиката, односно на автономната покраина, материјалот од делокругот на Соборот им се доставува на јазикот на народот на Југославија што се употребува во таа република, односно автономна покраина, а на територијата на автономната покраина — и на јазикот на албанската, односно унгарската народност (на албански, односно унгарски јазик).

Член 304

Собранијата на автономните покраини и други органи и организации на подрачјата на кои живеат припадници на народностите имаат право предлозите, односно барањата за донесување акти од делокругот на Соборот и другите предлози што ги разгледуваат Соборот и неговите работни тела да ги поднесуваат на еден од јазиците на народностите од територијата на автономната покраина, односно на тоа подрачје.

Граѓаните — припадници на народностите имаат право на Соборот и на неговите работни тела да им поднесуваат барања за донесување акти од делокругот на Соборот, предлози и други претставки на јазикот на народноста на која и припаѓаат.

Барањата, предлозите и претставките од ст. 1 и 2 на овој член составени на јазиците на народностите, што им се доставуваат на делегатите, се преведуваат на јазиците на народите на Југославија, утврдени со републичките устави, и на јазиците на албанската, односно унгарската народност (албански, односно унгарски јазик).

Одговорите на овие барања, предлози и претставки се доставуваат на јазикот на народот на Југославија или на јазикот на албанската, односно унгарската народност (албански, односно унгарски јазик) на кој се обратил подносителот на барањето, предлогот или претставката.

## XII. ОДНОСИ И СОРАБОТКА НА СОБОРОТ СО СОЈУЗНИОТ СОБОР

Член 305

Соборот може да одлучи заедно со Сојузниот собор да одржи седница заради претресување на прашања од рамноправен делокруг.

Соборот може да одлучи заедно со Сојузниот собор да одржи седница и заради давање свечена изјава на функционерите што ги избира Собранието на СФРЈ, за да ислушаат експозеа, извештаи и сл., како и заради претресување на други прашања од заеднички интерес.

Член 306

Седницата што соборите на Собранието на СФРЈ ја одржуваат заедно ја свикуваат претседателите на тие собори спогодбено или врз основа на заклучок на соборите, откако претходно ќе се договорат за денот и дневниот ред на таа седница.

На седницата што соборите заедно ја одржуваат, претседателите на соборите наизменично претседаваат.

Член 307

Ако соборите заклучат на седницата што заедно ја одржуваат и да одлучуваат, Соборот гласа одвоено.

Член 308

На седницата што соборите заедно ја одржуваат, сообразно се применуваат одредбите за деловниот ред на седниците на соборите.

Член 309

Работните тела на Соборот можат да заклучат со работните тела на Сојузниот собор заедно да одржат седница заради разгледување на прашања од интерес за обата собора и за тие прашања можат да поднесат заеднички извештај до соборите.

Седницата што работните тела на Соборот заедно ја одржуваат ја свикуваат претседателите на тие тела, спогодбено или врз основа на заклучок на работното тело, откако претходно ќе се договорат за денот на одржувањето и за дневниот ред на таа седница. На овие седници претседаваат претседателите на работните тела наизменично.

Член 310

Соборот може во текот на постапката за донесување акт да бара Сојузниот собор да го разгледа нацрт-актот и за него да даде мислење.

Член 311

Соборот може во текот на постапката за донесување акт од делокругот на Сојузниот собор да го разгледува предлогот на тој акт, ако со тој акт се утврдуваат прашања што се од интерес за Соборот и да му достави свое мислење на Сојузниот собор.

Член 312

Кога Соборот за нацрт-актот што го донесува ќе добие мислење од Сојузниот собор, пред започнувањето на постапката за усогласување на ставовите на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини ќе го разгледа тоа мислење.

Член 313

Работното тело на Соборот може во текот на постапката за донесување акт од делокругот на Сојузниот собор да го разгледа предлогот на тој акт и за своето мислење да го извести Соборот или непосредно надлежното работно тело на Сојузниот собор.

Член 314

Соборот може да определи свој претставник кој на седницата на Сојузниот собор ќе го образложи предлогот, односно мислењето што Соборот го дал во врска со предлог-актот од делокругот на Сојузниот собор.

Член 315

Нацртот на својата програма за работа Соборот му го доставува на Сојузниот собор и ги разгледува евентуалните мислења и предлози на тој собор во врска со нацртот.

## XIII. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ НА СОБОРОТ СО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СФРЈ

Член 316

Соборот ги разгледува предлозите на Претседателството на СФРЈ за утврдување на внатрешната и надворешната политика и за донесување закон, друг пропис или општ акт од делокругот на Соборот според постапката утврдена со овој деловник.

Член 317

Соборот може да бара од Претседателството на СФРЈ да ги изложи ставовите за одделни прашања од неговата надлежност што се од интерес за работата на Соборот.

Кога Соборот ќе побара од Претседателството на СФРЈ да ги изложи ставовите за прашањата од неговата надлежност што се од интерес за работата на Соборот, претседателот на Соборот за тоа го известува Претседателството на СФРЈ.

Член 318

Ако Соборот не го прифати предлогот на Претседателството на СФРЈ за утврдување на внатрешната и надворешната политика или за донесување закон, друг пропис или општ акт од делокругот на Соборот, чиешто донесување Претседателството на СФРЈ го смета за неопходно, или ако не го прифати предлогот на Претседателството на СФРЈ да се одложи донесувањето на законот, друг пропис или

на друг општ акт, претседателот на Соборот го известува Претседателството на СФРЈ за ставот на Соборот и за причините поради кои е заземен тој став.

Во случајот од став 1 на овој член, по иницијатива од Претседателството на СФРЈ или од Соборот, ќе се постапи на начинот утврден во член 319 од Уставот на СФРЈ.

Член 319

Претседателството на СФРЈ го известува Соборот за состојбата и проблемите на внатрешната и надворешната политика од делокругот на Соборот, како и за другите прашања што се од интерес за работата на Соборот.

Член 320

Членовите на Претседателството на СФРЈ можат да присуствуваат и да учествуваат во работата на седниците на Соборот и на седниците на работните тела на Соборот.

Член 321

Соборот го известува Претседателството на СФРЈ за своите седници и за седниците на своите работни тела и му ги доставува нацрт-актите, како и информативните и документационите материјали од интерес за работата на Претседателството на СФРЈ.

## XIV. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СОБОРОТ СПРЕМА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

### 1. Претставување на Сојузниот извршен совет во Соборот

Член 322

Претседателот на Сојузниот извршен совет го претставува Сојузниот извршен совет во Соборот на републиките и покраините.

Член 323

Заради остварување на постојана соработка со Соборот, Сојузниот извршен совет определува свои членови како постојани претставници во Соборот и во работните тела на Соборот.

За свој постојан претставник во одделни работни тела на Соборот, Сојузниот извршен совет може да определи и функционер кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, кој не е член на Сојузниот извршен совет, за прашањата од областите што се во делокругот на органот, односно на организацијата со која тој раководи.

Член 324

Сојузниот извршен совет може да определи еден свој член да го претставува по определено прашање во Соборот и во работните тела на Соборот.

Сојузниот извршен совет може да определи и функционер кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација, кој не е член на Сојузниот извршен совет, да го претставува во Соборот и во работните тела на Соборот по определено прашање од областа што е во делокругот на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација со која тој раководи.

Сојузниот извршен совет може да определи и потсекретар или помошник на функционер кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација да го претставува во работните тела на Соборот по определено прашање од областа што е во делокругот на соодветниот сојузен орган на управата, односно на сојузната организација, ако со овој деловник не е поинаку определено.

Член 325

Кога Сојузниот извршен совет му поднесува на Соборот нацрт-акт, односно друг предлог заради разгледување, го известува Соборот за својот претставник што го определил.

Претставниците на Сојузниот извршен совет присуствуваат на седниците на Соборот и на неговите работни тела на кои се разгледува предлогактот што го поднел тој совет и учествуваат во работата на Соборот и на неговите работни тела, ги изнесуваат ставовите на Сојузниот извршен совет и го известуваат Сојузниот извршен совет за ставовите и мислењата на Соборот односно на работните тела на Соборот.

Член 326

Во работата на работното тело на Соборот кога се врши, усогласување на ставовите на собранијата на републиките и на собранијата автономните покраини за нацрт-актот што се донесува врз основа на согласност учествува членот на Сојузниот извршен совет што тој ќе го определи.

Во работата на работното тело на Соборот како претставник на Сојузниот извршен совет може да учествува и заменик на функционер кој раководи со сојузен орган на управата, односно со сојузна организација кога ќе го определи Сојузниот извршен совет.

Член 327

Сојузниот извршен совет определува свои повереници кога на дневен ред на седница на Соборот и на неговите работни тела е нацрт-актот што тој го поднел.

Сојузниот извршен совет може да определи свои повереници и во други случаи, кого смета дека е тоа потребно.

Сојузниот извршен совет определува повереници и кога тоа ќе го побара Соборот и неговите работни тела.

Повереникот на Сојузниот извршен совет присуствува на седниците на Соборот и на неговите работни тела, дава известување и објасненија за нацрт-акт и за други прашања што се на дневен ред на седницата на Соборот и на неговите работни тела.

Член 328

Соборот и неговите работни тела го известуваат Сојузниот извршен совет за своите седници.

За седниците на Соборот и на неговите работни тела на кои ќе се разгледува нацрт-акт или друг предлог што го поднел Сојузниот извршен совет се известуваат и неговите претставници и повереници.

### 2. Известување на Соборот за работата на Сојузниот извршен совет

Член 329

Сојузниот извршен совет, по сопствена иницијатива или на барање од Соборот, му поднесува на Соборот извештај за својата работа, за спроведувањето на политиката што ја утврдил Соборот, за извршувањето на Општествениот план на Југославија и на другите акти со кои се утврдува политиката на општествено-економскиот развој, за извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти што ги донел Соборот, за состојбата во сите области од општествениот живот и за други прашања од својот делокруг.

Извештајот на Сојузниот извршен совет од став 1 на овој член се поднесува во роковите утврдени со законот и со програмата за работа на Соборот.

За извештајот на Сојузниот извршен совет расправа Соборот и со свои заклучоци ги утврдува ставовите по повод разгледувањето на овој извештај.

Член 330

Сојузниот извршен совет поднесува, по сопствена иницијатива или на барање од Соборот, извештај за својата работа, за состојбата во определена област од општествениот живот, за извршувањето на одделни закони, други прописи и општи акти на Соборот, како и за други прашања од делокругот на Соборот.

За извештајот на Сојузниот извршен совет од став 1 на овој член расправа Соборот и со свои заклучоци ги утврдува ставовите по повод на неговото разгледување.

**3. Остварување на политичка контрола на Соборот над работата на Сојузниот извршен совет и одговорност на Сојузниот извршен совет**

Член 331

Сојузниот извршен совет, во согласност со Уставот на СФРЈ, во областите од делокругот на Соборот за својата работа е одговорен пред Соборот на републиките и покраините.

Член 332

Во остварувањето на политичката контрола над работата на Сојузниот извршен совет, Соборот и неговите работни тела го следат спроведувањето на утврдената политика и извршувањето на сојузните закони и другите прописи и општи акти што ги донел Соборот.

Член 333

Во остварувањето на политичката контрола на Соборот над работата на Сојузниот извршен совет и одговорноста на Сојузниот извршен совет пред Соборот, Соборот може, во рамките на својот делокруг, да поведе претрес на прашањата што се однесуваат на работата на Сојузниот извршен совет, а особено во врска со спроведувањето на политиката што Соборот ја утврдил, состојбата во одделни области од општествениот живот, извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти на Соборот и насочувањето и усогласувањето на работата на сојузните органи на управата и на сојузните организации од страна на Сојузниот извршен совет.

Претрес на овие прашања може да се поведе по повод разгледувањето на извештајот за работата на Сојузниот извршен совет, поднесена интерпелација, како и по повод други прашања што се разгледуваат на седница на Соборот.

Предлог за поведување расправа за прашањата од ст. 1 и 2 на овој член може да поведе делегат и делегација во Соборот, работно тело на Соборот и собрание на република, односно собрание на автономна покраина.

Член 334

Претресот на прашањата што се однесуваат на остварувањето на политичката контрола на Соборот над работата на Сојузниот извршен совет и одговорноста на Сојузниот извршен совет може да се заврши:

— со донесување заклучок со кој се утврдуваат обврските на Сојузниот извршен совет и му се даваат насоки во врска со спроведувањето на политиката и извршувањето на сојузните закони, други прописи и општи акти на Соборот;

— со донесување заклучок со кој се утврдуваат обврските на Сојузниот извршен совет за преземање на определени мерки, за поднесување извештаи или предлог-акти, или за поднесување на информативни и други материјали;

— со заземање ставови за работата на Сојузниот извршен совет и неговата одговорност;

— со поставување прашање за доверба на Сојузниот извршен совет и на претседателот или на одделен член на тој совет;

— со просто преминување кон следната точка од дневниот ред.

Член 335

Во поглед на натамошната постапка во која е поставено прашање за доверба на Сојузниот извршен совет односно на претседателот и на членовите на тој совет, како и постапката во која Сојузниот извршен совет поднесува колективна оставка, се применуваат одредбите од Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

## XV. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СОБОРОТ СПРЕМА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 336

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата и со сојузна организација во согласност со Уставот на СФРЈ е одговорен пред Соборот за својата работа, за работата на органот, односно организацијата со која раководи, како и за состојбата во соодветната област од општествениот живот во рамките на длокругот на органот, односно на организацијата со која раководи — во областите од делокругот на Соборот.

Член 337

Работните тела на Соборот можат, во рамките на делокругот на Соборот и во согласност со програмата и плановите за работа на Соборот и на работните тела на Соборот, од сојузните органи на управата и од сојузните организации да бараат:

— да проучат определено прашање од својот делокруг и за тоа да им поднесат извештај;

— да ги известат за состојбата и појавите од областа на својот делокруг;

— да ги известат за спроведувањето на политиката што ја утврдил Соборот и за извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти на Соборот за одделни прашања од областа на нивниот делокруг;

— да изработат предлог на закон, на друг пропис или општ акт од областа на својот делокруг, што ги донесува Соборот;

— да им даваат известувања и објасненија за прашањата од својот делокруг;

— да им ги достават податоците со кои располагаат или што во својот делокруг се должни да ги прибираат и евидентираат, како и списите и другите материјали потребни за работа на Соборот и на неговите работни тела.

Ако сојузниот орган на управата, односно сојузната организација смета дека не може, поради други свои редовни обврски, да го изврши барањето на работните тела на Соборот што се однесува на изработката на предлог на закон, друг пропис или општ акт, а кој не е предвиден со програмата за работа на Соборот или со заклучок на Соборот, ќе го извести за тоа работното тело на Соборот и Сојузниот извршен совет и ќе ги изнесе причините поради кои не може да го стори тоа.

Член 338

Работните тела на Соборот можат од функционерите кои раководат со сојузните органи на управата и со сојузните организации да бараат во работата на комисијата, студиската група или друга група што ја формирало работното тело заради проучување на определени прашања и подготвување закони, други прописи и општи акти, да учествуваат стручњаци од соодветните органи на управата, односно организации.

Член 339

Работните тела на Соборот ги известуваат сојузните органи на управата и сојузните организации за седниците на кои ќе бидат претресувани прашања што се однесуваат на областа од нивниот делокруг заради учество на нивни претставници на тие седници.

Член 340

Функционерите кои раководат со сојузните органи на управата и со сојузните организации имаат право и должност да учествуваат во работата на седниците на Соборот кога на тие седници се претресува предлог-акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на областа од делокругот на сојузниот орган на управата, односно сојузната организација со кои тие раководат или друго прашање што се однесува на областа од делокругот на тие органи, односно организации.

На седниците на Соборот овие функционери даваат известувања и објасненија за прашањата што се разгледуваат, а се должни, по барање од Соборот, да дадат такви известувања и објасненија и по писмен пат.

Ако функционерот е спречен да учествува во работата на седницата на работното тело на Соборот, може да определи во работата на седницата да учествува друг раководен работник во соодветниот орган на управата, односно организација.

Заради редовно известување на Соборот и на неговите работни тела за работата на сојузните органи на управата и на сојузните организации, за состојбата, појавите и проблемите во областите од делокругот на тие органи, односно организации, како и заради давање потребни известувања и објасненија на тие тела за прашањата што се разгледуваат во работата на седниците на Соборот и на неговите работни тела како претставник на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација има право да учествува и друг функционер во тој орган, односно организација што е посебно определен за тоа.

Член 341

Функционерите кои раководат со сојузните органи на управата и со сојузните организации известуваат, на барање од Соборот и по сопствена иницијатива, за состојбата во соодветната област, за извршувањето на сојузните закони, другите прописи и општи акти на Соборот и за другите прашања од својот делокруг, како и за работата на органот односно на организацијата со која раководат.

Соборот може со свој заклучок да го определи рокот во кој функционерот е должен да поднесе извештај.

## XVI. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ВО СОБОРОТ НА МИСЛЕЊАТА И ПРЕДЛОЗИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД, СОЈУЗНИОТ СУД, СОЈУЗНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ И СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО И ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ОД СТРАНА НА СОБОРОТ ПРЕД УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 342

Мислењата и предлозите на Уставниот суд на Југославија за остварувањето заштита на уставноста и законитоста, мислењата и предлозите на Сојузниот суд, сојузниот јавен обвинител и на сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето за прашањата од интерес за работата на Соборот се разгледуваат на седница на Соборот.

Кога Соборот ги разгледува мислењата и предлозите на органите од став 1 на овој член, за тие прашања зазема ставови и донесува заклучоци и за тоа ги известува тие органи.

Член 343

Соборот може да одлучи да поведе пред Уставниот суд на Југославија постапка за оценување на уставноста и законитоста на прописите и другите општи акти што се донесуваат при спроведувањето на законите и другите општи акти од делокругот на Соборот.

Предлогот за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста до Уставниот суд на Југославија го упатува претседателот на Соборот.

## XVII. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ СОРАБОТКА НА СОБОРОТ СО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ, САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ И СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 344

Соборот остварува соработка со органите, телата и формите на дејствување на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Сојузот на комунистите на Југославија, Сојузот на синдикатите на Југославија и други општествено-политички и општествени организации, самоуправни организации и заедници и други организации во федерацијата на начинот утврден со овој деловник и со Деловникот за заедничката работа на соборите на Собранието на СФРЈ.

За таа цел Соборот и неговите работни тела можат да им предлагат на општествено-политичките и на други општествени организации, самоуправни организации и заедници и на други организации во федерацијата да доставуваат мислења и предлози за одделни прашања од својот делокруг и можат на свои седници да повикуваат нивни претставници заради изнесување на нивните мислења и предлози.

Кога на седница на Соборот и на работно тело на Соборот се разгледуваат прашања што се од значење или од интерес за остварувањето на целите и задачите на општествено-политичките и на други општествени организации, самоуправни организации и заедници и на други организации во федерацијата, тие организации и заедници имаат право на тие седници, преку своите претставници, да изнесуваат мислења и ставови за тие прашања.

Соборот и неговите работни тела се должни за таквото барање да заземат став и за својот став да ги известат заинтересираните општествено-политички и други општествени организации, самоуправни организации и заедници и други организации во федерацијата.

Член 345

Соборот може, спогодбено со органите на општествено-политичките и на други општествени организации и самоуправни организации и заедници во федерацијата да формира заеднички работни тела заради разгледување на одделни прашања од заеднички интерес и давање мислења, или подготвување на предлози за тие прашања.

Со договорот за формирање на заедничко работно тело се определуваат задачите, составот и начинот на работа на заедничкото работно тело и други прашања што се значајни за остварувањето на задачите што му се доверени на тоа тело.

## XVIII. НАЧИН НА УЧЕСТВО НА СОБОРОТ ВО РАБОТАТА НА СОЈУЗНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ СОВЕТИ

Член 346

Соборот учествува во работата на сојузните општествени совети во согласност со законот.

Член 347

Во работата на сојузните општествени совети учествуваат, како делегати на Соборот, претставници на работните тела на Соборот и други делегати кои, на предлог од работните тела на Соборот ќе ги определи Соборот во согласност со својата програма за работа и со задачите и делокругот на одделни работни тела.

Претседателот на Соборот, врз основа на консултациите и договорот со претседателите на работните тела на Соборот и делегатите што Соборот ги определил да учествуваат во работата на одделни сојузни општествени совети, определува кој како делегат на Соборот ќе учествува во работата на одделни седници на сојузните општествени совети, зависно од прашањата што се на дневен ред на седницата на советот.

Член 348

Делегатите на Соборот кои учествуваат во работата на сојузните општествени совети се должни на седниците на советите да изнесуваат мислења и ставови на работните тела на Соборот во чиј делокруг е прашањето што се разгледува на седницата на советот, ако работните тела зазеле став за тоа прашање, како и да ги известуваат тие работни тела за мислењата и предлозите утврдени на седницата на советот.

Делегатот може на седница на сојузните општествени совети да изнесува и свое мислење со тоа што е должен да го извести советот дека е тоа негово мислење.

За мислењата и предлозите на сојузните општествени совети, утврдени во постапката по повод разгледувањето и подготвувањето на одделни закони, други прописи и општи акти од делокругот на Соборот или во врска со разгледувањето на други прашања значајни за работата на Соборот, се известуваат сите делегати.

Член 349

Во работата на сојузните општествени совети можат да учествуваат претседателот и потпретседателот на Соборот.

Член 350

Претседателот на Соборот е член на координационите одбори на сојузните општествени совети. Соборот може, покрај претседателот на Соборот, за член на координационите одбори на сојузните општествени совети да определи и друг делегат.

## XIX. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА РАБОТАТА НА СОБОРОТ ЗА ВРЕМЕ НА ВОЕНА СОСТОЈБА ИЛИ ВО СЛУЧАЈ НА НЕПОСРЕДНА ВОЕНА ОПАСНОСТ

Член 351

За време на воена состојба или во случај на непосредна воена опасност, Соборот работи според одредбите од овој деловник, ако со одредбите од оваа глава или друг акт на Соборот не е определено поинаку.

Член 352

Соборот може за време на воена состојба или во случај на непосредна воена опасност, на предлог од претседателот на Соборот, од потпретседателот на Соборот, од претседавачите на делегациите и од овластениот предлагач, да одлучи нацрт-актите да се разгледуваат и да се усогласуваат на седници на Соборот без нивно претходно разгледување и усогласување во работните тела на Соборот.

Член 353

Соборот може, врз основа на дадената согласност од собранијата на републиките и од собранијата на автономните покраини и усогласените ставови на седница на Соборот за предлозите и забелешките на тие собранија на нацрт-актот, на истата седница да го утврди предлог-актот и да одлучува за него, ако собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини ги овластиле своите делегации да можат од нивно име да дадат согласност на предлог-актот во целост.

Член 354

Соборот може да одлучи за време на воена состојба или во случај на непосредна воена опасност да не ги применува одредбите од овој деловник што се однесува до роковите во кои собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини треба да заземат ставови за нацртот, односно за предлог-актот.

## XX. СЛУЖБА НА СОБОРОТ

Член 355

Службата на Соборот ги врши за потребите на Соборот стручните и другите работи што се однесуваат на: подготвувањето на програмите и плановите за работа на Соборот и на работните тела на Соборот и следењето на нивното извршување; подготвувањето и организирањето на седниците на Соборот и седниците на работите тела на Соборот; обезбедувањето и давањето стручни мислења во врска со работата на Соборот и на работните тела на Соборот; обезбедувањето и подготвувањето на документациониот и друг материјал и на податоците за работата на Соборот и на работните тела на Соборот; подготвувањето на предлог-актите на барање од Соборот и од работните тела на Соборот и следењето на извршувањето на заклучоците на Соборот и на работните тела на Соборот.

Службата на Соборот ги врши стручните и другите работи за потребите на делегациите и делегатите во вршењето на нивната функција, што се однесуваат на: подготувањето на предлог-актите и амандманите на предлог-актите; остварувањето на иницијативите и предлозите на делегациите за претресување на прашања од делокругот на Соборот; подготвувањето на прашања и интерпелации на делегациите и делегатите и барањето објасненија и известувања; обезбедувањето на дополнителна документација; информирањето и давањето објасненија и стручни мислења.

## XXI. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 356

Со влегувањето во сила на овој деловник престануваат да важат Деловникот на Соборот на републиките и покраините на Соборот на републиките и ликите и покраините на Собранието на СФРЈ „Службен лист на СФРЈ", бр. 1/75) и Одлуката за измени и дополненија на Деловникот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/78).

Член 357

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

АС бр. 487
31 март 1982 година
Белград

**Собор на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател,
на Соборот на републиките и покраините
**Зоран Полич, с. р.**

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите држави, како и за особени заслуги во работата на развивањето на свеста на граѓаните во борбата за независност на земјата

### СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

полковници: Аранђеловић Петка Добривоје, Иванишевић Мате Шпиро, Кривокућа Душана Милан, Марача Анте Тончи, Маружин Ивана Абрам, Мијовиќ Неше Данило, Нешић Алимпија Милисав, Терзић Чедомира Милутин;

### СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА НА ЃЕРДАН

воен службеник III класа Мулић Османа Мухамед;

— за особени заслуги стечени во борбата против непријателот за ослободување на нашата земја и за заслуги на организирањето и зацврстувањето на Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

### СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

полковници: Домазетовић Мијата Љубомир, Радиќ Илије Драго, Вукобрат Јована Дмитар;

капетан на боен брод Шепић Вјекослава Миодраг;

потполковници: Котевски Сотира Борис, Николић Блажије Славко;

воен службеник II класа Елек Видака Љубомир;

### СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

потполковник Павловић Раденка Томо;

мајор Николиќ Виђентија Миладин;

— за особени заслуги на делото ширење на братството меѓу нашите народи и народности во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на народите и народностите

### СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

полковници: Георгиевски Михајла Коста, Марцел Алојза Зденко, Михаиловић Васе Милош, Пејић Вукашина Милош, Радојевић Миливоја Милорад, Тешановиќ Владе Миле, Видовић Александра Радисав, Шаулић Владимира Мићо;

капетан на фрегата Кос Јакова Јосип;

мајор Обрадовић Јоксима Вук;

— за особени заслуги во изградбата и јакнењето на Вооружените сили и за особени успеси во раководењето со единиците на Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана не независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

### СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

полковници: Бабиќ Чеде Вучета, Беговић Мирка Антон, Ботић Владислава Милисав, Божанић Мила Никола, Брењо Петра Марко, Брзаковић Родољуба Богосав, Буцало Николе Милан, Цигановић Марка Стеван, Дацић Новака Батрић, Дошен Паје Милан, Ђилас Лазара Раде, Ђукић Радисава Петко, Френфрајнд Густава Божидар, Франолиќ Петра Никола, Говедарица Петра Небојша, Гулан Петра Бранко, Исмаиловић Васифа Керим, Крстић Радмила Предраг, Љубић Јожефа Јосип, Миќовић Машана Гојко, Миоковић Ђуре Бранко, Милутиновић Петра Ђорђе, Мркоња Павла Винко, Ожеговиќ Душана Живојин, Павловић Марка Пане, Пиповић Боже Драго, Радман Николе Звонко, Самарџић Драге Милорад, Савовиќ Војина Комнен, Симовић Милоша Томислав, Станковић Александра Драгољуб, Стојковић Милорада Данило, Степановић Милана Томислав, Стожиниќ Блажа Мираш, Терзин Чедомира Пуниша, Томинц Франца Иво, Турчиновић Голуба Миомир, Васиљевић Миливоја Владо, Вишњички Ранисава Милош, Врачаревић Љубомира Теодор, Вујиќ Васе Коста, Вулић Ненада Данило;

капетан на боен брод Клишманић Мије Живко;

потполковници: Бјелац Боже Петар, Бошковић Недељка Владимир, Бранковић Милоја Живан, Булатовић Новака Петар, Буквић Ранка Милан, Делибашић Петра Радивоје, Голубовић Радисава Стратомир, Гостовић Николе Милорад, Губеринић Нове Стојан, Халер Марка Јово, Јанковић Бранислава Душан, Јекнић Рада Ненад, Кецојевић Милана Митар, Килибарда Ђорђија Никола, Кузмановић Николе Ристо, Лукан Андреја Андреј, Миловић Владимира Арсеније, Мрдак Милића Тома, Николић Александра Војислав, Пастор Виђентија Србољуб, Поповић Миока Радисав, Шегота Албина Никола, Шундуковић Милана Бранко, Томић Андрије Михаило, Трнинић Душана Светозар, Васић Јездимира Синиша, Вукмировић Јована Бранко;

мајор Ђошић Мирка Радивоје;

воени службеници II класа: Алавања Теодора Милан, Цревар Николе Јован, Тодоровић Мијушка Миленко, Вучетић Вељка Добрица;

### СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

потполковници: Ковачевић Марка Лазар, Ковачевић Вељка Слободан, Миленковић Николе Сретозар, Попадић Аранђела Драган, Ристић Томе Владе, Шумањски Јосипа Ладислав;

мајори: Бањац Симе Драган, Димитрић Миодрага Божидар, Илић Јована Чедомир, Јозић Маријана Лука, Милосављевић Бранка Бошко, Петернељ Рафаела Виљем, Петревски Сталета Петко, Старчевић Душана Миодраг;

капетани I класа: Јосиповић Милорада Боривоје, Михајловић Милана Драгољуб, Милановић Живорада Ратомир, Опарница Николе Славко, Радојевић Милована Мирко, Радоњић Војислава Драгослав, Равић Лазара Савотије, Шапоњић Тихомира Миодраг;

капетан: Миловановић Душана Величко;

поручник Пајчин Ђорђа Мирко;

заставници I класа: Човић Николе Милан, Илијашевић Миленка Павле, Јованић Илије Драган, Лалић Богдана Момир, Нинковић Ивана Марко, Пејовић Живојина Радоје, Појић Игњатија Милош, Радовић Радомира Бранко, Светић Ивана Јосип, Шегрт Милоша Јован, Шкорић Милана Драган, Влаховић Љубомира Добривоје;

заставници: Крчевинац Средоја Мирко, Лучић Радивоја Василије, Маринковић Стевана Драган, Миловановић Милована Миодраг, Митић Србислава Јован, Николић Грујице Дамјан, Петровић Десимира Милан, Тодоровић Добривоја Радован;

постар водник I класа Недељковић Радише Мирослав;

постари водници: Андрејевић Чедомира Томислав, Ковачевић Војкана Милорад;

воен службеник III класа Јевремовић Милоша Бранислав;

воени службеници V класа: Андријашевић Михајла Ђорђо, Лазић Стевана Тоша, Шафер Јосипа Љубомир;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

полковници: Беговић Петра Глиго, Богдановић Обрада Миле, Гвоздић Јована Душан, Луковић Радојка Милинко, Милинковић Јована Богдан, Смрекар Франца Рико, Васиљевић Душана Александар, Збачник Јанеза Алојз;

потполковници: Бијелић Ранка Илија, Блажевић Милисава Бранислав, Цитковић Фрање Томо, Ћировић Марка Здравко, Дамјановић Јована Владислав, Ђорђевић Митра Миливоје, Ђорђевић Михајла Првослав, Исаиловић Драгољуба Драгиша, Јововић Пуниша Благоје, Лаловић Ненада Милан, Микић Богосава Никола, Новаковић Војина Божидар, Новков Милана Георгије, Павић Петра Милорад, Петровић Чедомира Петар, Шмигић Крсте Радомир.

заставник Алфиревић Томе Анте;

граѓанско лице на служба во ЈНА Маленица Михајла Живка;

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

потполковник Вујовић Луке Александар;

мајори: Јелер Ивана Франц, Митровић Живојина Драгољуб;

капетани I класа: Димитров Цветка Ангел, Домазетовски Георгија Димитар, Филиповић Милована Живорад, Радосављевић Живојина Божур, Радосављевић Богољуба Владислав;

капетан Глоговац Новице Душан;

заставници I класа: Драгановић Хасе Шефко, Илић Игњатија Ђурађ, Кнежевић Томе Ђуро, Пешић Александра Станко, Шљапић Милоша Драгољуб, Шпегар Гојка Милорад, Тодоровић Павла Петар;

воен службеник III класа Здравковски Рада Стојан;

воени службеници IV класа Илиевски Божина Трајко, Новина Андрије Јосип, Поповић Јована Петар;

воен службеник VI класа Стојановски Јордана Стеван;

граѓански лица на служба во ЈНА: Ајдуковић Миће Рајко, Будраковић Новице Радиша, Цакић Љубомира Милан, Ђивић Јована Загорка, Филиповић Душана Вера, Кучера Исаије Бранка, Пандуревић Милована Димитрије, Пејновић Симе Будимир, Радојчић Велимира Софија, Савић Остоје Видосава, Стевановић Александра Зоран, Тупањанин Ђорђије Даница;

— за примерни заслуги и умешност во работата на развивањето на постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат, како и за создавање услови за постигање на исклучително добри успеси во своите единици и установи

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

полковници: Бокић Мате Анђелко, Кафеџић Беђира Мујо, Милошевић Драгомира Светозар, Молнар Јосипа Јосиф, Рифат Виктора Владимир, Зорц Фрање Милован, Жунец Блажа Валент;

потполковници: Адамовић Милана Станко, Баштић Лазара Недељко, Бранковић Угљеше Борислав, Ђоровић Василија Александар, Ђурђевић Радмила Зоран, Ефендић Орхана Хасан, Гајић Велимира Првослав, Гардашевић Петра Саво, Илић Милоја Драгољуб, Исовски Апостола Иван, Јегдић Алексе Трифко, Јеловац Вучете Гавро, Јовичић Величка Чедомир, Карличић Павла Божидар, Крстевски Драгана Александар, Лукач Јожета Винценц, Максимовић Војимира Драгољуб, Маринковић Рајка Вучко, Мићић Милије Богољуб, Милетић Јове Саво, Миливојевић Милорада Велизар, Минић Блаже Марко, Мркајић Паје Томислав, Петровић Лазара Радован, Прелец Алојза Лудвик, Пандурић Ђуре Јосип, Пејовић Николе Мирослав, Рајић Николе Миодраг, Ранчић Теофила Радивоје, Савић Душана Милан, Савић Драгослава Томислав, Станишин Миливоја Исо, Столаковић Салиха Фадил, Терзић Николе Милорад, Траваш Ивана Драган, Шајиновић Миливоја Драгослав, Шаламанов Јована Димитар, Виденовић Стојана Часлав, Вујановић Бошка Миодраг, Зјалић Славка Владимир, Житко Јосипа Петар;

капетан на фрегата Којић Ђорђа Димитрије;

мајори: Гвојић Саве Петар, Јовић Живојина Миливоје, Кеча Илије Милан, Крањц Франца Иван, Лазаревић Владете Предраг, Миливојевић Петка, Миленко, Пајевић Ђорђа Радосав, Радуловић Стевана Момчило, Сарајлић Атифа Фуад, Станишић Радојев Бекица, Шулевски Методија Ристо, Варда Николе Јово;

капетани I класа: Делач Миливоја Емил, Димковски Драгутинов Љубиша, Дрецун Марка Петар, Јамина Јове Драган, Косовић Николе Радован, Николић Верђе Димитрије, Пантовић Драгомира Љубомир, Томановски Васила Лазар, Турина Анђелка Славко, Водник Павла Јоже;

поручник на боен брод Арсић Борисава Милан;

заставници I класа: Милосављевић Хранислава Богдан, Зулевић Николе Петар;

заставник Николиќ Божидара Живомир;

воени службеник I класа Стојиљковиќ Радисава Миодраг;

воен службеник II класа Младеновиќ Александра Добривоје;

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

капетани I класа: Георгиев Наке Ристо, Микиќ Здравка Милан, Митиќ Миливоја Јосип, Жагар Фрање Фрањо;

поручници: Цвијетиќ Марка Михајло, Кнафлиќ Франца Франци, Вујиќ Николе Слободан;

потпоручник Скопљак Павла Миодраг;

заставници: Ковачевиќ Мила Јово, Остроушка Хермана Паулин;

постар водник I класа Тркуља Јована Миленко;

граѓански лица на служба во ЈНА: Новаковиќ Данила Слободан, Шуловиќ Ђорђа Живојин;

— за залагање и постигнати успеси во работата

## СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

граѓански лица на служба во ЈНА: Капо Хусе Хусо, Кнежевиќ Станка Радојка, Лакиќ Славка Маринко, Мадиќ Анте Милка, Мулавдиќ Алије Абид, Накиченовиќ Игње Зоран, Радоња Драге Јован, Секулиќ Милорада Љубинко, Стевановиќ Рајка Љиљана, Стојичевиќ Душана Борисав, Шегвиќ Ивана Томислав, Васалиќ Јандрије Недељко, Војиновиќ Рада Зако;

— за примерна работа на развивањето на полетот за остварување на поставените задачи, како и за покажување старешински и војнички особини што им служат за пример на другите

## СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

поручници: Јелисавец Петра Симо, Јевтиќ Томе Милан;

заставник Петровиќ Часлава Слободан;

граѓански лица на служба во ЈНА: Адамовиќ Ристе Ђурађ, Бошковиќ Радула Војимир, Капетановиќ Јована Миленко, Марковиќ Стојана Љиљана, Шакиќ Борислава Љиљана, Векиќ Дана Бранко;

— за особени заслуги во изградбата и јакнењето на Вооружените сили и за особени успеси во раководењето со единиците на Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

## СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЛАВРОВ ВЕНЕЦ

полковници: Берце Јожефа Јожеф, Стојаковиќ Радована Светозар;

— за особени заслуги во развивањето на меѓународните односи момеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите земји и за истакнати заслуги во развивањето или зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите држави

## СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

полковници: Цревар Миле Мирко, Маријанац Симе Богољуб;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

полковници: Адамовиќ Марка Ђуро, Беговиќ Павла Милош, Босниќ Ђуре Бранко, Буквиќ Николе Живко, Булатовиќ Саве Милорад, Цераниќ Крсте Милан, Цветичанин Раде Дмитар, Чукиќ Андрије Димитрије, Деспот Нике Миливој, Гинзберг Филипа Ервин, Кезуновиќ Јована Влајко, Комљен Које Богдан, Краљиќ Ђуре Вид, Ласбахер Фрање Срећко, Михелиќ Ивана Михајло, Михелиќ Ивана Милан, Пантелиќ Богдана Драгољуб, Пекез Спасоја Лука, Полиќ Вице Думе, Пухар Ивана Дарко, Рашиќ Љубомира Светолик, Репац Петра Дане, Руссо Гршпинијана Алекса, Ружиќ Стјепана Станко, Стојковиќ Владисава Маринко, Стојковиќ Лазара Владимир, Шеваљевиќ Нике Петар, Томашиќ Рудолфа Берислав, Томиќ Васе Обрен, Живковиќ Милоја Љубиша, Жупанчиќ Ивана Иван;

капетани на боен брод: Ђуриќ Марка Драган, Милетиќ Ђорђа Момчило;

потполковник Цико Бошка Милена;

— за примерни заслуги и умешност во работата на развивањето на постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат, како и за создавање услови за постигање на исклучително добри успеси во своите единици и установи

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА ЅВЕЗДА

полковници: Адамовски Исмаила Мустафа Анѓелиќ Николе Милан, Аниќ Ивана Никола, Атанасковиќ Чедомира Живорад, Аушпергер Јакоба Иван, Бајц Ивана Карло, Бајт Ивана Иван, Башиќ Ловре Милан, Беко Милоша Никола, Богуновиќ Луке Дане, Борчиќ Николе Раде, Брдарески Јована Васил, Буковник Јосипа Теодор, Бура Боже Стево, Буриќ Видов Блажо, Буторац Петра Марко, Чамџиќ Јусуфа Рифат, Ќалиќ Мила Божо, Дабиќ Косте Симеон, Дејановиќ Берислава Душко, Денда Алексе Новица, Дракулиќ Богдана Стеван, Дрљевиќ Михајла Драгиша, Дубљевиќ Милосава Милован, Ђевиќ Драгана Стеван, Ђорђевиќ Мирка Војин, Ђукиќ Стевана Радивој, Гутаљ Миле Радисав, Храниловиќ Данијела Александер, Ибрахимпашиќ Мустафе Менсур, Јованетиќ Драгољуба Драган, Јовановиќ Томе Миодраг, Јовановиќ Петра Велибор, Кецман Пере Ђуро, Кечан Драгутина Ђурађ, Кнежевиќ Станоја Видоје, Комадина Николе Мирко, Ковачевиќ Вељка Милан, Козлица Николе Јован, Кукобат Пере Јован, Куњадиќ Стевана Милан, Мариаш Михајла Јосип, Марјан Јосипа Звонимир, Матијаш Илије Душан, Матијашевиќ Милана Марко, Мичовиќ Станише Гаврило, Михајловиќ Милана Живко, Мијиќ Михајла Живко, Милановиќ Спасоја Раде, Милиќ Јосипа Душан, Миловановиќ Тиослава Властимир, Мркиќ

Јуре Милан, Ненадиќ Милована Милорад, Николиќ Стојана Милан, Пајиќ Николе Ђурађ, Пановски Богомила Никола, Париповиќ Ђуре Александар, Пејовиќ Крсте Блажо, Петровиќ Саве Миленко, Потковак Ђуре Марко, Плишиќ Фрање Никола, Праштало Пане Стево, Пупиќ Саве Гаврило Раца Милоша Перо, Радовиќ Драгољуба Живко, Рајчиќ Симе Коста, Рајчиќ Ивана Весна, Растовац Јове Милан, Раубер Антона Станислав, Ром Ивана Иван, Савељиќ Сава Раде, Секулиќ Илије Александар, Станковиќ Стојана Војислав, Станојевиќ Илије Велимир, Стриже Јадре Иван, Стругар Лазе Лука, Шијан Милете Данило, Шпањевиќ Милуна Вукајло, Штрбац Које Драган, Шурлан Мирка Милош, Шушњар Данила Војислав, Тадиќ Јована Михаило, Тиодоровиќ Миливоја Марко, Томиќ Светомира Милета, Томовски Тодора Тома, Вилиќ Јована Душан, Вученовиќ Шпире Ђуро, Вучковиќ Николе Георгије;

капетани на боен брод: Падован Кате Иво, Павелиќ Николе Вељко;

потполковници: Ожаниќ Матије Јосип, Судар Андрије Саво, Судум Милана Жарко, Синкиќ Јере Звонко, Штиковац Саве Милан;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува на општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

полковници: Антељ Лазе Јован, Аревски Николе Тодор, Дракулиќ Николе Љубомир, Дробњаковиќ Јована Лазар, Држиќ Ивана Бранко, Фрлета Маријана Винко, Гашпаровиќ Мартина Кузма, Хлаиќ Фрање Владимир, Ивановиќ Петра Будимир, Јуришиќ Николе Иван, Љубинковиќ Богдана Славко, Мариќ Георгија Радован, Паниќ Ивана Радован, Пекиќ Милоша Ђуро, Поповиќ Љубе Ђуро, Прпа Тривуна Здравко, Рајновиќ Боже Никола, Рак Марка Миле, Станојевиќ Милуна Миливоје, Шкуфца Антона Алојз, Тихиќ Сулејмана Есад, Торбица Павла Душан, Трбовиќ Рада Марко, Живковиќ Милана Никола.

Бр. 119
22 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Sergej Kraigher,** с. р.

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

— врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Хрватска

— по повод седумдесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа а за извонредни заслуги во организирањето на изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за посебен придонес од значење за општиот развој и јакнење на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Гиздиќ Боже Драго;

— по повод осумдесетгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и за извонредни заслуги во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за развивање и јакнење на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на нашата земја, како и за значаен придонес на нејзината политика на мирот и пријателската соработка со други држави

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Хрнчевиќ Јанка д-р Јосип;

Од СР Македонија

— по повод шеесетгодишнината на животот а за извонредни литерарни и научни дела што ја збогатија југословенската литература и култура, како и за значаен придонес на политиката на мирот и пријателската соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со други држави

СО ОРДЕН ЈУГОСЛВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Конески Блаже.

Бр. 122
10 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Sergej Kraigher, с. р.**

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 297. | Деловник за заедничката работа на соборите на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — | 653 |
| 298. | Деловник на Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — | 710 |
| 299. | Деловник на Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — — | 710 |
| | Одликувања — — — — — — — — — | 745 |


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**